Виолета Ачкоска

# СЛАВЕЈКО АРСОВ
# (1878–1904)

*Издавач:*
Филозофски факултет – Скопје

*За издавачот:*
Горан Ајдински

*Уредник:*
Ратко Дуев

*Рецензент:*
проф. д-р Никола Жежов

*Лектура:*
Софија Чолаковска-Поповска

*Дизајн на корица:*
Кочо Фиданоски

*Компјутерска подготовка:*
Војислав Саракински

*Печати:*
Бомат Графикс – Скопје

*Тираж:*
500

Изданието е објавено со финансиска поддршка на
Министерството за образование и наука на Република Македонија

---

CIP-каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

355.48(497.7)„1903“
929Арсов,С.

АЧКОСКА, Виолета
Славејко Арсов : (1878-1904) / Виолета Ачкоска. - Скопје :
Филозофски факултет, 2014. - 347 стр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Речник на туѓи зборови: стр. 307-309. -
Регистри. - Библиографија: стр. 341-377

ISBN 978-608-238-054-4

а) Арсов, Славејко (1878-1904) - Биографии б) Илинденско востание -
Крушево - 1903г.
COBISS.MK-ID 97256714

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Виолета Ачкоска

# СЛАВЕЈКО АРСОВ
## (1878-1904)

Скопје, 2014

# Содржина


*7* Предговор

*11* Вовед

*15* Корените – кон револуционерниот пат

*49* Заклетвата – првите револуционерни чекори

*65* Учител, пропагатор и организатор на револуционерното движење во Кичево и Кичевско

*83* Апсењето и затворањето на Славејко Арсов

*99* Во четничката школа на Марко Лерински

*135* Славејко Арсов како војвода во Битолско

*153* Ресенски војвода

*183* Предвостанички активности

*219* Од Смилевскиот конгрес до Илинденското востание

*249* Под востаничкото знаме

*281* Агонијата на поразот и смртта на Славејко Арсов

*301* Заклучок

*305* Прилог: народна песна – „Излегол Неџип качакот“

*307* Речник на туѓи зборови

*311* Список на кратенки

*313* Регистар на лични имиња

*323* Регистар на географски и други поими

*341* Преглед на користени извори и литература



Славејко Арсов[1] (1878-1904)

[1] Централен државен архив (ЦДА) – Софија, ф. 771 (Македонски дејци учесници во македонското револуционерно движење), оп. 3, а.е. 31.

# Предговор

Моите први контакти и импресии за ликот на Славејко Арсов повеќе наликуваа на романтизмот со кој ги опишуваат своите јунаци В. Скот, Е. Манцони, А. Дима, Џ. Г. Бајрон или, пак, можеби на суровите латиноамерикански приказни за Че Гевара и Емилијано Запата. Од таа галерија на реални или уметнички обликувани јунаци, определени да го изодат патот до смртта со заветот на борбата за слобода и човечко достоинство, без оглед на времето и просторот во кој живееле и дејствувале, пронаоѓав по некоја особина која го краси Славејко Арсов. Така, понекогаш, во прв план избиваше идеализацијата наместо реалниот историски лик од книгата на тврдокорните, запишани во згуснатата хроника на македонското револуционерно движење. Но, и покрај тоа, историчарот секогаш мора да ја најде вистинската мера на патот на оживувањето на историскиот лик и како што се изразила американската историчарка Гертруд Химерфарб, да се заштити од баналностите на еден собар, кој ги знае сите духовни и физички недостатоци на својот господар, но не ја разбира неговата улога и место во историјата.

Иако во првиот момент го доживував јунакот на оваа монографија малку Бајроновски, сепак, без двојба, како историчар, кај него јасно ги одделив особините на човек кој го носел на својот грб крстот на кодексот на еден македонски револуционер. А во тој кодекс, помеѓу камата и револверот, помеѓу животот и смртта, стојат запишани: верноста кон делото, храброста, пожртвуваноста, справедливоста, одлучноста, почитувањето на правилата на Револуционерната организација и нивното бескомпромисно спроведување, но и заветот пред Бога за чесност, човечност, посветеност, солидарност и грижата за другарот, заштита на незаштитениот. Во овие рамки, Славејко Арсов се издига во врвицата на посветениците кои со пушка во прегратките тргнале по беспатијата на македонските предели и се одрекле од спокојниот живот заради идеалите на револуционерното дело – слободата на својата татковина Македонија. Од другата страна, пак, која секако придонесуваше кон таа мала идеализација на ликот, се сретнав со описите на еден храбар, одлучен, млад, силен, убав, педантен човек, човек кој држел до својот надворешен изглед дури и во најнеможните услови низ шумите и честарите на македонските планини.

Токму затоа, гледајќи ја севкупноста на ликот и дејствувањето на Славејко Арсов, се зафатив да го оживеам и да го пренесам на хартија неговиот живот и борба како поука што ја оставила неговата генерација, која од пред повеќе од еден век го заложила својот живот по трнливите патишта на достигањата на слободата, за денешниве и идните генерации Македонци.

За жал, често пати, како што бива во историската наука, можната реконструкција на минатото, на она што навистина се случило и на дејноста на луѓето во тие настани и случувања (од улогата на големите личности до животот на обичниот човек) зависи пред сè од историските извори, од доказите како материјал, како пишуван траг од некогашниот живот и состојби. За историчарот е вистински благодет кога истражувајќи одредена тема ќе изнајде мноштво документи настанати во времето во кое се случил настанот и уште подобро кога тие документи се од различна провениенција. Во недостиг на такви, извори од прв ред, мемоарите, спомените, сеќавањата настанати блиску до времето кое го опишуваат, остануваат примарни во историската реконструкција на истражуваната тема. Таков беше случајот и со темата *Славејко Арсов*.

Кога се пишува за Гоце Делчев, Дамјан Груев, Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Пере Тошев, Христо Матов, Христо Татарчев, Борис Сарафов, Тодор Александров, Павел Шатев и многу други македонски дејци и револуционери, покрај нивните спомени и сеќавања, со радост можете да најдете архивски фондови со актите кои тие ги составувале, записници, преписка, пишувани трудови и написи со политичка, историска или теоретска содржина кои ги одразуваат нивните погледи и ставови, како и други веќе напишани трудови на историчари и публицисти (монографии, статии, зборници) од постар и понов датум.

Но, што со Славејко Арсов?! Освен неговите спомени запишани од Љубомир Милетич[1] и неколку скудни написи во печатот

[1] Проф. Љубомир Милетич (1.1.1863, Штип – 1.6.1937, Софија), македонски деец, филолог, еден од основачите на Софискиот универзитет, претседател на БАН, ги запишал спомените на редица револуционерни дејци од Македонија и Одринско, издадени од Македонскиот научен институт во Софија. Дел од нив денес се преведени на македонски јазик и објавени во Република Македонија. За жал, куќата на Љ. Милетич во Софија била опожарена во 1944 година, при што изгорел голем дел од неговите пишувани материјали. Денес има сосема малку документи за неговиот богат интелектуален опус и преписка. Спомените на Славејко Арсов, Милетич ги запишувал од декември 1903 до 24 февруари 1904 година, веднаш по доаѓањето на Арсов во Со-

по повод неговата смрт, речиси нема друг изворен материјал, документи, коресподенција[2], нема пишувани трудови или статии. Па дури и онаму каде што се споменува неговото име, најчесто се цитираат неговите спомени. Затоа морате да трагате по споредни колосеци низ документи на ТМОРО, низ куси фрагментарни извештаи на странските дипломатски претставници во Солун, Битола и Скопје, и пред сè онаму каде што неговите соборци оставиле сеќавања и спомени за истите настани или пак накратко споменуваат дека во наведениот настан бил и Славејко или Славко Арсов. Така, во истражувачкиот потход тргнувате по врвиците на Христо Силјанов, Михаил Герџиков, Тома Николов, Ѓорѓи Поп Христов, Марко Лерински, Гоце Делчев, Ѓорѓи Сугарев, Тома Давидов, Јордан Пиперката, Борис Сарафов, Славчо Ковачев и други, педантно чепкајќи низ нивните животни приказни, онаму каде што истите се вкрстуваат со борбената и животна патека на Славејко Арсов.[3]

Мемоарите, спомените, сеќавањата, автобиографиите, односно целокупната мемоарска граѓа, за историчарот имаат двоен интерес. За него, во недостаток на примарни документи, тие претставуваат драгоцен извор на податоци за проучување на некоја појава, настан или дејствување на определена личност во минатото.

---

фија по Илинденското востание. За среќа тие биле објавени во првата книга од едицијата „Материјали за историјата на македонското ослободително движење“, под наслов – „Востаничкото движење во Југозападна Македонија“ (до 1904 година), Софија, печатница П. Глушков 1925 година. На два наврати се објавени на македонски јазик. Бидејќи директно за Славејко Арсов постои сосема незнатен број изворни материјали од прв ред, за историската реконструкција на неговиот лик и дело беа особено важни спомените на Христо Силјанов, Тома Николов и Ѓорѓи Поп Христов. Славејко Арсов бил деец на ТМОРО кој учителствувањето целосно го заменил со животот на еден четник, постојано на терен, од село во село, меѓу народот, фанатично оддаден на организирањето на револуционерното дело во реоните каде што бил определен од раководството на Организацијата.

[2] Во овие рамки, имавме среќа да пронајдеме само две писма на Славејко Арсов (цитирани понатаму во текстот) во Бугарскиот историски архив на Народната библиотека „Св. Св. Кирил и Методиј“ во Софија.

[3] Неговиот лик е опеан во народната песна „Излегол Неџип качакот“. Оваа песна која го изразува начинот на пресметка на Славејко Арсов со еден злосторник-качак всушност е одраз на благодарноста и народното паметење во Ресенско, каде народот како речиси и во цела Западна Македонија бил ограбуван од разни качачки, турски и други банди. Војводата Арсов со својата чета најенергично расчистувал со оние кои го злоставувале и ограбувале незаштитеното население. Песната е објавена кај: Д. Константинов, *Тука е Македонија, народни комитски песни,* Скопје 1969, 171-173. (види прилог)

Истовремено тие можат да дадат целосен опис на некој историски настан или период, како што на пример споменатите личности низ сеќавањата го пренесуваат своето учество во револуционерните настани од крајот на XIX и почетокот на XX век. Така и спомените на Славејко Арсов даваат речиси целосна историографска реконструкција на одделни настани во кои тој учествувал и за нас, во недостиг на други релевантни показатели, понекогаш служеа како примарен извор.

Но, не треба да се занемари оценката дека низ раскажувањето на настаните во кои учествувале, историските личности, многу често, ја потенцираат сопствената улога, на сметка на улогата на некој нивни соидејник или соборец. Таков е случајот со повеќето сеќавања на дејците на Македонската револуционерна организација. Овој субјективизам присутен низ забележаните спомени, бара тие внимателно да се читаат со примена на внатрешна критичка анализа на самата содржина и преку споредување со други извори односно преку компаративниот метод и со примена на правилото *да се слушне и другата страна*.

Дел од спомените, дејците на македонското револуционерно движење ги раскажале или запишале поттикнати од сознанието за своите одговорности пред историјата и идните поколенија, односно од желбата на современиците и на потомството да им поднесат сметка за своите постапки или да ја заштитат, од своја гледна точка, дејноста определена од нивните идеали, политички убедувања, интереси и документи на Организацијата.

И така, преку неговите и сеќавањата други македонски револуционерни дејци, за еден бурен и полн со премрежја период од нашето минато, зрно по зрно, се плете приказната за човекот кој на нога, со пушка в раце, за време покусо од една деценија, преживеа век на македонската борба, низ проодените и непроодените револуционерни предели на Штипско, Костурско, Леринско, Битолско, Кичевско, Ресенско и Преспанско. Се плете приказната за младиот, енергичен ресенски војвода Славејко Арсов. Оваа негова животна врвица е дел од големата епопеја на појавата и зреењето на Македонската револуционерна организација, нејзиниот илинденски вознес и ужасниот крај во кој и востаниците и народот на својот грб ја почувствувале жестоката одмазда на суровиот режим на „болниот од Истокот“ кого европските сили, во тој момент, одлучиле да го одржат во живот, по секоја цена, за на крајот најскапата цена да ја плати голоракиот и незаштитен македонски народ.

# Вовед

Во плејадата македонски револуционери и илинденци, во големото семејство на бесмртници чии корени изникнале во Штип и Штипско, а кои својот живот го посветиле на единствената цел – слободата на Македонија, спаѓа токму и Славејко Арсов (Славко Арсов Кикиритков), член на Тајната македоно-одринска револуционерна организација (ТМОРО), ресенски војвода и учесник во Илинденското востание. Роден е во семејство кое меѓу првите ги прифаќа идеите за ослободителната борба против османлиската власт. Градското милје на Штип со севкупната традиција на преродбенскиот вознес, неговото образование и самоиздигнување, дејноста и учителствувањето во тој дел од Македонија на Ѓорче Петров, Даме Груев, Гоце Делчев, Туше Делииванов и други покрстеници, корифеи и организатори на револуционерното дело, тврдата определба за Организацијата на неговиот татко и постари браќа, сето тоа, камен по камен го затемелуваше револуционерниот пат на Славејко Арсов.

По учителствувањето во Битола и Кичево, каде активно се вклучува во дејноста на ТМОРО, во есента 1901 година станува четник во четата на Марко Лерински. Заедно со други видни македонски војводи ја поминува строгата четничка школа на Лерински, каде истовремено, во еден кус период можел да црпи искуство од агитаторско-организаторскта дејност на Гоце Делчев при неговата обиколка на Битолскиот револуционерен округ. Како храбар и предаден на делото, Арсов набрзо е поставен за околиски војвода во Битолско, а потоа во Ресенско каде го организира и храбро се бори во Илинденското востание.

Славејко Арсов бескомпромисно се предаде на револуционерната борба, а неговиот живот согоре на олтарот на македонскиот непокор, набрзо по еден долг век од историско време, згуснато во календарската рамка на 1903 година. Мерено со содржината, со бројот на настани, пресврти и драматика, едногодишното илинденско траење, претставува долго и пребогато историско-социјално време кое надалеку ги надминува дадените хронолошки рамки. Тоа е најдлабокото извориште од кое се напојува колек-

тивната меморија на македонскиот народ низ целиот XX век до ден денешен, но ќе биде постојана инспирација и поука на сите идни генерации.

Славејко Арсов спаѓа во групата образовани македонски четници и војводи, „симпатичен, тивок и деликатен човек“, човек кој низ своите сеќавања со неверојатна проникливост зборува за најдраматичните и најнесреќните мигови на Големото македонско востание, на ГОЛЕМИОТ ИЛИНДЕН, без идеализации, со сите возвишувања и морални падови и порази. Раскажувајќи ја приказната за тоа бурно време од неговиот живот и неговата професионална определба на револуционер пред запишувачот на бројните македонски патешествија – Љубомир Милетич, тој пренесува слика на огромната волја на народот да се стави крај на ужасот под османлиите, народ кој бил само морално вооружан, без соодветна воена сила и опрема и без сојузници.

По поразот на Илинденското востание, со голема болка и немоќ, Славејко Арсов ги бележи во својата меморија убиствата на невини жени, деца, старци, опожарувањата, изнасилувањата, пустошот кој низ преспанскиот и ресенскиот крај го сееле разулавените османлиски војски и башибозук. Заедно со многу војводи од Македонија, заминува за Бугарија да закрепне, но, набрзо се враќа назад за да го заврши својот млад живот во непријателска заседа и да го запише своето име во алејата на македонските непокорници. Поминувајќи долг пат на борба, на крајот и тој паѓа како жртва на едно предавство. Тешко ранет во судир со османлиската војска, сам си го одзема животот во летото 1904 година. Во последниот чин, чинот на саможртвата останува доследен на својата револуционерна заклетва – *Смрт или слобода*.

Во најпресудните мигови од сопствената историја, во 1903 година македонскиот народ беше оставен на невиден ужас, на милост и немилост на разгневениот владетел чии позиции беа разнишани, без помош од големите сили и без ветените и фалените „бугарски штикови“. Остана славната самородна македонската епопеја и страдањата на невиниот народ изразени преку силната моралната победа над воениот пораз и насилството. И над сè, остана поуката дека вмешувањето на бугарските фактори не било да ги ослободат „браќата македонски Бугари“ во Македонија, туку да ја освојат таа толку привлечна и посакувана земја за балканските соседи, кои кон таа цел ги насочија сите деструктивности на сопствениот шовинизам при крајот на XIX и почетокот на XX век.

Не поминаа ни десетина години од востанието во 1903, години во кои загинаа плејада македонски дејци и револуционери, соборци на Славејко Арсов, а православните „браќа“ на Балканот безмилосно ја делеа Македонија, газејќи преку живиот народ, врз неговите тела, како да се работи за ненаселена територија. Букурешкиот договор во август 1913 година[1], а нешто подоцна и во Версај (Неји, ноември 1919), го реши македонското прашање со силата на мечот и со испреплетените интереси на Големите сили, без да се води сметка за правото на самоопределување на македонскиот народ.[2]

[1] Етно-географска Македонија чија површина изнесувала 67.741,2 km² беше поделена на Грција (35.169 km²), на Кралството Србија/Југославија (25.774 km2), на Бугарија (6.798 km²), а еден мал дел припаднал на новоформираната држава Албанија. (*Историја на македонскиот народ,* ред. Тодор Чепреганов, ИНИ, Скопје 2008, 212-225).

[2] За таквиот мир, Х.Н. Браилсфорд, член на фондацијата Карнеги, запишал: "Сегашново решение е полошо отколку што може да се замисли. Поделбите ги диктираше само идејата за рамнотежа на силите и воените интереси на победниците. Тие се флагрантно кршење на националните права. Тие ги игнорираат економските потреби и барања на трговијата и сообраќајот....Ниту една балканска влада не се обидува чесно да ги почитува правата на националните малцинства. Во тој поглед Македонија е многу понесреќна отколку што беше под Турците...“ (*Европа за Македонија (1991),* избор и предговор О. Ианоски, *Библиотека македонско наследство,* Скопје: Македонска ревија & Министерство за информации на Република Македонија,125-126).

# Корените – кон револуционерниот пат

Славејко (Славко) Арсов Кикиритков е роден на 17 август 1878 година[1] во Штип[2]. Тоа е времето на Големата источна криза (1875-1878) во која Османлиската Империја[3] ја потресуваа востанијата на христијанските народи на Балканот и војните во кои Големите сили сакале да се стекнат со стратегиска предност и да го решат источното прашање во своја корист. Тие истовремено застанале зад страната на балканските народи и држави во периферните балкански области – Грција, Бугарија, Србија, Црна Гора. Се нижеа бурни настани: Босанско-херцеговското востание (1875), Априлското востание во Бугарија, Разловечкото (1876) и Македонското (Кресненско) востание (1878) во Македонија, војните на Црна Гора, Србија и Русија против Османлиската Империја, дипломатските преговори околу судирот на интересите на Австро-Унгарија и Русија – Рајштатски договор, Цариградска конференција, Руско-австриска конвенција итн.

---

[1] Во одделни изданија за година на раѓање на Славејко Арсов најчесто е посочена 1878 година кое е запишано од Љубомир Милетич, според кажувањата на самиот Арсов. Кај Ѓорѓи Бажадров се наведува дека Славејко Арсов е роден во 1877 година, во Штип - Ново Село. (*Духътъ на Македония, сборникъ, биографии и характеристики на македонски революционери*, събрал и стъкмилъ Г. Баждаровъ, Печатница В. Глушковъ, София 1923, 105). Истата година, веројано преземено од Баждаров се споменува и во написот: „Славко Арсовъ“, *Македонски Прѣгледъ,* литературно художественна прибавка, год. I, бр. 10 октомври 1905, София (ЦДА – Софија, ф: 771к, оп. 2, а.е.89).

[2] Должни сме да напоменеме дека низ документите и литературата постои разнобразие во однос на датирањето, бидејќи до 1916 година во Бугарија и од христијаните во Македонија бил користен јулијанскиот календар (стар стил). Муслиманите го користеле Исламскиот календар. До 1900 година јулијанскиот календар е за 12 дена зад тековниот григоријански календар (нов стил), а потоа за 13 дена. Григоријанскиот календар е воведен во Кралството СХС во 1918 година. Во текстот, главно се употребува јулијанскиот календар или се наведува датата во стар и нов стил (сметање).

[3] Низ различните документи и литература Османлиската Империја се нарекува Отоманска, Турско Царство или Турска Империја, а за владеачката сила (власт) се употребуваат назнаките османлиска, отоманска или турска власт. За претставниците на власта (војска-аскер, чиновници, башибозук, полиција) се употребуваат и термините османлии или Турци кои често се идентични и за означување на етничката припадност на турското население.

Берлинскиот мировен договор, потпишан на 1 јули 1878 година во рамките на одржувањето на Берлинскиот конгрес, стави крај на Големата источна криза, без целосно да ги реши многу сложените проблеми на источното прашање, како и националните проблеми на Балканскиот Полуостров[4]. Во овој контекст, и покрај двете востанија, Разловечкото и Македонското (Кресненско) само Македонија, во срцето на Балканот, не доби загарантирана автономија, туку набрзо беше изигран членот 23 од Берлинскиот договор. Но, иако нереализиран, овој член, го издигнува прашањето на автономијата како прв чекор на политичкото осамостојување на Македонија во подоцнежната агенда на македонското ослободително движење.



Штипско Ново Село

[4] Берлинскиот конгрес беше одржан во текот на јуни-јули 1878 година со цел да се ревидира нератификуваниот Санстефански мировен договор по кој беше создадена руска проекција на „голема“ Бугарија („санстефанска Бугарија“) со што беа загрозени, пред се, австроунгарските интереси на Балканот. На конгресот учествувале претставници на: Германија, Австро-Унгарија, Велика Британија, Франција, Италија, Русија и Турција. Конгресот ја признал независноста на Србија, Црна Гора и Романија. Од северниот дел на Бугарија (меѓу р. Дунав и Стара Планина) било формирано Кнежевството Бугарија, а од јужниот дел областа Румелија, која останала во составот на Османлиската Империја. Во однос на Македонија, според членот 23 од договорот, биле предвидени автономија и реформи во рамките на Турското Царство, по примерот на Критскиот органски устав од 1868 година. (*Македонски историски речник,* ИНИ, Скопје 2000, 70).

Родителите на Славејко Арсов - Арсо Кикиритков, занаетчија (матрапаз - препродавач) и Евдокија Коцова и двајцата потекнуваат од познатото штипско Ново Село. Покрај Славејко, тие имале уште три синови – Михаил, Пане и Лазар.

Во текот на XIX век Штип станува важен културно-просветен центар во кој се посветува особено внимание на световното образование. При крајот на векот, во училиштето во Ново Село и во Штип учителствувале Ѓорче Петров, Гоце Делчев и Даме Груев. Тие со својата неуморна работа придонеле за позасилено будење на револуционерно-ослободителната идеја и свест и за вклучување на локалното население во борбата против османлиското владеење над Македонија.

Населбата Ново Село и градот Штип биле двата неразделни делови на еден духовен и револуционерен центар и важен трговски центар во регионот. Се вели дека што ќе се договореле во Ново Село, тоа во Штип се реализирало, затоа што тука е посеано семето на борбата за слободна и независна Македонија. Тој дух го понесол со себе и Славејко Арсов на неговиот пат на револуционерната ослободителна македонска борба.

Основно училиште Славејко Арсов завршил во Штип каде се чувствувала долга културно-просветна традиција. Тука во 1793 година било отворено првото ќелијно училиште, а кон крајот на 1840 година започнало да работи и првото световно училиште. Многу штипјани се интересираат и го помагаат печатењето на книги од македонските преродбеници на народен јазик, каков што е случајот со Јоаким Крчовски.

Со развојот на училишната и педагошката дејност во Штип е поврзано името на Јосиф Ковачев, истакнат македонски педагог, реформатор на основното образование и основач на првите педагошки училишта во Македонија, автор на учебникарски изданија и револуционер, кој подоцна направил видна политичка и научна кариера во Бугарија.

Најважниот дел од реформаторско-педагошката дејност на Ј. Ковачев се реализира во Штип, во периодот 1869-1872 година. Тука основал Педагошко-богословско училиште (1869) за подготовка на учители, прво од таков вид во Македонија. Оваа посебна институција за подготовка на учители се состоела од два класа во кои го вовел класниот и предметниот систем на настава, вклучувајќи ги и световните предмети покрај богословските.

Во својата педагошко-просветна дејност Јосиф Ковачев бил помогнат од неговиот брат Михаил Ковачев, кој учителствувал во Штип во периодот од 1871 до 1873 година. Михаил му помагал на Јосиф при воведувањето на звучниот метод во училиштата низ Македонија. Во 1871 година основал револуционерен комитет во родниот град.[5]





ШКОЛСКА ПЕДАГОГІА,
или
МЕТОДИЧЕСКО РѪКОВОДСТВО
за
учителите и управителите на
НАРОДНИТЕ ШКОЛИ.
отъ
І. А. КОВАЧОВА.
Частъ първа.
ОБЩА МЕТОДИКА.

Издава
книжарницата Д. В. Манчевъ
въ
ПЛОВДИВЪ, СВИЩОВЪ, СОЛУНЪ.
1873.

Јосиф Ковачев и неговата методика[6]

[5] Михаил Ковачев (1840-1908) просветен и револуционерен деец од Штип, помал брат на Јосиф Ковачев. По завршувањето на образованието учителствува во Скопје, Штип, Солун и во други места. Во Штип основал револуционерен комитет, а подоцна зема активно учество во подготовките на Илинденското востание. (Т. Тодоровски, исто, 152-153).

[6] Јосиф Антонов Ковачев (Штип 1839 – Софија, 1898) образованието најпрво го започнал кај својот татко Антон Ковачев, а го завршил кај учителот Павел Златанов, каде се здобил со звањето наусничар. Така се нарекувале сите кои завршиле во келијните училишта. Во 1861 година завршил богословија во Белград, а две години подоцна (1863) го отпечатил својот ракопис за педагошка пракса под наслов *Школска педагогија или методическо раководство за учителите на народните школи*. Во периодот 1864-1868 година студира на Богословскиот факултет во Киев. Таму се запознал со делата на најголемите руски педагози, а како одличен студент добил стипендија од фондацијата на познатиот Васил Евстатиев Априлов, позната како *Фонд Априлов*. Покрај Богословскиот факултет во Киев, студирал и завршил педагогија со психологија. Во учебната 1869-1870 година се вработил во Основното училиште во Штип, а во јули 1874 станал директор на Народното училиште во Прилеп, каде останал до 1877 година. Ковачев го вовел и пеењето како световна содржина, напоредно со црковното пеење (*псалтикија*) во училиштата. По создавањето на бугарската држава (Кнежевството Бугарија) извршувал функции на планот на народното просветителство и заземал значајни политички функции во Кнежевството, а истовремено напра-

Ваквиот забележителен подем на просветно-училишната дејност во Штип бил поврзан со потребите од снабдување со соодветна литература, така што во 1872 година започнало со работа првото народно читалиште „Дејателност".

Зголемениот интерес на граѓаните од Штип и Ново Село за развој на просветата и училишното дело ја наложило потребата од изградба на посебни училишни згради, односно нови училишта во Штип и Ново Село. За прв пат посебна училишна зграда, која имала приземје и кат била отворена во Штип на 24 мај 1879 година. Оваа училишна зграда под името „Св. Кирил и Методиј" постоела речиси еден век, сè до 1980 година. Покрај тоа, било изградено училиште во дворот на црквата „Успение на Пресвета Богородица" до нејзината олтарна страна. Во периодот од 1885 до 1887 година, наставник во Штип бил Ѓорче Петров, еден од идеолозите на Македонската револуционерна организација (МРО), кој се надоврзал на основите поставени од браќата Јосиф и Михаил Ковачеви. Во 1885 година, Ѓорче го создава првиот таен комитет во Штип, кој набрзо се распаднал заради сè уште недоволно созреаните услови.[7]

Набрзо културно-просветната дејност на образованиот македонски кадар прераснува во свест и потреба за организирано национално-ослободително движење. Првиот чекор бил направен на 23 октомври (стар стил) 1893 година во Солун кога биле поставени основите на Македонската револуционерна организација (МРО).[8]

---

вил универзитетска кариера. Ј. Ковачев спаѓа во групата на дводомни дејци и творци, еднакво важен и за македонската и за бугарската историја на педагогијата, иако тој самиот зборува за македонското наречје како дел од бугарското, кое е одраз на времето во кое живеел, на историските околности во кои се наоѓал македонскиот народ како и на дотогашните достигања на науката за јазикот. (Т. Тодоровски, *Македонија, настани, личности, дела,* Матица македонска, Скопје-Мелбурн, 1999, 151-152).

[7] Ѓ. Петров, *Спомени, коресподенција,* Култура, Скопје 1984, 15.

[8] Македонската револуционерна организација во текот на своето постоење го менувала своето име, а исто така низ различни документи и литература се употребуваат различни именувања. (Види: Предговор на В. Ѓорѓиев кон: *ВМРО 1893-1903, поглед низ документи,* Матица македонска, Скопје 2013, 9-17). На конгресот во Солун, во 1896 година е наречена Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО), а на Рилскиот конгрес 1905 година - Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО) и Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО) во 1919 година. Во колективната меморија на македонскиот народ, Организацијата останала запаметена како Внатрешна македонска револу-

Основачи на Организацијата биле шестмина македонски интелектуалци: Дамјан Груев, учител од село Смилево, Битолско, Петар Поп Арсов, професор од село Богомила, Велешко, Христо Батанџиев, учител од село Гуменџе, Ениџевардарско, Антон Димитров, учител од село Ајватово, Солунско, Христо Татарчев, лекар од градот Ресен и Иван Хаџи Николов, книжар од градот Солун.[9] Овие македонски интелектуалци, во првиот момент се конституирале како група без никакви формалности. Конкретното конституирање на МРО било на 5 јануари 1894 година, за време на Коледната ваканција пред Богојавление.




Основачите на МРО, горе: Даме Груев, Христо Татарчев, Петар Поп Арсов, долу: Андон Димитров, Христо Батанџиев и Иван Хаџи Николов

ционерна организација (ВМРО). Периодот 1896-1904 година во кој се одвивала револуционерната дејност на Славејко Арсов е времето кога Организацијата го носи името ТМОРО. Во литературата најчесто се именува или како МРО или како ВМРО кое се однесува за целиот период на нејзиното постоење како синоним за севкупната организирана национално-ослободителна борба на македонскиот народ – како внатрешно револуционерно дело.

[9] Биографии на основачите на МРО кај: Б. Й. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934). Биографично-библиографски справочник,* София, 2001; *Македонска енциклопедија,* I-II, МАНУ, Скопје 2008; *Македонски историски речник,* ИНИ, Скопје 2000, и други енциклопедии, лексикони, посебни монографии и зборници, мемоарски изданија итн.).

Според И. Х. Николов[10] биле прифатени следниве начела на Организацијата:

– Организацијата да е тајна и револуционерна.

– Нејзината територија да ја сочинува само Македонија во нејзините географски и етнографски граници, заради што ќе се нарекува Внатрешна.

– Во неа ќе членуваат родени и лица што живеат во Македонија без разлика на вера и народност.

– Политичкото верују на организираните Македонци е автономија на Македонија.

– Да се чува самостојноста на Организацијата за да не падне под влијание на политиката на соседните држави.

Во текот на јануарската средба во Солун, за претседател бил избран д-р Христо Татарчев[11] (Иван Хаџи Николов во отсуство на Татарчев требало да го зазема неговото место), а Даме Гру-

---

[10] „Основането на ВМРО (записи на Иван Х. Николов) съобщава Христо Шалдев", Ил. *Илинден,* VIII / 1 (71) София, 1936.

[11] Христо Татарчев (16.12.1869, Ресен - 5.1.1952, Торино, Италија) виден деец на македонското ослободително движење, лекар. Учи во Брацигово и Пловдив. За време на Српско-бугарската војна (1885) е доброволец во ученичката легија. Студира медицина во Цирих и Берлин, каде дипломира во 1892 година. Работи како лекар во бугарската гимназија во Солун. Еден е од основачите Македонската револуционерна организација, прв претседател на ЦК на ТМОРО. Учествувал на Конгресот на Организацијата во Солун, 1896 година. Се застапува за соработка со Врховниот комитет и со Бугарската егзархија за заеднички акции во борбата за автономија на Македонија. Уапсен е во 1901 година за време на Солунската афера и испратен на заточение во Подрум кале, Мала Азија. По амнестијата од август 1902 година се населува во Софија. Во периодот од крајот на 1902 година до октомври 1905 е член на Задграничното претставништво на Организацијата во Софија. Го подржувал решениото за востание донесено во Солун во јануари 1903 година. Делегат е на Ќустендилскиот конгрес (1908) на кој е избран за дополнителен член на ЦК на ВМОРО. Учествува во Балканските и Првата светска војна. Бил еден од основачите на Временото претставништво на обединетата поранешна ВМРО. Активен е во македонските братства во Бугарија и соработува со повеќе весници и списанија. Како член на Македонската федеративна емигрантска организација (МЕФО) дошол во судир со автономистичка ВМРО, заради што е принуден да емигрира во Италија, каде работи како лекар во Торино. Во 1944 година се враќа во родниот град Ресен, но заради климата на комунистичка репресија врз носителите на идејата на ВМРО, повторно се враќа во Торино каде живее до крајот на животот. (А. Г. Пелтеков, *Революционни дейци от Македония и Одринско,биографичен-илюстрован справочник,* „Орбел", София 2012, 450-451).

ев бил назначен за секретар.[12] На оваа средба, меѓу другото, му била доверена задача на Петар Поп Арсов[13] да напише една бро-

[12] Дамјан (Даме) Груев (6/18.1.1871, Смилево – 10/23.12.1906, Русиново, Беровско) просветен деец, револуционер, еден од основачите на МРО и војвода. Се школувал во родното село, во Битолската и Солунската гимназија. Во гимназијата се запознал со Петар Поп Арсов со кого заедно организираат ученички бунтови. Исклучен од гимназијата во Солун, заедно со 9 ученици биле прифатени во Белград, каде исто така биле незадоволни од условите во кои се школувале. Кон крајот на 1890 година, во Белград формира тајно Македонско студентско друштво. Тешките услови и обидот за денационализација го принудиле да замине од Србија, најпрво во Бугарија, а потоа во Македонија. Во 1891 се населил во Битола, каде бил иницијатор за формирање на Учителски сојуз. Учителствувал во Смилево и Прилеп, а потоа се вработил во печатницата на Коне Самарџиев во Солун. Заедно со групата истомисленици на 23 октомври 1893 година ги поставува основите на МРО, а од 1894 почнува неуморна работа на ширење на организационата мрежа и пропагирање на идеите на ослободителното дело. Бил член на Горскиот штаб на Илинденското востание, учесник во востанието. Учествува на Рилскиот конгрес (1905) каде е извршена реорганизација на МРО. За дејноста на Д. Груев постои обемна документација и спомени (зборник во два тома на Цоцо Билјарски и други) и литература - зборници од научни собири и тркалезни маси, различни написи и повеќе монографии, меѓу кои од постарите ќе ги споменеме: Й. Бадевъ, *Даме Груевъ, животъ и дѣло,* Министерство на народното просвѣщние, София 1942; Г. Тодоровски, *Даме Груев,* Скопје 1968; од поновите на: В. Ѓорѓиев, *Подземната република, Дамјан Груев и македонското револуционерно дело,* Тримакс, Филозофски факултет, Скопје 2011, (во две изданија).

[13] Петар Поп Арсов (21.10.1868, с. Богомила, Велешко – 1.1.1941, Софија), еден од основополжниците на МРО, публицист, професор. Се школувал во Богомила, Велес, Солун, Белград и Софија каде студирал на Филозофско-историскиот факултет. Активно учествувал во ММКД и во основањето на списанието „Лоза". Во 1893/94 станал професор во Солунската егзархиска гимназија. Бил член на првиот ЦК на МРО. Учителствувал во повеќе градови во Македонија (Солун, Велес, Скопје, Прилеп, Штип и др.). За време на Виничката афера (1897) бил уапсен и лежел во затворот Дијарбекир (Мала Азија). По амнестијата од 1902 година учителствувал во Скопје, а потоа за да се заштити од честите апсења се засолнува во Софија. На Рилскиот конгрес (1905) избран е за член на ЦК на ВМОРО и за нејзин задграничен претставник во Софија. Политички е активен за време на младотурската револуција, застапувајќи се посебно за воведување настава на македонски народен јазик во Педагошкото училиште во Скопје. По Балканските и Првата светска војна, се до смртта, се повлекол од активен политички живот. Димитар Влахов за Поп Арсов пишува дека бил „човек со висока култура, цврст карактер и силна волја". (Д. Влахов, *Ликови македонских револуционара,* Београд 1949, 55-58; П. Стојанов, *Петар Поп Арсов во национално-револуционерното движење на македонскиот народ (1868-1919),* Култура, Скопје 1963; В. Ѓорѓиев, *Петар Поп Арсов, прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење,* Скопје 1997).

шура под името *Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници* објавена под псевдонимот Вардарски. Од содржината на самата брошура се дознава ставот на Организацијата кон бугарската пропаганда, а воедно и борбата која Организацијата ја започнала против таквата дејност.[14]




СТАМБОЛОВЩИНАТА
въ
МАКЕДОНИЯ
И
НЕЙНИТѢ ПРѢДСТАВИТЕЛИ
Вардарски
ВИЕНА

Петар Поп Арсов и насловната страница од неговиот труд, објавен 1894 г.

Во 1894 година Петар Поп Арсов изработил Проект-устав на Организацијата кој подоцна бил прифатен како нејзин Устав. Врз основа на Уставот бил донесен Правилникот на МРО. Според член 1 од Уставот, Организацијата се борела за политичка автономија на Македонија и Одринско. МРО по својот начин на дејствување била илегална организација која сметала дека ослободувањето на Македонија од османлиска власт треба да се случи по пат на вооружена борба и таа борба да биде внатрешна, заштитена од надворешни влијанија. Согласно програмските документи, МРО била строго централизирана организација во која најголеми ингеренции имал Централниот комитет (ЦК).[15]

---

[14] Преку оваа книшка Петар Поп Арсов, открива дека во Македонија постои „бугарска пропаганда" која има за цел „да создаде Бугари", но додава дека „народност со пари не се купува". (Види поопштирно: *Вардарски (Петар Поп Арсов), „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници"*, превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев, Табернакул, Скопје 2006).

[15] Х. Матов, *Македонска револОционна система, ВМРО съинения,* съставител – Цочо В. Билярски, София 2001, 68-82; Л. Милетич, *Първият централен комитет на ВМОРО, Спомени на д-р Христо Татарчев*, София, 1928.

Веднаш по првиот состанок организаторите започнале со ширење на своите ослободителни идеи и со собирање приврзеници за истите. Во летото 1894 година Даме Груев, презел една обиколка низ Битолскиот вилает. На тој пат ги основал првите револуционерни комитети на Организацијата и ги поставил основите на Битолскиот револуционерен округ.[16]

Од реонот на Солун, Организацијата мошне брзо се раширила и во внатрешноста на Македонија, така што набрзо заживеале револуционерните комитети во Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Кавадарци, Штип итн. Во рамките на организационото зацврстување, мошне важно е советувањето на МРО во Ресен кое д-р Христо Татарчев во своите спомени го именува како прв конгрес на Организацијата. Тоа се одржало на 15/27 август 1894 година, за време на верскиот празник Успение на Пресвета Богородица, при осветувањето на новоизградената егзархиска црква „Св. Кирил и Методиј", во семејната куќа на претседателот на Организацијата д-р Христо Татарчев. Присутни биле: претседателот на ЦК на ТМОРО Христо Татарчев, секретарот Дамјан Груев и претставници од Битолскиот револуционерен округ. Меѓу другите одлуки од ова советување, особено важна била одлуката за поделба на организационата територија на три револуционерни окрузи: Солунски, Битолски и Скопски .[17]

Во првите години од формирањето, Организацијата се ограничила, пред сè, на членство од редовите на македонската интелигенција. Засилувањето на организациската мрежа на МРО започнало со вклучувањето на уште неколку македонски интелектуалци во нејзините редови: Пере Тошев, Ѓорче Петров и Христо Матов.[18]

---

[16] Битолскиот револуционерен округ бил втор, со псевдонимите: Битола – Ерусалим, Солун – Св. Гора, Лерин – Краков, Кичево – Плоешт, Ресен – Цирих, Охрид – Белград, Дебар –Лондон. (*Революционата борба в Битолския окръг, Спомени на Георги Попхристов,* 15, http://promacedonia.org/gph/gph_selishta.html, 10.02.2014)

[17] По осветувањето на новоизградената црква Св. Кирил и Методиј во Ресен во куќата на Татарчеви било одржано советување каде повидните раководни дејци на МРО меѓу себе размениле мисли околу тогашната состојба на револуционерното дело. Се дискутирало три дена. Покрај решението за поделба на револуционерни реони, се поставило прашањето за собирање материјални средства за Организацијата, за засилување на пропагандата итн. (Л. Милетич, *Първият централен комитет на ВМОРО, Спомени на д-р Христо Татарчев*, София, 1928, 15. (натаму: Х. Татарчев, *Спомени*)

[18] Христо Матов (4.3.1872, Струга - 10.2.1922, Софија) македонски револуционер кој во текот на својата револуционерна дејност доживеал идејна трансфор-



Солунската машка гимназија во 1900 година, во која се школувале бројни македонски револуционери[19]

мација и застанал на страната на бугарската политика и бугарските интереси во однос на Македонија. (Познат е под псевдонимите Брут и Дримколов, а се потпишувал на лажен пасош како Христо Апостолов). Завршил филологија во Софија. Бил учител по бугарски јазик во Сер, Скопје, Солун, Софија и Стара Загора. Во Организацијата бил покрстен во 1895 година од Дамјан Груев и Христо Попкоцев, на пат од Солун во Скопје каде дошол за професор во Скопското педагошко училиште. Тука ја започнал својата кариера како еден од првите идеолози на Организацијата. По Солунската провала од јануари 1901 година бил уапсен заедно со повеќе македонски револуционери и затворен во Дијар Бекир, а потоа во Подрум кале. Во есента 1902 е амнестиран, после што станува Задграничен претставник на ТМОРО во Софија (1902-1904). Ја подржал одлуката на ЦК за востание во 1903 година. Дал значаен придонес во идејното и организационото оформување на ТМОРО, но по неуспехот на Илинденското востание, својата широка наобразба и интелектуален потенцијал ги ставил во служба на бугарската политика кон Македонија. (Х. Матов, *Македонска революционна сиѿема ВМРО, Съчинения,* съставител - Ц. В. Билярски, София 2001, 6-30).

[19] Солунската машка гимназија „Св. Кирил и Методиј“ била еден од најголемите и највлијателните образовни центри отворени од бугарската егзархиска пропаганда во Македонија, но сепак, во Македонија се почитува како место каде се создава јадрото на македонското револуционерно движење. Основана е во 1880 година од страна на преродбеникот Кузман Шапкарев и опстојува под името *Солунска българска мъжка ѓимназия „св. Кирилъ и Меѿодий"* до 1913 година. Меѓу иницијаторите, директорите и учителите во гимназијата се издвојуваат низа големи интелектуалци, научници и јавни личности. Покрај основачот Шапкарев, тука своевремено работеле и предавале и Васил К’чов, Григор Прличев и Константин Величков. Меѓу учениците и

Во 1894 година во редовите на МРО се вклучил и Гоце Делчев[20] кој станал најпрепознатливата фигура на Организацијата. Во годините до Илинденското востание, Делчев го зацврстил четничкиот институт на МРО, како нејзин најважен сегмент

---

дипломците на оваа гимназија особено се издвојуваат Г. Делчев, Д. Груев, Т. Александров, А. Љапчев, И. Михајлов, А. Кецкаров, К. Стефанов и голем број други видни личности од македонската и бугарската историја. Солунската гимназија, и покрај егзархискиот језуитски режим, била расадник на револуционерни идеи. Во гимназијата циркулирала забранета литература, се ковале планови и се дигале ученички бунтови. Исто така, чести биле конфликтите за тоа да се зголеми бројот на професори со потекло од Македонија, а да се намали бројот на оние што се носат од територијата на Кнежевството Бугарија. (П. Шатев, *В Македония под робство*, София, 1983, трето издание, 35-36).

[20] Гоце Делчев (Ѓорѓи Николов Делчев) (23.1.1872/4 февруари, Кукуш – 21.4.1903/4 мај, с. Баница, Серско), еден од четирите синови на Султана и Никола Делчеви кои се посветиле на револуционерното дело. (Ѓорѓи-Гоце, Димитар-Мицо убиен на 4.2.1901, Милан, убиен на 2.6 1903, и Христо). Гоце е еден од највидните дејци, предводници и организатори на МРО, борец за чистотата на внатрешното македонско револуционерно дело. По завршување на прогимназија во Кукуш, учи во Солунската егзархиска гимназија, а по нејзиното завршување, во 1891 пристапува во Военото училиште во Софија. Непосередно пред завршувањето во 1894 бил исклучен заради ширење на социјалистички идеи. Истата година бил назначен за учител во Штип, во исто време кога таму учителствува Дамјан Груев кој ќе го покрсти во револуционерната организација. Учествува во изградувањето на револуционерни комитети во Штип и околните села. Следната година револуционерната дејност ја пренесува во Солунско, Кукушко, Гевгелиско, Дојранско, Струмичко и Петричко. Една година е учител во Банско (1896). Организира комитети во разлошко, Неврокопско и Горноџумајско. Заради огромните задолженија кон ТМОРО, го напушта учителскиот позив и тргнува по патот на професионален револуционер. На Солунскиот конгрес (1896) заедно со Ѓорче Петров добиваат задача да го изработат уставот и правилникот на Организацијата. Избран е за Задграничен претставник на ЦК на ТМОРО (1896-1901). Неуморно работи на материјалната и духовната подготвка на македонскиот народ за оружена борба, но смета дека одлуката за востание од јануари 1903 е пребрзана заради внатрешната неподготвеност на народот и немање на надворешна меѓународна подршка. По средбата со Д. Груев, во април 1903 година во Солун, тргнува со мала чета за Серскиот револуционеренокруг каде бил закажан окружен конгрес на планината Алиботуш. Предаден, бил следен и опколен од броен турски аскер во с. Баница каде загинува. За Делчев постои бројна литература и документација и во Р. Македонија и во Р. Бугарија: мемоарска литература и сеќавања (П. Јаворов, Х. Силјанов), зборници од научни собири, објавена документација и монографски трудови (Х.А. Полјански, Д. Димески. Д. Кљусев). Во овие рамки, особено е значајно шестомното издание на Христо Андонов Полјански: *Гоце Делчев и неговото време,* кн. 1-6, Култура, Скопје 1972.

и со својот авторитет успеал да ја прошири мрежата на Организацијата и до најмалите населени места во Македонија. Делчев, исто така, ги организирал и подготвувал каналите на МРО за снабдување со оружје и муниција.

Во текот на 1894-95 година веќе е поставена базичната мрежа на МРО за чие ширење особен придонес дале Дамјан Груев, Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Петар Поп Арсов, а потоа и Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев и други. Тие истовремено биле бескомпромисни и доследни поборници за чување на автохтоната, македонска определба на МРО. При зачленувањето во Организацијата, задолжително бил спроведуван светиот ритуал – полагање заклетва пред Евангелие, кама и револвер.[21]

Пламенот на Организацијата набрзо го зафатил градот Штип и Штипско, а во тие рамки и семејството на Арсо Кикиритков. Во првиот период, кон Организацијата активно се вклучиле неговите постари синови Михаил и Пане, а потоа и помладиот Славејко.

Така, Славејко Арсов се родил и израснал во средина каде биле развиени училишната и просветителската дејност, кое пак, од своја страна, придонело за посилно будење и разгорување на револуционерната ослободителна идеја. Всушност, тука веќе била создадена клима за да можат цврсто да го засадат револуционерниот непокор – Дамјан Груев, Гоце Делчев и други македонски дејци.

Откако го завршил вториот клас во училиштето „Св. Кирил и Методиј“ во Штип, во 1891 година, Славејко извесно време работел како писар во Криволошката станица, а потоа останал дома сè до 1895 година. Тоа е времето кога во Штип и Ново Село учителствуваат Делчев и Груев, двајцата апостоли на македонското револуционерно ослободително движење. И во своите спомени С. Арсов кажува: „Во 1894 година во Штип учители беа Гоце

---

[21] Пишувајќи за ширењето на Организацијата, Ѓорче Петров кажува: „Решивме да почнеме да купуваме оружје. Првата потреба за револвери се појави кога се установи да има револвер при давањето на клетва; имаше потреба за револвери и за куририте. Ја дадов идејата да се купуваат револвери. Се јави неосетно желба кај сите членови, секој да си носи револвер – како знак на револуционерство – револвер и кама....Револверите послужија како очигледен доказ дека има сериозни револуционери на дело, а не само на зборови. Ова нешто многу и помагаше на агитацијата. Доставувачката на овој материјал пополека стана една од првите задачи на месните комитети“. (Ѓ. Петров, *Спомени. Коресподенција,* Култура, Скопје 1984, 54).

Делчев и Дамјан (Даме) Груев. Тие тогаш ги формираа првите комитети“.

Историската средба помеѓу Груев и Делчев во Штип се одиграла при крајот на октомври или во почетокот на ноември 1894 година.[22] Тогаш во Штип пристигнал и Туше Делииванов[23] кој уште во Софија, за време на училишниот распуст истата година доста се зближил со Гоце Делчев. Притоа, по ослободувањето од еден кус притвор во Софија, Гоце решил да ја напушти Бугарија и да се врати во Македонија. По неколку разговори со Делчев и Туше Делииванов ја донел истата одлука. Така и двајцата испратиле молби за учителски места, при што, Туше добил одговор од Егзархијата[24], а Гоце од штипското училишно настојателство. Така

[22] Во учебната 1894 година „Груев бил поканет за учител во општинското трикласно училиште во Штип. Прифаќа и до ноември истата година ја исполнува должноста главен учител во двете училишта во Штип и Ново село. Во исто време во градот пристигнал од Софија Гоце Делчев, кој што бил назначен од Егзархијата заучител во Штип. И идејно и морално Делчев е веќе сомисленик и соидејник на Груев, кој не го познавал лично....Идеите, вкусовите, стремежите, па и карактерите на двата најсветли апостоли на македонското ослободително движење, кои за првпат се гледаат сега во Штип, се поклопуваат. Во Штип тие се разбираат од првата средба, од првата размена на мисли...“ (Й. Бадевъ, *Даме Груевъ, животъ и дѣло,* Министерство на народното просвѣщение, София 1942, 47-48).

[23] Туше Делииванов (Петар Иванов) (13.10.1869, Кукуш – 14.1.1950, Софија) бил македонски револуционер, член и раководител на МРО, задграничен претставник, учител и публицист. Се школувал во Солунската машка гимназијата „Св. Кирил и Методиј“. Учителствувал во Кукуш, Штип и Кавадарци. Во редовите на МРО стапил 1894 година. Бил претседател на околискиот револуционерен комитет во Кукуш. Во 1901 бил уапсен од властите, но успеал да избега во Бугарија. Во септември 1901 година заедно со Димитар Стефанов бил избран од ЦК во Солун за задграничен претставник на ТМОРО во Софија. Бил продолжувач на делото на Гоце Делчев, одлучно спротивставувајќи се на врховизмот. Како делегат учествува на Ќустендилскиот конгрес на ВМОРО во 1908 година. Тој е, исто така, еден од основачите на Народната федеративна партија и како нејзин активист дејствувал во Кукуш. Во 1909 година емигрирал во Бугарија. По Првата светска војна станал член на Привременото представништво на обединетата бивша ВМРО. (С. Ковиловски, *Македонија, кратка енциклопедија революционери,* ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“, Прилеп 2001, 67; А. Г. Пелтеков, исто, 120; *Македонски историски речник...,* 149-150).

[24] Егзархија односно бугарската самостојна црква е основана на 28 февруари 1870 година, со седиште во Цариград. Во нејзиниот состав влегувале повеќе македонски епархии, архиерејски намесништва и парохии. Користејќи го отпорот против грчките владици и грцизацијата која се спроведувала во Македонија од страна на Цариградската патријаршија, христијаните во Ма-

Туше бил назначен за местото главен учител во Штип, а Гоце за учител во штипско Ново Село.[25]

Врз основа на различни податоци низ спомените, дел од историчарите сметаат дека Туше Делииванов учествувал во формирањето на комитетот во Кукуш и веројатно претходно се зачленил во Организацијата[26]. Меѓутоа, во своите спомени тој самиот не посочува конкретни податоци за овие настани и дури има извесни контрадикторности во неговите изјави. Тој кажува дека заради недоразбирања со учителската управа во Кукуш и здодевност, во летото 1894 година поднел оставка на учителската функција и без некоја посебна причина заминал во Софија каде имал случајна средба со Гоце Делчев.[27]

Делииванов истакнува дека тогаш, тој заедно со Делчев не дале заклетва на Организацијата заради некои императиви во Уставот. Постојат одредени сомнежи во ваквите спомени на Делииванов и има некои недоволно потврдени мислења дека средбата на Делииванов и Делчев во Софија не била случајна и дека таа била организирана од страна на Иван Хаџи Николов со цел да се внесе Делчев во Организацијата, овој пат преку кукушката ли-

---

кедонија ја прифатиле оваа бугарска црква. До 1897 година бугарската дипломатија се изборила да добие султански берати да постави владици во: Велес, Скопје, Охрид, Битола, Струмица, Дебар и Неврокоп. Македонското население што ја признало Егзархијата, според турското шеријатско право, во нуфузите било запишано како „булгар-милет“, т.е. како „бугарски народ“. (*Македонски историски речник,* ИНИ, Скопје 2000, 173). Егзархијата со сите сили и средства ја спроведувала бугарскста пропаганда во Македонија со цел да го бугаризира македонскиот народ (односно „бугар-милет“). Така во 1900 година во Македонија имало 781 бугарски училишта, 1.221 учители и 39.454 ученици. Од вкупно 1.989 цркви и манастири (135 се манастири), бугарски односно егзархиски биле 1.232 цркви и 71 манастири. (*Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944,* том 2, ред. Д. Мичев, Македонски научен институт, София 1995, 91). Во овие рамки се вршел најразличен притисок врз учителите од македонско потекло во рамките на МРО, кои ја прифатиле идејата за автономија. (*Исто,* 97).

[25] Т. Делииванов, „Гоце Делчев – повърхностни спомени“, *Гоцев лист,* I/1 (1933), 3-5.

[26] Димитар Влахов наведува дека неговиот брат Христо бил еден од основачите на МРО во Кукуш и околијата во 1894 година и душа на Организацијата заедно со Туше Делииванов (Д. Влахов, *Мемоари,* Слово, Скопје 1970, 33).

[27] *Д-р. Христо Татарчев, Вътрешна македоно-одринска революционна организация като мит или реалност,* ред. Цочо Биљарски и Валентин Китанов, София, 1995, 32.

нија.[28] Така, двајцата од Бугарија се вратиле во Македонија и во Штип биле дочекани од Даме Груев. Груев и Делииванов се познавале од порано, од времето кога Груев работел кај книжарот Самарџиев во Солун. За Делчев, Даме беше слушнал добри работи, а меѓу другото, дека за него особено високо мислење имал Коста Шахов, познат публицист, новинар и револуционер по потекло од Охрид, еден од основачите на Младата македонска книжевна дружина (ММКД).[29]



Софија, прибежиште за македонските
револуционери од османлиските прогони

Така, Дамевиот дочек на Делчев не бил случаен. Тој во куќата на стариот селски учител Мите Теранцелиев, каде што престојувал, истата вечер им го врачил Уставот на МРО на двајцата учители.[30] Според Т. Делииванов таа вечер си ги разделиле рео-

[28] В. Ѓорѓиев, *Слобода или Смрт, Македонското националноослободително дело во Солунскиот вилает 1893 - 1903 година,* Институт за историја - Филозофски Факултет, Скопје, 144, 161-162.

[29] ММКД е формирана во 1891 година во Софија. Поистакнати членови биле: Петар Поп Арсов, Даме Груев, Георги Балашчев, Гоце Делчев, Христо Матов, Коста Шахов, Емил Спространов и други. Го издавале списанието „Лоза“ заради што се наречени „Лозари“. Оваа организација на македонски интелектуалци во Софија, набрзо била забранета од бугарските власти бидејќи кај нејзините дејци дошол до израз „сепаратизмот“ кој бил погубен за големобугарската идеја. (В. Ѓорѓиев, исто, 119-121).

[30] Куќата каде што живеел Даме била близу до училиштето. Според сеќавањето на Т. Делииванов била многу незгодна, но имала две слободни соби. Туше, меѓу другото запишал: „Останавме да живееме таму тројцата; ќе ни готви, чисти, мести, пере стопанката (жена на Мите Теранцелиев, стар учител по селата)... На прашањето поставено од Дамета – зошто не сме останале во Бугарија, Гоце ги разви своите планови надолго и нашироко. Даме само слушаше, и откако сврши Гоце, тој со радост извика: ‘Добре сте ми дошле!’

ните за работа: Даме и Туше го земале „градот со селата откај неговата страна, а Гоце – Ново Село со селата што припаѓале кон таа страна“.[31]



**КОСТА ШАХОВ (1862-1917)**

***При сѐ што сме 2.000.000 луѓе, пак немаме, барем овде, во слободна земја, еден каков и да е весник, кој ќе не држи во текот на работите што се случуваат околу нас и за нас; и кој ќе ни служи за да ги изразиме нашите народни искажувања и мисли... Денеска печатот е посилен од топот и со него се служат скоро сите народи на светот, освен нас. Со тоа ние самите се претставуваме пред очите на образованиот свет нешто како народ... На крајот, ние Македонците, како сме едни под двојно и тројно ропство, а други прснати по разни страни, сепак не смееме да си ја заборавиме татковината и сме должни да работиме за подобрување на нејзината положба; Зашто како народ ќе бидеме одговорни пред нашето потомство ако и при толку неволји во својот живот мине времето безработно, без борба за слободен живот, бидејќи нашите господари не сакаат да се грижат за олеснување на нашиот живот.***

***Побудени од сето тоа, иако со слаби сили, го започнуваме издавањето на весникот „Македонија" со цел и барање да се подобри положбата на Македонија. Весников „Македонија" ќе биде далеку од секакви партиски интриги и ќе води независна политика по македонското прашање. Страниците ќе бидат слободни за секој родољубец само ако се пишувани во духот на времето и целта... Задачата на в. „Македонија" е да се бори за духовното и културното издигање на Македонците.***

**(весник „Македонија", Русе. ред. Коста Шахов, Год. I, бр. 1, 21.10.1888)**

Веднаш, другиот ден, Груев како еден од основоположниците на Македонската револуционерна организација (МРО) и нејзин прв секретар го покрстува Делчев токму во Штип и тие со неуморна работа и агитација ги поставиле тука основите на македонската борба.[32] Веќе по еден месец биле видливи резултатите од нивната „тивка и полезна работа“ и тие констатирале дека се напреднало повеќе од очекувањата бидејќи во редовите на Организацијата биле вклучени луѓе на кои можеле да се потпрат во секое време.[33] За таквите успеси на Делчев и Груев, Ѓорче Петров ќе запише: „и двајцата уште млади се впрегнале на работа во градот и во Ново Село, за кратко време направиле да пламнат сите од револуционерен пламен“.[34]

Братот на Славејко, Михаил Арсов стапил во редовите на МРО веднаш по доаѓањето на Дамјан Груев за учител во општин-

---

и извади и ни подаде еден устав (т.е. статут) на ВМРО“. (Т. Делииванов, „Спомени за Гоце – Учителствување во Штип“ – Х.А. Полјански, *Гоце Делчев во спомените на современиците*, Култура, Скопје 1963, 38).

[31] Т. Делииванов, „Спомени за Гоце – Учителствување во Штип“ ..., 39.

[32] Д. Димески, *Гоце Делчев,* Мисирков, Битола 1988, 45-46.

[33] Т. Делииванов, „Спомени за Гоце – Учителствување во Штип“, исто.

[34] *Ѓ. Петров, Македонското ослободително дело,* ред. Г. Тодоровски, Скопје 1971, 447.

ското трикласно училиште во Штип во учебната 1894/95 година. Должноста главен учител во ова училиште Груев ќе ја исполнува до ноември 1894 година, а потоа на инсистирање на Скопскиот егзархиски владика Максим, на тоа место беше назначен Туше Делииванов. Ваквата состојба му одговарала на Груев за полесно да ги реализира поставените револуционерни цели, односно одлуките донесени на Ресенското советување на МРО со кои Македонија беше поделена на револуционерни реони. Притоа, и новоназначениот главен учител во општинското трикласно училиште во Штип, Туше Делииванов, всушност бил човек на МРО, а не човек на Егзархијата.[35]



Куќата на учителот Мите Теранцелиев, во која живееле Даме, Гоце и Туше во Ново Село

Делчевата легална педагошка дејност се одвивала во двокласната прогимназија во Ново Село. Тој предавал во 2. клас, и тоа: геометрија, историја на природата, географија и француски јазик. Бил запаметен како строг и правичен учител.

Заедно со своите колеги Делииванов и Груев, Делчев посветил особено внимание на образообразованието на возрасните. Меѓу другото, разработувале „жешки теми“ од светската и балканската историја со што создавале револуционерна клима во градот.[36]

Во своите спомени, Груев, вели: „Во Штип правевме собранија со посветените кои беа означени со броеви и никакви имиња не се пишуваа... Беа разделени на групи; десетарите ги собираа, без да знаат едни за други. На собранијата се водеа разговори, се поттикнуваа, се делеа брошури и весници за читање, се упатуваа кон должностите. Отворивме празнично училиште, се држеа чинки со чисто револуционерна содржина...“. Следната година на штипската сцена се давале театарски претстави и одбрани револуционерни пиеси, се читале текстови итн., при што учество зеле Груев, Делчев, Ѓурков (учител) и други.[37]

[35] В. Ѓорѓиев, *Подземната република,* ...., 130-131.

[36] Й. Бадевъ, *Даме Груевъ,...,* 57-58; Д. Димески, *Гоце Делчев,* Мисирков, Битола 1988, 46-47.

[37] „Спомени на Дамян Груев“, Съобщава Л. Милетич, *Даме Груев, живот и дело,* 1 част, Предговор, съставителство и бележки, Ц. В. Билярски, „Анико“, София 2006, 48-49.




Туше Делииванов и Ефрем Чучков

Ѓорче Петров го наведува сведоштвото на Ефрем Чучков, штипски револуционер и војвода[38], дека „...Гоце во Штип агитирал при интимни дружби, при веселби и гоштавки, согласно со битот на штипјани, и го толкувал конкретниот живот, наместо да истакнува апстрактни идеи".[39] Токму затоа, Гоце имал големи успеси при ширењето на идејата за ослободителната борба и бил прифаќан од луѓето насекаде каде што одел. Постојано на теренот, меѓу населението, тој се покажал како извонреден агитатор и организатор, забраздувајќи длабоки траги во револуционерната традиција на Штип и Штипско. Иако неговиот радиус на дејствување било Ново Село со околните села, тој неуморно ја ши-

[38] Ефрем Чучков (21.11.1868, Штип – 1.10.1923, Софија), револуционер и војвода. Се школувал во Штип, Скопје, Солун, Софија и Казанлак. Работел како учител во штипско Ново Село, Пехчево и Мелник, каде развивал револуционерна дејност. Во Пехчево го организирал месниот револуционерен комитет, а од 1897 година станал илегален. Заедно со Мише Развигоров и Тодор Лазаров бил еден од организаторите на револуционерната мрежа во Штипско. Соработник на Гоце Делчев. Бил избран за член на окружното раководство во Скопскиот револуционерен реон, а од 1907 година, окружен војвода на Скопскиот револуционерен округ. На Ќустендилскиот конгрес бил избран за дополнителен член на ЦК. Се бори во Балканските војни, а по Првата светска војна активно учествувал во обновата на ВМРО и бил соработник на Тодор Александров. По 1920 година е војвода на чета во Малешевско и Царевоселско (А. Г. Пелтеков, исто, 517-518; С. Ковиловски, исто, 300)

[39] Т. Делииванов, „Спомени за Гоце Делчев – учителствуване в Щип", *Македонска мисъл,* I/9-10 (1946), 379-385.

рел мрежата на Организацијата од градот во селото и за кусо време воспоставил релевантен канал на релацијата Македонија-Бугарија.[40]

Во првите редови на МРО во Штип, Дамјан Груев ги вклучил: Тодор Лазаров – трговец и просветен деец („високо интелигентен и пргав млад човек“[41], Димитар Мирасџиев – просветен деец и социјалист (близок со Васил Главинов, а потоа со Јане Сандански)[42] и Мане Муфтиски. Набрзо по првите покрстувања во станот на Даме Груев (споменатата куќа на учителот Мите Теранцелиев) бил формиран и месниот комитет во кој влегле: Тодор

---

[40] За тоа, Ѓ. Петров вели: „Дејноста на Гоце се распростре и вон градот и за кратко време беше успеал да вовлече во Организацијата масовно луѓе се до бугарската граница и беше уредил канали, по кои тој и луѓето сновеа слободно и пренесуваа материјали од Бугарија“ (*Ѓ. Петров, Македонското ослободително дело,* ред. Г. Тодоровски, Скопје 1971, 447)

[41] Тодор Лазаров (Т. Хаџидимитров) (1869, Штип –16.9.1912, Софија), трговец, просветен деец, революционер, член на Задграничното претставништво на ТМОРО. По завршувањето на Солунската машка гимназија станал прогимназијален учител во Штип. Во Штип 1894/95 година бил покрстен од Даме Груев и влегол во првиот револуционерен комитет на ТМОРО во Штип. Бил упасен за време на Виничката афера, а по ослободувањето во 1899 година бил повторно уапсен и одлежал четири години затвор, најпрво во „Куршумли Ан“ во Скопје, а потоа во приштинскиот затвор. Бил делегат на Солунскиот конгрес на ТМОРО во јануари 1903 година. Во 1905 година повторно е затворен и амнестиран во 1908 година за време на Младотурската револуција. Во периодот 1910-1912 бил задграничен претставник на ВМОРО во Софија. Еден е од основачите и член на Централното управно тело на Сојузот на бугарските конституциони клубови. Учествувал во реорганизацијата на ВМРО во Штипско заедно со Тодор Александров. Заболен од туберкулоза и опседнат од мислата дека не може да ги следи другарите на бојното поле, да се бори за слободата на Македонија, се самоубива за време на Првата балканска војна. (М. Думбалаковъ, *Презъ пламъците на живота и револОцията*, томъ II, София 1937, 149-150; *Илюстрация Илинден,* София 1940, г.12, к. 4 (144), 4-6).

[42] Димитар Панев Мирасчиев (1.8.1872, Штип – 28.9.1934, Софија). Се образовал во Солунската машка гимназија, а потоа студирал хемија на Универзитетот во Софија. Како член на ВМК учествувал во т.н. „Мелничко востание“, во јуни-јули 1895 година. Учителствувал во Крива Паланка, Куманово и на други места во Македонија. По Виничката провала 1897 година бил осуден на доживотен затвор и испратен во Подрум Кале. Бил амнестиран во август 1902 година. За време на Илинденското востание бил војвода на чета во Крива Паланка. По востанието, учествува активно при основањето на МОРО и НФП во Солун. Во периодот 1908-1909 година заедно со Димо Хаџи Димов го уредуваат весникот на санданистите „Конституциона зарја“ во Солун. (Т. Тодоровски, исто, 195; А. Г. Пелтеков, исто, 289-290).

Лазаров (претседател), Михаил Арсов (постариот брат на Славејко Арсов), Александар Малински[43], Мише Развигоров[44], Мите Теранцелиев и Ефрем Чучков. Со напорната и неуморна работа на Груев, мрежата на МРО се ширела во Штип и Штипско. Така, независно од Делчев, Груев и Делииванов организирале околу 400 лица од градот Штип и неговата поблиска околина.

Околу Божик 1894 година „веќе целиот град и Ново Село беа опфатени од револуционерната треска", запишал Туше Делииванов. „Макар што не беа сите во редовите на организацијата, сите, меѓутоа, беа заразени од тој дух и требаше да им се препорачува на избраните водачи на дружините да бидат претпазливи".[45] Истовремено, Гоце се зафатил и со организирањето на селата и главно со уредување на канали за комуникација со Бугарија и натаму од Штип. Секоја сабота вечер, Делчев исчезнувал од Штип, понекогаш преоблечен во други алишта и се враќал во недела вечерта или рано во понеделник заради учителската работа.[46]

---

[43] Александар Малински (Малинов Сандо) (?, Ново Село Штипско – јануари 1904, Ново Село, Штипско), член на ТМОРО кој се прославил со својата храброст и решителност. Според некои податоци бил војвода на чета во Дојранско, Еницевардарско, Кратовско. Има различни податоци околу времето на неговата смрт - 1899 или 1904 гидна. Имено некои тврдат дека во декември 1899 година кај Валандово бил откриен од турските војници. Ранет бил пренесен во Ново Село, каде повторно е откриен. Успеал да се извлече, но подлегнал на раните. (А. Г. Пелтеков, *Революционни...,* 267). Според други податоци, бил откриен во јануари 1904 година и храбро се борел со аскерот. Пробивајќи го обрачот, тешко ранет, успеал да се изввлече, но подлегнал на раните. Погребан бил тајно од штипските граѓани во дворот на црквата „Св. Архангел" (М. Куманов, *Македония, кратък исторически справочник,* София, 1993, 160).

[44] Мише Развигоров (1873, Штип - 21.3.1907, Штип), учител и штипски околиски војвода, член на Скопскиот окружен револуционерен комитет. По Виничката афера (1897) бил осуден на доживотна робија. Казната ја издржувал во Подрум кале (1898-1902). Бил амнестиран од султанот Абдул Хамид II во август 1902 година. По враќањето од затвор активно се вклучува во подготовките за Илинденското востание. Активен е и по поразот на востанието. Во 1906 година под негово раководство, Штипската околиска организација на ВМОРО издава 7 броеви на хектографираниот весник "Революција" чиј уредник е П. Пенчев, припадник на проврховистичката ориентација. Умира во пожар предизвикан од османлиската војска на 2 април 1907 година во Штип. (*Македоно-одрински прегледъ,* София 1907, бр.34 и 35, 533-536; Ил. *Илинден,* София 1943, г. XV, к.4 (144), 72).

[45] Т. Делииванов, "Спомени за Гоце – Учителствување во Штип" – Х.А. Полјански, ..., 39.

[46] Исто, 40



Штипската новоселска прогимназија

Штип полека израснувал во бастион на македонската ослободителна борба. Тоа е време на младешките години и на созревањето на Славејко Арсов и тогаш за него Организацијата сѐ уште била голема тајна. Така самиот вели: „Брат ми, Михаил Арсов беше член (работник) на Комитетот. Од него дознав дека нешто се подготвува, а потоа, како ученик во Скопје, од некои ученици појасно разбрав дека се организира нешто против Турците, но не бев навлезен во суштината на работата. Тогаш беше мода секој работник да се снабди со револвер и кама. За пушка не се зборуваше сѐ до 1895 година. Мојот брат продаваше револвери, а во лозјето пробуваа која марка е подобра. Еднаш при пробувањето на еден револвер, кај нас дома, сосема случајно, без да помислат дека има патрон, се слушна пукот. Истрелот го рани брат ми во колкот. Од раната, три недели откако го префрлија во Скопје, умре“.[47]

Во почетокот на јули 1895 година, во близината на бањата Кежевица се одржало „проштално собрание“ на Делчев и Груев, на кое заедно со раководните луѓе од Штипскиот регион ја крунисале својата дотогашна заедничка дејност, правејќи биланс на постигнатото и поставувајќи насоки за натамошна дејност.

---

[47] „Славејко Арсов“, *Сӣомени,...*, 37-38.

Така, по завршувањето на учебната 1894/95 година Груев бил вратен во Солун, но, тој бил сосема спокоен за Штип бидејќи тука го оставил Делчев кој ги пројавил своите врвни организаторски способности. Во овој прв период на ширењето на МРО, тандемот Гоце Делчев - Даме Груев во Штип и Пере Тошев - Ѓорче Петров во Битола, далеку ја надминале солунската организациона метропола.[48]



Штипско Ново Село –поглед на црквата и училиштето

Силната раздвиженост во создавањето на организационата мрежа и бројното нараснување на МРО се случува во времето кога во Кнежевството Бугарија (1895) била спроведена една акција за собирање доброволци – Македонци за вооружено навлегување од територијата на Кнежевството Бугарија во Македонија под турска власт. Во таа акција бил вклучен и „Македонскиот комитет" чие основање се поврзува со активностите на македонската емиграција во Бугарија кон крајот на 1894 година. Оваа миграција, меѓу другото, низ разни манифестации и апели барала спроведување на реформи во Македонија согласно одредбите на чл. 23 од

[48] Во Солун Груев ја продолжува својата дејност, така што во летото 1895 година таму ги покрстил Христо Матов заедно со Христо Коцов. „Тогаш, Егзархијата ме назначи за и.д. директор на Педагошкото училиште во Скопје", запишал Матов. „Јас ги поставив основите на револуционерното движење во тој град. Меѓу првите работници со мене ќе ги споменам имињата на Пет. Мацанов, Стефан Петрев и Влад. Бојаџиев". (Х. Матов, *Македонска революционна система, ВМРО съчинения,* съставител - Цочо В. Билярски, София 2001, 39).

Берлинскиот договор.[49] Организираните активности довеле до обединување на македонските друштва во Бугарија и на тој начин дошло до создавањето на Македонскиот комитет во март 1895 година.[50] За негов претседател бил назначен Трајко Китанчев, чесен и енергичен Македонец .[51]

Македонскиот комитет се залагал за политичка автономија на Македонија, приложена и гарантирана од големите сили. Меѓутоа, МК набрзо станал инструмент во рацете на бугарската влада и двор. Тие вешто го злоупотребиле и изманипулирале патриотското чувство на Македонците за бугарски големодржавни интереси, односно биле изиграни искрените желби и стремежи на македонската емиграција и на Трајко Китанчев за поддршка на една оружена акција во Македонија, чија крајна цел била ослободување на нивната татковина.[52]

Така, во првиот период, раководен од Трајко Китанчев, Македонскиот комитет требало да ја организира македонската

---

[49] Во 1894 година, австроунгарскиот конзул, баронот Калице, испраќа од Цариград во Виена, до грофот Калноки во Министерството за надворешни работи ваква информација: "Тука многу се збунети од одржаниот во Софија митинг на околу 300 Македонци, на кој беше одлучено да се ургира за спроведување на член 23 од Берлинскиот договор, и тоа преку петиција која треба да биде предадена на претставниците на Големите сили...". (Т. Томовски, *Документи од Виенските архиви...,* Скопје 1955, 73)

[50] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава,* том први, Скопје 1981, 230-231; В. Поповски, „Историско-политичкото и правното значење на членот 23 од Берлинскиот договор", *Зборник во чест на Александар Христов,* Скопје 1996, 229-239.

[51] Трајко Цветков Китанчев (1.9.1858, с. Подмочани, Ресенско - 1.8.1895, Софија), познат општественик, литерат, просветен и револуционерен деец. Се образовал во Цариград, Киев (ја завршил Киевската духовна семинарија, 1879) и Москва (студирал право на Московскиот универзитет но морал да ги прекине студиите). Во учебната 1882/83 година работел како професор во Солунската егзархиска гимназија. Од 1883 година активно учествува во општествено-политичкиот живот на Кнежевството Бугарија. Забележителна е неговата ангажираност сред македонските емигрантски друштва. Во 1894 година го основа македонското друштво „Братски сојуз". Во март бил избран за претседател на Македонскиот комитет. (НБКМ – БИА, ф: 224 – ВМОК, оп.1. а.е. 14; Исто, а.е.15, писма на Трајко Китанчев до личности и друштва; *Кратки биографически б?л?шки за Трайко Китанчевъ,* Право I/41, София, 26.08.1895; Т. Тодоровски, исто, 149-150).

[52] За време на Божик, при крајот на 1894 година, во активностите за воспоставување канали со Бугарија, Делчев преговарал со Н. Наумов „за правецот што треба да го усвои во редактирањето на весникот *Право,* и со Т. Китанчев – за помошта што можеле да ја укажат на револуционерите-Македонци што живееле во Бугарија." (П. К. Яворов, *Гоце Делчев,* София 1904, 174).

емиграција да работи за македонското ослободително дело.[53] Веднаш по формирањето, МК почнал да организира и да испраќа чети во Македонија. Тоа одело во прилог на бугарската официјална политика која вршела притисок врз Османлиската империја и врз европската дипломатија за меѓународно признавање на кнезот Фердинанд и за добивање нови привилегии и отстапки за бугарската пропаганда во Македонија. Од другата страна, пак, се трасирало јавното мислење дека Бугарија е единствениот гарант за мирот и стабилноста на Македонија. Заради таквите стремежи, бугарската влада и дворот го помагале организирањето и влегувањето на четите преку границата, предизвикувањето провокации и создавањето ситуации за наводни „бугарски" востанија во Македонија. Една таква провокација се случила во Мелник во јуни и јули 1895 година.[54] По неуспехот на оваа провокација, невиното население во пиринскиот дел на Македонија било изложено на жестоки репресалии од страна на власта. Оценувајќи дека е постигнат саканиот ефект, Бугарија ја прекинала поддршката на уфрлените чети. Претседателот на МК, Трајко Китанчев, откако сфатил дека МК и неговата акција се злоупотребени од страна на официјална Бугарија, починал од срцев удар.



Трајко Китанчев

Кнежевството го избрало токму тој период за вакво навлегување во османлиска Македонија, бидејќи Османлиската Импе-

---

[53] Народна библиотека „Кирил и Методиј" – Бугарски историски архив, (НБКМ – БИА), ф. 224 (ВМОК), оп. 1. а.е. 14, писма на Т. Китанчев до личности и друштва (14.05 до 31.12.1895).

[54] Во јуни и јули 1895 година во Македонија биле уфрлени околу 600 (некаде стои 800) четници, распоредени во четири поголеми и неколку помали одреди, предводени од офицери на бугарската армија и стари арамиски војводи кои го познавале теренот. Најголем успех во провокациите имал четвртиот одред предводен од Борис Сарафов. Овој одред влегол во градот Мелник каде била запалена зградата на уќуматот (управна зграда), поштата и неколку турски куќи. Околу пладне одредот го напуштил Мелник и брзо се повлекол во Бугарија. Овој упад во Мелник бил наречен „Мелничко востание" (Х. Силянов, *Освободителнитѣ борби на Македония,* том 1, София 1933, 55-59; В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавствата и атентатите во македонската историја*, Макавеј, Скопје 2004, 52-55; В. Ѓорѓиев, *Слобода или смрт,...* 193-200).

рија, заради крвавото задушување на востанието на ерменскиот народ во 1894 година била под силен дипломатски притисок за да го примени членот 62 од Берлинскиот договор за реформи во Ерменија. Бугарските дипломатски претставници настојувале по дипломатски пат да извршат притисок врз Портата, да го примени член 23 од Берлинскиот договор за реформи во Македонија и да издаде берати за назначување егзархиски владици во одделни епархии во Македонија.[55] Бидејќи не успеале во остварувањето на поставените цели, бил даден сигнал за изведување на четничка акција во Македонија и на тој начин да се издејствува она што не било постигнато преку дипломатски пат.[56]

По ова неуспешно навлегување во Источна Македонија, познато и како „Мелничко востание" и по смртта на претседателот на Македонскиот комитет Трајко Китанчев, дошло до отрезнување на голем дел од Македонците во Бугарија. Тие сфатиле дека ослободувањето на Македонија нема да дојде со интервенција на Бугарија. Истовремено кај нив се зацврснала свеста за самоорганизирање и самоослободување на македонскиот народ во погодни меѓународни дипломатски услови. Всушност тоа било поука и за основачите на МРО.

Тоа однадвор увезено неуспешно „востание" придонело за издиференцирање на две идеологии. Едната, за самостојност и сувереност на Македонската револуционерна организација, другата, за ослободување на Македонија со помош на Бугарија. След-

---

[55] Голема улога во воспоставувањето на егзархиски владици во Македонија и во ширењето на бугарската пропаганда одиграл егзархот Јосиф (1877-1915). Заради претензиите на грчката и бугарската страна околу македонските епархии не дошло до договор меѓу Цариградската патријаршија и Бугарската егзархија. Егзархијата со текот на времето постојано си ги зајакнувала своите позиции во Македонија. Во нејзина корист била и протурската политика на бугарскиот премиер Стефан Стамболов. Благодарение на неговата политика, Бугарската егзархија во 1890 година добила два владичики берати за Скопската и Охридската епархија, во 1894 година за Велешката и Неврокопската, а за митрополитите на Битола, Дебар и Струмица во 1897 година. Во епархиите, кои останале под власта на Цариградската патријаршија, и поточно во нивните општини, кои ја отфрале Патријаршијата, било дозволено Егзархијата да има свои претставници, нарекувани екзархиски наместници, кои ги организирале црковното и образовното дело. Буџетот на Егзархијата бил општ и централно раководен, во него се влевале пари од сите епархии, а од средината на 1880-те и од буџетот на бугарската држава. ("История на България", том 7, *Българиия 1878-1903*, София, 1991, 424-437)

[56] *Историја на македонскиот народ*, кн. 2, Скопје 1969, 165-169.

бениците на втората идеологија го преименувале Македонскиот комитет во Врховен македонски комитет (ВМК) во декември 1895 година, со цел да ја преземат главната улога во македонското ослободително дело. За претседател на ВМК бил избран генерал Данаил Николаев[57], близок човек до кнезот Фердинанд. ВМК особено инсистирал да биде прифатен во странство како раководен фактор на македонското ослободително движење.[58] На европската и светската јавност ѝ била упорно пласирана тезата за бугарскиот карактер на Македонците, за „бугарските комитации" и борба и секако за „историското" право на Бугарија да ги обедини сите Бугари во една држава.[59] Сето тоа било спротивно од борбата за автономија како програмска цел на МРО.

Особена улога во одржувањето на чистотата на дејноста на МРО, покрај Даме Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев одиграл Гоце Делчев.[60] Во почетокот на февруари 1896 година, Делчев во Со-

---

[57] Данаил Цонев Николаев (18.12.1852, Болград, Бесарабија – 29.8.1942, Софија), потекнува од бугарско семејство, бегалци во Русија. Образован воен кадар кој учествува во повеќе војни против Османлиската Империја на Балканот. Направил воена кариера во Кнежевството Бугарија, заземал високи функции и бил добитник на највисоки ордени. Во периодот 1895-1897 е претседател на ВМК. (С. Недев, *Командването на българската войска през войните за национално обединение*, Военноиздателски комплекс „Св. Георги Победоносец", София 1993, 21-22).

[58] Во 1905 година за четничката акција од 1895 година, Димо Хаџи Димов запишал: „Секој знае дека од тоа вештачко и однадвор предизвикано четничко движење... искористи кнез Фердинанд кој беше внушил и кој го поддржуваше. Крвта на борците, тешките страдања и солзите на илјади семејства му послужија како мост да се доближи до султанот – крвник и да ја добие неговата пресветла наклоност... Тоа компромитира пред непристрасното општествено мнение една света кауза... Врховниот комитет стана орудие во рацете на кнезот Фердинанд, и кој можеше после овој факт да верува дека Комитетот искрено работи за ослободување на Македонија и Одринско и дека не игра улога на орудие за интересите на кнежевството?..." (Avicenus, „Две течениа", *Революционен лист,* бр.8, 1905).

[59] ВМК настојувал да се наметне како единствен раководен фактор во македонското ослободително дело. Меѓутоа, МРО вешто и дипломатски ги избегнувала намерите на ВМК, без да ги прекине контактите со него. Помеѓу водечките личности во ВМК, во различни периоди биле: генерал Данаил Николов, Стојан Михајловски, генерал Иван Цончев, Борис Сарафов и други. За дејноста на ВМК пишувал европскиот печат, а посебен интерес пројавил англискиот државник Вилјам Гледстон, автор на максимата „Македонија на Македонците". (*Историја на македонскиот народ,* том трети, ред. Крсте Битоски, ИНИ, Скопје 2003, 217-218).

[60] Според Никола Зографов, раководител на ќустендилскиот пункт на МРО, Гоце Делчев дошол за полномошник на ЦК во Софија, на 28.12.1895 година.

фија се сретнал со тогашниот претседател на ВМК – Данаил Николаев. Делчев останал крајно разочаран од разговорот што го воделе, бидејќи Николаев ја условувал евентуалната помош на МРО со тоа ВМК да го претставува македонското револуционерно дело и да има решавачки глас по прашањето за востание.[61]

Наспроти плановите и дејствувањето на ВМК и мешањето на бугарските владеачки кругови, во Македонија раснела и се ширела Македонската револуционерна организација заедно со свеста за потребата од самостојна ослободителна борба.[62] Но, со јакнењето и омасовувањето на МРО раснел и ризикот од „случајно" разоткривање на нејзината мрежа и од провали со поголеми размери. Првото сериозно сомневање дека нешто се случува предизвикало откривањето на неколку празни рачни бомби во вреќите за ориз што ги пренесувал кираџијата Доне Стојанов Тошев член на Организацијата[63], испратен од Гоце Делчев. Откри-

---

Неговото полномошно гласело вака: „Централниот комитет го испраќа Ахила во Бугарија со задача да спречи секакво мешање од надвор во работите на Револуционерната организација во Македонија и Одринско. Сите што милуваат и сакаат да се посветат, да помогнат за извојување на автономна слобода, нека повелат, вратите им се отворени". (Н. Зографов, *Строежа на живота,* София, 58; НБКМ-БИА, ф. 224, а.е. 17, писмо на Н. Зографов до А. Љапчев за Доне Штипјанчето и порака до Ахил, односно Делчев, април 1896).

[61] Делчев остро се спротивставил на таквата уцена и веднаш, по враќањето во Македонија му напишал на Н. Зографов: „Тој комитет таков впечаток ми нарави, такво силно оладување предизвика кај мене, што јас не гледам дали ќе помага, туку се плашам да не му нанесе големо зло на делото..." (*Гоце Делчев, Писма и други материали,* издирил и подготвил за печат Дино Къосев, София 1967, 54).

[62] НБКМ-БИА, ф. 224, оп. 1, а.е.17, Писмо на Н. Зографов до А. Љапчев за несогласиците на Делчев со ВМОК, 17.04.1896.

[63] Андон Стојанов Тошев (Дончо – Доне Штишјанчето) (1867, Ерџелија, Светиниколско –16.4.1931, Ќустендил) револуционер. Учел шест години во егзархиското училиште во Штип. Од 14 годишна возраст работел како кожар во селата. По создавањето на Штипскиот комитет на МРО од страна на Даме Груев во учебната 1894/1895 година Груев го придобил Тошев. По препорака на еден член на комитетот, Доне станал курир на Гоце Делчев. Од крајот на 1895 година Доне пренесувал оружје, револуционерна литература и коресподенција. Потоа пренесувал и бомби. Бил случајно откриен од турските заптии во Битола, во април 1896 година. По сите измачувања останал достоен на заклетвата на организацијата. Осуден е на 101 година затвор, но бил ослободен со амнестијата од октомври 1897 година. Во зимата 1897/98 со семејството мигрирал во Бугарија и се населил во Ќустендил каде продолжил со револуционерни активности. По смртта на Гоце Делчев се прикло-

вањето било случајно, на патот пред црквата Св. Недела во Битола, во април 1896 година.[64]



Битола во XIX век (литографија)

Османлиската полиција изненадена од откритието го подложила Донета на неверојатна тортура за да го принуди да ја каже вистината, но тој ги издржал сите маки и не ги оддал тајните на Организацијата.[65] Овој чин на Доне, Ѓорче Петров високо го

---

нил кон Христо Матов и Тодор Александров. (Д. Димески, *Аферите во Битолскиот вилает 1895-1903,* Скопје 1993, 25-32)

[64] *Даме Груев, живот и дело,* 2 част, Предговор, съставителство и бележки, Ц. В. Билярски, док. 39, 40, 41, „Анико", София 2006, 507 – 510; *Историја на македонскиот народ,* том трети,..., 239; *Македонски историски речник,* ИНИ, Скопје 2000, 455; НБКМ – БИА, ф. 224, оп. 1, а.е. 17, писмо на Д. Груев до А. Љапчев, април 1896; НБКМ – БИА, исто, писмо на Д. Груев до А. Љапчев за држењето на Доне во затворот).

[65] Доне како кираџија со два коњи товарени со четири вреќи ориз, на чие дно се наоѓале 200-300 куршуми и десетина рачни бомби, бил фатен во Битола, а „стоката" требало да ја пренесе во Ресен, Охрид и Струга по налог на Гоце Делчев. На 16 април бил запрен кај црквата Св. Недела, при влезот во Битола од страна на колциите кои барале контрабанден тутун. Бил фатен при обид за бегство и одведен во полициската станица. Успеал да испрати писмо во Штип дека „поскоро ќе умре отколку да предаде нешто пред полицијата". (П. К. Аворов, *Гоце Делчев,* София 1904, 179). Во писмото до А. Љапчев од 17 април 1896, Даме Груев напишал: „Никакво самопризнание досега од затвореникот не е извлечено. Безброј претреси се направени во Битола и Прилеп, без најмала компромитација да биде забележана кај некого. Органите на власта се фалеле, дека се очекувал од Ц(аригра)д, д(окто)р хипнотизер за таа цел. Власта е вон себе од мака за неуспешниот потфат." (*Даме Груев, живот и дело,* 2 част,... док. 41, 510).

оценил со зборовите: „Доне Штипјанчето со својата верност кон клетвата во битолскиот затвор стана родоначалник на она пасивно херојство на работници на Организацијата паднати во турски раце, што ја гарантираше сигурноста и тајната на Организацијата".[66] Јуначкото држење на Дончо Штипјанчето пред османлиската полиција во битолскиот затвор станало пример на револуционерна цврстина заради што народниот гениј му испеал една од најубавите револуционерни песни.



Андон Стојанов Тошев – Доне Штипјанчето

Со фаќањето на Доне во Битола, се надвиснала непосредна опасност и над Гоце Делчев. Власта почнала да се сомнева во него, така што бил уапсен во април 1896, а во мај одведен во Скопје и затворен во скопскиот затвор „Куршумли ан". Делчев бил задржан во затворот само кусо време, но, од него се барало да не се враќа во Штип, со одредена „гаранција" за својата натамошна работа и движење.[67]

Последиците од „Доневата афера" биле многукратни, но Ѓорче Петров подвлекол две работи: прво, на османската власт веќе ѝ станал познат фактот за постоење на завера во Штип и Битола, и второ, Делчев го свртел вниманието на властите врз себе си во Штип бидејќи бил вклучен во редот на осомничените[68]. Иако властите му препорачале да не се враќа во Штип, Гоце сепак се враќа, токму при завршувањето на учебната година. Оттука понатаму патот го одвел во Солун, на конгресот на Организацијата кој претставувал еден од пресвртните чинови во историјата на македонското ослободително дело.

Во услови на виден подем на Организацијата, но и на сè поголемиот страв на бугарскиот двор дека македонското прашање нема да биде решено според желбите на Бугарија, во Солун, за време на Велигденските празници, во првите денови на мај 1896

[66] Ѓ. Петров, *Македонскоѿо ослободиѿелно дело,* ред. Г. Тодоровски, Скопје 1971, 177.

[67] Х. А. Полјански, *Гоце Делчев и неīовоѿо време,* I, Култура, Скопје 1972, 139.

[68] Ѓ. Петров, *Македонскоѿо...*, 176.

година се одржал конгресот на МРО.[69] Солунскиот конгрес, според донесените решенија, Ѓорче Петров го смета за „Основачки конгрес на Организацијата“.[70] На овој конгрес Организацијата го добила името Тајна Македоно-одринска револуционерна организација - ТМОРО.



Отпечаток од печатот на Централниот комитет на Македонската револуционерна организација втиснат на документ од 1896 година

На Конгресот, меѓу другото, било донесено решение територијата на Македонија во нејзините етнички и географски граници да биде поделена на 6 револуционерни окрузи: Солунски, Битолски, Штипски, Скопски, Струмички и Серски, и Одрински како седми надвор од Македонија. Конгресот ги задолжил Ѓорче Петров и Гоце Делчев да изработат нов Устав и Правилник на Организацијата, „во кои дошла до израз основната мисла за сеопфатноста на разноверските и разнојазичните македонски и одрински маси и упорното внесување револуционерен дух и свест во нив за извојување по пат на револуција полна политичка автономија за Македонија и одринската област“.[71] За членови на Задграничното претставништво на ТМОРО, како второ тело по важност, биле избрани Ѓорче Петров и Гоце Делчев.

Низ актите на Организацијата, како и од страна на членовите на Конгресот повторно била потенцирана основната цел на Организацијата - вклучување на сите националности во борбата за автономија на Македонија и Одринско. Солунскиот конгрес повторно ја потврдил централизираната поставеност на органите

---

[69] Конгресот се одржал во станот на Андон Димитров, кој се наоѓал наспроти гимназијата каде тој предавал турски јазик.

[70] Ѓ. Петров, *Спомени,* Скопје 1950, 47.

[71] Исто.

на ТМОРО, од Централниот комитет до месните и селски комитети.[72]


УСТАВЪ

на

ТАЙНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛЮЦИОННА ОРГАНИЗАЦИЯ

ГЛАВА I.

ЦѢЛЬ.

Чл. 1. Тайната Македоно-Одринска Революционна Организация има за цѣль да сплоти въ едно цѣло всички недоволни елементи въ Македония и Одринско, безъ разлика на народность, за извоюване чрѣзъ революция пълна политическа автономия за тия двѣ области.

Чл. 2. За постигание на тая цѣль организацията се бори за прѣмахвани-

На конгресот се расправало и за односите со ВМК чија тенденција била оценета „како многу опасна за делото“. Сепак, Организацијата била принудена да не ги раскинува односите со ВМК, пред сè заради потребите од материјална помош. Конгресот одлучил ТМОРО да не се меша во внатрешните работи на ВМК, ниту во партискиот живот во Бугарија. Заради потребите на Организацијата бил прифатен ставот да се одржуваат добри односи со ВМК, со бугарското општество и со македонската емиграција. Во овој контекст се вклопува одлуката за отворање на Задгранично претставништво. Задграничното претставништво имало задача да ја претставува ТМОРО и да ги одбива надворешните посегања, без да се меша во работата на ВМК и политичкиот живот во Бугарија. Кон крајот на 1896 година со оваа сложена и деликатна задача бил задолжен Гоце Делчев, а во март 1897 година му се придружил Ѓорче Петров.[73]

Сите овие случувања и крупни чекори во организационото поставување на ТМОРО влијаеле врз ширењето на мрежата на Револуционерната организација и во Штип и Штипско. Врз нејзиното зацврстување свој придонес дал и Петар Поп Арсов, кој во

[72] Во чл. 1 од Уставот на ТМОРО стои: „Тајната македоно-одринска револуционерна организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за да извојува преку револуција полна политичка автономија за тие две области”. Остварувањето на таа цел се поврзувало со отстранувањето на влијанието на странските пропаганди кое е зацртано во чл. 2 од Уставот каде се вели: “За постигање на таа цел Организацијата се бори да ги премавне шовинистичките пропаганди и националните расправии, кои го цепат и ослабуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател..." (В. Ѓорѓиев, *ВМРО 1893-1903...*,106).

[73] Задграничното претставништво се грижело за собирање и препраќање на материјална помош, оружје, опрема и друго. Тоа имало можност да ја афирмира борбата на ТМОРО, да наоѓа сојузници и да ја брани самостојноста на ослободителното движење од надворешни влијанија и туѓи цели.

учебната 1896/97 година доаѓа за учител во Штип.[74] Таму ги затекнал Мише Развигоров, Тодор Лазаров и други организациски луѓе. Како член на ЦК на ТМОРО, Поп Арсов раководел со целата Организација во Штипскиот округ (сè до затворањето за време на Виничката афера), чии основи биле добро поставени од страна на Даме Груев.[75]

[74] Петар Поп Арсов во летото 1896 година дошол на работа како учител и член на ЦК – функционер на Организацијата во Штип, каде што станал член на Окружниот комиет. Организацијата на МРО на територијата на Штипскиот окружен комитет била една од најдобро организираните и најјаките организации. „За таа гранитна скала на револуционерната организација во штипскиот крај - вели Христо Татарчев, не малку содејствуваше и присуството тука во 1894-1895 на Дамјан Груев како и на некои од повидните граѓани: Тодор и Арсо Лазарови и др.". Така, делото создадено во тој крај од првите раководни сили, не ослабнало во времето на сите перипетии на револуционерниот живот. (Х. Татарчевъ*, Спомени отъ миналото,* „Сборникъ Илинденъ 1903-1922", София 1923, 14).

[75] Штипскиот округ, меѓу другото бил важен терен за премин на каналите и врските со Задграничното претставништво на Организацијата во Бугарија и внатрешноста на Македонија. Поп Арсов се трудел конспиративната врска, нелегалните пунктови, складовите за оружје и движењето на луѓето на Организацијата да функционираат во полн ред и незабележано од Турците. (П. Стојанов, *Петар Поп Арсов,...,* 120).

# Заклетвата – првите революционерни чекори

Постарите браќа на Славејко Арсов, Михаил и Пане, веќе биле опфатени од жарот на револуционерното дело. По истиот пат постепено зачекоруваше и младиот Славејко Арсов. Трагичната и неочекувана смрт на братот Михаил го забрзала запознавањето на Славејко со тајните на Организацијата. Притоа, иако млад, гледајќи како повозрасните од него нешто конспиративно работат, тој насетил дека се случува некоја важна работа. Така дури во 1896 година, од пријателите на Михаил, дознава повеќе информации за ТМОРО. Една вечер, за време на распустот, во нивната куќа дошле осум до десет младинци, меѓу кои и Мише Развигоров. Тие тука донесле печатени материјали (весници и брошури од Бугарија) кои ги читале и дискутирале по нив. Непосредно потоа, четири до пет од присутните младинци отишле во другата соба, и пред библија, кама и револвер ја дале светата заклетва на Организацијата.



Истата вечер се покрстил и дал заклетва и Славејко Арсов, иако имал само 16-17 години, изговарајќи ги следниве зборови: *„Заколнуваме се во името на Бога, верата и намузот оти од сега ќе служиме, ко(л)ку шчо можеме, за свобода на нашата татковина Македонија и Одринско; ќе слушаме повелјата на нашите главатари; нема да кажваме на никого од скришните народни работи. Ако не слушаме повелјата на нашите главатари и кажавме на некого со сакање или несакање това, шчо гледаме, шчо слушаме и шчо ќе работиме, да бидеме убиени од браќјата сос оружието, сега шчо целиваме"*.[1]

---

[1] Во прилог текстот на акад. Иван Катарџиев кон објавените *Спомени* на С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Ѓ. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров, се наведуваат неколку верзии на заклетвата, при што ја дава и оваа на



Клѣтва

†

Заклѣвамъ се въ името на своята честь и прѣдъ Бога, че вѣрно и честно ще служа на интереситѣ на своята татковина Македония, ще слушамъ безпрѣкословно заповѣдитѣ на В. М. Р. Комитетъ и ще пазя въ най-дълбока тайна всичко що се върши въ името на комитета, дори и прѣдъ най-ужаснитѣ мъчения.
Цѣлувайки това хладно оръжие на свещенната революция, азъ подпечатвамъ своята клѣтва съ една цѣлувка!
Аминь.

Во дадената ситуација која се сметала за свет ритуал, импонира таткото на Славејко, Арсо Кикиритков кој самиот побарал да даде заклетва со зборовите: „Едниот син ми загина, а сега него ќе го замени помалиот.“ Сите биле заразени од идејата и длабоко верувале во делото.

Во тоа време, Славејко бил сè уште млад и малку знаел за тоа како функционирала самата Организација, бидејќи сè уште го немал видено нејзиниот устав. Во рамките на революционерната пропаганда што се ширела и низ револуционерни текстови и книги, вечерта по полагањето на заклетвата Славејко прочитал еден дел од романот „Под ропството" од Иван Вазов. „Не беше целиот роман, кажува тој, ми дадоа да го читам на глас, да слушаат домашните. Имаше и брошури: ‘Животот на Васил Левски’, за Филип Тотју, од Зах. Стојанов“.[2]

На почетокот на учебната година, Славејко се враќа во Скопје за да го следи првиот курс. Таму за учители ги имал Христо Матов и Панајот Манов, кој бил родум од Штип, а природни науки завршил во Женева[3]. Учителот Христо Матов бил забележан како „интересен и сугестивен педагог, кој не се губел во празна дидактика. Лекциите му биле, пред сè, беседи и совети кон учениците, кои ги сметал за лични пријатели и многумина од нив биле или станале верни следбеници на светото дело“.[4]

Меѓу учениците на Матов, покрај Славејко Арсов, бил и Тодор Александров, подоцнежниот истакнат деец и лидер на ВМРО

---

С. Арсов, искажана на ресенски дијалект. (И. Катарџиев, „Спомените – извор на автентични сознанија“, *Спомени, ...* 22).

[2] „Славејко Арсов“, *Спомени...,* 38.

[3] Панајот Манов (1867, Штип – 3.11.1931, Софија), деец на македонското ослободително движење, учител. Заршува гимназија во Битола и природни науки во Женева, Учителствува во Штип, Скопје, Одрин, а истовремено развива и револуционерна дејност. Во 1897 година за време на Виничката афера бил уапсен и затворен во скопскиот затвор. По излегувањето од затворот ја продолжил револуционерната дејност, а во периодот 1899-1902 бил член на окружниот комитет на Одринскиот револуционерен округ и учител во Одринската гимназија. (А. Г. Пелтеков, исто, 271; С. Ковилоски, исто, 150).

[4] Х. М. Матов, *Христо Матов, Мълчаливецът от Струга,* очерк второ издание, София 2007, 57.

во премрежијата на Балканските, Првата светска војна и тешките денови за организираната револуционерна борба на македонскиот народ, непосредно по војната.[5] Со своето однесување Христо Матов го привлекол вниманието на османлиските власти, така што бил повеќе пати апсен (иако на кратко, седум пати само во периодот од февруари до јули 1898), а еден месец пред крајот на учебната година бил осуден и протеран во неговата родна Струга.[6] Секако дека ваквата атмосфера и пред сè неговиот бунтовен учител извршиле влијание врз определбите на младиот ученик Славејко, иако тој, во своите сеќавања кажува сосема малку за тие училишни години. Во Скопје Арсов ги завршил вториот и третиот клас.[7]

Влијанието на учителите - членови на ТМОРО со кои дошол во контакт (Гоце Делчев, Дамјан Груев, Христо Матов и дру-

---

[5] Тодор Александров (4.3.1881, Ново Село, Штипско – 31.8.1924, Лопово, Мелничко), мекедонски револуционер, водач на ВМРО во најтешките и најбурни години од развојот на македонското ослободително движење. Завршил прогимназија во родното место и Педагошко училиште во Скопје. Учителствувал во Виница, Кратово и Бургас. Во 1904 година бил избран за член на околиското раководно тело во Штип. Во 1905 година е определен за окружен војвода на Скопско. Член на ЦК ВМОРО е од 1911 година. Учествувал во Балканските и Првата светска војна. Во 1919 заедно со Александар Протугеров и Петар Чаулев ја возобновува ВМРО. Во период од две децени, Александров бил главен „организатор и душа“. Проучувањето на неговото дело во нашата држава во периодот по Втората светска војна, се до крајот на 90-те години беше во рамките на наметнатата идеолошка матрица на Комунистичката партија, така што најчесто се споменуваше во негативна конотација и како „контроверзна“ личност. Со новите проучувања по 1991 година, Тодор Александров, конечно си го зазема вистинското место во македонската историја како „фанатичен патриот“, „најсилна пројава на борбениот македонски дух“, човек кој во тешки и неблагопријатни услови на еден емигрант, знаел умешно да го прилагоди и насочи македонското ослободително дело. Особено импонира неговата морална чистота и аскетизмот во кој живеел и барал и од другите револуционери да се придржуваат на тој морален кодекс, при што бил безмилосен со оние кои го прекршувале или извршиле било каква злоупотреба на Организацијата. Паднал како жртва на атентат кај селото Лопово, Пиринска Македонија (Види: З. Тодоровски, *Тодор Александров,* ДАРМ, Македоника литера, Скопје 2014).

[6] Меѓу другото, на денот на Свв. Кирил и Методиј, како директор на педагошкото училиште Х. Матов ги извел учениците и други младинци надвор од градот при што тие маршираjќи пееле револуционерни песни. (Х. М. Матов, *Христо Матов, Мълчаливецътъ отъ Струга*, ..., 58-59).

[7] *Духътъ на Македония, сборникъ, биографии и характеристики на македонски революционери,* събрал и стъкмилъ Г. Баждаровъ, Печатница В. Глушковъ, София 1923, 105.

ги), семејната атмосфера, активностите на постариот брат Михаил во работата за револуционерното дело и неговата случајна смрт, читањето револуционерна литература, но и настаните што се случувале во Македонија во тоа време, го затемелиле патот на Славејко Арсов за вклучување во редовите на ТМОРО.



Христо Матов

Во овие рамки, како што самиот наведува, посебно влијание имала и Виничката афера која кај него ќе разбуди уште посилна желба лично да работи за ослободителното дело.[8]

По дадената заклетва во Штип во текот на учебната година, Арсов не разбрал ништо повеќе околу дејствувањето на Организацијата. Тогаш се случил еден непријатен настан. Некој насилник Турчин отепал едно момче по име Тодор, кое сакало да го заштити својот другар кога Турчинот се подбивал со него и го малтретирал. Околу самиот случај, на сцената настапил револуционерниот комитет во Штип, чии десетари упатиле повик до граѓаните, така што веднаш се собрале 200-300 луѓе. Тие демонстративно го внесле мртвото тело на момчето во дворот на судот и барале да се фати убиецот и да се казни со смртна казна. Заради таквиот организиран притисок на штипјани, судот бил приморан да го осуди убиецот на 15 години затвор. За целата оваа акција како поттикнувач бил обвинет Гоце Делчев заедно со неговите другари учители. Во рамките на расчистувањето на случајот, Делчев морал неколку пати да оди од

---

[8] Аферата се случила во 1897 година по убиството на Ќазим ага во Виница, кога при претресите, турските потери случајно разоткриле складови со оружје. Заради тоа започнало притворање на луѓе, од кои мнозинството биле членови на ТМОРО во: Виница, Штип, Кочани, Пехчево, Царево село, Радовиш, Кавадарци, Злетово, Лесново, Кратово, Крива Паланка и Куманово, со околните места. Во затвор се нашле 528 лица, меѓу кои и револуционерите: Мише Развигоров, Јосиф Даскалов, Петар Поп Арсов, Димитар Мирасџиев, игуменот на Лесновскиот манастир Козма и други. Многу од уапсените биле осудени на 101 години затвор. Меѓу осудените бил и Петар поп Арсов. Како последица на прогонот, 300 луѓе пребегале во Бугарија, 5 биле убиени, 111 претепани, 85 мачени, а 13 жени и девојки изнасилени. (*Изъ миналото на Македония*, „Македонски вести", бр. 10, г. I, 1935, 2-4; В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавствата и атентатите во македонската историја*, ... 62-69).

Штип во Скопје и бил ставен под присмотра. Во овој период Славејко Арсов имал постојани средби со Делчев, како што самиот кажува "се сретнував со него, им служев нему и на неговите другари, им разнесував писма. За делото, од Делчев не дознав ништо повеќе. Но, кога се вратив пак во Штип, по големиот одмор дознав дека во куќата на брат ми Пане, под душемето, има скриена пушка. Значи веќе му дале пушка. Од него разбрав дека такви пушки (кримки) поделени им се и на други работници".[9]

Со масовизирањето на ослободителното движење се наметнала потреба за формирање редовни чети. Првите чети се појавиле во 1897 година, а следната 1898 година ЦК донел одлука да се формираат редовни околиски чети. Со тоа започнало изградувањето на четничкиот институт. Сите овие чекори придонеле до 1903 година да се создаде солидна база за револуционерна борба. За жал таа база била десеткувана со избрзаното востание кое остана запомнето како епопеја на саможртва на македонскиот народ за своја слобода.

Во истиот период 1897/98 година, револуционерното дело брзо се ширело во Штип и Штипско. Се спроведувала засилена агитација и пропаганда, а се повеќе граѓани ја земале заклетвата на ТМОРО. Во рамките на работата врз зајакнувањето и ширењето на Организацијата во Штип, биле одржувани ноќни собири на кои присуствувале организираните групи - по две-три групи, раководени од еден учител. Иако не присуствувал на тие собири и не ги знаел деталите, Славејко кај сите го забележувал воодушевувањето и нивната меѓусебна приврзаност. Неговиот брат Пане бил десетар кој раководел со една група и собирал членски прилози: по еден грош месечно од секој работник.

По одморот Славејко Арсов повеќе не се вратил во Скопје, бидејќи немал пари да продолжи во тамошното училиште. Во меѓувреме другиот постар брат на Славејко - Лазар, барајќи подобра иднина, надвор од османлиското владеење, заминал во Софија. Таму го изучил часовничарството и почнал самостојно да работи.[10] Со надеж дека во Софија ќе има повеќе шанси да го дооформи своето образование, без документи, со помош на Организацијата, во есента 1898 година Славејко пристигнал најпрво до Виница, а оттаму преку границата влегол во Кнежевството Бугарија.

---

[9] „Славејко Арсов"..., 37.

[10] Исто, 38.

Во есента 1898 година ЦК на ТМОРО побарал од околиските раководители да поднесат извештаи за состојбата во нивните реони. Во овие рамки раководителите се жалеле на работата на терористичките групи дури во единаесет извештаи, а само во еден извештај се пофалува организациско-агитационата дејност. Заради тоа, ЦК донел одлука за расформирање на терористичките групи и нивно заменување со чети во кои биле вклучувани нелегалните членови на ТМОРО, оние што морале да се засолнат и биле веќе познати на османлиските власти.

Во октомври 1898 година ЦК испраќа специјален циркулар (окружно) до околиските раководители во кое било истакнато дека доколку тие не располагаат со нелегални работници за четите да го известат ЦК кој ќе се погрижи им испрати такви. Со тоа започнало изградувањето на четничкиот институт базирано врз поставените правила на ЦК на ТМОРО. Тодор Станков[11] во своите спомени истакнува дека причините за настанување на четничкиот институт лежеле во Виничката провала, меѓутоа основите биле поставени на Солунскиот конгрес на ТМОРО во 1896 година. По конгресот, Гоце Делчев и Ѓорче Петров биле задолжени да го создадат новиот устав и правилник. Во новиот устав на ТМОРО од 1897 година во *член 11* се истакнува дека *„секој околиски реон има своја чета, чија задача ќе се определи со специјален правилник"*. Со тоа биле создадени услови за појава на првите организациски чети и четничкиот институт, а Виничката провала само го забрзала формирањето на четите. Таквата ситуација ја наметнала потребата од точно определување на местото и улогата на четите во македонското револуционерно движење.[12]

---

[11] Тодор Станков (28.1.1874, Прилеп – 22.9.1938, Софија) македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, деец на МРО. Завршил при Солунската гимназија во 1893 година. Учителствувал во Прилеп, каде што влегува во Организацијата и станува член на локалниот Околиски револуционерен комитет. Подоцна е учител во Штип во учебната 1895/96 година, препорачан од Даме Груев, да го заземе неговото место во комитетот. Подоцна учителствува во Радовиш, каде што го предводи околискиот револуционерен комитет во овој град. Учителствувал и во Крушево, а од април 1898 година е нелегален војвода на чета во Радовишко. Учествува во Илинденското востание во Лозенградско и во Балканските војни како доброволец во Македонско-одринското ополчение. (Т. Петров, *Нелегалната армия на ВМОРО в Македония и Одринско (1899-1908)*, Военно издателство, София 2002, 22; *Македоно-одринското опълчение 1912-1913 г. Личен състав*, Главно управление на архивите, София 2006, 640.)

[12] Д. Димески, *Македонското национално движење во Битолскиот вилает (1893-1903)*, II издание, НИО „Студентски збор", Скопје 1982, 207-208.

Христо Матов, меѓу другото, наведува дека тој е „родоначалник на идејата за агитационо-организаторските чети за секоја околија“. „...Есента 1898 година, вели Матов, издадовме од Централниот комитет од Солун окружно во 14 точки за формирање на околиски чети“.[13] Гоце Делчев и Ѓорче Петров врз основа на членот 11 од уставот на ТМОРО и окружното на ЦК од октомври 1898 година го изработиле Правилник за четите на ТМОРО.[14] Со таа мерка Организацијата влегла во нова етапа, станала во поголем степен борбена и позаштитена од ударите на турската власт.

Така, по Солунскиот конгрес дошло до засилување на вооружените сили на Организацијата. Биле формирани првите чети, а се започнало и со интензивно снабдување со оружје и облека. Во четите, како што наведовме, членувале борци кои се компромитирале пред османлиската власт и се наоѓале во целосна илегалност. На чело на четите биле назначувани војводи кои командувале со нив.

Вооружените чети се движеле во посебни реони кои биле одредени согласно организациската поставеност на ТМОРО. Од страна на Организацијата била востановена и тајна кореспонденција и тајна полиција, како и инспекциски чети кои се грижеле за дисциплината на вооружените чети. Организацијата имала формирано и селска милиција која имала задача да пружа помош на четите на ТМОРО кога овие имале судири со турската војска. Целата хиерархиска поставеност на вооружениот сегмент на ТМОРО всушност била регулирана со наведениот Правилник. За евентуалното прекршување на дисциплината, Организацијата имала предвидено казни, од кои најстрога секако била смртната пресуда која се изрекувала на членови кои издавале организациски тајни, злоупотребувале пари од Организацијата, вршеле предавства и соработувале со турската власт.

---

[13] Х. Матов наведува дека тогаш покрај него, во ЦК биле д-р Христо Татарчев, Пере Тошев и Иван Хаџи Николов и дека сите биле едногласни за тоа решение. (Х. Матов, *Македонската револуциона...*, 40).

[14] Правилникот се состоел од 47 члена, поделени во 5 глави. *I глава* не била нумерирана и на свој начин преставувала преамбула. Во *II глава* се регулирани а) агитацијата, б) организацијата, в) извршените задачи г) крајните задачи на четата. *III глава* се однесува на општите правила за четата. Во *IV глава* се утврдени односите помеѓу комитетот и четата. *V глава* ги регулира составот и внатрешниот ред на четите. (ДАРМ, ф. ФО, мф. 329, 195/2157, No. 207, *Правилник за четите на Тайната Македоско - Одринска революционна организация*).




Европскиот дел на Турција 1900 година[15]

Д-р Христо Татарчев истакнува дека кон крајот на 1899 и почетокот на 1900 година целата земја била прошарана со чети и дека секој реон имал своја чета.[16] Заради недостиг на командувачки кадар, во првиот момент во организациските чети биле вклучени старите арамии и арамиски војводи. Тие биле погодни како егзекутори, курири, пренесувачи на оружје и др., особено заради тоа што најдобро го познавале теренот и биле вешти во движење низ секави предели и непогоди. Набргу, на кадровски план,

[15] Н. Анастасовски, *Борбата за македонскиот идентитет 1870-1912,* Фондација отворено општество Македонија, Скопје 2012, 117.

[16] Во своите спомени, Х. Силјанов запишал: „Планините и царските друмови, опасни предели за мирните жители, сега станаа страшни за падари, спахии, таксилдари, кехаи и дерудеџии. Зачестените убиства на беговите ги предупредуваа живите, дека ќе има казнување и место за престапниците и запре многумина од нив да ги подзанемарат чифлиците и да го променат донекаде односот кон своите поробени. Четите станаа сигурна заштита на селаните во опасни моменти. Населението се приврза кон нив како кон свои закрилници, наставници и просветители. Заради тоа Организацијата доби за селата значење на вистинска народна власт, авторитетна, справедлива до жестокост и способна да ги наложува своите решенија." (Х. Силянов, *Освободителнитѣ борби на Македония*, том 1, София 1993, 104).

старите арамии биле потиснати од младите интелигентни кадри кои во најголем број минале низ бугарските касарни и имале воена обука.

Меѓу резервните офицери имало Македонци, но и Бугари, меѓу кои: Михаил Апостолов – Попето,[17] Христо Чернопеев,[18] Георги Иванов Геројски (подоцна познат како Марко Лерински) и

---

[17] Михаил Рајнов Апостолов - Попето (1871, с. Долна Диканја, Радомирско – 21.3.1902, с. Чугунци, Кукушко), бил подофицер во бугарската армија, учесник во македонското револуционерно движење, член, војвода и прв инструктор на четничкиот институт на ТМОРО. Во 1895 година учестува во „Мелничкото востание“. По четничката акција се враќа во Софија каде се среќава со Гоце Делчев кој во тоа време ги организира првите чети на МРО кои требало да влегуваат во Македонија. Во оваа актвност Делчев ќе привлече и бугарски офицери во Внатрешната организација за да го издигне нејзиниот авторитет пред населението и за да ги подобри борбените способности на четниците. Михаил Апостолов - Попето станува првиот војвода на агитационо-организаторска чета. Во неговата седумгодишна дејност, во неговата чета како ученици минуваат редица дејци на Организацијата. Имал бројни судири со турските воени сили. На пат од Кукушко кон Петричко неговата е пресретната од силна турска потера и влегува во борба со неа, во која војводата Михаил Попето загинува. (А. Г. Пелтеков, исто, 366).

[18] Христо Чернопеев (16.7.1868, с. Дерманци, Плевенско – 5.11.1915, Криволак) бил офицер од Бугарија, член и војвода на МРО, еден од поистакнатите нејзини дејци, а подоцна станал пратеник во Бугарското народното собрание, учесник во Балканските и Првата светска војна. Бил поборник за одделна македонска нација. Во македонското ослободително движење бил привлечен од Борис Сарафов. Во август 1899 година ја напушта службата и во септември пристига во Солун, каде четири месеци се занимава со воена обука на членови на ТМОРО. Учествува на Рилскиот конгрес на ВМОРО. Се легализира за време на Младотурската револуција. Во април 1909 година четите на Чернопеев и Сандански учествуваат во походот на младотурците во Цариград против контрареволуционерите. Во 1909 година станува еден од основачите на Народната федеративна партија и влегува во нејзиното раководство. Сепак, во декември 1909 година, струмичките дејци ја напуштаат партијата и Чернопеев заедно со Константин Самарџиев Џемото и поранешните врховистите Михаил Думбалаков и Кочо Хаџиманов, стануваат нелегални, го обиколуваат Струмичко за да ја обноват организациската мрежа во округот. При тоа, Чернопеев пишува остри писма до Сандански обвинувајќи го за попустливост и соработка со младотурците. Во 1910 се враќа во Бугарија, а во 1911 бил избран за член на ВМРО заедно со Петар Чаулев и Тодор Александров. Загинал на Криволак во текот на Првата светска војна. Погребан е до црквата Св. Богородица во штипско Ново Село. (*Христо Чернопеев, дневници, спомени и документи од балканските војни 1912/13 година,* предговор, избор и редакција Н. Жежов, М. Нинчовска, Филозофски факутет, Скопје 2013, 6-8; М. Думбалаковъ, *Презъ пламъцитѣ на живота и революцията*, томъ II, София, 1937, 101-110; А. Г. Пелтеков, исто, 510-511).

други.[19] Тие станале агитатори, организатори и инструктори кои обучувале четници и војводи.[20]

Кон крајот на 1899 и почетокот на 1900 година била разбиена легендата дека учителите и граѓаните не се за горски живот. Тие на разни начини биле распоредени низ четите, најчесто како секретари - агитатори, а подоцна биле назначувани за војводи. Војводскиот кадар бил засилен и со млади идеалисти кои под влијание на револуционерната идеја и романтизмот ги напуштиле своите домови и училишта и зеле учество во борбата против Турците. Во тие рамки интересна е констатацијата на Хр. Силјанов за Славејко Арсов, градски образован човек, чесен и оддаден на делото, забележан по неговата педантност и залагање да внесува култивирани навики кај селаните, кој како ресенски војвода објавил војна на сè, па дури и на „вошките“.[21]

Во периодот кога се носат правилата и се создава четничкиот институт на ТМОРО, во есента 1898 година, во Софија, Славејко Арсов се запишал во петтиот клас. Истовремено чита весници и книги за бугарските востанија и слична литература со револуционерна содржина. Во Софија го завршил петтиот реален клас и половина втор курс од Военото фелдшерско училиште. По завршувањето на петтиот клас имал желба да се запише на Вое-

---

[19] Во 1900 година Георги Иванов Геројски се поврзува со Г. Делчев и Ѓ. Петров, кои го привлекуваат во ТМОРО и го испраќаат како војвода во Леринско, каде го зема псевдонимот Марко. Истовремено во Македонија влегуваат и Христо Чернопеев, Атанас Бабата, Михаил Апостолов - Попето. Благодарение на воената подготовка на Марко војвода и на неговите организациони способности, неговата чета станува училиште за подготовка на четници и војводи за целата револуционерна организација. (НБКМ – БИА, ф. 224, оп. 1. а.е. 4; а.е. 14, а.е. 17, а.е. 24; Х. Силянов, *Освободителнитѣ борби..* том 1, 99). И Анастас Лозанчев, во своите спомени ќе запише: „Марко Лерински помогна многу за издигање на добри војводи во организационен поглед. Неговата чета беше, така де се каже, школа за војводи преку којашто поминаа многумина од нив. Тој беше скромен човек, но предан на организацијата“. (Спомени на Анастас Лозанчев, http://www.angelfire.com/super2/vmro-istorija/Knigi/spomal07.html)

[20] Во нивните четнички школи поминале: Леко (Лечо) Церовски, Методи Патчев, Митре Влаот, Славејко Арсов, Дине Абдураманов, Петар Јуруков, Никола Дечев, Михаил Герџиков, Делчо Коцев, Пешо Самарџиев, Никола Жеков, Антон Ќосето, Крсто Б'лгаријата и многу други. (Каракачанов, К., *ВМРО, история на една борба,* Фондација ВМРО, Уз. „Захарий Стоянов“, София 2013, 34, 46).

[21] „Чистотник, каков што беше, Сл. Арсов објави војна и на вошките во Преспанско - тоа царство на вошките и го подучуваше населението на по-голема чистотија“. (Х. Силянов, исто, 105).

ното училиште, но не бил примен бидејќи немал препорака, така што се запишал во Медицинско училиште, односно софиското Ветеринарно училиште[22] за да има некакво завршено образование.

„Но касарната не ми се допадна", вели Арсов. „Живеевме во Четвртиот артилериски полк. Таква каква што ја видов во овој полк, војската не ми се допадна". Тоа е времето кога Славејко веќе созрева и стасува да се носи со задачите на револуционерното дело. Започнува да се дружи со Михаил Герџиков,[23] кој штотуку бил вратен од Женева (каде студирал правни науки), потоа со Гоце Делчев, кој се наоѓал во Софија, и со други револуционери.

Во Софија, Славејко Арсов имал можност да соработува со Гоце Делчев и одблиску да се запознае со неговите погледи и идејните определби, така што кажува дека Делчев немал екстремни идеи „...никакви социјалистички или анархистички идеи - не им служеше тој на такви идеи".[24] Ова тврдење на Славејко Арсов е интересно бидејќи во периодот на социјалистичка Југославија

[22] *Духътъ на Македония, сборникъ,...*, 105.

[23] Михаил Иванов Герџиков (26.1.1877, Пловдив - 18.3.1947, Софија) бил револуционер и анархист од Бугарија, основач и раководител на Македонскиот таен револуционерен комитет, учесник во македонското револуционерно движење, член и војвода на ТМОРО, подоцна деец на ВМРО (Обединета). Се образовал во Пловдив, Лозана и Женева. Во учебната 1899/1900 година бил учител во гимназијата во Битола (како Луканов), кога станува член на ТМОРО. Во 1900 година е испратен во Солун за да му помогне на ЦК ТМОРО во изградувањето комитетска мрежа во Одринско. Откриен од турските власти, во октомври 1900 година станал четник во четата на Христо Чернопеев во Кукуш. По решение на ЦК определен бил за претставник на Организацијата во Одринскиот револуционерен округ, а подоцна и за ревизор на четите во источниот дел на Одринско. Во текот на востанието 1903 година практично раководел со бојното тело. Герџиков во македонското револуционерно движење бил голем противник на Борис Сарафов. По востанието тесно соработувал со левите сили во револуционерното движење. Подоцна, во 1919 година во Софија учествувал во издавањето на списанието *Билтен*. Тој е еден од потписниците на познатиот Апел од 1919 година во кој се пласира идејата за автономна Македонија. По превратот од 1923 година бил принуден да ја напушти Бугарија. Во 1925 година, по формирањето на ВМРО (Обединета), станал нејзин член. Но, заради нејзиното потпаѓање под комунистичко влијание, во 1929 година се отцепил од неа и формирал нова национална фракција во Истанбул. Во 1931 се враќа во Бугарија и работи како новинар. Соработува во весниците: *Нова балканска трибина, Знаме, Југ* и др. По Втората светска војна како анархист е репресиран од комунистичкиот режим. Умрел во 1947 година во Софија. (М. Герџиков, *Спомени,* Скопје 1995; А. Г. Пелтеков, 91-92).

[24] „Славејко Арсов", *Спомени...*, 39.

(1945-1991), македонската историографија под влијание на политиката и идеологијата ја предимензионираше социјалистичката определба на Гоце Делчев. Секако, се разбира дека Делчев, како човек кого го красела особината на правичност, се залагал и за социјална правда.[25]




Михаил Герџиков и печатот на МТРК[26]

[25] Колку биле туѓи за македонскиот народ социјалистичките идеи при крајот на XIX и почетокот на XX век зборува односот на народот кон Веле Марков, Никола Карев и Никола Петров Русински кои веднаш по своето пристигање во Македонија се обиделе тука да ги шират таквите идеи. Ослободувањето на светскиот пролетаријат како крајна цел на револуционерната борба било несфатливо за народот кој стенкал под османлискиот јарем, така што социјалистичките идеи ги гледале како безбожништво. На крајот самите социјалисти сфатиле дека ќе останат сосема изолирани ако не се приклучат кон револуционерното дело на оној начин на кој го приповедале Гоце Делчев, Даме Груев и други припадници на МРО.

[26] Македонскиот таен револуционерен комитет (или Македонски револуционери- терористи) бил формиран во Женева и функционирал од 1897 до 1900 година. Негова цел била ослободување на Македонија и Одринско. Водач бил Михаил Герџиков, а во него членувале Славе Мерџанов, Петар Соколов, Петар Манџуков, опфатени од анархистички идеи под влијание на руските анархисти. Гоце Делчев веќе самиот пренесувал по два-три коњи натоварени со пушки од Софија во Штип, преку Виница, по течението на Брегалница. Во тоа време, пишува Ѓорче Петров, Врховниот комитет во Софија се обидувал да вовлече во своите редови дејци на ТМОРО. „...Ние, јас и Делчев, не сакавме да служиме како орудие на ова предавство и не одевме на конгресите... Делчев ми јави дека тој решил оти не може да влезе во ВК... разбирајќи дека принципиелните разидувања што не делеа од ВК не дозволуваат да влезе тој“. (Види: В. Ѓорѓиев, „Апелот на Македонскиот таен револуционерен комитет од 1898 година“*, Гласник на ИНИ,* XXXV/1-2, Скопје, 1991; Д. Зографски, *Македонски таен револуционерен комитет и Отмъщение*, Скопје, 1954).

Во тоа време кај него веќе се разбудила желбата да замине со некоја востаничка чета во Македонија. За карактерот на борбата што се водела во внатрешноста, тој сè уште речиси ништо не знаел. Но, откако се запознава поблиску со некои од повидните работници на Организацијата, привремено дојдени во Софија, и кога разбрал дека цела Македонија е опфатена со густа револуционерна мрежа, дека таму се развива трескава подземна дејност за една идна сеопшта револуција – тој веќе не можел да се заврти во училиштето, иако му останале само неколку месеци за да го заврши целиот курс.[27]

Другарувањето и средбите со Делчев, со Герџиков и со други револуционери одиграло пресудна улога за тоа Славејко Арсов дефинитивно да биде привлечен кон револуционерната идеја и својот живот да го посвети на ослободувањето на поробената татковина. Затоа, во текот на зимата 1899 година, набрзо по назначувањето на Михаил Герџиков за учител во Битола, одлучил да го напушти училиштето во Софија. Имено, во учебната 1899/1900 година под името Тодор Луканов, Герџиков учителствувал во гимназијата во Битола. Во тој период станува и член на ТМОРО. Притоа, Герџиков не поседувал документи за завршено образование, а ги земал од Луканов Тодор (родум од Кнежевството) кој студирал во Женева и му бил пријател. „Документите од Луканов се препратија во Егзархијата. Штом пристигна во Битола, Герџиков ми пиша да дојдам таму, како што се имавме договорено пред тоа", вели Арсов.

Михаил Герџиков претходно веќе му кажувал на Груев за Арсов, јавувајќи му дека нашол учителско место и за него. По добиената вест од Герџиков, Славејко Арсов се подготвил за пат, да се врати назад од Бугарското кнежевство во османлиска Македонија. Притоа, отишол во Врховниот македонски комитет тогаш предводен од Борис Сарафов[28], кај Владислав (Славчо) Ковачев[29]

---

[27] *Духътъ на Македония, сборникъ,...*, 105.

[28] Борис Петров Сарафов (12.7.1872, с. Либјахово, Неврокопско – 28.11.1907, Софија), еден од најпознатите дејци на македонското ослободително движење, војвода, офицер во бугарската армија. Завршува Солунска егзархиска гимназија (1890) и воено училиште во Софија (1893). Служи како офицер во Белоградчик, Софија и Русе. Учествува во акцијата на Врховниот комитет во Мелник. Во 1896 година, со руски пасош се наоѓа во Солун каде воспоставил контакт со Д. Груев, П. Тошев, Г. Делчев, Ѓ. Петров и И. Хаџиниколов. Учествува во создавањето на тајните офицерски „братства" (1897/1899).

кој бил секретар во Комитетот[30]. Ковачев му дал извесна сума пари, доволно да купи алишта и да може да допатува до Битола.

---

Во 1899 е избран за раководител на Врховниот македонски комитет во София и во периодот од мај 1899 до март 1901 тесно соработува со ТМОРО. Развил широка дејност за снабдување парични средства за Организацијата. Му доставил 100.000 златни лева на Орце Поп Јорданов за подготовка на Солунските атентати. Патува во многу европски држави, за да ги запознае влијателните кругови со ослободителната борба во Македонија и за снабдување средства за таа борба.Во јануари 1903 со голема чета ќе замине за Битолско. Заедно со четата на Крсто Асенов води борба против Турците блузу с. Владимирово (25 март 1903). Учествува во подготовките на Илинденското востание. На Смилевскиот конгрес (19 до 24 април 1903) бил избран за член на Главниот штаб на востанието во Битолскиот револуционерен округ. По востанието, во периодот од крајот на 1903 и почетокот на 1904 година повторно обиколува некои европски центри за да се здобие со симпатии за македонското револуционерно дело. На Рилскиот конгрес е нападнат од страна на Јане Сандански и неговата група. По наредба на Сандански, бил убиен заедно со Иван Гарванов, во својот дом, од убиецот Тодор Паница кого го поканил на вечера. (П. Шатев, *Борис Сарафов (биографија)*, том 2, предговор и редакција З. Тодоровски, превод П. Димитровски, ДАРМ, Македоника-литера, Скопје 2013).

За личноста на Борис Сарафов постојат контроверзни толкувања, при што македонската историографија до 1991 година го ставаше во негативна конотација. Алберт Сониксен за него забележал дека бил „мошне образован, со блескав ум и харизматска личност“ (А. Сониксен, *Исповед на еден македонски четник,* Култура, Скопје 1997, 100-1001, 196).

29 Владислав Ковачев, познат и како Славчо Ковачев (5.1.1875, Штип – 13.9.1924, Софија) бил штипски војвода и публицист, уредник на весникот „Автономна Македонија“ и идеолог на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО). Убиен е од страна на автономистичката ВМРО во текот на Горноџумајските убиства и атентати кои ги извршила десницата на македонското националноослободително движење врз припадници на левицата, во септември 1924 година во Горна Џумаја, по убиството на Тодор Александров.

„Македонското верују“ на Славчо Ковачев станало патоказ за многу македонски револуционери. Така тој ќе запише: „Пет минути од денонокието и посветувам на маченицата Македонија, за да се соочам со мојата македонска свест и да се уверам дека не е ништо она што досега сум го сторил за неа. Ја сакам Македонија повеќе од сè друго на светот“. (*Владислав Ковачев, Политичкото верују на Македонците,* предговор и редакција З. Тодоровски, Матица македонска, ДАРМ, Скопје 2000, 7-48).

30 По „Мелничкото востание“ (јули 1895), Борис Сарафов се откажал од воената кариера и се вклучил во редовите на ТМОРО. Сепак, една година подоцна бил избран за претседател на ВМК. По убиството на романскиот новинар Стефан Михаилеану, Сарафов бил затворен. На 5 мај 1899 година бил избран нов Врховен македонски комитет, во состав: Борис Сарафов, претседател, Тома Давидов (Бугарин, роден во Ловеч), потпретседател и Владислав

Преку Ниш и Солун, „се под туѓо име, со туѓ пасош“, во почетокот на декември 1899 година, Славејко Арсов пристигнал во Битола. Тука се сретнал со Герџиков и Груев. По неколкудневен престој во хотел, се преместува во куќата во која живееле заедно Герџиков и Груев. Тие се поврзале со Кичевскиот архиерејски намесник и успеале овој да го повлече Славејко Арсов да живее во Кичево како селски училишен инспектор. Така, на 20 декември 1899 година, Арсов оди во Кичево. Но, во Кичево се наоѓал владиката Козма кој пројавил сомнежи дека може да ѝ се наштети на митрополијата и не се согласувал Арсов да остане во Кичево. Затоа овој, набрзо, заедно со него, на 26 декември се вратил во Битола. Тука се среќава со епархискиот училишен инспектор, Лука Џеров кој веќе му служел на револуционерното дело.[31] Против желбата на владиката Козма, Џеров се согласил Славејко Арсов да се врати во Кичево.

Лука Џеров бил назначен за учител во Кичево во учебната 1897/8 година. Во исто време, тој ја вршел секретарската должност кај новоназначениот владика Козма. Во Кичево, Џеров затекнал формиран Комитет од ѓаконот Јосиф и учителите. Ѓаконот Јосиф со помош на игуменот Софониј од с. Вранештица и поп Стојан од с. Подвис, го претвориле кичевскиот манастир Пречиста, во вистинско организационо светилиште. Во врска со тоа Лука Џеров истакнува: „Манастирот Пречиста имаше првостепено значење за да успее нашето дело. На ѓакончето Јосиф населението гледаше како на светец и многу му веруваше. Тој агитираше од амвонот, сè врз база на евангелието. Таму често одев, таму се даваа клетви, таму го изградивме првиот склад со оружје, оттаму тоа од почетокот се разделуваше“[32].

---

(Славчо) Ковачев, секретар. (П. Шатев, *Борис Сарафов (биографија)*, том 2,..., 51-76)

[31] Лука Џеров (Ѓеров) (27.10.1869/70, Битола – 1948, Софија), истакнат револуционер, член на ТМОРО и просветен деец. Заедно со Даме Груев во 1891 година го формираат револуционерниот кружок “Учителски сојуз“. Во 1892 година доаѓа за првпат во Софија и се движи меѓу социјалистите. Учествувал во издавањето на списанието „Лоза“ (1892-1894). Заедно со Коста Шахов учествува во издавањето и на весникот „Глас македонски“ (1893-1894). По совет на Даме Груев се приклучил во редовите на ТМОРО. Учествувал на Смилевскиот конгрес, каде е донесена одлука за востание во Битолскиот револуционерен округ. Бил избран за Горски началник на Кичевскиот реон. Учествувал во Илинденското, а по балканските војни (1912-1913) мигрира во Бугарија и таму дејствува активно сред македонската емиграција. („Лука Џеров“, *Спомен* ..., 267-308; *Македонска мисъл*, I/7-8, 1946, 354)

[32] „Спомени на Л. Джеров“, сп. *Македонска мисъл*, I/7-8, 1946, 335.

# Учител, пропагатор и организатор на револуционерното движење во Кичево и Кичевско

При крајот на 1899 или почетокот на 1900 година[1] Славејко Арсов се враќа во Македонија и активно се вклучува не само во редовите ТМОРО, туку и во организационо-агитаторската работа. Се настанува во Кичево и со голем самопрегор и посветеност го развива револуционерното дело во Кичевската околија. Тоа е период кога во Кичевско се води борба помеѓу различните пропаганди и забележливо е јакнењето на српската пропаганда. Истовремено владее безредие и беззаконие заради упадите и грабежите на оружени арнаутски банди, се случуваат убиства, грабнувања, потурчувања на девојки и жени итн.[2] Таква нестабилна ситуација доминирала во Вилаетот во предвечерието на разгранувањето на четничкиот институт на ТМОРО во Битолскиот револуционерен округ.

Бугарската пропаганда во овој период (1898-1900) во Битолскиот вилает се експонирала преку егзархискиот апарат, врховизираните елементи околу Револуционерното братство[3] и Бугарското трговско агентство во Битола. Овие инструменти на големобугарската пропаганда се стремеле да ги елиминираат своите конкуренти, во прв ред грчката и српската пропаганда. Сепак, најголемата бариера на денационализаторската бугарска политика во Македонија било самородното македонско национално-ослободително движење во лицето на ТМОРО.

---

[1] Г. Баждаров враќањето на Арсов го датира во јануари 1900, веројатно по нов стил. (*Духътъ на Македония, сборникъ,...*, 106).

[2] Д. Димески, *Македонското...*, 269-276.

[3] Револуционерното „Братство“ било создадено во 1897 година во Солун на чело со Иван Гарванов, а кон кое се приклучил и Димитар Мирчев. Главен принцип на „Братството, според спомените на Даме Груев, бил „да не се брза со револуцијата, туку постепено да се освестува народот – да се оди по еволуционен пат“ (П. Шатев, *Борис Сарафов, биографија,* том 2, ДАРМ, Македоника-литера, Скопје 2013, 66). Формирањето на „Револуцинерното братство“ во Македонија, вели Христо Силјанов, “не беше случајна појава. Тоа искуство да се организира нешто како полуреволуциинерна сила за да се постави спроти постојната, немаше никакво оправдување ни теоретско, ни практично. И требаше да заврши со капитулација“. (Х. Силјанов, *Ослободителните борби...,* 128)

Егзархијата како најпродорен спроводник на големобугарските идеи во Македонија била добро финансирана од бугарската државна благајна.[4] Оваа бугарска институција на различни начини ги шиканирала прогресивните македонски просветни кадри, а особено оние учители кои се пројавиле како активни членови на ТМОРО. Нејзина најдрастична мерка била отпуштање од служба, покрај назначување на кадрите на несоодветни места, ниската материјална надополна, уцени итн. Па дури и османлиските власти во одделни случаи ѝ помагале на Егзархијата да се ослободи од непожелните просветни кадри.

Но, и покрај ваквата егзархиска политика, бројни учители активно работеле и пропагирале за ослободителната борба на македонскиот народ проширувајќи ја Организацијата во секое катче од Македонија. Токму во времето во кое Славејко Арсов дошол за учител во Битолскиот вилает, односите помеѓу актерите и приврзениците на ТМОРО и следбениците на Егазархијата во Битола биле крајно затегнати. Особено влошени односи постоеле помеѓу наставниот кадар во Битолската неполна егзархиска машка гимназија. Во овие рамки дошло до бунт на прогресивните учители и ученици кои барале воведување на народниот (македонскиот) јазик во црквата и школите. Меѓу овие прогресивни кадри, спаѓал и учителот Иван Цоков кој ќе сноси последици за таквото барање, односно веднаш ќе биде суспендиран од службата[5]. Секако дека Егзархијата како орудие на големобугарската политика настојувала да ги избрише ваквите барања, бидејќи македонскиот сепаратизам (особено на јазичен план) бил опасен по реализацијата на големобугарската цел.[6]

---

[4] Така, само во учебната 1899/1900 година бугарската влада определила во буџетот огромна сума од 45.266 турски лири за покривање на егзархиските расходи во поглед на учебното дело во Македонија и Одринско. (ЦДА – София, ф.321, оп. 1. а. е.1199, л.192).

[5] Иван Цоков бил скопјанец. Имал 27 години. Бил оженет и татко на едно дете. Имал 2 години служба. Предавал во Битолската гимназија од учебната 1897/8 година. (ДАРМ, ф. Пелагонийска българска митрополия, к-I, Дело 2в, а.е. 3, 14-15, Список на просветните работници во пелагониската епархија во учебната 1897/98 г.)

[6] Егзархијата настојувала преку просветата да го зајакне „бугарското чувство“ на населението во Македонија и на мирен начин го ширела своето влијание и „ослободителна “ улога. Таа набрзо дошла во судир со оние водачи на ТМОРО кои на дневен ред ги поставиле политичките проблеми за ослободување на Македонија по револуционерен пат. „Првите водачи на револуционерното движење Д. Груев, Хр. Татарчев, Ив. Хаџи Николов, Петар Поп Арсов,

Заради појавата на отпор од страна на локалното население, претставниците на Егзархијата понекогаш морале да водат поеластична политика. Така, на пример, митрополитот Григориј кој бил бојкотиран од битолското граѓанство, одржал беседа на тукашното наречје. Ова секако оставило впечаток кај граѓаните, но, набрзо се покажало дека таквиот настап бил само демагошка маска.



Централната зграда на Егзархијата во Битола[7]

Итното отстранување на Цоков од службата претставувало непосреден повод за избувнување на познатиот битолски ученички бунт (14/26 мај 1899), што довело до привремено затворање на Битолската егзархиска машка гимназија. Егзархијата најстрого се пресметала со главните актери на бунтот. Најпрво бил суспендиран целиот наставнички кадар, зад што се криела намерата постепено да се тргнат прогресивните просветни кадри од гимназијата. Од сите егзархиски училишта, исто така, биле исклучени повеќе ученици кои биле најупорни во бунтот. Барањата на митрополитот Григориј за османлиска интервенција и егзархиските драконски казни предизвикале огромен револт кај битолското македонско население, така што на општиот собир на ТМОРО во Солун, во август 1899 година, за него била донесена условна смртна казна.[8]

---

Андон Димитров и Хр. Батанџиев се од антиегзархистите. Нивните спомени, собрани, запишани и отпечатени од Љ. Милетич покажуваат, дека тие се сврзани со антиегзархиската политика и тоа е критериум за революционерност и припадност кон револуционерното дело. ВМРО се стреми Егзархијата да се занимава со црковните и училишните работи, да не се меша во дејноста на Револуционерната организација, да не прави пречки на учителите, кои учествуваат во револуционерното дело. Уште во 1894 г. Д. Груев изјавува дека со училишта и цркви не ќе се ослободиме уште 1000 години“. (*Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944,* том 2, ред. Д. Мичев, Македонски научен институт, София 1995,97)

7 Н. Анастасовски, *Борбата за македонскиот идентитет 1870-1912,* Фондација отворено општество Македонија, Скопје 2012, 328.

Во учебната 1899/1900 година Битолската егзархиска машка гимназија прераснала во полна класична седмокласна гимназија.[9] Покрај новоназначените наставници, под притисок на ТМОРО, во гимназијата биле назначени и Васил Пасков,[10] Петар Мартулков,[11] а особено Михаил Герџиков (Тодор Луканов) и Даме Груев. Овие новодојдени интелектуалци придонеле за разгорување на силен револуционерен полет во Округот.[12]

Во ова време живнала дејноста на Неделното училиште во Битола. Покрај тоа, вистинска ренесанса доживеал локалниот хектографиран лист „На оружје",[13] кој доаѓал и во Кичево, а бил

---

[8] С. Димевски, „Битолскиот ученички бунт во 1899 година", сп. *Просветно дело,* IV/1-2, 1959, 44-47, С. Димевски, *Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија,* Скопје 1960, 46-48. Во бунтот биле исклучени 17 ученици меѓу кои и Милан Матов и Никола Киров Мајски, кој кажува дека учествувал и во распределувањето на хектографираниот весник „На оружје".

[9] Тогаш била укината класичната насока во Солунската гимназија, па таа исклучиво останала реална гимназија. Заради тоа учениците – класичари што го завршиле шестиот клас во Солунската гимназија, се префрлиле во Битолската гимназија за да го следат завршниот седми клас. (Д. Димески, исто, 294).

[10] Васил Илиев Пасков (3.1.1874, с. Осиково, Неврокопско – 9.9.1934, с. Л'џане, Чепинско), револуционер, раскажувач, новинар и публицист. Завршил гимназија во Солун и историја на Софискиот универзитет. Учителствувал во Битола и Штип каде се вклучил во редовите на ТМОРО. По интернирањето на Даме Груев во Смилево, бил претседател на Битолскиот окружен револуционерен комитет. Заради замешаност во Поп Ставревата афера бил осуден на дванаесет години затвор, но бил амнестиран во 1902 година по што заминал во Одринско каде продолжил со револуционерна дејност. По Илинденското востание живее во Софија каде уредувал повеќе списанија. (Л. Томовъ, „Василъ Пасковъ", Ил. *Илинденъ,* кн. 9 (59) София, 1934, 5; Х. Сиянов, *Освободителнитѣ...,* 110-111, 323, 325; А. Динев, *Илинденска епопеја,* дел II, Скопје 1949, 418-421).

[11] Мартулков Панев Петар (12.05.1875, Велес - ?) македонски деец, учител. Завршил математика на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски (1897). Учителствувал во Битола, Одрин и на други места. Член на Окружниот комитет на ТМОРО во Одрин (1900-1901). Се борел во балканските и Првата светска војна. Подоцна работи како главен инспектор во Министерството за просвета во Софија. (А. Г. Пелтеков, исто*,* 276).

[12] Й. Бадевъ, *Даме Груевъ,...,* 66-74.

[13] „На оружје" (*На оръжие*), хектографиран весник на МРО издаван во Битола. Излегувал во периодот од 1895 до 1902 година. Тој е уредуван од В. Пасков и М. Герџиков, а во уредувањето помагал ученичкиот кружок во Битолската егзархиска гимназија, во кој влегувале: Ѓорѓи Баждаров, Христо Силјанов, Тале Христов, Трпен Марков, Лазар Москов и други. Пере Тошев и Ѓорче Петров, исто така, од своја страна ја помагале работата на весникот. Од вес-

уредуван од Пасков, Герџиков, Груев и Мартулков, „кој имаше завршено Вишо математичко училиште. Вишото училиште извесно време го посетувале и Герџиков и Дамјан Груев“.[14]

Во периодот 1898-1900 се засилува српската пропаганда во Македонија, иако на патот на нејзиното ширење постоеле повеќе препреки. Покрај пречките од страна на Егзархијата, исто така, Цариградскиот патријарх одбивал да ѝ отстапува цркви за богослужба на „славјански јазик“[15] на српската црква, со оглед на конкурентската борба со уште една славјанска црква - Егзархијата[16]. Всушност, целокупната грчка политика во Македонија не била против „бугарското влијание“, туку за уништување на сите траги од било каква славјанска писменост и култура.

И покрај сето наведено, српската пропаганда успешно продирала во Кичевско, а особено во Поречието.[17] ТМОРО се обидувала да и застане на пат. И Славејко Арсов, по пристигнувањето во Кичево се соочил со оваа пропаганда која фатила силни корени. Затоа во прв план тука било спроведувањето на револуционерната агитација и пропаганда, а не вооружувањето.

---

никот се издадени вкупно девет броја во тираж од 30-40 примероци. (*Македонска енциклопедија*, 2, МАНУ, Скопје, 2009, 1004; Д. Димески, исто, 296.)

[14] „Славејко Арсов“,..., 41.

[15] *Британски дипломатически документи по българския национален въпрос*, том 1, 1878-1893, София 1993, 276.

[16] Зборувајќи за активностите на туѓите политички пропаганди во Битолскиот вилает, битолскиот валија Абдул Керим се осврнал и особено ја истакнал српската пропаганда која настојувала да го отргне христијанското население од зависноста од Егзархијата. (ДАРМ, М-362, бр. 4, PRO FO 294/22, 18.08. 1896).

[17] Ширењето на српската пропаганда во Македонија, односно организираната акција на Кралството Србија „на јакнењето на националната работа во Стара Србија и Македонија“ започнала со формирањето на Друштвото Св. Сава (1886) и со отворањето на српските конзулати во Скопје и Солун (1887), а подоцна во Приштина и Битола (1889). Главен творец на српската национална стратегија кон југот бил познатиот српски научник Стојан Новаковиќ. Особено значајна улога во ширењето на српската пропаганда во Битолскиот вилает имал Српскиот конзулат во Битола, отворен во април 1889 година. Српската пропаганда на теренот се судрила со бугарската, грчката и романската пропаганда. Српскиот конзулат водел упорна борба за престиж, настојувајќи да формира српски црковно-училишни општини, српски училишта и српски книжарници. Главна помош во овој потфат била очекувана од Цариградската патријаршија, а оваа не сакала да прави било какви отстапки без претходен договор на владите во Белград и Атина за границите на сферите на влијание во Македонија. (С. Терзиќ, „Конзулат Краљевине Србије у Битољу (1889-1897), *Историјски часопис,* књ. LVII, 2008, 327).

Во април 1899 година Дебарскиот митрополит Козма го назначил ѓаконот Тома Николов за архиерејски намесник во Кичево.[18] Тогаш прекалениот организационен активист Тома Николов застанал на чело на Кичевскиот револуционерен комитет[19]. Тоа претставувало крупна придобивка за ТМОРО во Кичевско, бидејќи Тома Николов како архиерејски намесник имал одврзани раце во креирањето на просветната политика во Кичевско.[20]

Од позиција на кичевски архиерејски намесник, по налог на Даме Груев, кон крајот на декември 1899 година, Тома Николов го назначил Славејко Арсов за Кичевски селски училишен инспектор, додека пак Ѓорѓи Сугарев[21] за учител во с. Св. Врач ка-

---

[18] За тоа самиот Поп Тома Николов запишал: „Кога во месец април 1899 година стапив во Кичево како наместник, го затекнав Лука Џеров како инспектор на селските училишта. Тој веќе ги беше обиколил не само кичевските села, туку беше се вметнал и во Поречието: Локвица, Вир, Суводол и други села. Неговиот опширен извештај од обиколката, особено географските, стратегиските и историските сведоштва кои се однесуваа на Поречието, бил прочитан лично од егзархот, за кое што Лука Џеров лично од него примил писмо со благодарност". (Т. Николов, *Спомени от моето минало,* Изд. на Отеч. фронт, София, 1989, 55-56).

[19] Поп Тома Николов (Т.Н. Христов) (23.4.1862 с. Вранештица, Кичевско – 19.8.1946, Софија), деец на МРО, свештеник. Учи во манстирот Св. Богородица Пречиста и во Солунската егзархиска гимназија. Учителствувал во Кичево, а во 1889 го прима свештеничкиот чин. Бил член на Окружниот комитет на ТМОРО во Битола и на револуционерниот комитет во Кичево и Дебар. Затворен од турските власти лежи една година во затворите во Кичево и Битола. Во 1902 година е во четата на Тома Давидов и Славејко Арсов. Бил делегат на Смилевскиот конгрес. Од Даме Груев добил задача да ги пренесе оригиналите на протоколите (записниците) од Смилевскиот конгрес во Задграничното претставништво на ТМОРО во Софија. Благодарение на неговото искуство и внимание Тома успешно ја завршил задачата и на тој начин се заштитени Протоколите од Смилевскиот конгрес. По Илинденското востание продолжува со својата револуционерна дејност и свештеничка работа во Кичево. Во 1907 година е затворен и осуден на доживотна робија, но, по Младотурската револуција е амнестиран. За време на првата светска војна бил свештеник во рамките на Македонскиот полк. По војната бил обичен свештеник во Софија, а во 1934 година бил пензиониран дисциплински, заради отслужената панихида на Владо Черноземски. (Ил. *Илиндень,*София 1940, г. XII/3 (113), 1-6; Г.А. Пелтеков, исто, 357).

[20] „Спомени на Л. Джеров", сп. *Македонска мисъл,* I/7-8, 1946, 335.

[21] Ѓорѓи Костов Сугарев (1879, Битола – 23.3.1906, Паралово, Мариовско), просветен деец, револуционер и војвода. Учел во Битола и Солун. Учителствувал во неколку битолски села и во градот Битола. Револуционерен стаж и искуство стекнал од Никола Петров Русински во почетокот на 1901 година, во Демирхисарско-крушевско-кичевскиот регион. Од 1901 година бил член, а потоа и секретар и војвода на Битолскиот окружен комитет. Бил делегат на

де српската пропаганда почнала да дејствува со поткупување. Тома Николов веднаш го препорачал Славејко Арсов пред властите како селски училишен инспектор, но тоа било само формално, бидејќи целта била сосема друга - да може да ги обиколува селата заради проширување на Организацијата и пропагирање на нејзините идеи. „Навистина тој беше целосно предаден на делото, вели Николов, но беше многу брз, нетактичен и непретпазлив и многу сакаше да се истакнува себеси, затоа брзо беше забележан од власта“.[22]



Поп Тома Николов[23]

Оценките на Тома Николов, во извесна мера, можеби се претерани, иако подоцна во Ресенско тој ќе се соочи со еден друг Славејко, многу потактичен и веќе зрел војвода. Во истиот контекст и Христо Силјанов кажува дека Марко Лерински сакал да го задржи Арсов уште малку кај себе бидејќи „малку пребрзувал“, бил „непретпазлив и нетрпелив..., но тој е посветен, чеснољубив, жеден за работа и ќе стане добар војвода и добар нелегален началник на реон – неизмерно подобар од преживеалиците на ајдучкото време, кои на крајот на краиштата си остануваат прости, своеглави, неизлечиви од некои свои стари навики“.[24] Славејко Арсов, покрај другото, се издвојувал од нив со својот педантен изглед, чистота и култивирани навики.

Оттогаш започнува суштинската работа на Славејко Арсов за ослободителното револуционерно дело.

---

Смилевскиот конгрес на ТМОРО (мај 1903) каде што е избран за горски началник на Пелистерскиот реон. Учествувал активно во Илинденското востание и на Прилепскиот подвижен конгрес (јуни 1904). Бил голем поборник за самостојност на ТМОРО и чистота на македонското дело заради што ја навлекол врз себе омразата на врховистичките експоненти на чело со Петар Лигушев кои безмилосно го ликвидирале секој оној кој им се испречил на патот. Загинал со целата своја чета на 5 април 1906 година, убиен од турска потера, а предаден од врховистот Лигушев. (*Македонски возрожденци и револуционери,* Скопје 1950, 45; *Македоно-одрински ӣрѣīледъ*, София 1906, бр.1, 10-11; В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавсӣвaӣа...,* 139-145; Ѓ. Димовски-Цолев, *Ѓорīи Суīарев,* Битола 1988).

[22] Т. Николов, *Сӣомени од...*, 56.

[23] http://www.promacedonia.org/tn/tn_rechn.html, 5.02.2014.

[24] Х. Силянов, *Писма и исӣоведи на един чеӣник 1902 ī.,* Български писател, София 1967, 140-141.

Во Кичево и Кичевско, како што наведовме, положбата на народот била мошне тешка, така што ТМОРО ги поттикнува селаните на самоодбрана од различните разбојнички банди кои тероризирале и ограбувале низ кичевските села.[25] Што се однесува на организационата поставеност, Арсов наведува дека тука немало ништо создадено, дека не успеал да образува „солиден комитет“, дека сѐ до Велигден 1900 година работата ја водел само тој тајно и т.н.

Но, според исказите на Лука Церов тука имало солидни основи поставени од ѓаконот Јосиф[26] кој раководел со Кичевскиот револуционерен комитет сѐ до втората половина на 1900 година кога речиси целото раководно тело на Организацијата во Кичево, на чело до ѓаконот Јосиф – се нашло во затвор.[27]

Додека Груев и Герџиков го обиколувале теренот на релација Смилево – Крушево – Прилеп, некаде во јануари 1900 година, Славејко Арсов пристигнал во Кичево, каде требало да биде кооптиран во Кичевскиот комитет на ТМОРО. Меѓутоа, како што наведовме, наишол на отпор кај митрополитот Козма, заради што се вратил во Битола. Таму се сретнал со фактичкиот Дебарско-кичевски епархиски училишен инспектор Лука Џеров, кој како стар организационен активист веднаш се согласил да има формален двојник во службата. Секако дека идејата на Даме Груев била Лука Џеров да дејствува во Дебарско, а Сл. Арсов да раководи со организационата дејност во Кичевско.[28]

---

[25] Така, на пример, по упатство на Организацијата, селаните од Добреноец сами ја уништиле четата на прочуениот арнаутски разбојник Зулко, при што никој не дознал кој ги убил. (Д. Димески, исто, 316).

[26] Јосиф Пречистански (Ѓаконот) (Иван Николов Ролев), (1870, Крушево – 4.01.1903) син на Никола Ролев, главен учител во Крушево и селата. Својот живот го посвети на борбата за слобода на Македонија. Се замонашува на 18 годишна возраст, во манастирот Св. Пречиста каде се посветил на изучување на историјата на манастирот, на проучување на кичевскиот говор, паралелно учејќи англиски, француски и руски јазик. Собирал народни умотворби кои ги објавувал во весникот „Новини“. Привлечен од страна на Атанас Лозанчев во 1894 година станал дел од МРО. Ги поставил темелите на кичевската револуционерна организација. Со нежно здравје, заболува во затвор од туберкулоза. Во Крушево, речиси од кревет, раководи со Крушевската револуционерна организација. Починал на 33 годишна возраст. (Т. Николов, *Спомени од...*, 25, 89-90, 93, 97, 243, 246; З. Божиновски, *Веле Марков,* ДНУ Битола, Битола 2002, 114, 149, 152, 197, 200).

[27] „Спомени на Л. Джеров“, сп. *Македонска мисъл*, I/7-8, 1946, 335.

[28] Д. Димески, исто, 316.



Кичево 23/I 1900 г.

НБКМ ☆ БИА фонд № 603 Арх. ед. 65

Г-нъ С. Ковачевъ 7

Съ дохождането ми въ Битоля, мѣстния Р. Комитетъ намѣри за добре да ме испрати въ Кичево подъ булото на секретаръ въ митрополията или учителъ на селскитѣ училища. Обаче, Н. В. П. познатъ не прие да ме задържи, по особени причини, като такъвъ, безъ препоръка отъ Екзархията. Много [illegible] за [illegible] на г. Гр. въ Битоля и моля да се вематъ нужнитѣ мѣрки. Обѣщаха ми че посрѣдствомъ В. М. Р. К. ще се достави нѣка-

Дел од писмо на Славејко Арсов до
Славчо Ковачев за неговото доаѓање во Кичево[29]

[29] НБКМ – БИА, ф. 603, а.е. 65, л.7.

Заедно со Лука Џеров, Славејко Арсов се вратил во Кичево. „По неколку дена, вели Арсов, дојде владиката и почна да ме кара, дека не е добро да работиме против неговата волја и упорно настојуваше да се вратам назад. Не уверуваше дека и тој е патриот, дека одобрува, но дека треба да се постапува благоразумно, за да не им се наштети на црквата и на делото итн. Но, на крајот требаше да попушти и јас останав“.[30]

Тома Николов не се согласува со наводите на Арсов и наведува дека во Кичево и Кичевско имало почетоци на организирана дејност уште од 1894 поставена од Анастас Лозанчев, којшто отишол во Кичево како фотограф, „да прави снимки на народот, бидејќи до тоа време кичевчани не беа виделе фотографија. Јероѓаконот Јосиф, брат во манастирот Пречиста и учител со петкласно образование, сокласник на Лозанчев од Солунската гимназија беше посветен од него во делото и стана раководител во Кичевско. Кога отидов во Кичево, градот и селата не беа целосно организирани, но насекаде беа создадени револуционерни жаришта од по неколку доверливи луѓе и посветени во делото.“[31]

Јосиф Ѓаконот веќе во 1896 година го основал и го предводел првиот околиски комитет во Кичево. Така Лука Џеров вели дека во Кичево затекнал „организиран комитет од ѓакончето и учителите“. Главни соработници на Ѓаконот, кој од манастирот го раководел делото[32] од градот била учителката Добра Чешмеџиева од Прилеп и поп Стојан од селото Подвис – брат во манастирот, „немирен, храбар, добар човек“ кој по потреба често одел со четата формирана во октомври 1897 година со помош на Јосиф Ѓаконот. На чело на оваа прва чета на ТМОРО во Кичевско застанал Дуко Тасев.[33]

---

[30] „Славејко Арсов“,..., 39-40.

[31] Т. Николов, *Спомени од...,* 54-55.

[32] Според Лука Џеров работата која ја вршел ѓаконот Јосиф со своите проповеди во црквата, со своето бестрашно и предано служење на идејата, била непроценлива, а Манастирот Пречиста имал најголемо значење за да успее революционерното дело. Ѓаконот агитирал од амвонот, „врз основа на евангелието. Таму луѓето често одат, таму се даваа клетви, таму го направивме првиот склад со оружје, оттаму тоа се делеше во почетокот итн...“. Како учител и секретар на новоназначениот владика Козма, Џеров останал во 1897/8, а потоа бил инспектор на селските училишта во целата епархија, при што ги обиколувал кичевските и дебарските села. Во таа обиколка ја ширел идејата, главно меѓу учителите. („Лука Џеров“, *Спомени...,* 269).

[33] Дуко бил стар комита од село Јудово, Кичевско, поранешен член на четата на Русинот Адам Калмиков, доброволец во Македонското (Креснеско) воста-

Меѓу другото, Тома Николов забележал дека односите помеѓу Нелчинов и монахот биле „ладни и затегнати", бидејќи не можеле да се разберат, пред се заради нивните различни темпераменти. Ѓаконот Јосиф бил „нагол и брз" и се оддавал на чувствата, а Иван Нелчинов – „спокоен и човек на разум. Освен тоа во средината стоеше и амбицијата за предимство". Но, бидејќи Нелчинов го сметале за човек на митрополитот Григориј, не му било доверено раководењето со Комитетот.[34]

Ѓаконот Јосиф и Лука Церов, „последниот инспектор за селските училишта во Кичевско", следната учебна година биле преместени во градот Дебар, „првиот како секретар во митрополијата и ѓакон на дедо Козма, а вториот како учил[ишен] инспектор". Што се однесува до Тома Николов, тој самиот смета дека како официјално лице на Егзархијата не само што не било тактично, но и не било возможно да го прифати раководството на делото. „За таа цел, вели Николов, Груев го испрати Славејко Арсов, учител од гр. Штип со препорака да го назначам за училишен инспектор на селските училишта, да ги организира селата и да даде посилен поттик на делото. Славејко Арсов се јави кај мене со изречна заповед на Дамета да не врши ништо на своја глава и без моја претходна согласност. И така јас и Арсов најдовме почва за понатамошно дејствување, а не како што кажува во своите спомени, дека тој го организирал Кичевско, па дури и Битолско".[35]

Како доказ за тоа дека постоела организациска дејност во Кичево, пред да дојдат тука со Арсов, Николов ги посочува двете

---

ние од 1878/79 година. Лука Церов напоменува: „Во четата влезе и Јордан Пиперката (родум од Козица, Кичевско) и уште двајца – вкупно четири души. Четата ја надгледуваше ѓаконот" („Лука Церов" *Спомени...,*270).

[34] Околу Иван Нелчинов, Тома Николов запишал дека се издигнал многу пред граѓанството и Екзархијата, но тој ја немал целосната доверба на Организацијата и во Битола гледале на него неблагонаклоно, како сомисленик на битолскиот владика Григориј, којшто биле анатемисан од Организацијата. (Т. Николов, *Спомени од...*, 55; http://www.promacedonia.org/tn/tn_rechn.html, 5.02.2014).

[35] Така, Т. Николов, во однос на С. Арсов, запишал: „За Битола тој беше сосема непознат, а во Кичевско почвата беше подготвена уште од 1880 година, од која дата се создаде четништвото против нападите на турските разбојници". (Т. Николов, исто). Тука сепак се работи за грешка или за заборавност на авторот бидејќи четничкиот институт на Организацијата се создава некаде во 1898 година. Тома Николов веројатно мисли на востаничкото движење од 1878-1880 година како и на реакциите на Берлинскиот договор (К. Пандев, *Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878-1903*, София 1979, 189-190).

извршени акции: убиството на Ремко од с. С'лп, „безбожен лихвар и спахија", и убиството на падарот во с. Бранештица – Сулејман. Притоа го дава и податокот дека Славејко Арсов добивал плата од Организацијата.[36]



Св. Богородица Пречиста, Кичевско

Ѓорѓи Поп Христов[37] го споменува Славејко Арсов како главен раководител во Кичево, но, според Лука Џеров, можеме да претпоставиме дека Арсов бил секретар, а не раководител на Кичевскиот револуционерен комитет.[38] Но, и покрај некои неточности во спомените, според сите сознанија може да се констатира дека со доаѓањето на интелигентниот и желен за работа Арсов, односно како резултат на кадровското зајакнување на Кичевски-

[36] Т. Николов, исто, 56.

[37] Ѓорѓи Стојчев Поп Христов (1876, Крстофор, Битолско – 20.2.1962, Софија) просветен деец, револуционер, војвода и член на ЦК на ТМОРО. Се школувал во Битола и Солун, а потоа учителствувал ширум Македонија. Учествувал на Смилевскиот конгрес 1903 како претставник од Битола. Главниот штаб го назначил да раководи со Леринскиот реон, на местото на загинатиот Георги Папанчев, за време на Илинденското востание. По 1904 година се вклучил во активностите за обновување на организацијата. Се легализира за време на Младотурската револуција (1908), но во 1910 бил уапсен и испратен во затвор во Мала Азија од каде побегнал 1911 година. Во 1925 година бил избран за член на ЦК на ВМРО, а од 1928 година станал водач на ВМРО „протогеровистичка". Во 1931 година се повлекол од активното учество во ВМРО. (В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавствата...,* 272; *Значајни личности за Битола,* НУБ, „Св. Климент Охридски", Општина Битола 2007, 184-185).

[38] Д. Димески, исто, 317.

од револуционерен комитет, дошло и до негово поставување на поздрави основи и до распространување на организационата мрежа.

Во Кичево Славејко Арсов развил интензивна агитационо-пропагандна дејност и организаторска работа. Во тие рамки бележи дека дотогаш револуционерната пропаганда, односно „предавањата“ се одржувале во училиштето, „божем неделно училиште, каде што, божем, се запишувала помош за училиштето, а се запишувале работници за делото“. Согледувајќи дека заради силната српска пропаганда тука била потребна поголема агитација, Славејко пристапил кон возобновување на „неделното училиште“ за да може таму да се запознае со сите младинци. Околу него се групирале „надежните младинци од градот“ на кои им ја проповедал идејата, тајно им читал весници со револуционерна содржина.



Кичево на почетокот на XX век

Како млад човек кој ја носел во себе револуционерната идеја, Арсов лесно воспоставил контакт со младите во градот и околијата, но тој бил свесен дека без вклучувањето и на повозрасните, делото не може да има успех, заради што се запознал и со постарите работници од кичевските села. Така, освен во градот, мрежата макотрпно почнала да се шири и низ кичевските села. Кај Арсов во градот доаѓале луѓе од речиси сите кичевски села, а тој ги покрстувал, им ги објаснувал целите на ТМОРО и на борбата и ги внесувал во некои сложени прашања од таа работа, а овие пак ги ширеле идеите кај нивните блиски роднини и пријатели. Во ваквата дејност и работа бил потпомогнат од повеќе свои другари, пред се, архиерејските намесници, главниот учител и неколкумина градски и селски учители.[39]

По Велигден 1900 година, со дозвола на владиката Козма, Славејко заедно со еден сејмен тргнал во обиколка низ селата како инспектор. Сејменот му бил неопходен затоа што во Кичевско имало повеќе турски села, но и бројни турски и арнаутски разбојнички чети. По извршената обиколка тој ги проучил местата и состојбата на населението, прибирајќи податоци неопходни за Организацијата. Во тие околности, заради присуството на сејме-

[39] „Славејко Арсов“, ..., 41.

нот кој цело време бил со него, не можел поблиску да се впушти во разговори со селаните за да ја шири револуционерната идеја. Во текот на две недели обиколил 17 села и тоа биле главните села во кои имало отворено егзархиски училишта.

На самиот терен, минувајќи од село во село, Арсов можел лично да се увери во силината на српската пропаганда во Кичево и Кичевско, особено во Поречието каде забележал 36 србомански села.[40] „Србите таму беа присутни од 1892-3 година", забележал Арсов. „Дејствуваа со пари, со по пет - десет лири ги добиваа печатите, а ги имаа примамено и првенците и свештениците. Најпосле се судривме со србоманската партија која постојано не клеветеше кај Турците од кои, пак, настрадаа многу наши учители."[41]

Арсов „околу 8 месеци крстосува како апостол на револуционерната идеја во сите кичевски села."[42] За целото време одржува комуникација и го известува за тукашните прилики Дамјан Груев.[43] Од својата страна, пак, Груев му возвраќал со информации за сѐ она што се случувало во Македонија, и тоа преку шифрирани писма[44]. Истовремено, Арсов кореспондирал и со Лука Џеров, кој во тој период го обиколувал Дебарско каде, исто така, фатила корен српската пропаганда. Таму Џеров, под маската училишен инспектор, вложувал напори да ја прошири организационата мрежа.

Во Поречието доминирале српските (србомански) училишта[45], а имало само четири егзархиски училишта (Локвица,

---

[40] Првата *Поречка црковно-православна општина* со седиште во Поречкиот манастир била формирана кон крајот на 1890 година и опфаќала 36 села од поречкиот крај. Во текот на 1891 година биле формирани српски црковно-училишни општини во Прилеп и Кичево, а во текот на 1892 во Охрид, Галичник, Крушево и Дебар. Црковно-училишните општини имале своја управа, и тоа: поречката и кичевската (по 12 членови), дебарската (9 членови), прилепската (7 членови). (С. Терзиќ, „Конзулат Краљевине Србије у Битољу (1889-1897)", *Историјски часопис,* књ. LVII, 2008, 340). За ширењето на српската пропаганда од 90-те години на XIX век во Битолско зборува и Поп Тома Николов во своите спомени. (Т. Николов, исто, 29-30).

[41] „Славејко Арсов", ..., 42.

[42] *Духътъ на Македония, ...,* 106.

[43] При ова останува отворено прашањето за судбината на писмата кои ги пишувал Славејко Арсов до Дамјан Груев во нивната кореспонденција, особено во периодот на подготовките на Илинденското востание.

[44] В. Ѓорѓиев, *Подземната република,...,* 234-235.

[45] Стефан Н. Аврамов во своите спомени наведува: „Пропагандата особено внимание му посветува на Поречието, каде заради големата сиромаштија на народот од тој пасивен планински крај, таа ќе најде благопријатна почва за

Вир, Суходол, Сланско) додека во Работинкол егзархиски училишта работеле во повеќе села (Орланци, Свето-Враче, Вранештица, Карбуница, Кладник, Белица, Козица, Извор, Лаштани, Ехловец, Јаголдоленци, Бигордоленци и Пречистенски манастир). Српски училишта имало низ цело Поречие и во Козичани, а во Кичево бил познат поп Мисајле, србомански свештеник, родум од Кичево чиј син Станко тука бил учител. Славејко Арсов наведува дека тие во градот имале малку приврзаници и биле поддржувани само од Власите.[46]

Во екот на пропагирањето на револуционерната идеја и организирањето на ослободителната борба, како и борбата против сѐ посилната српска пропаганда во Кичево и Кичевско, се случил еден настан кој ќе предизвика немили последици. Реактивираната кичевска полуарамиска чета на Дуко Тасев од селото Јудово во 1900 година добила организационен налог во есента истата година по можност жив да го фати познатиот дебарски бег и насилник Абдураман-бег кој беше ги заробил мијачките села - Лазарополе, Галичник и др.[47] „Тој беше голем звер. Машко и женско беше пропиштело од него“.[48] Организацијата ѝ наложила на четата да чека до есента со убиството, и да настојува да го фати жив, „за да се земе потоа голем откуп за комитетот“.[49] Според спомените на Лука Церов, настанот се случил кон крајот на јуни 1899 година, додека Славејко Арсов наведува јуни-јули 1900 година.

Во заседа кај Лопушник, помеѓу селата Лазарополе и Душегубица, осумчлената чета го пречекала дебарскиот бег Абдураман кој придружуван од уште двајца други бегови и двајца сејме-

---

своите планови, па сите гурбетчии од овој крај ги испраќаше за Србија. Со неуморна повеќегодишна работа и фаворизирана од турската власт, дури по Илинденското востание дејците од ВМРО ќе ја сфатат вистинската состојба во овој крај, но тогаш веќе многу доцна зашто пропагандата е здраво наметната на народот низ многубројни пуштени пипала“. (С. Н. Аврамов, *Револуционерните борби во Азот (Велешко) и поречието,* Макавеј, Скопје 2008, 29). Сепак, не можеме сосема да се сложиме со тоа дека Организацијата ја потценила српската пропаганда (особено во Кичево и Кичевско), но за жал факт е и тоа дека по востанието и Славејко Арсов ќе стане жртва на предавството на припадници на српската пропаганда во Македонија.

[46] „Славејко Арсов“, исто.

[47] М. К. Дамяновъ, “Дуко Тасевъ (Кичевски войвода 1880-1900г.), Ил. *Илиндень,* IX/9, 1937, 9.

[48] *Революционата борба в Битолския окръг, Спомени на Георгі Попхристов,* 14 (http://promacedonia.org/gph/gph_selishta.html, 10.02.2014)

[49] „Лука Церов“, *Спомени...,* 271.

ни одел да купува чифлик во Прилеп. Четата ги ограбила и ги убила. Плашејќи се од последиците, а пред сѐ од одговорност за своеглавата акција пред Организацијата, Дуко Тасев бргу ја расформирал четата, ги разделил меѓу четниците и јатаците ограбените пари (150-160 лири) и се префрлил во Софија. Таму членовите на Врховниот комитет му ги барале ограбените пари,[50] узурпирајќи го правото на Задграничното претставништво на ТМОРО. Со ваквиот исход на акцијата, конечно слегол од историската сцена првиот војвода на полуорганизационата чета во Битолскиот револуционерен округ и тоа точно во времето кога стапила на историската сцена првата чисто агитационо-организациска чета во Битолскиот округ предводена од Марко Лерински.[51]

Дебарските власти, за да се оправдаат за убиството на Абдураман-бег и неговата придружба, рашириле вест дека бил убиен од кичевските комити. Од другата страна кичевскиот кајмакам одлучно негирал дека има комити во неговиот реон. Разбирливо е дека четничката акција на Дуко Тасев предизвикала сомневање кај кичевскиот кајмакам, како што кажува Ѓ. П. Христов „по дошепнувањето од србоманскиот свештеник, дека во сето тоа е замешано бугарското учителство". Кајмакамот тоа го прикрил зашто претходно му јавил на валијата дека во неговиот реон нема комити. Кажувајќи дека веројатно беговите сами меѓу себе се испотепале, тој посочил пример за други бегови кои тоа го правеле, божем, заради крвна одмазда.[52]

Во првиот момент во Кичево никој не бил уапсен. Сомнението паднало на арнаутскиот разбојник Рамдук кој вршел грабежи низ тој крај. За да ја докаже својата невиност Рамдук извршил одмазднички злосторства во селата Лазарополе и Душегубица. Рамдук, заедно со околу 100 души, го нападнале Душегубица, го опожариле (изгореле 40 куќи), убивајќи тројца луѓе (старец, жена и момче на 11 години).[53] Сепак, насилниците биле избркани од селото благодарејќи на четворица кои се спротивставиле излегувајќи со комитетски пушки.[54]

---

[50] ДАРМ, ф: Никола Киров Мајски, к-II, *Н. Киров Майски,* Дуко Тасевъ – Светлосенки III, ракопис, 96.

[51] Д. Димески, *Македонското...,* 365

[52] *Революционата борба в Битолския окрьг, Спомени на Георги Попхристов,* исто , 24.

[53] „Лука Церов",..., 271.

[54] Овие случувања се различно датирани кај различни учесници во настаните. Така Лука Џеров ги датира во текот на ноември 1899 година, додека Ѓорѓи

Знаејќи дека е обележан во целата таа збрка, Славејко Арсов го напуштил Кичево и отишол во Битола. Таму не наоѓа никого од раководството на Организацијата освен Васил Пасков. Дамјан Груев бил веќе интерниран во Смилево, „откако бил наклеветен“. Всушност огромната активност на Груев, го привлекла вниманието на османлиските власти кои одбиле да го потврдат неговото училишно свидетелство и ја информирале Битолската егзархиска митрополија дека Груев не може да биде учител. Така Груев бил казнет со интернирање во неговото родно Смилево каде заминал на 18 јули (ст.стил) 1900 година. Неполн месец пред тоа престојувал во Прилеп.[55]

Славејко кажува дека се сретнал со Дамета во манастирот во Цапари (четири часа пешачење до Смилево). „Разменивме мисли за иднината на делото. Тој порано уште ми соопшти дека следната година ќе бидам учител и раководител во Прилеп. Се согласив. Малку подоцна (на 5 август 1900) Груева го затворија во Битола“.[56] Имено, еден месец по аферата со убиството на Абдураман - бег, се случила аферата со убиството на поп Ставре во Битола (17 август).[57] Иако Тома Поп Николов наведува дека тогаш „Даме заедно со неколку другари беше затворен и осуден на 10 години затвор“,[58] сепак Даме бил затворен десетина дена пред убиството на поп Ставре, така што оваа афера дополнително нанесува силен удар врз Организацијата во Битола и секако влијаела врз пресудата за Груев.

---

Поп Христов во есента 1900 година. И Славејко Арсов ја посочува 1900-та година.

[55] В. Ѓорѓиев, *Подземната република,...*, 235-236.

[56] По интернирањето на Даме Груев во Смилево на чело на Битолскиот окружен комитет застанал Васил Пасков. Покрај него, во Окружниот комитет влегле: Ѓорѓи Поп Христов, Аце Дорев, Неделко Дамјанов и Ѓорѓи Пешков. (Д. Димески, *Македонското...*, 348-349).

[57] Организацијата извршила атентат врз егзархиskiот поп Ставре на 17/30 август 1900 година пред црквата св. Богородица во Битола. Имено, поп Ставре одбил да внесе одредена сума пари во организационата каса, јавувајќи им претходно на властите. Заради ова предавство организацијата превзела мерки за негово ликвидирање. Веднаш по атентатот започнале апсења, така што до 21 август во долапите на истражниот затвор се нашле околу 42 лица, но апсењата продолжиле и натаму. Плашејќи се од поголеми реакции, османлиските власти го ангажирале и аскерот да ги контролира битолските маала Јени и Баир. Во текот на март 1901 година се одржал судски процес против 22 обвинети во врска со провалата. Од нив дванаесет биле осудени, од кои двајца во отсуство, а десетмина ослободени од обвинението. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 76-79).

[58] Т. Николов, *Спомени ...*, 57. (http://www.promacedonia.org/tn/tn_17.html)

# Апсењето и затворањето на Славејко Арсов

По средбата и советувањето со Даме Груев, независно од случувањата што набрзо ќе настанат со убиството на поп Ставре, Славејко Арсов на 6/19 август 1900 година заминува во Прилеп каде веднаш се зафатил со сериозна организациона работа. Во учебната 1900/1901 година, прилепскиот револуционерен комитет го сочинувале: Антон Тошев (раководител), Атанас Иванов (секретар)[1], Христо Силјанов, Славко (Славејко) Арсов, Иван Гагалев (благајник), Јордан Поп Константинов и Ничо Биолчев.[2] Арсов останал во Прилеп легално како учител само до 5 октомври 1900 година кога бил уапсен во врска со предавството на Јане.

Арсов, меѓу другото, се жали на однесувањето на Атанас Иванов, кој му правел пречки при преземањето на обврските во Прилеп, злоупотребувајќи го затворањето на Даме Груев.

---

[1] Атанас Иванов (1874, Прилеп – 1956, Софија), просветен деец, револуционер и хронолог на македонското револуционерно движење кој потекнува од револуционерно семејство. Учителствувал во неколку прилепски села, во градот Прилеп и Ресен. Бил член, а потоа секретар на првиот револуционерен комитет во Прилеп (од 1895 до 1902). Организирал терористички групи заради што бил неколку пати апсен и поминал една година во Битолскиот затвор. По излегувањето од затворот, на крајот од 1902 година станува четник во четата на Петар Ацев, а во 1903, за време на Илинденското востание бил секретар на четата на Христо Оклев – Попето. По востанието, во 1904 година, заедно со својот брат Кочо заминал во Бугарија каде учествувал во работата на Прилепското братство. Во Балканските војни бил лекарски помошник, а потоа се повлекол од револуционерната и јавната дејност. Живеел во Софија до својата смрт, работејќи како трговец на ситно. (С. Ковиловски, *Македонија...*, 93-94; А. Г. Пелтеков, исто, 170).

[2] Сред организационите редови во Прилеп дошло до подвоеност која ја предизвикале инфилтрираните припадници на поранешното Револуционерно братство. Односите меѓу членовите на Револуционерниот комитет особено се заостриле во првата половина на 1901 година. На чело на врховизираната група се наоѓал Тренков, кон која бил наклонет и учителот – касиер на комитетот Иван М. Гагалев. Тој проневерил организациони парични средства, но не сакал да поднесе сметка за тоа на состаноците на комитетот. По консултации со Даме Груев бил убиен на 21 јули/3 август 1901 г. Тренковата врховистичка група, за да се одмазди за убиството на Гагалев, направила обид за ликвидирање на членот на прилепскиот револуционерен комитет Ничо Биолчев. (Д. Димески, *Македонското ...*, 376).




Дел од хектографирано писмо на Славејко Арсов, пишувано на 28 август 1900[3]

[3] НБКМ-БИА, ф. 663, оп. 1, а.е. 61, л. 5. Меѓу другото, во писмото Славејко Арсов наведува дека убиецот на Поп Ставре во Битола е „Пецко“, Пецо Грнчаров, војвода кој ќе се самоубие заедно со четата на Христо Узунов, во Цер, Кичевско на 11 април 1905 година.

Така, „веќе три седмици“ вели Арсов, „откако сум пристигнал и при сѐ што му ги кажав зборовите на Даме, со семожни одлагања од денес за утре, ми ги мачка очите. Со своите итрини ги подбуцнува членовите на управниот совет да ме испитале претходно та после да ми го предадел нужното – за горното, пишував во Битола...“.[4]

Со цел да изврши ревизија на работата на Прилепскиот околиски комитет на ТМОРО, на 8/21 септември 1900 година во Прилеп пристигнал раководителот на Битолскиот окружен комитет, Васил Пасков. Ноќта помеѓу 8/9 (21/22) септември во куќата на Атанас Иванов, Пасков имал средба со околиското раководство – Атанас Иванов, Христо Силјанов и Славејко Арсов. Уште истата вечер биле предадени на власта од србоманот Тале Крадиконе. Полицијата веднаш ја блокорала куќата на Атанас Иванов, а изутрината на 9/22 септември извршила претрес и ги уапсила споменатите личности. Иванов бил задржан во прилепскиот затвор, а Пасков, Арсов и Силјанов биле одведени во Битола. Сите четворица, заради недостаток на докази, биле ослободени. Но, конспиративниот престој на Пасков во Прилеп, кој истовремено бил осомничен во врска со аферата околу убиството на поп Ставре во Битола, послужил за негово интернирање во Солун.[5]

Поп Ставревата провала во Битола, покрај Солунската провала од 1901 година,[6] оставила судбински последици кои тешко ја погодиле ТМОРО. Даме Груев бил затворен, а Васил Пасков интерниран, односно изгонет од Битолскиот вилает. Набрзо потоа, Пасков со помош на организациските луѓе, станал директор на Новоселското училиште во Штип и истовремено раководител на IV Окружен (Штипски) революционерен комитет на ТМОРО.[7] Раководител на Битолскиот окружен комитет станал Ѓорѓи Поп Христов, а прашањето за изградување на четничкиот институт би-

---

[4] НБКМ-БИА, ф. 663, оп. 1, а.е. 61, л. 5.

[5] Д. Димески, исто, 375.

[6] Провалата започнала на 23 јануари 1901 кога османлиската полиција во Солун успеала да открие траги на ТМОРО. Оваа провала била најголема по обем од сите претходни и оставила најдалекусежни последици по Организацијата. Најпрво со провалата биле зафатени Струмичко, Гевгелиско, Стар Дојран, Кукуш, Велешко, Еницевардарско и Тиквешко. Во текот на истрагата биле уапсени 188 лица во цела Македонија, а осудиле 101 лице, од кои девет на смрт. Меѓу осудените се нашле и членовите на ЦК. Така, раководството на Организацијата го превзел Иван Гарванов. Тоа ќе се покаже штетно за македонското ослободително дело. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 81-86).

[7] Л. Томовъ, „Василъ Пасковъ“, Ил. *Илинденъ,* VI/9 (59), 1934, 5.

ло решено, благодарение на т.н. Четнички школи на Ѓорѓи Иванов – Марко и Никола Петров Русински.[8] Кај Марко, помеѓу другите идни војводи, се обучувал и Славејко Арсов.

Инаку во 1900 година во Прилепско била формирана организациона чета предводена од Мирче Ацев,[9] која заради ниското образовно ниво на нејзините четници не можела да се носи со оние агитаторско-организаторски задачи кои, на пример, во истиот период ќе ги извршува четата на Никола Петров Русински во Охридско или пак на Марко Лерински и други војводи. Сепак, постоењето на четата на Мирче Ацев било значајно од морално-политички и воен аспект, бидејќи четата извршила неколку акции на ликвидации на зулумџии и ограбувачи на народот. [10]

Заради убиството на Абдураман - бег, како и заради некои други испади кои ги направила четата на Дуко Тасев за време на летото 1900 година, Турците доста се растревожиле. Наспроти нив, „...нашите зедоа да се охрабруваат, вели Ѓ. П. Христов, и угнетуваниот со векови дух почна да се подига. Од друга страна тие убиства им ги отворија очите на Турците во Кичевско, дека не се работи за никаво разбојничко дело, туку за акт против државата". Така, Турците започнале да бидат повнимателни и да следат што се зборува и што се работи. Особено под присмотра биле учителите и свештениците, така што властите само чекале „да им се укаже прилика да апсат некого, дури и за најмало обвинување. За несреќа, за време на истата година им се укажа таква прилика".[11]

За овие случувања оставиле спомени неколку учесници или сведоци на настаните. Покрај Славејко Арсов, за тоа зборуваат

---

[8] Ѓ. П. Христов, исто, 25.

[9] Мирче Ацев (М. А. Симоновски) (1859, с. Ореовец, Прилепско – 17.9.1901, Уланци, Штипско), революционер и прилепски војвода, брат на Ѓорѓи и Петар Ацеви. Револуционерната дејност ја започнал во ајдучката чета на Коне Павлев, во 1885 година по убиството на неговиот татко од страна на Турците. Бил фатен и затворен во Солунскиот затвор Беас-куле од каде успеал да избега и да замине во Бугарија. Таму бил осуден на три години затвор како соучесник во убиството на бугарскиот премиер Стефан Стамболов (1895), но успеал да се оправда во 1897 година. Во 1898 се зближил со Гоце Делчев. Од 1899 година дејствувал во Западните Родопи и Јужен Пирин. Подоцна станал војвода во Прилепско. Загинал во борба со турскиот аскер кај селото Уланци, Велешко. (О. Ивановски, „Борбениот пат на револуционерното семејство Ацеви", *Прилеп и Прилепско во националноослободителните борби на Македонија,* книга I, Прилеп 1991, 127-140; А. Г. Пелтеков, исто, 32).

[10] Д. Димески, исто, 377.

[11] Г. П. Христов, *Революционата борба в Југозападна ...,* 23

Поп Тома Николов, Ѓорѓи Поп Христов, Лука Џеров, Христо Силјанов и други. Тие наведуваат дека во моментот кога изгледало дека ситуацијата се смирила, пламнала т.н. Кичевска провала предизвикана од предавството на организациskиот работник Јане. Имено, заради убиството на Абдураман-бег, имало затворања во Дебар при што биле откриени и некои членови на Организацијата. Така се случило некој си Јане, „пијаница“ од селото Рајца (Дебарско), „за половина ока ракија“, да открие кој стои зад целата работа, дека е тоа дело на комитите. Уште посочил дека во Дебар и Кичево се замешани учителите. Кајмакамот, во прво време, не сакал сето тоа да се расчепкува, но, набрзо дошол во некаков судир со владиката Козма, па чекал погоден момент за да се одмазди. Така Јане, откако го уапсиле, „во пијана состојба издава некои револуционерни тајни“. Во тие рамки биле посочени, главно, раководните лица: Лука Џеров од Битола, свештеникот Тома, Славејко Арсов, ѓаконот Јосиф од Кичевскиот манастир Св. Пречиста, поп Стојан од истиот манастир и други околу 12-13 души. Истовремено се раширил глас „дека дошле четници кои ќе послужат како терористички групи.“[12]

За апсењето на наведените личности „помогнаа најмногу србоманите, српските агенти во Кичево“, за да имаат одврзани раце за пропагандата во Поречието. „Србите го поткупиле кајмакамот, само и само да бидат затворени посочените наши луѓе на просветното дело во тој крај“.[13] Така, најверојатно дека на Кичевската провала ѝ кумувала српската пропаганда, а посебно Велешко-дебарскиот патријаршиски митрополит Поликарп.[14]

Лука Џеров наведува дека за да ги смири вознемирените организациски духови во Кичево, кајмакамот, вториот ден по апсењето, го ослободил учителот Матеј Христов. Тоа, изгледа дејствувало главните организациони актери во Кичевско, неподготвени да ја дочекаат втората серија апсења. Со овие нови апсења во затвор се нашло речиси целото раководно тело на Организацијата во Кичево на чело со ѓаконот Тома, ѓаконот Јосиф, Лука Џеров, Иван Нелчинов и другите учители, двајца селани од Поречието, вкупно 13 души.[15]

[12] Овие настани С. Арсов ги датира кон крајот на јуни до 15 јули 1900 година. („Славејко Арсов“, ..., 43).

[13] Г. П. Христов, исто, 24.

[14] Д. Димески, исто, 366-369

[15] “Спомени на Л. Джеров“, *Македонска мисъл,* I/7-8, 1946, 355.

Така, по предавството на Јане започнале затворања во Кичево. Властите го воделе самиот Јане, преоблечен во војнички алишта, за да посочува лица и села. Тоа се случувало во почетокот на учебната година и биле уапсени сите учители, посочени од предавникот. Чуствувајќи се себе си за сигурен, поп Тома Николов протестирал енергично пред кајмакамот, но, по неколку дена бил уапсен. Во тие апсења, „под конвој“, од Дебар ги довеле „Лука Церов и јеромонахот Јосиф и Славејко Арсов од Прилеп, каде што беше учител“. Истовремено биле затворени и други учители.[16]

Дамјан Груев потресен од кичевската афера, „изброил 50 турски лири од комитетската каса“, со порака до Тома Николов да прави што знае, да го поткупи кичевскиот кајмакам, за да бидат ослободени во Кичево, без да ги влечат во битолскиот затвор. Главниот учител Иван Нелчинов, како непосочен од Јанета и по интервенција на охридскиот шех – началник на едно теќе, го ослободиле по еден месец. Преку него, вели Николов, „ние наредивме да се влезе во преговори со кајмакамот за нашето освободување. Кајмакамот се согласил и побарал 100 лири турски и ние се согласивме“. Но, кога дошло време да ги ослободи, кајмакамот се спротивставил и побарал да ги задржи само двајцата од уапсените - учителите Славејко Арсов и Матеј Христов, а другите да ги ослободи. Организациските луѓе го отфрлиле таквиот предлог и барале да бидат ослободени „или сите, или никој“.

Ваквата постапка го разлутила кајмакамот така што повторно бил затворен Нелчинов „наспроти Коледе“. Озлобен, што не може да ги земе бараните лири, кајмакамот го продолжил случајот на осум месеци, во кои ги држеле затворениците во нечисти и темни соби, со цел да го убие нивниот дух. Во овие рамки биле иследувани и испрашувани сите повидни луѓе, од сите села кои претходно ги обиколувале Тома Николов заедно со Славејко Арсов. Но, наспроти тешките услови, затворениците биле „бодри со духот“, а затворот одекнувал од нивните револуционерни песни, за да докажат, пред сè, дека затворот не може да го скрши нивниот дух.[17]

По апсењето на раководните сили во Кичевско, како главна врска служел Ѓорѓи Сугарев, кој бил учител во Свети Врач. Преку него врвела целата кореспонденција во Кичевско. Откако завршила учебната година, Сугарев дошол во Битола, од каде на

[16] Т. Николов, исто.

[17] Исто.

негово барање, Тома Николов го испратил на обука во четата на Никола Петров Русински[18] „за да се обучи и тренира во нелегалниот живот". Сугарев останал со четата целото лето и не бил откриен од власта дека отсуствува од градот. За време на учебната 1900/1901 година се вратил во Битола и бил назначен за учител во Централното училиште. Таа година сите основни општински учители биле со многу ниски плати заради наредбата на владиката Григориј кој сакал на тој начин да ги казни посветените во револуционерното дело да се откажат од учителското место и така да се ослободи од „комитациите". Воопшто владиката бил против Револуционерната организација, бидејќи такви биле инструкциите од Егзархијата. „Егзархот сакаше да се работи просветно и културно во Турција, а не револуционерно". Токму затоа се водела борба меѓу Организацијата и егзархиските претставници.[19]

---

[18] Никола Петров Русински (21.11.1875 с. Русиново, Малешевско - 14.6.1943, с. Русиново), при крајот на XIX век се вклучува во редовите на МРО и дејствува во Малешевско. Во ноември 1901 година станал војвода на Охридската революционерна чета во Битолскиот револуционерен округ. На тој чин примил во Организацијата уште 53 велгоштани и избрал селски револуционерен комитет. Револуционерната организација во селото Велгошти станала најмасовна во околијата. Како војвода во Битолскиот револуционерен округ 1901-1902 година, обучувал четници и војводи во Демирхисарско, Крушевско, Прилепско, Кичевско, Охридско, Струшко, Битолско и Мариово. Кај него се обучувале и престојувале: Ѓорѓи Сугарев, Ванчо Србаков, Веле Марков, Христо Узунов, Тасе Христов, Дејан Димитров, Цветко Стојанов.

Како делегат од Мариовскиот реон учествувал на Смилевскиот конгрес, на кој се разгледувало решението за кревање оружено востание во Македонија. Свесен дека се нема доволно сили и подготвеност за една подолготрајна национално-ослободителна борба, застанал против решението за востание. Учествувал во Илинденското востание, при што до распуштањето на четите имал под своја команда вкупно 270 оружени четници. Заради некоректниот однос на членовите на Окружниот револуционерен комитет во Битола кои одбиле да го прифатат, со помош на австроунгарскиот конзул, преку Србија заминал за Бугарија. Во Софија се венчал со својата свршеница, охридската револуционерка Константа Бојациева. Заради сиромаштијата и лошите услови за живот во Софија се разболеле неговата жена и трите деца, при што починале сопругата и двете ќерки.

Скршен од оваа лична трагедија во 1941 година се враќа во родното Русиново, каде живее од милоста на своите соселани, но иако во поодминати години ја помага антифашистичката борба во пиринскиот крај. Умира во летото 1943 година во родното село, каде е и погребан. (Д. Пачемска-Петреска, В. Кушевски, „Предговор" кон објавените *Спомени* на Никола Петров Русински, 9-34; Н. Котлар, *Војводата Русински, македонски револуционер и општественик,* Менора, Скопје 2013).

[19] Г. П. Христов, исто, 24-25.



Павел Христов[23]

Во летото 1900 година, од Бугарија во Битола пристигнал Георги Иванов (Марко)[20], кој заедно со уште неколку други припадници на Организацијата требаше да го дадат својот придонес во изградувањето на четничкиот институт.

Набргу Георги Иванов (Марко) заедно со костурскиот раководител Павел Христов и раководителот од Екши-Су, Михаил Чеков,[21] заминал за Костурско за да го преземе раководството над костурската чета.[22]

---

[20] Марко Лерински (Георги Иванов Ѓуров - Херојски), (20.7.1862, с. Жеравна, Котленско – 14.6.1902, с. П'теле, Леринско), деец на МРО во Леринско и Костурско во 1901-1902 г. Неговата чета, помеѓу другото, била своевиден расадник на раководни кадри кои придонесле за подемот на четничкиот институт на Организацијата во Битолскиот округ. Во неговата чета престојувале и се обучувале војводите: Славејко Арсов, Христо Силјанов, Методија Патчев и други. Со неговата строгост, скромност и пожртвуваност влевал респект кај војводите и четниците, заради што бил омилен сред народот. Ликот на Марко Лерински е опишан мошне сликовито и со епски приказ кај: Х. Силянов, *Писма и исповеди на един четник,* София 1967.

[21] Михаил Наумов Чеков (25.6.1873, с. Екши Су, Леринско – 1957, Велинград), војвода на ТМОРО. Ја завршил Солунската егзархиска гимназија (1892), а потоа учителствува во родното село, во с. Ваташа, Тиквешко и на други места. Во јануари 1902 бил уапсен и лежи во Битолскиот затвор. Бил делегат на Смилевскиот конгрес, на кој е определен за главен раководител во Леринско. По востанието станува нелегален и се залага за зацврстувањето на Организацијата. По Младотурската револуција емигрира во Бугарија. (А. Г. Пелтеков, исто, 508).

[22] Во Костурско постоела нелегална и вооружена група која се состоела од „Коте од с. Руља, Лечо Церовски, Митре Влаот, Христо Цветков и Демир од с. Крномлада, Наки од с. Шестеово, Ванчо од с. Д'мбени и Веле Илинчето од с. Илино. Оваа чета не била дорасната на задачите на Организацијата, вели Ѓорѓи Поп Христов. „Тие не живееја другарски помеѓу себе, често се караа, а и некои вршеа своеволија". Тогаш пристигнува од Бугарија Марко (Георги Иванов). „Тоа беше летото 1900 г. ... Лазар Москов, кој штотуку ја завршил Битолската гимназија, едвам можеше да ги задржи и да ги раководи да не предизвикаат некоја афера во Костурско. Воопшто се чувствувала голема потреба од искусен и интелигентен војвода". (*Революционата борба в Битолския окръг, Спомени на Георги Попхристов,* 14-15, http://promacedonia.org/gph/gph_selishta.html, 10.02.2014).

[23] Павел Христов – Савле (1874, с. Цапари, Битолско – 6.6.1922, Софија), деец на македонското ослободително движење и учител. Учителствувал во Прилеп,

Марко Лерински е опишан од неговите соборци како човек „со цврста волја, чесен и воздржан во се“, војвода кој „се држел сериозно пред четниците и ги вовлекувал во идејата на делото“. Тој барал строга дисциплина и послушност кон началството и сите ги изненадувал со железната волја што ја поседувал, со многу малите претензии, надвишувајќи ги останатите со своите способности, заради што „тие занемувале пред него“. Коте од Руља кој претходно ја водел нелегалната чета не можел да издржи под таквиот режим којшто бил наметнат од Марко. „Тој ги убедувал другарите да се одделат, без некого да праша“. Марко останал за титуларен војвода во Леринско. Ѓорѓи Поп Христов, ги испратил тука Дедо Андреја и Миале од четата на Јордан Пиперката. Така, четата на Марко станала „чисто организациона“.[24]

Во октомври 1900 година во Прилеп ненадејно бил уапсен и одведен во кичевскиот затвор поранешниот кичевски ревизор Славејко Арсов[25], под обвинение потпрено врз исказите на Јане –

---

Кичево, Костур, Битола и др. Член на МРО од 1895 година. Од 1898 до 1901 година бил раководител на Костурскиот револуционерен округ. Бил уапсен и три години лежел во затворот во Корча. Учествувал на Рилскиот конгрес (октомври 1905). На Ќустендилскиот конгрес е избран за член на ЦК на ВМОРО. Учествува во балканските војни како војвода на чета. За време на Првата светска војна бил окружен управител во Битола. На 9 мај 1919 година, го потпишал „Апелот“ доставен до делегатите на Лондонската конференција, во кој се нуди визија за автономна и неутрална Македонија (Т. Тодоровски, исто, 321-322; *Злашна книīа, 100 īодини ВМРО,* Глас на ВМРО-ДПМНЕ, Скопје 1993, 119; *Значајни личносши за Бишола,* НУБ „Св. Климент Охридски“, Општина Битола 2007, 246-247; А. Г. Пелтеков, исто, 490).

[24] *Революционаша борба в Бишолския окръī, Сйомени на Георīи Пойхрисшов,* 17, http://promacedonia.org/gph/gph_selishta.html, 10.02.2014.

[25] Од крајот на 1901 и почетокот на 1902 година, веќе издигнатиот организациски работник Славејко Арсов и помладиот Христо Силјанов биле четници и се обучувале во четничката школа на Марко Лерински. Навикнувајќи се тешко на четничкиот живот низ македонските планини, Силјанов ја имал несебичната поддршка на Славејко. За миговите, во последната заедничка вечер кога Славејко требало да ја напушти четата на Марко, Силјанов запишал: „Прострени еден до друг на чергата, ние цели два часа со шепотење си ги повикувавме заедничките спомени што не поврзуваат. Си спомнавме кога по краткотрајното другарување во Прилеп бевме едно утро разбудени од полицискиот топот, земени и фрлени во затвор. Си спомнавме - и нè фати смеа – за нашите договорени лаги, кога двајцата бевме исправени пред началникот на битолската полиција. Јас му го спомнав своето повторно затворање и му ја стиснав со благодарност раката за грижата што тој тогаш ја покажа за мене, а тој ми припомна за денот кога полицајците упаднаа во училницата, му го прекинаа предавањето, го отргнаа од учениците и другарите, за да го испратат во Кичево, каде помина цела година како затворе-

дека не ѝ мислеле добро на државата, дека сакале да го убијат попот Мисајло, татко на србоманскиот свештеник Станко во Кичево итн.

На 5 октомври во училиштето дошле два-тројца заптии, прашувајќи за Славејко Арсов. Меѓу другото, тие лично го претресле, а потоа ги собрале сите книги што ги затекнале во неговиот дом. Сепак, „ништо не најдоа, вели Арсов, освен една општа историја (превод од руски). Во неа се говореше за колежот во Батак, замешаноста на Русија и ослободувањето на Бугарија. Ме однесоа во уќуматот и оттаму, по заповед на кичевскиот кајмакам, врзан ме одведоа во Кичево. Суварот, коњичкиот стражар, за бакшиш ми ги симна лисиците. Вториот ден ме викна полицискиот иследник, ми кажа, како што им рекол оној пијаница Јане, дека сме сакале да го убиеме попот, дека сме биле зломисленици на државата и сл. Ме уапсија“.[26]

Во Кичево Арсов се сретнал со затворените - архиерејскиот намесник, Лука Церов, двајца од градските учители, двајца селани од работниците, меѓу кои и Атанас од Порече, кој бил виден селанец, (поранешен србоман, потоа егзархист), вкупно 9-10 души. Во кичевскиот затвор Арсов одлежал осум месеци - до 22 мај 1901, а потоа уште 6 месеци - до 30 октомври 1901 во Битолскиот затвор - Катилхането.

Во кичевскиот затвор во едно подземје - два метра широко и четири до пет метри долго – биле сместени 16 души, без кревети. Низ една дупка им се доставувало храна, а низ две дупки доаѓала светлина. „Под душемето на затворот, вели Арсов, минуваше каналот од нужникот, па идеше силна смрдеа. Рогозините, метлите, постелнината - сето тоа беше наше“. Меѓу затворените организациски луѓе, затворските надлежни ставале Арнаути, со цел да ги спречуваат нивните меѓусебни контакти, но и да имаат посигурни извори на информации доколку нешто се заговара. „Со тврдост и смиреност тој ги поднесуваше неудобностите и тешкотиите на затворскиот живот: но се жалел пред другарите затвореници што се предал жив во рацете на Турците“.[27]

За време на пролетта 1901, по Велигден, по осуммесечно лежење во „гнасните зандани, нè извадија од затворот за да нè

ник. И – каква игра на судбината! – еве нè после пак заедно четници-ученици кај Марко“ (Х. Силянов, *Писма и исповеди на един четник,...*, 140)

[26] „С. Арсов“, *Спомени*, 44.

[27] *Духътъ на Македония, ...*106.

врзат и да нè одведат в битолскиот централен затвор. Кајмакамот намерно беше дошол порано, за да набљудува, како ни ги врзуваат рацете со лисици. Штом нè врзаа двајца по двајца со алките, даде наредба да ни ги симнат лисиците и да не водат одврзани". За време на минувањето низ градот на поворката со впрегнати коли, на кои биле сместени затворениците, целото граѓанство излегло да ги испрати и да им посака поскоро ослободување. При тоа им ги полнеле колите со различни продукти за да имаат по патот. „...Некои фрлаа во колите бели меџидии. Тоа многу нè израдува, бидејќи покажуваше, дека духот на населението во Кичево не беше опаднал, и со песни продолживме за Битола".[28]

Кога колоната навлегла во шумата среде планината Турла, Славејко Арсов, Григор Ошавков[29] и Анастас од Манастирец решиле да избегаат. Но Тома Николов, кажува дека ги спречил во таквата намера, бидејќи ако тие се спасат, стражарите со право ќе ги убијат сите останати. „Тогаш тие се откажаа од тоа си неразумно решение". Кога стигнале во Битола, ги сместиле во централниот затвор, наречен Катилхане, каде бил затворен и Дамјан Груев со другарите. „Даме со своето умесно држење беше станал централна личност меѓу сите затворници, дури беше почитуван и од самата управа на затворот".[30] Во Битола затворот бил многу подо-

[28] Т. Николов, *Спомени от моето минало,* Изд. на Отеч. фронт, София, 1989, 58, (http://www.promacedonia.org/tn/tn_19.html)

[29] Григор Ошавков Лазаров (Гиче) (?, Дебар – ноември 1914, Драцо, Албанија), деец на македонското ослободително движење, учител, член на ТМОРО од 1896 година. Заради револуционерна дејност бил уапсен од турските власти во летото 1900 година и лежи во затворите во Кичево и Битола до крајот на 1901. Потоа е учител во с. Луково, Дебарско. Во почетокот на 1904 година бил избран за член на Битолскиот околиски комитет, како претставник од Дебарско. Во октомври 1907 е уапсен и лежи повторно во Битолскиот затвор. Учествува во Балканските војни, при што во Втората балканска војна (меѓусојузничка) бил војвода на чета во Дебарско. (А. Г. Пелтеков, исто, 330).

[30] Тома Николов се сеќава за затворските денови: „Во затворот јас се запознав со Мицко од с. Латово, Кичевско, осуден како бугарски комита на доживотен затвор, од којшто беше одлежал 19 години. За тоа време тој се предал на српската пропаганда, за кое што извесниот јуначки Јордан Гавазов му забил неколку ками во градите, кога бил во затворот. Тој како кичевчанец ме канеше неколку пати во неговата ќелија на гости заедно со Дамета." Но искусниот Тома Николов брзо го прозрел лицемерието на Мицко и сфатил дека тој ги денунцира кај управата од затворот. „Пред ние да бидеме ослободени, српското правителство издејствува амнестија за Мицко и тој се ослободи на 19 август... Тој остана да живее в Битола долго време и многу мајсторски ги прикриваше своите лоши замисли кон нашето дело. Даме се на-

бар. Таму веќе се сметале за полуслободни. Во меѓувреме владиката веќе бил кај валијата така што се забрзала постапката околу нивното ослободување, иако кичевскиот кајмакам ја криел таа работа.[31]



Затворот во Битола

Сепак, ослободувањето од прекршоците за кои биле товарени се случило благодарение на платениот поткуп. На судиите им биле дадени по сто лири поткуп за секој од судените. За тоа самиот Арсов вели: „Сите сто лири ги сакаше кајмакамот. Тој мислеше дека можеме да дадеме и повеќе, дека сме добивале многу пари од некаков 'руски' комитет. Тој викаше дека тука има прст од московјанинот, зашто располагаме со пари. Ние во затворот се храневме од гостилницата. И си плаќавме. Тоа оставаше впечаток. Нас нè поддржуваа од многу страни, главно учителите, кои редовно си добиваа плата".[32] Исто така, додека биле во затворот, битолското граѓанство се натпреварувало кој повеќе да донесе. Сè се делело братски, „со еден збор живеевме на комунистички начела", вели Тома Николов.[33]

деваше, дека ќе го искористи за организацијата како стар комита, но во случајот се излажа и излезе обратното." (Т. Николов, *Спомени от моето минало*...., исто).

[31] „Славејко Арсов" *Спомени,* 44.

[32] Исто, 45.

[33] Т. Николов, *Спомени от моето минало*..., 59-60; http://macedoniahistory documents.blogspot.com/2012/01/blog-post_05.html, 16.02.2014.

Ги суделе околу пет пати и биле оправдувани со рушвет. На крајот, во судскиот процес биле ослободени сите, освен Славејко Арсов кој бил осуден на една година во која се сметало и поминатото време во затворот од 14 месеци, така што, по десет дена, односно на 30 октомври 1901 година, заедно со групата затвореници бил ослободен од Битолската зандана.[34]

Пет-шест дена пред да биде ослободен, во Катилхането дошол Гоце Делчев да се види со Даме Груев, кој бил во истиот двор, со осудените од Попставревата провала. „Во целиот двор имало 11 кауши, заедно со каушбашии, кафеџии и службители. Не пуштаа на прошетка: по два-три кауша се шетаат двапати, но со чувари“.[35]



Гоце Делчев на митровденска куќна слава кај Бабовци (Прилеп, 8 ноември 1901)[37]

Делчев пристигнал во Битола на 20 ноември 1901 година и тука останал повеќе дена. Двапати имал средба со Даме Груев во битолскиот централен затвор. Претходно, во првата половина на ноември, Гоце Делчев бил во Прилеп, а од тука дошол во Битола[36]. Според сеќавањата на Николов, во затворот Гоце бил

[34] За истото Тома Николов вели: „По една недела, нашето дело се разгледа и сите бевме оправдани, освен Славејко Арсов, кој што беше осуден на една година затвор, во кое бил пресметан претходниот затвор подолг од една година, затоа беше пуштен на слобода заедно с нас“. (Т. Николов, *Спомени от моето минало,* ,...59).

[35] „Славејко Арсов“, 45.

[36] Според Ѓорѓи Поп Христов, „Гоце Делчев ја посетува Битола кон средината на месец ноември 1901 година и престојува около 20 дена. За тоа време тој успева два пати да го посети Даме Груев во затворот, да го преуреди окружниот револуционерен комитет и да изглади некои конфликти меѓу членовите на комитетот“. (*Революционата борба в Битолския окръг, Спомени на Георги Попхристов,...*30-31).

[37] Бабовци биле позната прилепска бакалска фамилија. Така, името на Диме Бабе се споменува уште во 60-те години на XIX век. Семејната традиција ја продолжиле неговите синови Алексо, Ѓоре, Ицо и Владимир Бабоски. Владимир Бабоски (1873-1945 г.) бил член на МРО. Така што по таа линија Гоце Делчев се нашол кај нив, на нивната куќна митровденска слава во 1901 година. По Илинденското востание Владимир се вклучил во четата на Аргир (Крсте) Гермов Шакир.

придружуван од Георги Пешков и мајката на Анастас Лозанчев – Анча со малиот внук Цветан в раце. „Тој беше дошол во Битола како трговец, добро облечен, изгладен и со златен прстен на раката. Јас бев слушал за легендарниот Гоце, но не го имав видено. Даме ме извика и ме запозна со него. Ми остави впечаток неговата блага појава“. [38]





Дамјан Груев и Гоце Делчев

Во главниот битолски затвор, во посета на Даме Груев, прв пат Гоце влегол облечен како богат трговец, а вториот пат како селски учител[39]. За тоа Арсов запишал: „Делчев храбро дојде в затвор и остана околу 2 часа. Чуварите во затворот разнесуваа шифрирани писма. Јас го видов Делчев но не се поздравив со него“.[40] Така „...корумпираноста и небрежноста во битолскиот затвор дошле до полн израз во ноември 1901 година, кога Гоце Делчев (најбараната личност во Македонија од страна на власта) на два пати го посетил Даме Груев. Средбите се одржале пред очите на стражарите во кругот на затворот“.[41]

По ослободувањето од затворот на дејците на ТМОРО, Делчев имал средби со нив расправајќи за организациските работи, пред да си замине за Костурско и Леринско. Всушност целта на неговото доаѓање во Битола и неговата средба со Дамета би-

[38] *Спомени от моето минало...,* исто Изд. на Отеч. фронт, София, 1989, http://macedoniahistorydocuments.blogspot.com/2012/01/blog-post_05.html, (16.02.2014)

[39] Х. А. Полјански, *Гоце Делчев,* кн. IV, Култура, Скопје 1972, 210.

[40] „Славејко Арсов“, 45.

[41] В. Ѓорѓиев, *Подземната република,...*, 256.

ла „да се изглади конфликтот меѓу Лозанчев и Даме“, кое подоцна се разбрало.[42]

За време на престојот во Битола (околу 20 дена) Делчев извршил не само „рутинска инспекција на дејноста на Битолскиот окружен комитет, туку до максимум одржувал средби со раководните сили и дејци во овој округ. Стравувајќи од едно исфорсирано и погубно востание, Делчев се трудел да ги убеди дека „востанието е средство, а не цел“.

Ѓ. П. Христов кажува дека во Битола се водела борба „меѓу врховистите и централистите“[43] која била следена само од раководителите и не се одразила врз Организацијата во Битолско, бидејќи населението не знаело за неа. Во дадената прилика, Делчев долго и широко им го осветлил судирот. Тогаш од Делчев разбрале дека врховистите сакале „да навлезат во внатрешноста, да ја изнасилат работата за да го забрзаат востанието“, односно дека сакале да ја земат Организацијата во свои раце и да дигнат востание „кога тие ќе решат дека е моментот бидејќи тие како поблиски до раководните кругови во Бугарија, подобро го знаеле тоа“. Притоа Делчев бил против ваквиот однос[44] и барал дел од нив да

---

[42] Поп Тома Николов кажува дека кога излегол од затворот, Гоце Делчев дошол кај него дома заедно со Георги Пешков и така се запознале подобро. „Една вечер имавме собрание по негова покана, на кое присуствуваа Анастас Лозанчев, Георги Попхристов, [Георги] Сугарев и некои од гимназиските учители. Гоце, откако гоислуша мислење на секого одделно, со еден благ и пријателски тон ја отслика бегло положбата на организацијата, важноста на делото и што ќе ни предстои да работиме.... Наспроти нашата желба да остане уште некој ден во Битола, се извини, дека не може да остане повеќе, бидејќи го видел еден цинцар, дојден од Софија, кој што го познавал, та му беше страв да не го предаде, и другиот ден замина за Леринско како нелегален“. (Т. Николов, исто, 59).

[43] Меѓу другото, Александар Ефтимов соопштува со кои средства се служела големобугарската пропаганда во привлекувањето на македонските борци. Тој вели: „Министерот Петков не повика мене и Ѓорѓи Поп Христов. Ни нудеше пари и оружје и агитираше да дејствуваме по нивни наредби, како што правеше Борис Сарафов. Јас и Ѓ. Поп Христов решително ги отфрливме неговите предлози и му изјавивме дека ние се бориме како внатрешни дејци и за Македонија. И Ѓ. Поп Христов беше согласен со мене. Тој беше идеален човек во почетокот. Но подоцна и тој се провали...“ (А. Динев, *Илинденска епопеја,* том II, Скопје 1949, 90).

[44] На 16 мај 1901 година, помеѓу претставници на ТМОРО (Внатрешната организација) преводени од Делчев и Врховниот комитет бил заклучен вонреден протокол за соработка, според кој, Врховниот комитет требало да дава само материјална и морална помош и поткрепа на Македонската револуционерна организација. (Х.А. Полјански, *Гоце Делчев,* кн. IV, Култура, Скопје 1972, 210).

дојдат во Македонија „да работат како учители, или како војводи или инструктори на организациските чети“. Сите го одобрувале мислењето на Делчев, бидејќи чувствувале неопходна потреба од способни воени лица кои требало да ги обучуваат четниците.[45]

Од другата страна, при средбите со Делчев, членовите на Битолскиот окружен комитет изнеле некои проблеми, акцентирајќи го првенствено прашањето за натамошното разграничување на четничкиот институт во Округот, при што бил подвлечен недостигот од интелигентни и војнички изградени војводи. Тогаш била направена реорганизација на Битолскиот окружен комитет на чие чело дошол Ѓорѓи Поп Христов. Бил формиран и Битолски околиски комитет на ТМОРО.

[45] „Георги Поп Христов“, *Спомени,* 296-297.

# Во четничката школа на Марко Лерински

Во Битолскиот затвор поминале: Методи Патчев, Христо Узунов, Славејко Арсов, Ѓорѓи Поп Христов, Павел Христов, Лука Церов и многу други млади борци за слободата на Македонија. Во затворот се калел карактерот, стрпливоста и главно таму најмногу се ценела слободата. Сосема ретки биле случаите затвореник-революционер, веднаш пуштен на слобода, пак да се врати во затворот. Штом ќе дознаел дека го бара власта, секој претпочитал да ја нарами пушката и да замине со некоја чета. „Затоа кадрите на четите од ден на ден се зголемуваа, зашто од затворот революционерите излегуваа со посилен дух и стрмоглаво се впуштаа во виорот на револуционерното движење“. [1]

Така, ослободените дејци од Катилхане, соборци на Славејко Арсов, тргнале по својот пат, оддадени на револуционерните идеали. Поп Тома Николов останал во Битола, бидејќи добил писмо од дедо Козма, дека добил отказ од Егзархијата и бил заменет со други. Егзархијата не само што го отпуштила од Кичево, но не му дала друга работа, бидејќи бил „компромитиран пред власта“. Ѓаконот Јосиф заминал за родното Крушево, каде станал учител, а другите учители се распрснале по разни места. Лука Церов и Матеј Христов останале во Битола, Иван Нелчинов си заминал за Охрид, а Гиче Ошавков за Дебар.[2] Славејко Арсов набрзо, по одлука на раководните луѓе, ќе замине при војводата Марко Лерински (Георги Иванов – Херојски), за да стажира и да се обучува за војвода.[3]

Имено, непосредно по ослободувањето од Битолскиот затвор, С. Арсов имал средба со Гоце Делчев, Ѓорѓи Поп Христов, Ѓорѓи Сугарев и Георги Пешков, во куќата на еден фурнаџија. Во таа прилика разговарале за состојбата во Организацијата, за мерките што треба да се преземат во иднина и што треба да преземат како свои обрски Арсов и Церов. Одлучиле дека е најдобро овие двајца

---

[1] Т. Николов, *Спомени от моето минало* ...., исто, 155; http://macedoniahistory documents.blogspot.com/2012/01/blog-post_05.html, 16.02.2014.

[2] Т. Николов, *Спомени...*, 60.

[3] „Георги Поп Христов“, ..., 294

дејци да влезат во некоја чета. Тоа било во рамките на согледувањата и одлуката дека четите треба да ги раководат поспособни кадри, зашто веќе се покажала ползата од таквите чети и војводи.[4] Во тоа време со четата во Прилепско беше заминал Методија Патчев, за кого прилепчани имале само пофални зборови, бидејќи се покажал како правичен и храбар војвода.



Методија Патчев

Пред да стане војвода, Методија Патчев го убил во Охрид српскиот учител Димитрија Грдановиќ, експонент на српската пропаганда во Македонија, заради што бил осуден на 15 години. По три години бил амнестиран. Најпрво влегол во четата на Марко војвода[5], а по три недели, кон крајот на 1901 година станал војвода во Прилепско со чета од седум души. По неколку месеци, на Благовец 1902 година, Патчев со четата бил опколен од Турците во Кадино Село (Прилепско) во една кула. По долга борба се самоубиваат сите, заедно со војводата Патчев.[6]

Во рамките на преземената инспекција на организационата мрежа во Битолскиот револуционерен округ, по престојот во Битола и по средбите со раководните лица и посветените учители во Битола, во почетокот на декември 1901 година Делчев заминува најпрво за Костурско, а потоа за Леринско. Извесен период

[4] „Славејко Арсов“, 45-46.

[5] Х. Силяновъ, *Освободителнитѣ*..., т. I, ...131.

[6] Методи Патчев (Охрид 19.5.1875 – Кадино Село, 25.3.1902), учител, војвода на ТМОРО, еден од најцврстите револуционери. Со почетно образование се стекнал во Охрид. Во август 1896 година се вработил како учител. Се активирал во ТМОРО и дејствувал во Кичево (1897-1898). Од 1898 до 1901 година бил во затвор заради атентатот врз Димитрија Грдановиќ, експонент на српската пропаганда во Охрид, а потоа заминал во четата на Марко Лерински. Дејствувал како војвода во Прилепско, сè до самоубиството во Кадино Село. Провалата во прилепското Кадино Село се случила на 25 март/7 април 1902. Предадена од кадиноселскиот кмет четата била опколена во куќата каде се држел конспиративен состанок. Четата од седум комити најпрво била опколена од 50 жандарми, нешто подоцна пристигнала и османската коњица, а по неа и пешадија од Прилеп. Кон регуларната војска се придружил башибозук од турските села. Пристигнал и познатиот разбојник Расим. Четата се борела до послединиот куршум, а потоа комитите сами си ги одзеле животите. (В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавствата*...95-101).

при неговата обиколка на Костурско, Делчев бил придружуван од четата на Марко Лерински во која се обучувале идни војводи на ТМОРО, меѓу кои и Славејко Арсов.

Пред да се придружи на четата на Марко, по излегувањето од затворот, Славејко Арсов најпрво се вратил во Прилеп, ја земал платата и потоа, како што било договорено, отишол во Лерин. Откако дознал каде се наоѓа четата на Марко, со еден курир отишол во Кономлади (Костурско) каде го нашол Делчев.[7] Во тоа време леринската чета на чело со војводата Марко се префрлила во Костурската револуционерна околија и таму го придружувала Гоце Делчев за време на неговиот престој во тој крај.

При престојот во Костурско, Делчев ќе развие широка организаторско-агитаторска активност и ќе придонесе да се надминат тешките последици предизвикани со уште една голема провала – Иванчовата, која го беше зафатила Костурско во летото 1901 година[8]. Во овие рамки тој направил видлив чекор во омасовувањето на организациите на ТМОРО, но и придонел кон тоа да се застане на патот на дејноста на костурскиот патријаршиски владика Каравангелис, која водела кон раздор меѓу патријаршисти и егзархисти и имала штетни последици за активноста на Револуционерната организација. Особено важно било воспоставувањето на безбеден канал за снабдување со оружје од Грција.[9]

---

[7] Кон крајот на ноември 1901 година, Делчев престојувал во Кономлади (Костурско) каде одржува собир. (Х. А. Полјански, *Гоце Делчев...,* 210).

[8] Иванчовата провала се смета за една од најголемите во Костурско, каде во периодот од 1899 до 1903 година се случиле 14 провали. Димитар Георгиев - Иванчо од кичевското село Белица, поранешен костурски четник, отпадник од ТМОРО се ставил во служба на османлиските власти. Под името Осман Чауш, со 100 низами, во периодот јули-август 1901 година ги обиколил костурските села, посочувајќи на турските власти околу 400 сомнителни лица. Иванчо ги предал првите луѓе од управните тела во секое село така што биле фатени 100 луѓе, а 250 пребегани се барале. Во текот на август и септември низ Костурско крстареле потери кои сееле страв и ужас кај населението, а се засилиле и предавствата. Во тие услови војводите Москов и Чакаларов презеле енергични акции за справување со предавниците. Со Иванчовата провала биле зафатени 22 костурски села и градот Костур. Во затвор се нашле 78 лица, а далеку бил поголем бројот на затворени и ослободени со поткуп. Провалата започнала на 27 јули/9 август 1901, а стивнала при крајот на септември. Иванчо бил затворен од самите османлиски власти во ноември 1901 година. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 79-81).

[9] А. Дамянов, „Гоце Делчевъ въ Костурско“, Ил. *Илинденъ*, (1930), III/2 (22); Х.А. Полјански, *Гоце Делчев,* кн. 1, Култура, Скопје 1972, 98-100, кн. 3, 179-180, 190-216.

Славејко Арсов и неговите другари во четата на Марко Лерински можеле на лице место да го запознаат Делчев, кој станал пример на агитатор, организатор и неуморен деец на ТМОРО со огромен авторитет сред народот и четниците. За Славејко Арсов времето поминато со Делчев оставило неизбришливи впечатоци и тој го сметал тој период за највозбудливото време во неговиот живот.[10]



Марко Лерински

Со ширењето на револуционерната мрежа по селата и градовите, Ѓорѓи Поп Христов вели дека, од едната страна, се јавиле препреки во лицето на предавници, „поткупени српски и грчки орудија", а од другата разните бегови по околиите и други непријатели. Така се наметнала потреба од организирање на вооружена сила која ќе извршува казнувања. Почнале да се основаат терористички групи, кои што набрзо се развиле во вооружени чети. Понекаде за потребата на делото се користеле и ајдучки чети, но несомнен придонес за обучување на четници и војводи дала четата на Марко Лерински „бивш подофицер во Бугарија, роден во Серско". Осумчленената чета на Марко Лерински, составена од доброволци, била формирана во летото 1900 година и била речиси прва во Леринско и Костурско.[11] „Во четата влегоа и Коте (сега премина во разбојник) и Лечо Настев, учител. Тој беше моралната сила, помошник на Марко...".[12]

Четата на Марко војвода се претворила во окружна школа за обучување на четници и војводи од сите околии. Таму биле испратени Дедо Андреја[13] и Миале од четата на Јордан Пиперката,

---

[10] *Духътъ на Македония,...*106.

[11] Марко пристигнал во Костурско-леринскиот реон во текот на јули 1900 година и останал војвода во Костурско, а потоа во Леринско до неговата смрт при крајот на јуни 1902 година. (К. Пандев, *Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878-1903*, София 2000, 209-210).

[12] „Георги Поп Христов", ... 294.

[13] Андреја Расолкоски (Јандре) (Блажевски), (1861, с. Мало Црско, Горен Демир Хисар - мај 1903, с. Могила, Битолско), познат како Дедо Андреја бил ајдутин, револуционер и прилепски војвода. Во ослободителните борби и востанички движења на македонскиот народ се вклучил уште од 1878 година.

но Миале се вратил во Битола, а подоцна пребегнал при Коте од Руља. Во истата чета, покрај Славејко Арсов стажирале Рампо Пешков, Јордан Дамев од Прилеп, Методи Патчев од Охрид, Христо Силјанов и др. Андреја бил еден од најпознатите и најхрабри стари ајдути, „другар на Чакревци во Прилепско едно време. Затоа сите го викаа ‘дедо Андреја’”. [14]

Во повеќето сеќавања на соборците, Марко Лерински е опишан како човек со „цврста воља, чесен и воздржан во сè“. Пред четниците секогаш се држел сериозно и ги воведувал во идејата за делото. Тој вдахнувал строга послушност и дисциплина кон раководството. Речиси сите ги вчудоневидувал со железната волја и малите претензии. „Ги надминувал сите останати со своите способности, затоа тие и занемувале пред него“. Недисциплинираниот и навиканат на арамиско дејствување, Коте христов од селото Руља не можел да го издржи режимот што го наметнувал Марко, така што ги убедувал другарите да се оттргнат, „без некого да праша“. Марко останал „титуларен војвода во Леринско“, а неговата чета станала „чисто организациска“.[15]

Четата имала 37 души. Таму биле сите реонски раководители од Костурско (Пешков, Марко, Коте и др.). Славејко како и другите четници добил пушка и вооружен тргнал со четата.[16]

Кога Х. Силјанов како четник кај Марко и самиот стигнал во „славното Костурско“, видел дека тука четите не се криеле ни од жени ни од деца, од никого освен од Турците и од двајца-тројца непокрстени[17]. Откако срдечно се поздравил со Делчев со кого се

---

Станал соборец на Спиро Црне и на браќата Чакревци од Прилепско, се нашол во редовите на демирхисарските заговорници и во Брсјачката буна, поминал низ турски затвори, а по амнестијата повторно го зел оружјето и од 1887 година станал самостоен војвода, штитејќи го мирното население од османските насилства. Некаде 1898/1899 година се вклучил во редовите на ТМОРО и на повик на Битолскиот окружен комитет влегол во првите чети на МРО. Бил четник во четата на Мирче Ацев, а подоцна кај Марко Лерински и Јордан Пиперката. Од 1901 бил назначен за привремен војвода во Прилепско, а извесен период бил заменик војвода на Никола Петров Русински во Прилепско. Во почетокот на 1903 година се приклучил на четата на Парашкев Цветков. Во мај 1903 година четата од 20 лица била опколена во селото Могила, Битолско и во престрелка со турскиот аскер загинале сите четници. (Д. Пачемска Петреска, *Војводаша Дедо Андреја од Мало Црско,* Скопје 1999, 9; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 90-91).

[14] *Сиомени на Георіи Поихрисшов ,* 17-19.

[15] *Революционнаша борба в Бишолския окръі, ...,* 23.

[16] „Славејко Арсов“, ..., 46.

[17] Х. Силяновъ, *Писма и исйоведи...*, 52-53.

познавале уште од Софија, Силјанов го изнесува впечатокот дека „од прв поглед“, тешко можело да се познае во него пламениот апостол, чие име се носело „од уста на уста низ Македонија“. Делчев му ги претставил присутните. Силјанов пишува: „Седнав меѓу Пандо Кљашев и Славко, другарот од гимназијата и другарот од Прилеп“.[18]

Силјанов бил во дилема што да прави понатаму, по кој пат да продолжи, но неговиот другар Славко го убедувал да остане во Марковата чета, опишувајќи му го „четничкиот живот во небесно розов поглед“. Славејко бил упорен во ваквото убедување, па и во моментот при неговото заминување од четата на Марко за битолски војвода, сметајќи го Силјанов за „еден од идните интелигентни војводи“ му кажува: „Ти ќе останеш тука уште некој месец, а потоа побарај реон, соседен на мојот. И тогаш ќе договараме средби, ќе се гледаме и ќе си помагаме...“.[19] Низ овој дијалог кој го воделе, Силјанов пренесува дел од карактерот на Славејко како човек што знаел искрено да го негува другарството, но кој истовремено бил свесен за својата вредност.




Христо Силјанов и Пандо Кљашев

Додека престојувале во селото Кономлади, кон крајот на ноември, каде Делчев ќе одржи собир, Славејко бил сведок на неговиот однос со обичните луѓе од народот.[20] Така, работата започнала од првото посетено село Кономлади. Освен Марковата чета

[18] Х. Силяновъ, исто, 55.

[19] Исто, 140.

[20] Пандо Кљашев во своите спомени наведува дека додека четата на Марко престојувала во Кономлади, таму дошол и Славејко Арсов „подоцнежен ресенски војвода“. („Пандо Кљашев“, *Спомени,* 199).

од 13 души, таму се концентрирале сите костурски раководители – Васил Чакаларов, Кузман (Кузо) Стефов, Лазар Москов, Пандо Кљашев, Михаил Николов, потоа војводите Атанас Петров, Коте, Митре Влаот и нивните четници, леринскиот раководител Кожуваров, членовите на Битолскиот окружен комитет - Георги Пешков и Ѓорѓи Поп Христов, некои учители, револуционери и други. Целата таа пет-шест неделна дејност на Делчев била „нешто како виш агитационо-организаторски курс". Сите слушнале што и како треба да се зборува пред селаните при полагање на клетва, како да се постави пред нив прашањето за востанието; како да се распределуваат и собираат парични прилози; како да се постапува во случаи на општоселски прашања и општински расправи или кон криминални дела. Уште на почетокот во Кономлади, „се даде по целата таа материја една наглеена лекција. Сите непосветени, околу 30 души, беа покрстени при свечен ритуал: заобиколени од вооружени четници; реч на самиот Делчев; обредот на заклетвата".[21]

Славејко кажува дека во Кономлади Делчев им овозможил на сите селани да ги кажат своите маки пред него, сите проблеми дури и против четата така што се јавиле сите селани: имало случаи за развод, за кражби, за расправии меѓу жените. „Селаните се уверија дека нивните маки добро се разгледуваат. Тоа траеше четири дена. Делчев седеше со реонските раководители како претседател". Во овој „суд" на Организацијата, реонските раководители распрашувале, Делчев слушал, се советувал со раководителите и давал резолуција која им се соопштувала на селаните. На лице место се извршувало помирување, развод и сл. „Сите ги примаа одлуките со задоволство. Сè се правеше непристрасно".[22]

Војводата Васил Чакаларов[23] во својот дневник запишал дека во Кономлади се видел со Делчев, „точно на мегданот", каде

[21] Х. Силяновъ, *Освободителнитѣ борби на Македония,* I, 133.

[22] „Славејко Арсов", 46.

[23] Васил Христов Чакаларов (1874, Смрдеш, Костурско, - 9.7.1913, Бел Камен, Леринско) бил македонски революционер, член и војвода на МРО. Учел во грчко основно училиште, а на негово инсистирање татко му го префрлил да учи во бугарско егзархиско училиште. Завршил четврто одделение и паралелно работел со својот татко на градби низ Македонија и Грција. Во 1894 година запаѓа во костурскиот затвор, но успеал да избега и да се засолни во Бугарија. Таму работел како кондураџија, каменоделец и ѕидар, а при престојот во Шумен завршил вечерна гимназија. Во 1901 година се преселил во Софија, каде што станал претседател на Костурското добротворно друштво, кое било дел од Македонскиот комитет. Таму учествувал во активностите на

имало мноштво селани кои се обжалувале за разни кражби и блудства. Сè до вечерта се разгледувале бројните жалби, се донесувале пресуди, а потоа се прибрале на починок во куќата на Поп Димитри.

И во наредните неколку дена се заседавало по цел ден и се решавале важни работи како во однос на донесување пресуди во спорови, така и во однос на казнување предавници, казнувања заради непослушност и кршење на кодексот на Организацијата, воспоставување поцврст ред и начин на однесување на четите и т.н.



Васил Чакаларов и Пандо Кљашев со соборци[24]

Престојот во Кономлади, бил крунисан со свикување општо собрание кое се одржало во црквата.[25] На собранието била изнесена ситуацијата со развојот на ослободителното дело во се-

Комитетот и станал близок пријател со тогашниот претседател на ВМК, Борис Сарафов. Бил врховист, но кога увидел дека врховистите се борат за Бугарската егзархија, се префрлил во ТМОРО. Во Бугарија заедно со Лазар Киселинчев создавал канали за купување и пренесување на оружје од Грција за потребите на МРО. (Ил. *Илинденъ,* год. II, кн. 1 (11), София, 1928, 8-9; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов,* Силсонс, Скопје 2007, 407-408).

[24] Извор: „Le mouvement revolutionnaire en Macedonie", Sofia, 1918.

[25] Според Чакаларов на собранието прво зборувал Лазар Москов, а потоа многу на долго Делчев. „Беше избрано настојништво: претседател Ставро, благајник Васил со едната нога, членови: Коле Пандов, поп Христо и Наке Љуков од долното маало. Најпосле и јас говорев. Покрстивме околу дваесет и пет души и го растуривме собранието“ (*Дневникот на војводата Васил Чакаларов, ...*, 63).

лото, додека за другите села се зборувало во општи црти.[26] Било избрано раководно тело – настојништво кое добило инструкции за редот на однесување и неговите надлежности. Тука „се посочи еден нов ред: се забранува судењето во турските судници, се забрануваат кражбите, блудот, пијанствата, кавгите; се наложува послушност кон селското раководно тело, ажурност при извршувањето на должноста, стража пред селото, курирска служба, посетување на четата, нејзино примање по куќите." Сите овие правила на однесување биле наложени усно. Без да биде „запишано во устав. Се нареди да се чува тајната за тоа што се случува во селото, да не се говори за друго село, ниту да се распрашува".[27] Сето ова кое го видел – функционирањето на четата, одржувањето на општото собрание, настапите на говорниците, однесувањето кон селаните - сѐ било ново и драгоцено искуство за Славејко Арсов што ќе му послужи во неговата натамошна дејност како војвода.

Вечерта на 25 ноември го напуштиле Кономлади и тргнале за селото Поздивишта, но пристигнало известување од Костур дека се предадени и дека доаѓа потера.[28] Кономлади било опседнато од многубројна војска, предводена од прочуениот бинбаша Муфтар-ага (Мухтар). Бинбашата заповедал да се претресат сите куќи каде што престојувале четниците и ги подложил селаните на иследување и насилство.[29]

Од Кономлади четата се префрлила во селото Поздивишта каде уште истиот ден разбарале кои се предавниците. Така, една стара жена, Митровица од селото Кономлади, му јавила на својот внук, Трајан (Трајко), родум од селото Руља, кој живеел во Костур за присуството на четниците. Трајан, исто така, бил турски шпион, „официјален шпион, облечен во турски алишта" кој се занимавал

---

[26] Пандо Кљашев дава своја верзија за собранието во Кономлади: „...Се направи собрание на целото село – само мажи. Се покрстија сите непосветени. Одеднаш се покрстија околу 30 души, дадоа клетва заедно в црква, вечерно време, во групи по четири-пет души, пред сите на општо собрание. Обично Марко ги поведуваше под клетва. Делчев држеше говор, исто и Москов... Се формира управно тело; се назначија десетници, се изјаснија правата и должностите. Управното тело беше натоварено во иднина со судска власт да ги разрешува споровите..." („Пандо Кљашев", *Спомени,* 198-199)

[27] „Славејко Арсов", 46-47.

[28] „Пред да тргнеме дојде известување од Габреш. Динкото и еден овчар ни кажаа дека виделе навечер аскер и башибозук околу 150 души. Се прибравме во Поздивишта во шест куќи". (*Дневникот на војводата Васил Чакаларов,* ..., 63-64)

[29] Х. Силяновъ, *Писма и исповеди...*, 69.

со собирање оружје. Од Поздивишта, четата на Марко Лерински се преместува во Црновишта, а вечерта од Црновишта минале во Дреновјани. Притоа преземале соодветни мерки за казнување на предавниците. Во случајот со предавството во селото Кономлади, „една група подобри четници заминува за Руља и го убива таткото на шпионот Трајко, исто така шпион".[30]

Всушност, откако прибрале точни информации околу предавниците, една група од единаесет четници на чело со Марко Лерински и Васил Чакаларов отишле во селото Руља, да го казнат таткото на Трајана, кој бил пред тоа предупреден да го вразуми сина си. „Тие отидоа, го извадиле од трлото, го ставиле пред куќа и го убиле".[31] По извршената казна, уште истата вечер се вратиле во Дреновјане. Притоа по нив тргнала турска потера заедно со синот на убиениот.[32] Коте кој бил осуден на смрт, сепак преживеал благодарејќи на тоа што се задолжил да земе учество во погубувањето на Трајановиот татко. „Коте беше неопходно нужен, зашто ја знаеше куќата-колибата од каде што можеше да се влезе кај Трајанови".[33]

Следната ноќ, на 28 ноември, друга група, кон која се придружил и Чакаларов, иако изморен од претходната акција, заминала во Кономлади каде ја извршила казната врз трите предавнички (Митревица, Лена и Трпчевица).[34] По извршеното убиство, групата пристигнала во селото Д'мбени. Всушност во моментот кога Муфтар-ага го напуштил Кономлади и заминал за Руља, наведената група четници дошле во Кономлади казнувајќи ја

---

[30] Исто.

[31] Пандо Кљашев наведува дека за да го одвлечат вниманието на аскерот, бил нападнат таткото на Трајан во селото Руља. „Отидоа четници со Коте и Чакаларов и ја завршија таа работа. По ова Делчев беше подготвен да му прости на Коте (за одметнување и непочитување на организациските правила, б.н.). Чакаларов првпат пред четниците направи такво дело: го беше исекол на парчиња... Аскерот од Кономлади веднаш се префрли во Руља да ги фати комитите.

Во меѓувреме Чакаларов со Митре и со некои лерински четници веднаш отишле во Кономлади и ги казниле со смрт двете жени кои нè предадоа во Костур и уште една за развратниот живот, за опомена на сите слични жени. По ова, кога виде бимбашијата дека ќе стане кланица само заради него, се повлече со аскерот во Костур и ги прекина истражувањата..." („Пандо Кљашев", *Спомени,*199).

[32] „Славејко Арсов", 48.

[33] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов, ...,* 65.

[34] Исто, 66-67.

Митревица, заедно со двете други жени, кои ги сметале за неморални.[35]

По извршената казна над предавниците, вечерта на 29 ноември било одржано собрание на сите четници „да им се избројат грешките“ на оние кои не ги слушале заповедите на началството и да добијат опомена пред сите. Најпрво бил иследуван Коте од Руља кому му биле избројани сите прекршоци заради кои заслужувал смртна казна. Сепак му бил подарен животот и му било кажано да замине зад граница или да биде четник некаде надвор од Костурско. „При првиот случај на непокорност да биде убиен“.[36]



Коте Христов со синовите, кои станале грчки воспитаници

Така, иако костурските револуционери подигнале обвинение против Коте Христов, чии своеволија и кршење на организационите принципи одамна ги преминале сите граници, сепак, Пандо Кљашев кажува дека Делчев го помилувал од смртната казна со надеж дека ќе се поправи. Ваквата великодушност ќе се покаже мошне штетна за самата Организација бидејќи кај Коте надвладела неговата арамиска и превртлива природа.

Откако бил помилуван, тој веднаш се одметнал и набрзо станал „јунак“ на грчката македонска борба. Коте стапил во служба на костурскиот владика Германос Каравангелис,[37] еден од нај-

[35] С. Арсов ги опишува истите настани: „...Пративме човек во Кономлади да дознаеме дали има и друг шпион, или е само старата жена. Дознавме дека има уште две други жени од кои едната беше лесна жена“.(„Славејко Арсов“, *Спомени,* 48). Групата, една по една ги земале жените, потоа се собрале во црквата. „...Оттаму ги одведовме кај статискиот пат на крајот од селото. Тука ги испитавме една по една – сите и сите ги признаа грешките и тука трите редум ги исековме. Ги собувме сите своите опинци, за да ја изгубиме својата трага и тргнавме кон Д’мбени. Пристигнавме во 12 часот“ (*Дневникот на војводата Васил Чакаларов,* исто).

[36] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов, ...,* 67.

[37] Г. Каравангелис, *Македонската борба, (Мемоари),* Превод од грчки Васко Караџа, Култура, Скопје 2000, 16-17.

жестоките непријатели на борбата на ТМОРО кој организирал бројни прогони и насилства врз македонското население (егзархисти) во османлиска Македонија.

По овие настани во Кономлади и Руља, Муфтар-ага се вратил во Костур, а четата на Марко Лерински стигнала во с. Поздивишта (Костурско). Таму се сместувале по 5-6 души во една куќа. Славејко Арсов го опишува начинот на кој се движела четата, со оглед на фактот што Марко Лерински бил познат по својата воена строгост и дисциплина. Така, кога четата тргнувала на пат се распоредувала со предна и крајна патрола, за секоја неочекуваност. Четниците секогаш се движеле еден по еден на растојание од 4 чекори меѓу себе. Војводата одел по предната патрола и по него середеле сите момчиња едно по едно со оружјето в раце. Сите задолжително го запазувале стројот, дури и при одморот, и не смеело собирање на четниците. При подолг пат и на послободни места се дозволувало пушките да ги стават на рамо. Разговорот бил забранет, како и собирањето по двајца-тројца во група. Исто така, било забрането пушењето во поход, дури и „кашлањето доколку е можно да се избегнува“. За бегство од четата следувала смртна казна.[38]



Васил Чакаларов и Борис Сарафов

Марковата чета од Дреновјане пристигнала во Д'мбени каде селаните биле навикнати на четата, ги знаеле нејзините цели и нејзините правила, пријателски ја дочекувале и испраќале. Храна-

[38] „Убивавме четници на самото место. Пресудата доаѓа од војводата, се доставува до окружната организација, се соопштува пред четата и се извршува од другарите. Тие наредби се развиваа постепено, а во реонот ги донесе Делчев“ („Славејко Арсов“, *Спомени*, 47).

та била на селска сметка, се одредувале реони при што секогаш биле менувани куќите каде престојувале четниците. Во Д'мбени останале четири дена. Тука четата одржала општо собрание на кое учествувале сите четници во присуство на Гоце Делчев.

Собранието траело речиси цел ден, при што било избрано раководно тело, односно настојништво.[39] Меѓу другото, на дневен ред на разгледување било претресено однесувањето на четниците кон водачите и односите меѓу нив самите. Војводите не смееле да покажуваат своеволија бидејќи и нивните постапки подлегнувале на критика. Тогаш сè уште немало „никаков устав за тие работи - и воопшто за четите немаше устав; сè се ставаше на другарска основа; војводата агитираше како што умееше“.[40]

Од Д'мбени четата на Марко Лерински пристигнала во селото Смрдеш каде постојано престојувал Делчев со неколкумина придружници. Како поголемо село, во Смрдеш се соочувале со различни проблеми како од финансиско-материјална природа (со сметките), така и со средување на присутните расправии меѓу организациското селско тело и работниците и со разрешување на повеќе судски дела.[41]

Во Смрдеш Делчев одржал собир и говорел пред собирот. Исто така формирал женско комитетско друштво. Низ сите активности кои ги реализирал, доаѓал до израз неговиот стил на работа.[42]

Еден дел од четата ги обиколувала селата - Косинец, В'мбел, Брезница каде што биле свикувани селски собранија, се покрстувале нови работници, се објаснувал правилникот на Организацијата, се собирале членски влогови и се разгледувале судските работи. Втора група, пак, предводена од Васил Чакаларов била на друга страна[43], додека Славејко Арсов заедно со Марко, Кузман

---

[39] Според Чакаларов, Делчев со дружината пристигнал во Д’мбени на 18 декември 1901 година. (*Дневникот на војводата Васил Чакаларов,*. ..71-72).

[40] „Славејко Арсов“, 48.

[41] Исто.

[42] „Гоце дал практичен одговор на многу проблеми од революционерната тактика: како да се зборува пред селаните при полагањето на клетвата, како да се поставува и објаснува прашањето за востание, како да се определува данокот итн“. (*Историја на македонскиот народ,* т. II, Скопје 1969, 188; Х. А. Полјански, исто, 210).

[43] Чакаларов заедно со своите четници вршел организационо-агитаторска работа и држел општи собранија во Д’мбени, Вишени, Черешница, Тиолишта каде ја ширеле мрежата на ТМОРО и покрстувале нови членови. (*Дневникот на војводата Васил Чакаларов,...,* 72)

Стефанов и со десетина четници организирани во трета група, вршеле обиколки и организациска работа. Сите биле вооружени со грчки пушки, а Делчев и неговиот другар Иван имале манлихерки.[44]

По тринаесет дена престој во Смрдеш четата на еден ден влегла повторно во Дреновјани, а потоа во Вишени. Таму останале четири дена зафатени со разгледување на судски спорови. Селаните биле свикувани на селско собрание навечер, во црквата, каде им се објаснувала тогашната положба, минатото и мерките за во иднина, им се кажувале примери од бугарското востание, од грчкото востание и за други револуционерни настани. Тука веќе имало и знаме – „свилено, црвено, извезено: мома Македонка, во граѓанска носија" и сл. Оние кои пристапувале кон Организацијата се заколнувале пред знамето, в црква, а пред него имало вообичаен декор: револвер и кама. На чинот присуствувале и свештеници. Притоа, сите во селото биле упатени во случувањата и организациската работа.[45]

Патот натаму ги водел во Черешница, каде што останале два дена. Тука, Делчев се сретнал со раководителите од Костурско при што бил одржан јавен собир-собрание. Славејко Арсов не

---

[44] Кузман Стефанов (Кузо Стефов) (1875, с. Загоричани, Костурско – 18.2.1902, Шестеово). Учи во родното село, потоа во Цариград и во Битолската машка гимназија, а образованието го завршил во 1898 година при Солунската машка гимназија, каде што се спријателува со Лазар Поп Трајков, Лазар Москов и влегува во редовите на ТМОРО. Учителствува во Хрупишта (денес Аргос Орестико) а истовремено извршува револуционерна дејност, како агитатор. По апсењето на Поп Трајков во 1899 година го раководи Костурскиот револуционерен реон заедно со Павел Христов и Михаил Николов. Бил осуден по Нурединовата афера во пролетта 1901 година, меѓутоа успеал да избега (при пренесувањето од Костур во корчанскиот затвор) и станува нелегален. Во почетокот на 1902 година кога Делчев го обиколува Костурско, Стефов, заедно со Кљашев, е одреден да дејствува во Пополе и кон Хрупишча. На 12/24 февруари 1902 година во близина на селото Шестеово четата на војводата Стефанов е забележана и предадена од турски селани. Уште истата вечер надојдениот аскер ја опкружува четата. Смртно повреден К. Стефанов успеал да се прибере кај својата свршеница, учителката Василка Иванова и се самоубива. Учителката Василка Иванова, исто така, се самоубива за да не биде заробена. Останатите четници успеале да избегаат под раководство на војводата Атанас Петров. Главите на Кузман Стефанов и неговиот четник Малиот Наке биле отсечени и два дена изложени на конакот во Костур. (Б. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893 – 1934)*. Биографично-библиографски справочник, София 2001, 138).

[45] „Славејко Арсов", ..., 49.

присуствувал на овој собир бидејќи со Марко и со Леринската чета заминале во Прекопане, каде што останале два дена. Во Прекопане имало војска, 60 души аскер. Турските војници го обиколувале селото, но, селската стража била внимателна и четниците не биле откриени додека седеле цел ден во една од куќите. Интересен е податокот дека и тука жените веќе почнале помасовно да се интересираат за ослободителното дело, благодарение на селската учителка Катерина (родум од селото Вошчарани, Леринско). Заедно со неа при Марко дошле дванаесетина жени, кои го замолиле да им каже нешто за делото и со што тие можат да помогнат. Славејко кажува дека тој тогаш за прв пат видел да се јават жени кои сакаат да ја помогнат борбата. „Им се исполни желбата: им беше речено да не им пречат на мажите кога ќе одат по работа за делото, да ја чуваат тајната за сè што работат мажите, да им носат леб на четниците надвор од селото, кога ќе биде потребно, да им подаруваат на четниците чорапи, кошули и сл.“. [46]

Откако ги обиколил поглавните села во Корешијата, Делчев се префрлил во селото Загоричани (на 24 декември 1901). Истата вечер во Загоричани пристигнал и Чакаларов со групата, а во исто време тука престојувал грчкиот владика Каравангелис. Следниот ден, на 25 декември, во зорите, пристигнала и Марковата чета од Прекопане.[47]



Селото Загоричани

[46] Исто.

[47] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов,...*, 73.

Славејко Арсов наведува дека во Загоричани останале 8-9 дена, дека тука постојано престојувал Делчев со четата, а одделенија од четата агитирале низ селата Б'мбаки, Куманичево, Бобишча. Во Загоричани Делчев го организирал големото советување со војводите и раководителите од Костурско и на Марко од Леринско.[48]

На самата Нова 1902 година од Битола, како окружен раководител бил повикан и Ѓорѓи Поп Христов, да присуствува на таа конференција. Веднаш по пристигнувањето, Поп Христов му ја соопштил на Делчев „радосната вест", дека за откуп на мис Стон се добиени „14000 турски лири".[49]

„Тоа ми беше соопштено од ЦК, вели Христов, за да го кажам на Делчев и тој да побрза поскоро да се врати, бидејќи не знаеле кому да ги доверат парите. Кога го слушна тоа, Делчев започна да скока од радост, го удри калпакот на земјата и кажа: „Ето сега ќе завршам голема работа. Треба да се оди побрзо".[50]

За време на престојот во Загоричани, на самата Нова година (1902) биле предадени од „единствениот шпион во селото",

---

[48] Според хронологијата воспоставена од Х. А. Полјански собирот се одржал на 29 декември, но А. Дамјанов ова советување го датира на 1(14) до 4(17) јануари 1902 година (А. Дамяновъ, „Гоце Делчевъ въ Костурско", Ил. *Илинденъ,* (1930), III/2, 22). Бидејќи на самата Нова Година, на советувањето бил повикан и Ѓорѓи Поп Христов, значи дека собирот се држел некаде во периодот од 29 декември 1901, со прекини до 6 јануари 1902 година. Ден по советувањето, на 7 јануари, Делчев со леринската чета на Марко пристигнале во Зелениче. (Х. Силяновъ, „Раздѣла *(Спомен)", Македоно-одрински прѣгледъ,* София (1905), II/13, Литературно-художествена прибавка, 99-101).

[49] Во почетокот Организацијата се финасирала преку редовна членарина и доброволни прилози. Со зголемување на финасиските потреби, особено за купување оружје и муниција за четите на ТМОРО, биле применувани и разни насилни методи. Најкрупна акција во овој поглед било грабнувањето на американската протестантска мисионерка мис Елен Стон и нејзината придружничка Катерина Цилка кај с. Сушица, Горноџумајско, на 21 август 1901 година. Грабнувањето го спровеле Христо Чернопеев, Јане Сандански и Крсто Асенов. Кабинетот на големиот везир на Високата порта, на 12 февруари 1902 година известува дека „паричниот откуп за Мис Стон во износ од четиринаесет илјади и петстотини лири е исплатен", па „во очекување на нивното ослободување царската војска се собрала вонредно и со цел да спречи други дејствија ги презела неопходните мерки". Откупот го предале „мисионерот Пит и донесувачот на парите за откуп, вториот драгоман на Амбасадата, г. Леми". (С. Дракул, *Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913,* прв том, Просвета, Куманово 1995, 324-326).

[50] Г.П. Христов, *Револуционата...,* 31.

еден калуѓер, гркоман, Илија (Илко) Поп Анастасов, поранешен грчки учител. Така вечерта, биле принудени да излезат во планина, каде што останале една вечер.[51] Пред да го напуштат селото, оставиле нужни упатства како селаните да ја претстават работата пред турските иследници. Ги поучиле да кажат „дека Илко е пијаница и дека во куќата во која отишол имало карневал, бидејќи тој ден по обичај имаше карневал“.[52] Во текот на ноќта потерата залудно пребарувала низ селото, така што си заминала водејќи со себе во Солун врзани пет-шест момчиња.[53]







Американската мисионерка Елен Стон[54]

---

[51] Калуѓерот ги обиколувал гркоманските куќи во селото, но кога бил забележан од четниците „скриен во една куќа, каде што имало четници“, избегал во Куманичево и јавно ги поканил Турците да ги нападнат четниците. „Ни јавија навреме. Во планината отидовме на 2 јануари. Беше студено. Аскерот го опколи селото, фати неколкумина, меѓу кои и учителката Маслина Грнчарова, ги однесе во Корча, кај што беа осудени на 3 години затвор. По една година ги амнестира“. („Пандо Кљашев“, *Спомени,* 203).

[52] Откако ги дале „нужните совети“, запишал Чакаларов, заминале во горaта, каде преноќиле и претрпеле ужасен студ. (*Дневникот на војводата Васил Чакаларов,...*, 74).

[53] „Потерата се состоеше од кајмакамот, редовна војска и башибозук од околните села - вкупно 300-400 души. Калуѓерот кажал дека Загоричани е полно со комити. Потерата вториот ден вечерта замина, а ние се вративме во селото. Калуѓерот повеќе не се врати“. („Славејко Арсов“, *Спомени,* 50-51; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов,...* 74-75).

[54] Дел од сумата била распределена „меѓу окружните во внатрешноста, но поголемиот дел од ,,мис-стонките” беа искористени, како што признава и Ѓорче Петров — за борба против врховистите. Грабнувањето на мис Стон има и

Советувањето во Загоричани, одржано од 14-17 јануари 1902 година, кое Ѓорѓи Поп Христов го оквалификувал како „четничка конференција на раководителите од Костурско и Леринско“[55], претставувало круна на делчевата двомесечна турнеја низ Леринско и Костурско. За ова, меѓу другото, на 14 јануари 1902 година, Чакаларов запишал: „...вечерта свикавме општо собрание со околу 23 души. Тука откривме дека има кај селаните 13 пушки „Гра“. Избравме комисија, го подигнавме духот и доста се насрчија луѓето. Од Костур добивме известување дека од корчанскиот затвор беа ослободени 35 души кои биле обвинети заради комитетски работи предадени од Ванчо“, односно во Иванчовата провала.[56]

Покрај Делчев, на советувањето (конференција), присуствувале костурските раководители Михаил Николов[57], Лазар Поп Трајков, Лазар Москов,[58] Пандо Кљашев,[59] Кузман (Кузо) Стефов

---

добри и лоши резултати. Кон добрите треба да го вброиме и тоа, дека американската мисионерка се приврза кон идеалите, на кои што служеа нејзините грабнувачи и по ослободувањето држела во Америка конференции во полза на македонското ослободително движење. (Х. Силянов, *Освободителнитѣ борби на Македония,* I, ..., 89)

[55] Г. П. Христов..., 38.

[56] *Дневникот на војводата...*,78.

[57] „Во Загоричани најпосле пред Делчев излезе и Михаил Николов кој дотогаш се криеше во Костур“. („Пандо Кљашев“, *Спомени,* 202).

[58] Лазар Москов (1880, Д'мбени, Костурско – 3.8.1903, Вишени, Костурско), војвода и учител. Се школувал во Битолската машка гимназија и во Солунската машка гимназија „Св. Кирил и Методиј“ каде завршил во 1901 година. Таму се спријателува со К. Стефанов и Л. Поп Трајков и се приклучува на ТМОРО. Војвода е во Костурскиот реон. Најблиски соработници му се П. Христов, Л. Киселинчев, П. Кљашев и В. Чакаларов. Имал средба и со Марко Лерински и Гоце Делчев за време на неговата голема обиколка низ Македонија. Се самоубил со последниот куршум, на 3 август 1902 година во Вишени, во престрелка со турските аскер. (Б. Й. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934)*, ..., 111).

[59] Пандо Наков Кљашев (29.9.1882, с. Смрдеш, Костурско – 31.7.1907, с. Дреновени, Костурско), македонски револуционер, војвода на ТМОРО. Завршил Битолска машка гимназија (1900). Уште како ученик се приклучил кон револуционерното браттсво, а по неговото растурање се присоединува кон ТМОРО. Една година учителствува во родното село, а од летото 1901 е четник во четата на Марко Лерински. Учествува на Смилевскиот конгрес. За време на Илинденското востание бил член на Костурското горско началство. Имал повеќе судири со турскиот аскер, а заедно со В. Чакаларов и И. Попов учествува во ослободувањето на Клисура. По востанието бега во Бугарија, но повторно се враќа со чета во Костурско во 1904 година. Во 1906

(којшто бил избеган од затвор) и Васил Чакаларов, леринските раководители Андреја Кожуваров[60] и Марко Лерински, од с. Екши Су – Михаил Чеков, претставникот на Битолскиот окружен комитет Ѓорѓи Поп Христов.[61]





Кузман Стефанов (Кузо Стефов) и Лазар Поп Трајков

На советувањето присуствувале и Христо Силјанов[62] и Славејко Арсов, „кој што бил испратен да стажира при Марко за

година е избран за член на Битолскиот окружен револуционерен комитет. Загинал во борба со турската војска, на 31 јули 1907 година кај селото Дреновени. („Пандо Кљашев“, *Спомени...,* 145-261; Т. Николов, *Спомени от...,*124, 206, 208, 214, 249).

[60] Андреј Кожуваров (1879, Скопје - ?) војвода и учител. Завршил педагошко училиште во Скопје (1898). Како учител во Лерин истовремено е раководител на околискиот комитет на ТМОРО (1901-1902). Во 1902 бил уапсен и лежи во затвор во Лерин и Скопје. По излегувањето од затворот, во летото 1902 година, бил војвода на чета во Скопско. Учествува во Илинденското востание. По востанието заминува во Швајцарија и студира историја во Берн. (А. Г. Пелтеков, *Революционни...,* 219-220).

[61] Иако нема повеќе податоци за учеството на Михаил Чеков на советувањето, Ѓорѓи Поп Христов тврди дека, заедно со него и со Андреј Кожуваров, во Загоричани пристигнал и учествувал во работата на советувањето екшисујскиот раководител, учителот Михаил Чеков. (Г. П. Христов, *Революционата...,* 38-39). Веројатно по ова советување, кон крајот на јануари дошло до апсењето и затворањето на Чеков.

[62] Околу потеклото и претходната дејност на Силјанов, П. Кљашев наведува: „Бидејќи Чакаларов остана во Костурско, без негово знаење Силјанов од Битола го пратиле во Атина да ја продолжи неговата работа со пушките. Татко му на Силјанов бил охриѓанец, се оженил во Цариград за Гркинка, умрел млад. Христо со сестра си и поголемиот брат останал кај роднините на мај-

војвода“, како и претставници на костурските селски управни тела.[63] Меѓу другото, била разгледана положбата на Битолскиот револуционерен округ, а посебно местото и улогата на Организацијата во Костурско и Леринско. Освен тоа, биле потврдени, односно санкционирани новите начела што Делчев ги прокламирал претходно во Кономлади. На прво место тоа се однесувало на проширувањето на надлежностите на управните тела со придавање судски прерогативи.

Централна точка на договарање било снабдувањето со оружје, а посебно прашањето за уредување канал за пренесување оружје од Грција.[64] Во овие рамки била продолжена и специјалната мисија на Чакаларов во Грција, од каде тој ќе купува и пренесува оружје.[65] За тоа и Славејко Арсов наведува: „додека бевме во Загоричани дојдоа легалните од Битола и Лерин – Ѓорѓи Поп Христов и Кожуваров Андреј, за да се посоветуваме за оружјето“. Васил Чакаларов добил задолжение да организира канал преку Грција.[66]

---

ка си, пораснал како Грче, потоа отишол во српско училиште во Цариград и најпосле доаѓа како бугарски стипендист во 3. клас во Солун. Подоцна заедно завршивме гимназија во Битола. Една година беше учител и раководител во Прилеп, а во текот на распустот во 1901 година беше во Атина. Тогаш, немајќи искуство и немајќи ги врските што ги имаше Чакаларов, не направи ништо и се врати назад разочаран“ („Пандо Кљашев“, *Спомени,* 202).

[63] Г. П. Христов, *Револуционата...,* 31.

[64] При донесувањето на одлука за организирање канал за транспортирање на оружје, на советувањето, на 16 јануари 1902 година, реферирал за својот неодамнешен престој во Грција (во летото 1901), новодојдениот Христо Силјанов. (Х. Силяновъ, *Писма...,* 2). Пандо Кљашев во спомените наведува: „Силјанов дојде во Загоричани и ни кажа дека работата во Грција не му одела. Чакаларов му возврати дека тоа се должи на неговата неопитност. Беше одлучено Чакаларов четата да му ја остави на Москов и да замине во Грција. Тој пред да дојде имаше купено и скриено 80-тина пушки. Тие и другите што планираше да ги купи, ќе требаше ние да ги прифатиме преку канал што допрва ќе го организираме“. („Пандо Кљашев“, *Спомени,* 204).

[65] Ѓ. П. Христов се сеќава: „Конферираме неколку дена околу положбата во округот, особено за уредување на канали за набавка на оружје и за собирање на поголеми суми, кои што да се дадат на чесни доставувачи на оружје за целиот округ. Се нафати Васил Чакаларов да уреди канал за доставка на пушки од Грција. Четите се распределија по реони, откако им се наложи да го распределат оружјето и налозите за пари. Исто така се одлучи да се прават општи собранија по селата и да се избираат раководни тела, кои што ќе се задолжат да разгледуваат секакви селски расправии и дела. Да се забрани одење во турски судови и др.“ (Г. П. Христов, *Револуционата ...,* 31)

[66] Водејќи ја „грчката македонска борба“, костурскиот патријаршиски владика Германос Каравангелис наведува дека Организацијата имала „центри,

Делчев оставил упатства за четата и назначил раководители. Всушност, за подобро реализирање на натамошната санација и реорганизација на Костурската организациона мрежа[67], на Советувањето било донесено решение за прераспределба на раководните сили во Костурско.

Како раководители во Костурско останале нелегалните: Кузман Стефанов, Васил Чакаларов, Пандо Кљашев и Лазар Москов, кои што ќе одат со четата (околу 20 души), а како легален раководител во Костур останал Михаил Николов (градски учител).[68]

Пред да се разделат во Загоричани, се собрале сите, да размислат што да прават со познатиот предавник Трајан Стојанов од с. Руља.[69] Делчев зборувал долго, објаснувајќи ги последиците од дејствувањето на предавникот „и ползата ако се мине час поскоро. Се докажа дека тоа може да го направи само четата“. Така, се носи решение убиството да биде колку што е можно поефектно, ако дозволуваат околностите да се изврши јавно, во самиот град, во Костур, „за да се разбере дека е тоа народна казна. Делчев праша кој сака да се јави доброволно да ја изврши работата“. Се јавиле неколку души, но најупорен бил Ристе, родум од Лерин, од четата на Марко. Тој по секоја цена сакал нему да му биде доверена задачата.

---

агенции, во самата Атина, во Лариса, во Катерини и од тука го набавуваат и своето оружје, додека нашите спиеја. Кон крајот на 1902 година или почетокот на 1903, пристигна од Бугарија новиот војвода В. Чакаларов од Смрдеш, кој добро го знаеше теренот, со една голема сума пари, 2000 лири, за да купи оружје и да организира нови банди. Чакаларов реши да дојде самиот во Атина за купување оружје“ (Г. Каравангелис, *Македонската борба (Мемоари),* Култура, Скопје 2000, 19).

67 Во 1901 година Лазар Поп Трајков излегол од затвор и се вратил во родното село и тоа токму во времето кога Гоце Делчев бил назначен од страна на Организацијата да направи проверка на реоните и околиите во југозападниот дел на Македонија, меѓу нив и во Костурско. Лазар Поп Трајков заедно со Васил Чакаларов и Лазар Москов започнале со мисија за зацврстување на Организацијата во костурските села во услови кога неколкуте провали предизвикале голем број на апсења и затворања на членови. Во текот на 1902 година, тие повеле енергична борба против грчките андартски чети кои навлегувале во македонските села во Костурско.

68 „Славјко Арсов“, 51; „Пандо Кљашев“, 204.

69 На 27 декември „свикавме собрание со четниците, запишал Чакаларов. Им беше предложено кој од нив е решен да го убие предавникот Трајан, во Костур. Од Марковата чета се јавија тројца јунаци: Ристо од Лерин, Кице и Дине, а од костурската чета никој не се огласи....“ (*Дневникот...*73).



Михаил Николов[72]

По упорните молби, било прифатено Ристе да го убие предавникот Трајан.[70] Вооружен со два револвера и во придружба на курир Ристе бил испратен во Костур. Притоа, имал можност да го убие предавникот уште вториот ден, но не го убил бидејќи овој бил надвор од градот, а сакал да го убие токму во центарот на Костур, да биде поефектно и како поука.

Така и направил. Додека Трајан седел во анот на Дичо од Дреновени, Ристе влегол внатре и со два истрели го убил предавникот. Потоа спокојно излегол од анот и тргнал накај селото Апоскеп, по друмот. Набрзо бил стигнат од еден онбашија и убиен во престрелка. Веста за смртта на Ристе сите ги растажила.[71]

[70] Ристо (Христо) „на одење му рече на Марко дека има куќа во Лерин и дека можат да ја продадат, за комитетот. Имал и жена". („Пандо Кљашев", 203).

[71] По извршеното убиство, Ристе „...не поминал ниту еден километар од градот, а полицијата се растревожила, а еден онбашија... го стигнал Риста и со првото пукање го ранил во ногата. Ристо се заштитил, го ранил лесно онбашијата во лицето (во носот), но Турчинот при второто пукање го удрил Риста в чело и тој паднал. За случката ние разбравме уште истиот ден." („Славејко Арсов", 50). Кљашев го опишува истиот настан, при што кажува: „Почнала престрелка, пристигнал и аскерот и Христа го отепале. Го однесле во Костур, ги собраа луѓето од селата да го препознаат, но бидејќи тој беше од Лерин, од четата на Марко, никој не го позна. По 4 дена го закопаа во Апоскеп. Грците на дозволија да се закопа во градот". („Пандо Кљашев", 203). Чакаларов наведува дека „го однеле во градот полугол, го држеле да го познаат и да го прегледаат, но напразно. Го фотографирале кога беше убиен." (*Дневникоӣ на Васил Чакаларов*...75).

[72] Михаил Николов (М. Н. Розов) (25.8.1874, Бобишта, Костурско – 1.8.1934, Варна) учител и македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење и деец на ТМОРО, брат на револуционерот Манол Розов. Заедно со Лазар Поп Трајков и Кузо Стефов развива силна револуционерна дејност во своето родно Костурско. Во периодот 1900 - 1901 раководи со костурскиот комитет, а во јануари 1902, Гоце Делчев го поставил за легален член на раководното тело. Уапсен е во септември 1902 година за време на Јосифовата афера и лежи во Корчанскиот затвор до февруари 1903 година, кога е амнестиран. На Смилевскиот конгрес е избран за член на горското началство заедно со Л. Поп Трајков, М. Розов, П. Кљашев и В. Чакала-

Другиот ден по завршувањето на советувањето Делчев и Марко со Леринската чета се упатиле кон селото Зелениче, Леринско, но заради турската потера заминале за с. Ракита. Марковата чета го придружувала Делчев во Леринско до 24-25 јануари (6-7 февруари нов стил) 1902 година. Во селото Гугово (Воденско) Делчев на собир се простува од дејците на Костурскиот и Леринскиот револуционерен реон каде одржува знаменит говор.[73] Во црквата во селото Гугово, меѓу другото дошло до масовно покрстување на селаните од страна на Делчев кое оставило силен впечаток врз Леринската чета на војводата Марко, во која покрај Славејко Арсов, се наоѓале и следниве четници: Дедо Андреја (Расолкоски) од Мало Црско, Демирхисарско,[74] Дине Абдураманов[75] од П'теле, Леринско, Коце Алипашов[76] од Екши Су и Темелко Сирката од Битолско.

---

ров. Учествува во Илинденското востание. По неуспехот на востанието заминува за Бугарија, но продолжува да дејствува во ВМОРО (меѓу другото, заминал на средба со српските претставници во Белград). За време на Балканските војни извршува финансиска служба во Македонија. Како војник учествува во Првата светска војна. По војната се населил во Варна, каде што е финансиски чиновник и учествува во дејноста на тамошното македонско братство и Илинденската организација. Го помага издавањето на *Алманахот Македонија*. Во 1937 година, посмртно, се објавени неговите спомени: *Револуционерното движење во Костурско. Спомени*. (*Ил. Илинден*, 1934, бр.59, 2; Б. Й. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934)*...., 118).

73 Х. Силяновъ, „Раздѣла *(Спомен)", Македоно-одрински прѣгледъ*, София (1905), II/13, Литературно-художествена прибавка, 99-101.

74 Терминот Демир Хисар во тоа време се употребува за областа, а денешниот град Демир Хисар тогаш бил село со име Мургашево.

75 Дине (Кљусов) Абдураманов (1872, с. П'теле, Леринско – 30.6.1902, с. Крушоради, Леринско). Во револуционерното дело бил посветен уште од 1896/1897 година. Го познавал турскиот јазик. Многу придонел за снабдувањето со оружје на револуционерната организација во Леринско. По Иванчовата провала станал нелегален. Бил четник во четата на Марко Лерински. Херојски загинал во своето родно село П'теле три дена по загинувањето на војводата Марко, на 30 јуни (16 јули) 1902 година. (П. Тр., „Дине Абдураманов", Ил. *Илинденъ*, VI/21, 4. VI 1926). Според други извори, војводата Абдураманов се самоубива во борба со Турците заедно со уште тројца четници (Ване Попов од с. Неокази, Крсто Торбанов од с. Сетина и Најдо од Добровени) на 28 септември 1902. (А. Г. Пелтеков, исто, 7).

76 За Коце (Кице) Алипашов се знаат малку податоци. Бил селски полјак во Екши Су и по убиството на турски полјак, со тешка рана дошол во четата на Марко Лерински. Бил помошник на Христо Силјанов во Втората леринска чета. Добил заповед од Силјанов, заедно со Стефо Попов да го ликвидираат турскиот ќаја во П'теле, но „притоа Кице го загубил својот млад живот. Не-

Делчев уживал голем авторитет сред четниците кои го почитувале како искусен и стар работник, кој минувал низ теренот како главен ревизор. На 17 јануари 1902 година, по шест неделен престој, Делчев го напуштил Костурско и придружен од Марковата чета се префрлил во Леринско, разделувајќи се со Костурската чета. За разлика од Костурско, во Леринско Делчев имал пократкотраен престој. Заради тоа, единствено во Екши Су дошла до израз неговата организаторска способност и дејност сред народот. Сепак, не треба да се заборави дека Леринската чета полни два месеци го придружувала Делчев на теренот и имала можност да ги апсорбира неговите идеи и агитаторско-организациони способности. Затоа Леринско бил реон примарен во секој однос: работници ентузијазирани, организации стегнати, чета дисциплинирана и во полна смисла на зборот агитационо-организаторска. Токму оваа школа ја поминал и Славејко Арсов, до неговото назначување за битолски војвода.

Првото леринско село каде што престојувале било Зелениче каде, според Арсов, останале еден ден. Откако Делчев им дал одделни објаснувања на селаните, заминале кон селото Ракита (Кајларско). Тука престојот од два дена бил искористен за агитација и за собирање на селаните.[77] И Ѓорѓи Поп Христов, исто така, наведува дека откако се разделиле со костурчани, заедно со Делчев и Марко Лерински, од Загоричани заминале за Зелениче, но спротивно на Арсов тврди дека не влегле во селото заради присуството на една потера. Завртеле кон с. Ракита, Кајларско каде свикале селско собрание и го организирале селото. На самиот ден Богојавление, Поп Христов се разделил со Гоце Делчев. Тој се вратил во Битола, а Гоце со Марко и Христо Силјанов заминале за Екши Су, П'теле и оттаму за Острово, Воденско.[78]

Цела недела Леринската чета заедно со Гоце Делчев останала во Екши Су, каде организирала неколку собранија. Екши Су било големо село, со 300-400 куќи, така што не можело сите селани да се соберат само на едно собрание. Тука било формирано централното раководење, под кое биле потчинети пет-шест села.

Престојот во Екши Су, и покрај многу успешната организациска работа, сепак, завршил со предавство. Четниците биле предадени од некој непознат човек во Лерин, од каде јавиле во

---

говата глава Турците ја однесле во Суровичево како трофеј". (Д. Димески, *Аферите во Битолскиот вилает 1895-1903,* Скопје,108).

[77] „Славејко Арсов", 51-52.

[78] Г. П. Христов, *Револуционата...*, 33.

Битола, така што дошла бројна војска, кавалерија и потера. Четата едвам се извлекла од опседнатото село. Така го напуштиле Екши Су и стигнале во селото П'теле, избегнувајќи ја потерата. Од таму движејќи се по мрак, сè по железничкиот пат пристигнале во селото Острово (Воденско).

Во Острово каде покрај егзархисти имало и гркомани, исто така, организирале општи собранија. Биле повикани сите селани и освен за делото им се говорело за штетите кои произлегувале од нивните несогласувања, од раздорот. „Се поставивме на ненационалистичка почва", вели Арсов. Така со правилна агитација се успеало да бидат привлечени за делото и да се смират. Тие дури искажале жалење „за дотогашната заблуда", при што заборавиле на заедничкиот непријател, предавајќи се на меѓусебните караници.

Групата со Делчев и Марко Лерински продолжила кон селото Гугово (Воденско) каде било свикано последното општо собрание заедно со Делчев. По завршувањето на собранието, одделно на Арсов и на Марко, Делчев им дал упатства за идните дејства - како да се постапува при агитирањето, особено во мешаните села каде што имало и гркомани; „да се говори дека целта на четите не е луѓето да ги прават Бугари или Грци, туку да се ослободат од Турците, а потоа кој што сака нека биде".[79]

Наведените погледи и ставови кажуваат дека ТМОРО не го поставувала прашањето за етничката или религиозната припадност туку во нејзината програма била зацртана револуционерната борба со внатрешни сили, за автономија и ослободување на Македонија и Одринско. Автономијата се сфаќала како чекор кон политичка независност и формирање држава во која ќе може да се обезбеди процут на една модерна нација.

Така, во услови на различна етничка и црковна припадност (главно егзархисти-патријаршисти), агитацијата се прилагодувала кон конкретните услови на теренот. Во чисто егзархиските села се објаснувале лошите страни на животот, се правел кус историски поглед на турското освојување и владеење итн., при што за еден од факторите на успехот на Турците се потенцирала неслогата помеѓу луѓето на Балканот. Се давале предлози што да се прави, но главниот акцент се извлекувал преку примери кои се однесувале на животот на селаните. „На крајот се препорачуваше, вели Арсов, да се избројат должностите - односно да се пристапи

---

[79] „Славејко Арсов", 52.

кон организирање на делото. Делчев кажуваше и како да се однесува војводата кон четата, кон момчињата“. По собранието Делчев заминал во Воден, а Славејко Арсов со четата на Марко Лерински тргнале кон селото Жервени (Воденско). Тоа било последното видување меѓу Арсов и Делчев.[80]

Како четник во четата на Марко Лерински, крстарејќи низ Леринско, Кајларско и Воденско, Славејко Арсов имал можност не само да се здобие со солидни знаења и вештини за идното дејствување како војвода, туку ја имал таа ретка привилегија заедно со Делчев да учествува во најважните моменти на агитацијата, организационото зацврстување и проширување на ТМОРО, нејзиното вооружување, осознавањето на етичкиот кодекс на македонските револуционери итн.

Четата на Марко Лерински се простила со Делчев во селото Гугово, на 6 февруари 1902 година (24 јануари ст.стил). Притоа, Силјанов ги интерпретира зборовите на Делчев, кој се искажал пофално за четата: „... Јас носам најдобри впечатоци од вашиот реон, рекол Делчев. Семето, кое вие го посеавте, даде многу ветувачки резултати“.[81]

Две недели Славејко Арсов заедно со војводата Марко крстосувал по селата: Чеган (Леринско), Горничево, Баница, Росен, Борешница, Крушоради, Сетино, Пападија, Соич. Всушност, четата на Марко била во постојано движење, агитација, покрстување и проширување на Организацијата, вежбање на четниците и нивно оспособување за војводи, казнување на предавниците. Војводата Марко истите села ги обиколувал пред една година, а потоа се префрлил на западната страна, го обиколувал Вич. Во меѓувреме „духот на населението ослабнал“, се јавила непослушност спрема легалните раководители и злоупотреби. „Минувајќи сè по мрак, од село во село, вели Х. Силјанов, јас ги заборавив дури и старите познавања по географијата на Леринско, како и впечатоците од патувањето со железницата. И сега упатуван од Марко, можев донекаде да се ориентирам со четирите страни од светот и со изминатиот пат“.[82]

Слабеењето на духот на народот било поврзано и со појавата на предавници. „Ни јавија од Лерин за тоа и ни ги посочија лицата, а ние се погриживме да фатиме тројца (двајца од селото

---

[80] Исто, 51-52.

[81] Х. Силяновъ, *Писма и исповеди*..., 83

[82] Исто, 94-96.

Борешница), меѓу кои и еден учител по име Петар, еден воденичар и еден ќаја на турски чифлиг (ќајата беше шпион, другиот убиец на еден добар работник)“.

Тоа биле мигови кога врховистите засилено атакувале на ТМОРО на надворешен и на внатрешен план, време по Солунската провала од 1901 година[83] кога дошло до инфилтрација на врховистичките елементи во ЦК на ТМОРО. Притоа Битолскиот револуционерен округ останал релативно чист и речиси се претворил во крепост на ТМОРО.[84] Во овој контекст, покрај цврстината на самите кадри во Округот, своевидна улога одиграле Даме Груев кој како затвореник неполни две години во свои раце ги држел конците на Организацијата во Округот,[85] потоа престојот на Гоце Делчев во почетокот на 1902 година како и дејствувањето на четата на Марко Лерински.[86] Оваа чета, помеѓу другото, беше вистински расадник на раководни кадри кои ќе придонесат за подемот на четничкиот институт на Организацијата.

Меѓутоа, поволната состојба во Битолскиот револуционерен округ била наскоро пореметена. Во текот на февруари 1902 година пламнала т.н. Јосифова провала, првата од серијата провали што во оваа година ја затресле мрежата на ТМОРО во Битолскиот вилает.[87]

---

[83] Провалата започнала на 23 јануари 1901 година кога османлиската полиција во Солун успеала да открие траги на ТМОРО. Оваа провала била најголема по обем од сите претходни и оставила најдалекусежни последици за Организацијата. Уште во првиот момент со провалата биле зафатени: Струмичко, Гевгелиско, Стар Дојран, Кукуш, Велешко,Еницевардарско и Тиквешко. Во текот на истрагата османските власти уапсиле 188 души во цела Македонија, а осудиле 101 лице од кои девет на смрт. Меѓу осудените се нашле и членовите на ЦК. Поради тоа раководството на Организацијата го презел Иван Гарванов – поранешен противник на Организацијата. Тоа се покажало како штетно за македонското ослободително дело. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 81-86)

[84] Во Битолскиот вилает, исто така, четите имале развиено најдобра агитационо-организаторска дејност и набрзо револуционерните реони во вилаетот се покажале најдобро подготвени во организационен и воен поглед (К. Пандев, *Националноосвободителнотo движение в Македония и Одринско 1878-1903*, София 2000, 210; *Революционната борба в Битолския окръг, Спомени от Георги П. Христов*, София 1953, 37-38).

[85] *Историја на македонскиот народ*, т. II, Скопје 1969, 196; Х. Силяновъ, *Освободителнитѣ ...*, т. I, 111.

[86] Х. Силяновъ, исто, 131.

[87] Јосифовата провала настанала заради непретпазливост на четата на Стојан Донски. Во преземените потери биле уапсени повеќе членови на Организа-

Јосифовата провала настанала сосема случајно иако се смета дека посредно нејзе ѝ кумувала Битолската револуционерна чета предводена од Стојан Донски,[88] која била мошне непретпазлива во движењето на теренот, така што за неа набрзо дознале османлиските власти. Четата на Донски успеала навреме да се засолни од потерата.[89] Но, во тие денови (3/16 февруари 1902 година) сосема случајно, заради опожарување на една плевна во селото Долно Егри, сопственикот Петар сомневајќи се дека потпалувачот е неговиот брат го накажал кај турскиот ќаја дека одржува врски со комити. Во текот на истрагата властите стигнале и до Јосиф Петков од Жабјани, Битолско.[90] Поаѓајќи од неговите дото-

---

цијата, меѓу кои и Јосиф Петков од с. Жабјани, Битолско. Јосиф не можел да ги издржи ужасните тортури на кои бил изложен така што предал многу тајни на Организацијата. Јосиф Петков бил запознат со каналот за пренесување на оружје од Грција. Тој контактирал со куририте и пренесувачите на оружје, како и со некои раководители на Организацијата во Округот. Меѓу другото, тој ги предал леринските курири Тане, Ѕоле и Димитар од с. Пополжани, Леринско, како и крушевскиот курир и доставувач на оружје Никола (Кола) Михајлов. Двајцата курири од Леринско биле уапсени на 18 февруари ст. стил/3 март нов стил 1902 година. (*Точенъ списъкъ на политически затворници в Битолския затворъ,* „Право”, II/30 (38), София, 6.IX.1902, 2).

[88] Стојан Донски (Битуша, Реканско, 1869 – Горно Ѓуѓанци, Кратовско, 1904), револуционер и војвода. Ташко Арсов во своите спомени наведува дека Донски бил од Кичевско, додека Ѓ. Поп Христов кажува дека бил од Битуша (Битолско). Учествувал во „Мелничкото востание“ (1895) и бил затворен во затворот Дијар Бекир. По амнестијата се вратил во Македонија и станал четник во четата на Никола Геројски. Кусо време бил во чета која дејствувала под команда од Србија, а потоа бил покрстен и стнал член на ТМОРО и Битолски околиски војвода. Учествувал во Илинденското востание. По востанието, во 1904 година, загинал во борба со турскиот аскер, кај селото Горно Ѓуѓанци, заедно со војводата Славејко Арсов. (Т. Арсов, *Записки,* Студентски збор, Скопје 1983, 16; *Македония,* София, бр. 16, 19-21).

[89] Во летото 1901 година С. Донски, кој што неодамна се вратил од Србија, на инсистирање од Д. Груев бил придобиен за делото од страна на Ѓ. П. Христов. При немање на погодна личност за војвода, во есента 1901 година, Стојан Донски бил назначен за привремен војвода на новоформираната Битолска чета на Организацијата. По разгорувањето на Јосифовата провала, Стојан Донски со четата, преку Пелистер, дошол во Ресенско. Кусо време потоа ја напуштил четата и со двајца другари се префрлил во Кичевско. Но, и таму не останал долго. Откако убил 2-3 Турци, пребегал во Србија. (Д. Димески, *Јосифовата провала во 1902 година,* Годишник на Филозофскиот факултет, Скопје 1973, 176; *РеволОционната борба в Битолския окръг, Спомени от Георги П. Христов,* ..., 35-36.).

[90] Јосиф Петков бил роден во с. Жабјани, но се преселил во Битола. Своевремено делувал во терористичката група на Нечо Егренец. Меѓутоа, станал поз-

гашни заслуги за Организацијата, никој не се посомневал во неговата цврстина. Но, не можејќи да ги издржи измачувањата, Јосиф направил огромно предавство на многу организациони тајни кое што ги изненадило и самите иследувачи.

Османлиската полиција одлучила извесно време да биде пасивна, создавајќи привид дека Јосиф не извршил предавство и чекајќи погоден момент за апсења во градовите.[91] Меѓутоа, се започнало дискретно со апсења во селата, така што за две недели биле уапсени околу 25 работници на Организацијата.[92]

Главната акција на османлиската полиција почнала на 19 февруари (4 март. н. стил) 1902 година со блокада на школите и кафеаните во Битола.[93] Некои од проваленените лица, кои полицијата не ги познавала, како на пример Ѓорѓи Сугарев, успеале да ги избегнат апсењата и преминале во илегалност. Но, за жал, меѓу затворените бил и Ѓорѓи Поп Христов кој тогаш работел како учител во училиштето во битолското Јени Маало,[94] како и Ѓорѓи Пешков,[95] чија вистинска улога била тогаш откриена, и двајцата

---

нат како курир на Организацијата, а кон крајот на 1901 година му бил курир на Делчев на релацијата Битола-Леринско. (Димески Д., *Јосифоваѿа ӣровала...*, 178; *РеволОционнаѿа борба в Биѿолския окрьī,...*, 41).

[91] Верувајќи дека не се предадени, припадниците на Организацијата почнале да излегуваат од своите засолништа. Освен во Битола, рација била спроведена и во некои села од Битолската и Леринската каза, како и во градовите Крушево и Лерин. Во Лерин биле затворени: М. Николов, А. Кожуваров, раководител на Леринската организација и Коле Михаилов, крушевскиот пренесувач на оружје. Коле не успеал да ги издржи тортурите на кои бил подложен и како резултат на неговото предавство, до средината на март 1902 година биле затворени повеќе лица. (Д. Димески, исто; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 88).

[92] Покрај апсењата, селото Брешани набрзо било изложено на теророт на познатите разбојници Адем и Љуман. Иако овие разбојници биле осудени за нивните злодела, тие не само што не биле затворени, туку без никаков страв вршеле насилства над населението, а власите не преземале ништо за да се спречи насилството („Двама ненаказани разбойници“, *Дело*, I/9, София, 8 март 1902, 4).

[93] *Ареси въ Биѿоля* (гр. Битоля, 6 март), „Дело”, I/10-11, София, 18 мартѣ 1902, 4.

[94] На местото на затворениот Поп Христов, по една недела за учителка била назначена г-ѓа Василка Типева, додека, пак, на местото на Ѓ. Сугарев бил назначен Лука Церов. (ДАРМ, ф. Пелагонийска българска митрополия, к-II. 1902, Дело 2, АЕ 1, 36-37)

[95] Ѓ. Пешков всушност бил затворен пред Јосифовата провала заради придружувањето на Делчев. Сепак, во оваа провала тој бил целосно разоткриен пред османлиската власт. Оттаму резултира изрекувањето на смртна казна. На

членови на Битолскиот окружен комитет. Осудените биле ослободени со општата амнестија на политичките затвореници во почетокот на 1903 година.

Последиците од Јосифовата провала биле доста тешки со оглед на територијата што ја зафатила, бројот на затворените и осудените лица,[96] тежината на казните, разоткриениот канал за пренесување на оружје, стагнацијата во вооружувањето на населението итн., кое сумарно ѝ задало тежок удар на ТМОРО. Сепак, најтежок удар на Организацијата бил зададен со затворањето на членовите на Окружниот комитет на ТМОРО Ѓ. П. Христов и Ѓ. Пешков, како и преминувањето во илегалност на секретарот на Окружниот комитет Ѓ. Сугарев. Десеткувањето на Окружниот комитет коинцидира со доаѓањето на Лозанчев на кормилото на Организацијата во Вториот револуционерен округ, со што курсот на Организацијата во Округот се свртел кон драматичен расплет.[97] И конечно, по спроведувањето на Даме Груев за Подрум Кале на 22 мај ст. стил/4 јуни нов стил 1902 година, патот на самоволни амбициозни постапки на Лозанчева бил наполно чист.[98]

Во меѓувреме, додека се одвивала Јосифовата провала, по налог на Леринскиот околиски комитет на ТМОРО, четата на Марко Лерински осудила и егзекутирала двајца организациони работници кои ги прекршиле правилата на Организацијата. Ликвидирани биле: Црвенков - учител од с. Борешница и раководител на Организацијата во тоа село и Петар Бардакот, воденичар од с. Неокази. Споменативе двајца биле обвинети за препродажба на организациони пушки, за проневера на организациони пари и за

смрт исто така, покрај Пешков, биле осудени и Ѓорѓи Поп Христов, Ристе Каранфилов, Филип Терзиев, Јане Скаев и Никола Скаев. (Г. П. Христов, исто, 38-43).

[96] Јосифовата провала засегнала три града: Битола, Лерин и Крушево и 14 села, меѓу кои: Долно Егри, Букри, Барешани, Жабјани, Градешница, Журче, Бела Црква, Пополжани, Асаново, Лесковец, Росен, Арменор, Секулово и Борешница, а во затвор паднале близу 70 лица (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 89)

[97] Останувајќи без контрола, оптоварен со опортунизам, Лозанчев бил мошне толерантен спрема врховистичките активности. Така, кога во август 1902 година полковникот Јанков стасал во Југозападна Македонија, Анастас Лозанчев не само што не мислел да го прогонува со оружје, туку се обидел да го привлече во служба на Организацијата. Така во Битолскиот округ лесно можеле да добијат места за себе поединци офицери од групата на Сарафов па и самиот Сарафов. (М. Пандевски, *Илинденскошо восшание во Македонија 1903,* Скопје 1978, 126).

[98] Д. Димески, *Јосифоваша...*, 183.

ликвидирање на Ване од с. Неокази кој бил член на ТМОРО. Третиот обвинет, дедо Јанаки од с. Борешница, бил ослободен од обвинението. Егзекуцијата ја извршиле Кице Алипашов и Славејко Арсов, во втората половина на февруари 1902 година над с. Попадија, во полите на Нице Планина.[99]

Фатените предавници четата ги однела на планината Нице, во Попадиските Трла, влечејќи ги по снегот во исцрпувачки марш. Таму им суделе, при што се покажало дека обвинетиот дедо Јанаки како предавник бил невин, бидејќи докажал дека не ја сноси вината за која го терете. За другите двајца се потврдило дека биле „самоволни злосторници и убијци" кои ги признале своите прекршоци. Пресудата била прочитана пред 20-на селани од селото Попадија. Според С. Арсов казнета е спроведена кај месноста - Маркови Кули. Попадијци препорачале за место на егзекуцијата да биде местото Овчарова дупка,[100] подземна јама, без излез, „со отвор широк колку да се спушти внатре човек".[101]

Казнетиот учител Петар бил раководител на две до три села - Неокази, Борешница и Арменово, а учителствувал во селото Борешница. Притоа, „некој работник му пречел во самоволијата и тој со воденичарот решил да го отстрани". Така бил убиен Ване од Неокази за кој сведоците кажале дека бил „чудо од човек... најчесниот... најнародниот човек во Неокази". Ване ги предупредувал своите убијци дека „тргнале по лош пат, дека народната пара ја гори раката на тој кој што ја краде, дека Организацијата кога и да е ќе им го најде крајот".[102] Откако била посведочена и се утврдила вината на учителот, војводата Марко заповедал: „Е, сега даскал даскалот ќе го коле!", барајќи од Христо Силјанов да ја спроведе казната. Силјанов се покажал немоќен да го ликвидира убиецот, а и казнетиот барал пресудата да ја изврши некој друг, „поиску-

[99] Х. Силяновъ, *Писма и изпов?ди...*, 77-81.

[100] „Славејко Арсов", 53.

[101] „Макар и во недрата на Балканот, Марко реши егзекуцијата да се изврши не со куршум, туку со нож, да не се дига никаков шум" (Х. Силяновъ, исто, 125).

[102] За време на судењето, војводата Марко им се обратил на престапниците: „Ние сите кога се колневме, кажавме: ако не работам чесно, ако издадам нешто или ако со нешто и наштетам на организацијата, или се покажам непослушен кон началството, да бидам убиен со оружјето, кое го бакнувам. Тие луѓе не само што ограбувале народни пари, го лажеле началството и биле непослушни, туку уште го убиле и најнародниот човек... Тие уште вечерва ќе бидат казнети со смрт... Тоа го чека секого од нас, кој што ќе ја прекрши дадената заклетва..." (Исто).

сен", „за да не се мачи многу". Тогаш дошол ред на другиот учител – Славејко Арсов. „Славко ги запрегна ракавите на црвениот џамадан, мислиш му претстоеше да заколе кокошка, и се вооружа со Кицевиот нож, секогаш наточен како брич", кој веќе бил натопен со крвта на претходно убиениот Бардак. Славејко без поговор ја извршил наредбата за ликвидирање на учителот кој убил заради лични интереси еден посветен член и работник на ТМОРО.[103] На овој начин, со соодветни казни, Организацијата докажувала дека нема да ги штеди и своите луѓе кога ќе бидат докажани нивните намерни престапи и недолично однесување. „Секогаш имаше испитување, проверка на информациите и по сѐ се донесуваше и се извршуваше пресудата", вели Арсов.[104]

Набрзо по исчезнувањето на Петар Бардакот, властите започнале со истрага и претреси, со што десетина од највeрните приврзаници на Организацијата, пред опасноста да бидат откриени решиле да избегаат од местото каде живееле. Тоа овозможило, до средината на март 1902 година, двојно да се зголеми четата на Марко Лерински. Така дошло до создавање на две чети: едната чета предводена од Марко требало да дејствува во јужниот дел на Леринското поле и северните падини на планината Вич, а втората чета, предводена од дедо Андреја го опфаќала горниот дел на Леринското поле и планината Ниџе.[105] Нешто подоцна за војвода на Втората леринска чета бил назначен Христо Силјанов.[106]

Во меѓувреме, Славејко Арсов се разделил со војводата Марко во селото Соич, во февруари 1902 година. Христо Силјанов во своите исповеди, на 11 февруари, во Добровени запишал дека претходните две недели неговиот другар Славко бил многу вознемирен. „Окружниот комитет го токмеше за војвода во Ресенско. И тој веќе би заминал одамна, но Марко се противеше – сакаше да го задржи уште некое време при себе си". Притоа неопределениот статус, „ни тука, ни таму – го исцрпи трпението на другар ми и тој вчера настојуваше да замине истата вечер. Марко се раздразни и замолкна во своето ќоше. Заедно со Славко претстоеше да замине како постар четник и Темелко. Тој и неговите цариградски другари Кице и Дине Кљусов останаа во нашето сместување, за да го поминат последниот ден заедно". [107]

---

[103] Х. Силяновъ, исто, 125-127.

[104] „Славејко Арсов",..., 53.

[105] Х. Силяновъ, исто, 102-103.

[106] Исто, 120-124, 139.

[107] Исто, 139.

Славејко Арсов немал никаква дилема ниту резерви во однос на прифаќањето на предложеното место. Бил нестрплив и се радувал што ќе замине за војвода. Х. Силјанов учествувал во неговата радост, иако „ризикувал да го загуби најблискиот другар“ од кого што во првите дена на четништвото можел, без да се вознемирува, да прима совети и услуги. Всушност, со преземањето на војводските позиции на повеќе учители во овој период, се разбивала легендата, дека учителите воопшто биле меки и тешко приспособливи кон четничкиот живот. За тоа посебен пример бил Методија Патчев кој, исто така, ја поминал четничката школа на Марко Лерински. Сепак Марко покажувал извесни резерви кон Славејко Арсов заради неговата пргавост и особина да пребрзува во некои ситуации и затоа настојувал уште малку да го задржи кај себе. Но, и покрај тоа, Славејко бил „посветен, чеснољубив, жеден за работа и ќе стане добар војвода и добар нелегален началник на реон – неспоредливо подобар од претставниците на арамиското време, кои на крајот на краиштата ќе си останат прости, своеволни, неизлечиви од некои свои стари навики“.[108]

Опишувајќи го искуството на четувањето кај Марко, Христо Силјанов дава описи и на карактерите и на надворешниот изглед на четниците. Особен впечаток кај него и кај другите четници оставал самиот изглед на Славејко Арсов како и неговите култивирани градски навики, од кои тој не се откажувал дури ни при тешките походи низ планините и селата. Така Силјанов запишал: „Славко, Темелко и дедо Андреја носат северно-албанска, гегаліска облека, а јас и Марко – панталони и куртка. Славко не е само убавецот, но и чистотникот на нашата чета. Тој си има ароматичен сапун, огледалце, чешел, убав голем пешкир, дури и четка за заби – сите грижливо стокмени во неговиот ранец. И секој ден наоѓа време и возможност да се насапуни. Грижата околу тоалетата, често предизвикува закачки од другарите, но Славко одвраќа ‘Кога имам можност, зошто да не се мијам?’ Тој не дава на гадинките да се размножуваат и секој ден ги уништува и чисти“.[109]

При разделбата со својот другар Христо, Славко барал да ги разменат облеките во знак на пријателство и за спомен. Така Христо ја облекол чистата облека на Славко, со надеж дека овој набрзо ќе ги испере неговите замастени од нечистотија алишта. Вечерта, кога кај нив се собрале сите другари за да се простат со

[108] Исто, 139-140.

[109] Исто, 94-96.

двајцата патници, биле изненадени и се засмеале кога го виделе Христо облечен во чистата арнаутска облека на Славејко. [110]

При разделбата помеѓу Славејко Арсов и Марко Лерински се случил еден мал инцидент, а се однесувал на пушката што како четник ја носел Арсов и кон која бил многу приврзан. Имено, Силјанов кажува дека Марко цел дел молчел, не разменил ни збор, „не го погледна дури ни нашиот патник“. На тргање тој предложил Славко да ја остави пушката, бидејќи била сопственост на еден работник од Костурско, и да си избере друга помеѓу неколкуте комитски пушки, кои се наоѓале во Добровени. Но „Славко се беше приврзал кон својата долга грчка пушка. Цевката и машинката секогаш ѝ светеа од чистота, блескаше дури и кундакот. Не сакаше да се раздели од неа“. И Славко, како и другите момчиња сраснал со илузијата, дека пушката, грижливо чувана и чистена од него, е поубава, поубоита и ќе му служи кога ќе затреба подобро од секоја друга. Затоа замолил да му биде оставена таа пушка. Марко бил непоколеблив, настојувајќи Славејко да земе друга пушка, но овој не ја послушал последната заповед на својот дотогашен војвода. Ја фрлил пушката и решил да замине за Битола, вооружен само со револвер.[111]

И покрај непријатната сцена, другарите излегле надвор и го испратиле Славејко. Само војводата Марко останал внатре и тие се разделиле без последен поздрав.[112]

Така, додека Марко останал во својот реон[113] - Леринскиот, Славејко Арсов „со две момчиња, по препораката на окружното ра-

---

[110] Силјанов запишал: „Веднаш се соблековме двајцата. Јас во миг се претворив во Арнаутин-гега, го наврев на главата црниот Славков калпак и се опашав со неговиот нож. Тој ја надена мојата војничка блуза. Надвор од ценетиот спомен јас спечалив не само поздрава и поодржана – но кое беше поважно за мене – и совршено чиста облека без било какви паразити. Славко оди во Битола и таму може лесно да се промени и исчисти“. (Исто, 140-141).

[111] На таквата постапка „Марко позелене, но не одговори ништо“. Сите четници ја гледале „со стегнато срце“ таа непријатна сцена. „Посакав да се ставам во полза на другар ми. На негова страна, знаев, беа и другите момчиња. Но, не го сторив тоа. За прв пат заповедништвото и суровоста на Марко ме прободеа со ледени игли. Зошто тој не удоволи еден безопасен каприц на нашиот Славко, токму сега, на разделба?“ (Исто, 141-142).

[112] Исто, 142.

[113] Иако е идеализиран од страната на Христо Силјанов, Марко Лерински според Ангел Динев направил и некои фатални грешки, како, на пример во однос на казнувањето за одмазда на селаните од П’теле каде што и самиот бил убиен од турскиот аскер. (А. Динев, *Илинденската епопеја, развојот на*

ководно тело, кое беше во Битола“, заминал во Битолско каде бил назначен за војвода во Битолскиот реон.[114]

За тоа Ѓорѓи Поп Христов запишал: „Ѓорѓи Сугарев организира чета заедно со четата на Славко Арсов, кој што беше дошол скоро од Леринско, па заедно да го обиколуваат и организираат Битолско и Демирхисарско. Набрзо Славко Арсов се префрли со својата чета за титуларен војвода во Ресенско, а Ѓорѓи Сугарев остана за Битолско“.[115]

---

*македонското ослободително движење,* приредил В. Картов, книга I, Мисла, Скопје 1987, 193-195).

114 „Славејко Арсов“, 53.

115 „Јас, пак, вели Ѓ. Поп Христов, бев здраво накажан од предавникот Јосиф и други, кои беа посочени од него. Тие излегоа посилни во предавството, особено Никола Влашето од Крушево. Кога го извадија пред мене на соочување, кажуваше се што знаеше и дури кој му ја дал клетвата. Расправаше дека сум му дал пари да купува и носи пушки од Грција заедно со Тего Туџаров од Крушево и дека сум му ги броел парите во анот на браќата Скаеви на Ат Пазар. Дека сме купиле специјален коњ за пренесување на оружјето и тн. И други ме набедиле, но не предаваа толку смело како Никола и Јосиф. Јас, се разбира, ги негирав и ги отфрлав нивните кажувања, но во една таква положба кој може да ти верува дека си прав?“ (Г. П. Христов, *Револуционата...* 35.)

# Славејко Арсов како војвода во Битолско

Неколкумесечната Делчева ревизија на одделни реони во Битолскиот (Вториот) револуционерен округ, дала плодотворни резултати во омасовувањето на ТМОРО и нејзиното зацврстување. Истовремено, четниците кои заедно со Делчев го обиколувале теренот, учеле од него како да се спроведува агитацијата, како да се јакне револуционерниот дух на населението и како да се насочи неговата севкупна материјална и духовна сила за реализација на револуционерните цели. Бистриот и интелигентен Славејко Арсов усвоил многу од практичното дејствување на Делчев на теренот и ги применувал во својата натамошна дејност, особено подоцна како ресенски војвода, во рамките на подготовките за Илинденското востание.

Славејко Арсов бил назначен за војвода во Битолскиот револуционерен округ (началник на организациона чета) во февруари 1902 година.[1] Независно од Јосифовата провала, Арсов како битолски војвода веднаш почнал со работа, обиколувајќи ги селата кои не биле засегнати со засилените акции на османлиската полиција. Во неговото крстарење на битолскиот терен, тој ги посетува: Брод, Логоради, Могила, Трн, Кукуречани, Кочишта, Рамна, Лера, Цапари, Ѓавато и Смилево. На 9 март бил во Смилево. Овие села претходно ги обиколувале и други организациски луѓе, како четата на Донски кој непосредно пред доаѓањето на Арсов, „со 20-ина души го напуштил Битолско, и се префрлил во Ресен“.[2]

При обиколката на Ресенско, Арсов констатирал дека тука Организацијата била „организирана според стариот систем“. Така, во секое село имало десетари, на 10-15 куќи кои се грижеле да собираат членски влогови, да го собираат народот на собрание кога ќе дојде четата и да испраќаат писма преку курири. Така, тој се зафатил во тие села да го воведе новиот ред во организирањето кој се состоел во тоа што во секое село требало да има раководно тело од четири-пет души; на секои десет до дванаесет души по еден десетар со поширока дејност. Старите десетари имале право да го следат однесувањето на секој работник посебно и сл. На но-

---

[1] *Духътъ на Македония*,...106.

[2] „Славејко Арсов“, 54.

вото раководно тело му се давала можност - „власт да определува кој може да купи со свои пари оружје (пушка, ремен, патрони), да ги одредува членските влогови, да разрешува ситни расправии меѓу работниците, во улога на 'мало судилиште'". Меѓу другото, воведувајќи го новиот систем на управување во Организацијата, Славејко ја спроведувал забраната за неполезно трошење на парите од страна на населението, кое подоцна, многу систематски ќе го спроведе и како ресенски војвода.



Ресен во почетокот на XX век

Всушност, четите во Битолско, Ресенско, Охридско, и на други места, во согласност со селските раководни тела, повеле борба против скапите накити по селските носии, против златните низалки, против црвилото, против обичајот да се раздаваат на Задушница во црква излишни јадења,[3] да се колат овни и да се прават скапи раздавања при смрт или пак да се прават многудневни и скапи свадбени гозби.[4] Организациските тела насекаде биле задолжени да го следат почитувањето на овие мерки. Целта на ваквите барања, пред сè, била да се соберат доволно пари за купува-

[3] „Со една заповед се прекратија сосема (тие обичаи) откако се востанови да се раздава само жито (во еден тањир) просфора за свештеникот и зејтин со свеќи за црквата". („Славејко Арсов", исто).

[4] Биле забранети непотребните накити на облеката, „како на пример, големите женски волнени појаси (тешки до 15 оки), потоа скапите вратници, гердани со алтани, монистра, скапи везови на кошулите - се со цел да се намалат трошоците во секое семејство". (Х. Силяновъ, *Освободителнитѣ борби на Македония,* I, 104-105).

ње пушки. Во овие рамки, исто така, бил намален и откупот што момчето го давало на таткото на момата и тоа од 15-25 лири, на - најмногу две до пет лири. Било одредено свадбата - наместо три, да трае еден ден. „Се намалија и службите кои во секоја куќа се правеа по еднаш или двапати, од три на еден ден. Се забрани пијанството, за да не се кажуваат тајните во пијана состојба, како и да не се трошат непотребно пари. Раководните тела беа задолжени да внимаваат да нема кражби, потпалувања, блуд, тепачки“.[5]

Сите овие промени кои барале поголема дисциплина и самотокажување биле одлика на новиот систем на управување на Организацијата. Десетарите добиле наредби да бдеат за сѐ во своите делови (маала) и да го информираат раководното тело, кое пак, од своја страна, било должно да ја информира четата, за поважни и итни работи писмено, а инаку усно, кога ќе дојде четата. Секој работник, откако ќе се заколнел, бил должен да му се покорува на раководното тело со посредство на десетарот. Раководното тело се избирало на општо селско собрание на кое биле должни да присуствуваат сите, од 20 до 70-годишна возраст. Истовремено им се наложувало на покрстените дека секој треба да си купи пушка и дека средства за истата треба да обезбедат од продавање на накитот или да не се трошат пари за купување накит.[6]

Обиколувајќи ги селата низ Битолскиот реон, во текот на март и април 1902 година, Арсов открил дека, во повеќето случаи, селаните ги чуваат закопани пушките, а не знаеле ни да ги чистат. За четник и војвода кој секогаш бил уреден, а неговото оружје блескало, тоа претставувало неодговорен однос кон Организацијата. Затоа, им забранил да ги закопуваат пушките и им наложил редовно да ги чистат. Исто така, Арсов вовел задолжително правило кога во селото доаѓала четата сите кои имале пушки или некое друго оружје со него да се јават пред четата. Во таа прилика се правела еден вид смотра, се покажувал начинот како да се чисти и како да се чува оружјето. Целта на ваквите собири со оружјето била да се разбуди желбата кај оние кои немале оружје да купат и да се охрабрат да го носат оружјето. Дотогаш се стеснувале да чуваат оружје, особено пред домашните. Но, штом се разбрало дека пред четата треба да се покажат со оружје, резервите од страна на домашните и на оние кои немале оружје, исчезнале. Тоа била првата фаза во реформирањето на животот и

[5] „Славејко Арсов“, 54.

[6] „Од накитот прво се отфрли среброто - гердани, гривни, пари - зашиени на облеката и сл. И многу од тој накит се продаде.“ (Исто, 54-55).

користа од Организацијата. Во Костурско таа фаза била завршена. Во Смилево веќе имале околу 60 пушки (од системот гра и мартинки) и знаеле да ги употребуваат, дури имале научено - и со задоволство го ползувале - да ги држат пушките пред себе - *за почесш.*

До доаѓањето на Славејко Арсов во Смилево, на 9 март 1902 година, според неговите искази, не било одржано општо собрание. Покрстувањето на работниците било поединечно и било тајна – се криеле еден од друг, така што меѓусебно не се знаеле. Арсов им предложил да се соберат заедно и тие по многу премислувања се согласиле, бидејќи не можеле „да се спротивстават на силата на четата“. Со оваа постапка, Арсов сакал да им каже дека е време да престанат да се кријат едни од други, дека треба јавно да се соберат и „дека ќе биде тоа што ќе биде“. Така, по наредба на војводата, селските раководители се согласиле и собрале 150 души во црквата. Дошле сите кои поседувале оружје. Свештениците, облечени во одежди, го отвориле олтарот. „Кога влегов јас во црквата, се сеќава Арсов, работниците беа наредени во шпалир и еден викна - *мирно, за почесш!* и сите - 60 пушки - ги ставија пред себе. Тоа ми остави силен впечаток. И сега не знам кој ги научил тогаш да поздравуваат *за почесш*".[7]

Во црквата во Смилево, Арсов одржал долг говор, зборувајќи повеќе од четири часа. Вооружените селани за првпат биле собрани в црква. Дотогаш сите чувствувале „еден товар – болките“, но не смееле да ги искажат јавно. Така, војводата им објаснил дека пресвртот е неопходен за да се подобри состојбата и дека пред сè, треба да веруваат во самите себе.[8]

Зборувајќи убедливо и со верба во секој збор, војводата им предложил на смилевчани да се изјаснат дали се согласни дека треба нешто да се направи за да се подобри состојбата. Одговорот бил дека се согласни да живеат меѓу себе братски, сложно и сл. Тогаш се заколнале сите оние кои дотогаш не ја земале клетвата на Организацијата. „Тие се одделија на страна“, вели Арсов. „Момчињата се наредија во шпалир, со пушките. Се симнуваат фесовите. Клетва: војводата излегува напред и стои, свртен кон исток,

---

[7] „Славјко Арсов“, 56.

[8] „Ме прашаа, раскажува Арсов, дали ќе можеме пресвртот да го направиме сами. Им одговорив дека можеби сами нема да можеме, ама и на готово да чекаме нема да се случи, а ние треба да предизвикаме туѓа помош. Треба да ги засегнеме интересите на другите држави, за да го свртат вниманието кон нас и сл. Треба, пред сè, да веруваме во себеси“. (Исто).

прави крст од две пушки, или сабји, а друг до него држи причесна или евангелие; во шпалирот стои еден дел од оние кои ќе дадат клетва. Едно од момчињата командува 'за почест', и војводата ја кажува клетвата, а тие повторуваат: 'Се колнеме во името на Бога, верата и честа, дека отсега ќе служиме колку што можеме за слобода на нашата татковина *Македонија и Одринско;* ќе ги слушаме наредбите на нашите главатари; нема никому да ги кажеме скришните народни работи. Ако не ги слушаме наредбите на нашите главатари и ако некому, свесно или несвесно, кажеме за она што сега го гледаме, што го слушаме и што ќе го работиме да бидеме убиени од браќата со оружјето што сега го целиваме'". По клетвата следувало „честито!" на сите покрстени. Мнозина во текот на клетвата трепереле од возбуда, некои биле исплашени од церемонијата и автоматски ги повторувале зборовите на војводата. По дадената клетва, Арсов им го објаснувал подетално значењето на заклетвата, кои се главатари, што значи „верата, честа и Бога", зошто се давала таква можност „кој колку може" и сл. Им објаснувал што означува „татковина наша Македонија и Одринско" и дека треба заедно, со здружени сили да работат за ослободување од османлиското владеење. [9]

Откако била објаснета клетвата, се пристапило кон избирање *раководно тело.* Зборувајќи за потребата од раководно тело, војводата Арсов им препорачал за членови на раководното тело, да не избираат само богати или само сиромашни, туку повеќето да бидат чесни и „да не се постари од 45-50 години, да не се срамежливи или плашливи". Така, по мала агитација веднаш по собранието бил извршен изборот на раководното тело.

Во некои случаи, при изборот на раководните тела низ селата, војводата посочувал да влезат учителот или свештеникот. Раководното тело се состоело од три до шест души, а поретко само двајца. Сите членови биле еднакви меѓу себе и тие избирале касиер од рамките на својот состав. Касиерот ги предавал сметките само на четата. Селаните немале право да ги гледаат сметките, но пред нив можела да се гледа сметката од четата, за да им се влее доверба. Раководното тело имало право да избере десетари кои му биле потчинети. Од друга страна, раководното тело имало повеќе задолженија кон четата. Четата му го соопштувала на раководното тело тоа што треба од некое друго село, барала курир, потоа стража за пречек на четата или кога четата само минувала

[9] Исто, 56-57.

покрај селото. На раководното тело му се порачувало да одбере соби и храна за четата, се грижело за свикување општо собрание, сметките ѝ ги доставувало на четата на која исто така ѝ давало информации за сè што се случило во селото. На ваков начин, преку четата и раководното тело, Организацијата имала увид во секое село и можности да го шири своето влијание и мрежа, создавајќи држава во држава. Во тоа всушност се состоела агитацијата и организациската дејност што Славејко Арсов ја спроведувал по селата во Битолско во март и април 1902 година.[10]

Покрај секојдневното крстосување и организирање на селата, Славејко Арсов добивал доста деликатни и сложени задачи, пред сè во врска со иследувања и казнувања на оние кои ги прекршиле или погазиле принципите на Организацијата и се огрешиле кон народот. Во овие рамки, во пролетта 1902 година Битолското окружно раководство писмено му наредило на Славејко Арсов, како битолски војвода, да замине со четата во Демир Хисарско за да го ликвидира тамошниот војвода Јордан Пиперката.[11] Мотивот бил: пијанство, навреди, физички пресметки со одделни личности, нешто како непослушност кон окружното раководно тело. Јордан Пиперката, родум од селото Козница (Кичевско) беше војвода на Демирхисарската чета. „Човекот неграмотен, на околу 30 години, бивш ајдутин, во Организацијата влегол прво како терорист со мала чета, која подоцна се оформи во агитациона чета“[12].

---

[10] Исто, 57-58.

[11] Јордан Пиперката (Ј. Ангелов Сиљанов) (23.6.1870, Козица, Кичевско – 10.8.1903, с. Цер, Кичевско) учесник во македонското револуционерно движење, член и војвода на МРО. Рано заминал на печалба во Софија. Таму работел како фурнациja. Во Софија се запознал со поранешни ајдути, доброволци и учесници во македонските востанија од времето на Источната криза. Учествувал во т.н. Мелничко востание. Во 1897 година Пиперката пристигнал во Кичевско, станувајќи четник во првата организациона чета на војводата Дуко Тасев во Кичевско. Убиството на Муарем-бег во кое учествувал и Јордан Пиперката, го принудило да ја напушти Македонија и повторно да замине во Бугарија. Одличен стратег, природно надарен и вооружен со умствени способности, иако неук, Јордан станал страв и трепет за турските власти. Во 1901 година бил комита во четата на Никола Петров Русински, а истата година бил именуван за војвода на Демирхисарскиот реон. Дејствувал и во Кичевско и Крушевско. Учествувал на Смилевскиот конгрес и се борел во Илинденското востание. Се самоубива на 10.8.1903 година, ранет во борба со турскиот аскер. (А. Д. „Йорданъ Пиперката“, *Илинденъ*, VI/38 (20.10.1926); З. Ѓоршески, *Јордан Пиперката,* Скопје 1982, 120-128)

[12] „Славејко Арсов“, 58.

Арсов тргнал во исполнување на поставената задача со четата која броела 12 души, меѓу кои бил и Ѓорѓи Сугарев, подоцна раководител во Битолскиот реон. Сугарев бил приклучен кон четата на Арсов, заеднички да ја извршат таа деликатна работа, бидејќи бил познат по својата строгост кон сите оние кои ги кршеле принципите на Организацијата, а исто така, познат и по својот такт за иследување. За случајот со Пиперката, Сугарев бил директно заинтересиран со оглед на тоа што го познавал од времето кога стажирал во четата на Никола Петров Русински и воопшто го ценел како војвода што изникнал од народната средина и се стекнал со потребен авторитет.



Јордан Пиперката

Обвиненијата против Јордан Пиперката биле тешки. Имено, окружното револуционерно раководно тело добило поплаки за неговото однесување, во кои се велело дека истиот е недисциплиниран, се опивал и им нанесувал телесни казни на некои лица каде што се движел. Но, од другата страна и Арсов и Сугарев биле свесни дека губењето на еден храбар војвода популарен меѓу населението не било лесно. Затоа и двајцата заедно се ангажирале што пообјективно да го испитаат целиот случај.

Иследувањето се вршело во селото Боишта, Демирхисарско. Штом со четата пристигнале во Боишта, Арсов и Сугарев најпрво разговарале со месната организација, па потоа со селаните. Тие се распрашувале за однесувањето на Пиперката, за неговите четници и за вкупните состојби со движењето. При разговорите со населението, утврдиле дека обвиненијата не биле сосема основани и дека имало злонамерности. Обвиненијата ги поддржал само учителот Драган Петков[13], ресенчанец, учител во Боишта и

[13] Драган Ставрев Петков (24.7.1879, Ресен -?) деец на МРО. Завршил Егзархиска гимназија во Битола. Учителствувал во битолските села Бабино и Боишта во периодот од 1899 до 1902 година. На крајот на 1902 година бил затворен заради револуционерна дејност и осуден на 101 година затвор, но бил амнестиран во 1903 година. Учествувал на Смилевскиот конгрес на ТМОРО (април 1903), на кој е определен за реонски началник на Ресенско. Пред востанието одново е затворен и лежи во Битолскиот затвор до 1904 година.

личен непријател на Пиперката. Тој всушност и го поднел приговорот.[14]

Откако ги сослушал селаните во Боиште, и дал некои упатства на селското раководно тело, Арсов заминал во Бабино, исто така Демирхисарско, каде се сретнал со Пиперката придружуван од петмина негови луѓе. И тука Арсов го распрашал селското раководно тело и се покажало дека не се основани сите обвиненија против Пиперката. Истото го потврдиле и неговите другари. Таквите сознанија биле соопштени на окружното раководно тело со мислење работата да се испита посистематично откако ќе се обиколи целиот реон. Барањето на Арсов било прифатено и тој заедно со Пиперката тргнал во обиколка. Најпосле било потврдено првото мислење, односно дека имало неосновани клевети, дека не е вистина сето она за кое што го обвинувале Пиперката.[15] Така, во дадениот случај не било преземено ништо посебно против Јордан Пиперката.[16]

По завршеното иследување околу притужбите за Пиперката, за да не останат назад работите во Битолско, Сугарев со шестмина борци од четата на Арсов се одделил и се вратил назад,

---

По излегувањето од затворот учителствува во с. Рамна, Битолско и с. Брежани, Охридско. Во 1906 година мигрира во САД. (А. Г. Пелтеков, исто, 345; Н. П. Русински, *Сиомени*.., 139, 141, 143).

[14] „Пиперката му удрил шлаканица. Имено, тој учител донел приговор во окружното раководно тело против него". („Славејко Арсов", 58).

[15] Јордан Пиперката три пати бил иследуван и избегнал смртна пресуда од Окружниот комитет во Битола, при што војводите и членовите на Окружното раководство, кои требало да ја извршат истата: Никола Петров Русински во март 1901 година, Славејко Арсов во април 1902 година и Ѓорѓи Поп Христов во март 1903 година, сепак нашле оправдување да не го направат тоа и му го поштедиле животот. Наспроти ова, Пиперката како војвода, по секоја цена инсистирал да се изврши смртна пресуда врз некои негови четници. Споменатите војводи и членови на највисоките револуционерни комитети во округот, не ја извршиле смртната пресуда врз Пиперката, иако голем дел од обвинувањата за него биле точни. Ѓорѓи Поп Христов, наведува дека обвинението било заради непокорноста на Пиперката и „за некои неморални работи во неговиот реон. Неговиот секретар, Никола (Лечо Церовски) го тврдеше тоа...Пиперката даде ветување пред нас, дека за напред ќе биде послушен и исправен, нема да ги повторува тие самоволија. Организацијата му прости. Инаку Јордан беше смел, решителен, за Турците беше станал страшилиште во Кичевско и Демирхисарско". Токму во последново лежела причината зошто врз него не била извршена смртната пресуда. („Славејко Арсов", 58; *РеволОционната борба в Битолския окрьг, спомени от Георги поп Христов*,... 44-45).

[16] З. Ѓоршески, *Јордан Пиперката,...,* 63-64.

во Битолско, поточно во Смилево, кое во тоа време претставувало еден од центрите на Организацијата во тој реон.[17] Веднаш по пристигнувањето во Смилево, стасала и веста за несреќата со Методија Патчев и неговата чета во Кадино село, на 7 април 1902 година. За да се закрепи духот на населението во Прилепско и да им се покаже на Турците дека не можат да ги истребат комитите, иако била загубена цела чета, окружното раководно тело му дава наредба на Сугарев веднаш да замине во Прилепско, откако пред тоа биле обезбедени неколку четници. По заминувањето на Сугарев во Прилепско, Битолско останува без чета.[18] Заради тоа таму требало да се врати војводата Славејко Арсов со неговата чета. Сепак, во тој момент, поургентно станало неговото одење во Кичевско каде се случиле расправии меѓу четниците и војводата Јанаки (од село Лавчани).[19] Арсов за тоа кажува: „Јанаки не беше доволно навлегол во суштината на делото и во неговатаградба. Тој се немаше сретнувано со чети, а беше прост, од старите ајдути“.[20] Всушност, како и Пиперката, Јанаки бил храбар, но недоволно обучен на новата поставеност и функционирање на четите која барала висок степен на дисциплина и почитување на раководното тело.

Претходното лето, но многу кусо време, во дел од Кичевско била четата на Никола Петров, која според зборовите на Ар-

[17] „Во Битолско извесно време се подвижи четата на Донски од с. Битуша (Кичевско), прост човек, како прв војвода-организатор дејствува исто така за кратко време Славко Арсов. Својот траен организатор тој реон го доби во втората половина на годината во лицето на Ѓорѓи Сугарев. Тактичен и умен, колку и смел, Сугарев по дела и заслуги спаѓа кон најиздигнатите самородни интелигентни војводи въ Битолскиот округ.“ (Х. Силяновъ, *Освободителнитѣ ...*, I, 137).

[18] Тоа е период кога на чело на Битолскиот окружен комитет доаѓа Анастас Лозанчев, а Дамјан Груев кај кого настапило извесно колебање со Солунската афера, кон крајот на пролетта 1902 година (22 мај/4 јуни ст. стил 1902) ќе биде заточен во Подрум Кале.

[19] Јанев Наќе или Јанаки Јанев-Лавчанчето (Лавчани, Кичевско -?), револуционер и кичевски војвода. Во 1891 година, заедно со Јордан Пиперката и Стефан Чедо, дошол како печалбар во Софија. Подоцна се вратил во родното село да води српска чета, но бил привлечен од Никола Петров Русински, во кичевското село Белица, кој го обучил за војвода во Копачка. Заедно со Пиперката и Дуко Тасев ја обиколувале Копачка, заштитувајќи го народот од зулуми. Имал неколку битки со турскиот аскер. Учествувал во Илинденското востание, а по востанието останал во родниот крај. (Ј. Велјановски, *Кичевијата пред и во илинденскиот период,* Студентски збор, Скопје 1993, 39, 42, 44, 50-52, 55, 57, 60-62, 70-71, 76, 80, 82, 89-94, 96, 100-103, 114).

[20] „Славејко Арсов“, 59.

сов, само по еднаш ги обиколила тие села.[21] Имено во периодот од март до август 1901 година, Никола Петров се наоѓа на терен каде обиколил повеќе села од Прилепско, Демирхисарско и Крушевско, при што и кичевските села: Рабетино, Орланци, Дупјани, Крбуница и Белица.[22]



Никола Петров Русински и споменикот на Русински во Берово

И покрај своите социјалистички идеи, Русински (како и Никола Карев и Веле Марков) сфатил дека прва и основна цел на македонскиот народ и на ТМОРО е ослободувањето од османлиската власт и тиранија. Затоа почнал да води упорна агитационо-организаторска работа, приспособувајќи ја кон локалните прилики, обучува војводи и четници, работи на задачи за снабдување со оружје итн. Низ своите активности на теренот формира револуционерни организации по селата, односно комитети онаму каде што нема, постојните ги зајакнува, како неопходна претпоставка за градење на четничкиот институт. Според дадените услови како

[21] Исто.

[22] При оваа обиколка, веројатно, во првиот момент, имало дури и забуна кај селаните, бидејќи идејата за востание е речиси отсутна во агитацијата на Никола Петров кој како социјалист акцентот го ставал „на револуцијата како општествен процес на постепено освојување нови, поповолни позиции за ослободителното дело“. (Н. Котлар-Трајкова, *Војводата Русински, македонски револуционер и општественик*, ...,74). Исто така, проблем настанувал и со атеизмот на социјалистите кои сметале дека религијата носи ново поробување на духот на луѓето, така што луѓето за кои религијата била светост, ги сметале социјалистите за безбожници.

и Славејко Арсов, во согласност со новата реорганизација, Русински спроведува во селата избирање на раководни тела (револуционерни комитети), курири, десетари, терористи – „сите видови функционери со низа упатства“.[23]

Разгледувајќи ја целокупната дејност на војводата Никола Петров Русински, може да се каже дека тој оставил далеку подлабоки траги отколку Марко Лерински, кој е идеализиран од страна на Христо Силјанов. Бидејќи Русински дејствувал најмногу во Демирхисарско и во Охридско-струшкиот реон и многу кусо престојувал во Кичевско,[24] може да се прифати тврдењето на Славејко Арсов дека таму населението било малку упатено во делото, дека само одделни личности во селата знаеле за него итн. Реално, во овој дел од Битолскиот револуционерен округ се чувствувала потреба од позасилена работа и реорганизација врз новите начела, така што Славејко Арсов со својата активност мошне плодотворно ги развил претходно воспоставените никулци.

Во неуморната обиколка на теренот, Арсов постојано спроведувал агитација, применувајќи ги во практиката конкретните лекции што ги добил од Гоце Делчев и Марко Лерински. Во секое село пристапувал кон организирање собранија и ја поставувал Организацијата според новиот систем. Најтежок проблем што морал да го решава бил недостигот на оружје. Посветен на таа дејност, Арсов наведува дека поминал две недели, обиколувајќи го целиот Рабетинкол - селата Орланци, Светорачe, Козичино, Дупени и други места, кои за првпат ги посетил како војвода, со својата чета која тогаш броела седум души.

Жителите од наведените села им посакале добредојде на четниците, но се чувствувал стравот да не ги предаде некој меѓу нив. Во Орланци, Славејко се сретнал со Јанаки, чија чета броела девет души. Притоа му објаснил како треба да ја води агитацијата во иднина и проверил што работел Јанаки за време на неговото отсуство. Од тука четата на Арсов заминала кон кичевското село Вранештица, но нивното движење било забележано и сигнализи-

---

[23] Селското револуционерно движење целосно се поставувало на располагање на војводата-организатор, чија одговорност била пред окружниот револуционерен комитет. Русински ги ослободил реонските учители од „мошне тешката нивна одговорност“, оставајќи ги „само како секретари и советници на селските раководни тела“. Со ова всушност Русински го афирмирал принципот на „еднаковост во разбирањата за задачите на револуционерот“. (Никола Петров Русински, *Спомени, ...*, 142).

[24] Никола Петров Русински, исто, 158-160.

рано на властите така што морале да се заклонат.[25] Во селото Вранештица Арсов со неговите четници застанале само толку колку да се исушат и уште в зори излегле во шумата. Притоа биле откриени и нападнати од турска потера.[26] Во меѓусебната престрелка Турците имале еден мртов и двајца ранети, така што брзо се повлекуваат. По судирот четата се упатила кон Белица, додека турската потера влегла во Вранештица, „каде го тепала народот“. Свештеникот Никола бил принуден да избега кај четата која го криела, а потоа заминал во Бугарија.



**ANARCHY IN MACEDONIA.**

**Albanians Ill-Treat the Christians—Notorious Brigand Beheaded.**

LONDON TIMES—NEW YORK TIMES Special Cablegram.

LONDON, Oct. 18.—The Balkan States correspondent of The Times reports a condition of chronic anarchy in Macedonia, owing to the lawlessness of the Albanians, whose attitude toward the Christian population is worse than that of the Kurds toward the Armenians.

The Macedonian brigand Maliu, the leader of the assassins of Stambuloff, after some years of prosperity, during which he has been unmolested and even regarded as a hero, has been caught commanding a murderous band and been beheaded by the Turks, who have displayed his head in several Macedonian villages.

The New York Times
Published: October 18, 1901

Пред да се формираат организационите чети и да се организира населението за самоодбрана, во тие краишта имало арнаутски разбојнички банди како на познатиот Биљал од село Баланза, Харамдук, Таир-Толо, Исљам Онбаша[27], Тафо и други кои го тероризирале и ограбувале народот. Овие разбојнички чети имале обичај да одат во својот реон секоја година напролет. Така, Тафо крстарел во Поречието-Кичевско, Исљам Онбаша по целото Кичевско, Таир-Толо во Струшко, Биљал ги држеше селата во Бигла и т.н.[28]

Разбојниците, меѓу другото, се служеле со киднапирање на селани. Ќе земеле насилно со себе по неколку селани за откуп и ги носеле дури во Дебар и Малесија. Имале и свои јатаци како

---

[25] За тоа Арсов вели: „Тргнавме кон Вранештица на голема сабота. Имаше полна месечина, не забележаа турски овчари - таму имаше помашки села (Челопеци, Лисичани, Србјани, Пласница). Забележавме оган. Ја прегазивме реката над Лисичани и си заминавме“. („Славејко Арсов“, 59).

[26] Сосема случајно фатиле едно Турче на 14 годишна возраст за кое мислеле дека ги следи по патот. Но, биле видени од еден Турчин кој веднаш јавил на војската во Лисичани, така што додека се одмарале биле нападнати од турската потера. (Исто).

[27] Во масовните апсења на многу христијани, стои во српските дипломатски документи, „Исљам Онбаша и многу други злосторници од кои пропиште овој народ, се разбира дека не се уапсени“ (*Извештаи од* ...., 142).

[28] Покрај светскиот печат и многу странски конзуларни претставници во Македонија зборуваат за насилствата и грабежите на албанските и турските банди врз христијанското население. (*Британските конзули во Македонија 1797-1915, документи,* док. 131, док. 132, ред. Д. Ѓоргиев, ДАРМ, Скопје 2002, 284- 287).

Турци, така и христијани. Турците јатаци се викале „дерудеции" и речиси сите биле во роднинска врска со разбојниците. „Во Демирхисарско и Крушевско беа на Биљал. Тројца такви Пиперката ги сретнал и веднаш, кога доаѓале од Крушево и минувале низ селото Приболци (турско село, мудурлук), Пиперката ги отепал. Од таму тргнал дома, во селото Козица, за Велигден“.[29]

Ова е време кога Арсов бил на теренот со задача да му пресуди на Пиперката. Во текот на утврдувањето на вистинитоста на притужбите (за кои Арсов констатирал дека повеќето не се основани), случајно се сретнале во селото Белица и заедно отишле во Козица, селото на Пиперката, каде останале цел ден. Дотогаш Пиперката веќе разбрал за мисијата на Славејко Арсов во врска со него, но Арсов му ја објаснил ситуацијата и пријателски се разделиле. Така, од Козица, Арсов заминува во Црско (Демирхисарско) и оттаму во Битолско. Притоа забележал дека селата во Демирхисарско биле организирани пред неговото доаѓање, но, повеќето според стариот систем. Затоа се зафатил да се реформира Организацијата на новите начела. Наспроти тоа, народот во Демирхисарско поседувал поголем број пушки, бидејќи бил навикнат со четите на Пиперката и Никола Петров и воопшто „бил поподготвен отколку во Битолско и Кичевско“.[30]

Непредвидените настани како што било ликвидирањето на четата на Патчев, праќањето на други раководни кадри на други терени, Организацијата ги решавала брзо и енергично. Но, нејзината основна работа во организирањето на селата не само што не ја запоставувала, туку ја вршела трпеливо, систематски и редовно. Во таа смисла Битолскиот окружен комитет решил да изврши распределба на реоните за дејствување на одделни чети, заради што закажал средба на војводите. На патот низ Битолско, токму во близината на Битола, Арсов добил писмо со кое го повикуваат да оди во Крушевско за да се сретне со Веле Марков[31], кру-

---

[29] „Славејко Арсов“, 60.

[30] Исто.

[31] Веле Марков (1870, Селце, Крушевско - 10.6.1902, Ракитница), македонски револуционер, социјалист, крушевски војвода. Во 1896 година заминал во Софија каде ги прифатил социјалистичките идеи. Кон почетокот на февруари 1900 се враќа во Крушево каде станува близок соработник со Никола Карев. Во март 1901 година стнал четник во Крушевско-демирхисарската чета на Никола Петров Русински, а по шест месеци, по заминувањето на Русински во Прилепскиот реон, станал војвода на Крушевскиот револуционерен округ. Предадена, четата на Веле Марков, составена од 15 комити била опколена од 500 османски војници во с. Ракитница. Во нерамната борба, борејќи

шевскиот војвода, со Петар Ацев[32] и со Ѓорѓи Сугарев, бидејќи имало потреба за да се договорат околу Организацијата и да испратат неколку момчиња кои имале желба да одат во Бугарија. Тоа биле нередовни четници кои се приклучиле кон четите за да не одат в затвор.

Така, во мај 1902 година, во селото Вранче се сретнале војводите Веле Марков, Славејко Арсов и Петар Ацев, додека Сугарев заради задржување во Прилепско дошол нешто подоцна. Согласно инструкциите на Окружниот комитет, војводите размениле мислења за целисходноста од преместување на војводите и тоа како следува: Петар Ацев да замине во Прилепско, Сугарев во Битолско, Славејко Арсов во Ресенско, а Веле Марков да остане во Крушевско. Според окружната препорака, од трите чети: битолската, крушевската и кичевската, била формирана четврта, прилепска чета чиј војвода станал Петар Ацев. Славејко Арсов заедно со Петар Ацев ги спровеле момчињата кои сакале да одат во Бугарија преку Прилепско, од каде бил каналот, а потоа со Ѓорѓи Сугарев и Веле Марков тргнале во Битолско.[33]

---

се до крај, на 10/23 јуни 1902 година загинал војводата Марков. Наскоро до местото пристигнала четата на Јордан Пиперката, но веќе ништо не можело да се стори. Притоа, непријателот направил грозоморен акт. Им ги пресекол главите на Веле Марков и на неговите четници Тирчо Карев и Ѓорѓи Кошинчето и ги носел за показ да го заплашува разбунтуваното население. (Н. Томалевски, *Ракитнишката афера, Материяли за историята на македонската освободителна борба, "Сборник Илинден",* София *1926,* 40; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 101-104).

[32] Петар Ацев (П. А. Симоновски) (7.6.1877, с. Ореовец, Прилепско – 20.4.1939, Пловдив), бил македонски револуционер, член и војвода на МРО. Завршил VI клас во Софија. Од 1897 до 1901 година бил учител во Прилеп, Крушево и други места. Заедно со браќата Мирче и Ѓорѓи Ацеви се вклучува во револуционерната дејност на МРО. Во 1901 година негов четник е Крсто Гермов, подоцна познат како *Шаќир војвода.* На почетокот на 1902 година станува нелегален, а од мај бил околиски војвода за Прилепско. Учествувал на Смилевскиот конгрес и бил против одлуката за кревање востание. Учествува во битката кај Ножот во 1907 година. По Младотурската револуција излегол од илегала и се населил во Прилеп. Две години подоцна е уапсен и 15 месеци е носен низ разни затвори (во Битола, Солун, Цариград и Родос). Бил ослободен во средината на 1911 година по што се населил во Пловдив, Бугарија. Бил доброволец во Балканските и Првата светска војна. Петар Ацев учествувал во Привременото претставништво на поранешната ВМРО, а подоцна е член на Илинденската организација. (Б. Й. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934), ...,* 14).

[33] Д. Ивановъ, „Споменъ", сб. *Илинденъ,* София 1927, 72-73.





Петар Ацев и Веле Марков

Според сеќавањата на Славејко Арсов, војводите се сретнале на 10 мај во селото Журче и наредните два дена ги поминале заедно. Арсов ја наведува посочената средба на војводите во Журче,[34] но според тврдењето на Димитар Иванов,[35] таа средба се одржала кон крајот на мај во селото Вранче, Прилепско. Инаку, Иванов бил раководител на Крушевскиот комитет на ТМОРО, директор од с. Екши Су, кој во април 1902 година, на Велигден се нашол притворен од Али-ефенди, но сепак во последен час успеал да се извлече со помош на Петар Ацев и да се најде во четата на Веле Марков. Во мај 1902 година, по средбата во Вранче, Иванов за-

[34] Арсов наведува дека на 12 мај вечерта, излегувајќи од Журче, на патот биле пречекани од Турците, меѓутоа не настрадал никој, зашто на време го забележале непријателот. Сите заедно тргнале низ Крушевско, со околу 25 души, додека Сугарев бил во Прилепско. Се искачиле во планината, а во селата влегувале само за леб. Во Крушевско имало по неколку пушки, по десетина во село, а повеќето села тука биле добро подготвени. Арсов забележал дека и многу Власи од градот биле посветени за делото. Комитетот во градот, исто така бил прилично силен, а имало доволно пари како и работници Власи. („Славејко Арсов“, 61).

[35] Димитар (Таки) Иванов (1866, с. Екши Су, Леринско – 16.9.1913, с. Велгошти, Охридско), революционерен деец и учител. Завршил машка егзархиска гимназија во Солун (1889) и учителствувал во Крушево, Охрид и на други места. Во почетокот на 1901 година е уапсен и лежи во Битолскиот затвор. Во 1907 година бил избран за член на околискиот комитет на ВМОРО во Охрид. Тој е еден од водачите на македонско-албанското востание против српските окупациони власти во 1913 година. По задушувањето на востанието бил заробен и застрелан заедно со уште 28 души крај селото Велгошти. (А. Г. Пелтеков, исто, 172).

минал со четата на Ацев во Прилепско, потоа се префрлил по канал за Бугарија. [36]



Димитар Иванов и Ѓорѓи Сугарев

Имено дотогашниот раководител на Крушевската револуционерна организација, Петар Ацев бил разоткриен за време на аферата со оружјето во Крушево, така што во втората половина на месецот април 1902 година, го напуштил Крушево и заминал за Прилепско[37], а веќе во мај, по наредба на Битолскиот окружен комитет дошло до средбата на четворицата војводи (Марков, Сугарев, Ацев и Арсов) во с. Вранче[38].

Саможртвата на војводата Методи Патчев на 7 април 1902 година во Кадино Село значела огромна загуба за револуционерното дело во Прилепско, како и за Организацијата воопшто. Сепак затворањата и насилствата во т.н. Кадиноселска провала не му задале судбоносен удар на ослободителното движење во Прилепскиот регион, туку само го забавиле неговиот натамошен развој.[39]

Набрзо, по налог на Битолскиот окружен комитет на ТМОРО, во Прилепско пристигнал поранешниот секретар на Окружниот комитет Ѓорѓи Сугарев со својата малубројна чета со цел да ја стабилизира и зацврсти организационата мрежа. Всушност, како

[36] Д. Ивановъ, „Изъ дневникътъ на единъ четникъ“, сб. *Илинденъ,* София 1927, 66-77.

[37] Н. К. Майски, *Гюрчинъ Наумовъ Плякътѣ, крушовски войвода,* Материали за историята на македонските освободителни борби, Крушово 1942 , 20-24.

[38] Димитар Димески, исто така, го прифатил фактот дека средбата се одржала во прилепското Вранче, а не во Журче. (Д. Димески, *Македонското...,* 428.)

[39] А. Динев, *Илинденска епопеја....,* т.1, 192

што споменавме, Сугарев по наредба на Окружниот комитет со шестмина четници се одделил од четата на С. Арсов и тргнал назад за Битолско. Само што стигнал во Смилево, Окружниот комитет го прекомандувал во Прилепско, каде што привремено ќе дејствува, заради заздравување на последиците од загубата на четата на Методија Патчев.[40] Во меѓувреме, Арсов заедно со Пиперката крстосувале низ кичевските села.

На средбата во селото Вранче, кон крајот на мај 1902, како што наведовме, Славејко Арсов бил известен дека е назначен за ресенски војвода, должност што ќе ја преземе летото истата година, а пак Ѓорѓи Сугарев, добивајќи го во надлежност Битолско, продолжил да работи на омасовување на Организацијата по битолските села.

[40] „За да се позакрепи реонот, сериозно засегнат од последиците на Кадино-селската афера, во Прилепско привремено отишол Ѓ. Сугарев, учител, кој поодел извесно време со четата на Сл. Арсов. По Сугарев подолго работи поранешниот учител Петар Ацев, од семејството Ацеви (с. Ореовец), кое што ги даде двајцата војводи (Мирчо и Петар) и еден четник“. (Х. Силяновъ, *Освободителнитѣ борби на Македония,* I, 136-137).

# Ресенски војвода

Во првата половина на 1903 година, и покрај различната подготвеност на одделни околии, во оваа фаза на развојот на ТМОРО, во поголемиот дел од Битолскиот вилает, Организацијата претставувала вистинска „држава во држава“. Тоа било видливо во масовизирањето на ослободителното движење, зајакнувањето на четничкиот институт и функционирањето на организационите судови. На општ организационен план, според Христо Матов, во 1902 година бил донесен нов Устав на ТМОРО, но не постои негов текст од кој може да се согледаат сите организациони промени што тој ги пропишувал.[1] Матов го наведува само членот 8 од споменатиов Устав: „Окружните управни тела се назначуваат од Централниот комитет“.[2] Според овој член и практиката на теренот, сигурно е дека новиот Устав повеќе ја потенцирал централистичката поставеност на Организацијата.[3]

Славејко Арсов должноста ресенски војвода ја презема во летото 1902 година и тој направил многу нешто за организирањето на селата во тој реон.[4] Пред неговото доаѓање во Ресенско, таму дејствувала четата што ја предводел Стојан Донски.[5] Заради не-

---

[1] Петар Ацев исто така пишува за „новото издание на уставот и правилникот на ВМОРО“ (П. Ацевъ, „Слѣдъ Илинденъ 1902 год.“, Ил. *Илинденъ*, XI/10 (110), София 1939, 10).

[2] Хр. Матовъ, *За управлението на Вътрешната револЮционна организация,* София 1926, 37-38.

[3] Околу овие наводи на Матов, постоеја извесни хипотези, недоволно аргументирани, на некои бугарски историчари (К. Пандев, Ц. Билјарски) со кои полемизира В. Ѓорѓиев (Види предговор кон: *ВМРО 1893-1903, поглед низ документи*, ..., 25 – 27).

[4] *Духътъ на Македония,* исто.

[5] Стојан Ангелов Донски (1868/69, с. Битуше, Леринско - 9.7.1904, с. Горно Ѓуѓанци, Кратовско), водач на ајдучка чета во Битолско, војвода на ТМОРО. Во 1895 година оди во Софија каде се вклучува во четите на Врховниот македонски комитет и учествува во Мелничката акција. Заробен е во битката и осуден на заточение во Диарбекир. По амнестијата се враќа во Македонија и живее во село Смилево. Полага заклетва пред Ѓорѓи Поп Христов и формира чета со која дејствува во Битолско и Ресенско. Во 1902 година е заменет од Славејко Арсов. Учествува во Илинденското востание и дејствува кај село Смилево. По неуспехот на востанието се префрла во Бугарија и одново формира чета. На пат за Македонија, четата е предадена од претстав-

кои недоразбирања со градското раководно тело, Донски ја напуштил четата и со две момчиња отишол во Кичевско, во родното село на еден од другарите. Таму останал извесно време, но откако ликвидирал неколку Турци и се дигнала афера бил приморан да пребега во Србија. Од четата на Донски останале седум-осум души кон кои се присоединиле и други, така што Арсов затекнал околу десетина четници.[6]

По разделбата со Сугарев, на пат за селото Цапари, Славејко Арсов бил ранет во левата нога, под коленото. Од Цапари тргнал сам, само со еден курир кон Смилево.[7] Таму останал цел месец, додека зараснала раната, занимавајќи се со агитација во самото село.

Откако се сретнал со четата во Смилево, заедно патот ќе ги води во Ресенско. Пред да тргнат, војводата поразговарал со четниците распрашувајќи ги за нивното минато, со цел поблиску да ги запознае. Истовремено им ја објаснил вистинската улога на четата, бидејќи сите не го разбирале тоа, наведувајќи им ги правилата на однесување, меѓу кои: да се почитуваат меѓу себе, односот кон селаните да им биде братски, да се чуваат од кражби, блуд, лажење меѓу себе и од фалби и укори за свои другари пред селаните; да не бараат храна по куќите, а да се задоволат со се што ќе им биде принесено; дека за собите, за облеката, за оружјето и за другите потреби на домашните се грижи водачот; дека за сите потреби и нередовности, забележани од нив и во четата и во селата, должни се да го известат војводата; точно да ја извршуваат стражарската должност, било на „бивак" в планина, или в село, ако бидат поставени. Истовремено Арсов ги подучил за правилата и начинот на движење - како да се движат, во каков ред кога се во поход и дека за секое отстапување следувала казна според тежината на прекршокот, и тоа: одделно критикување, јавно критикување пред целата чета; разоружување пред целата чета (по некое

---

ници на српската пропаганда. Загинува во борба со Турците кај Горно Ѓуѓанци. (Б. Й. Николов, *Вътрешна Македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934)...*, 158-59).

[6] „Славејко Арсов“, 62.

[7] „На патот имаше заседа и меѓу двете маала на селото Лери скокнаа 7-8 Турци, викнаа, грмнаа сите и ме ранија во ногата. И јас грмнав во нив, тие се исплашија и избегаа во селото. И куририот избега. Потоа пак се најдовме и продолживме низ планината. Имаше роса па тешко се движевме. Куририот одеше во Смилево да ја извести четата која ме чекаше. Вечерта сретнав едни ќумурџии, ми дадоа коњ и уште истата вечер стигнав во Смилево.“ (Исто).

време оружјето пак му се враќа назад); преместување во друга чета и смртна казна.[8]

Додека четата сè уште престојувала во Смилево, пристигнало известување дека две-три разбојнички турски чети крстареле низ Ресенско каде отепале тројца, а ограбиле мнозина од луѓето. Вознемирен од оваа вест, Славејко Арсов не дочекал да му оздрави раната и веднаш тргнал за Ресенско. Со неговото доаѓање во овој дел од Битолскиот револуционерен округ, во голема мера се пополнила празнината со затворањето на Атанас Иванов, во почетокот на 1902 година, иако во меѓувреме се вратил организациониот работник Велјан Илиев Пенчо.[9] Пред да пристигне четата на Арсов, четворица од четата на Стојан Донски отишле во Преспанско, каде што казниле еден калуѓер од Слимничкиот манастир, предавник, осуден на смрт од Организацијата.

Така, во летото 1902 година, „две недели по Петровден", согласно мајската одлука во с. Вранче, Арсов како ресенски војвода пристигнал во с. Златари.[10] Арсов на лице место се информирал за разбојничките банди кои крстосувале низ ресенските села, а такви злогласни чети имало насекаде, така што енергичните војводи се справувале со нив, заштитувајќи го народот.[11]

Една од трите разбојнички банди во Ресенско, всушност била влашка и ја сочинувале четворица, преправени во Турци (под името „Неџиб Деребеј"). Шестмина четници од четата на Арсов ја нападнале влашката чета и убиле двајца, а еден ранила. Водачот на Власите се викал Пано и по потекло бил од Куцовласите овчари од Корчанско. [12]

---

[8] Исто, 63.

[9] Велјан Илиев – Пенчо (В. И. Чупаров) (1878, Смилево, Битолско – 15.8.1903, Дупени, Преспанско), просветен деец, револуционер и преспански војвода. Завршил гимназија во Битола. Учителствувал во Битола, Герман, Преспанско и во родното село. Нелегален станал во јули 1901 година кога заминал како четник во четите на Никола Петров Русински, Дејан Димитров и Славејко Арсов. Бил делегат на Смилевскиот конгрес каде е назначен за регионален началник за Преспанско. Учествувал во Илинденското востание и имал повеќе борби со турскиот аскер. Загинал заедно со другиот преспански регионален началник – Никола Кокарев. Погребан бил во Штрбово, Преспанско. (Никола Петров Русински, *Спомени...,* 202, 209, 215, 347-348; Х. Силянов, *Освободителнитѣ...,* том I..., 239, 300, 380).

[10] *Възстаническото движение...* 38-39.

[11] Х. Силянов, *Освободителнитѣ...,* том I...,103 – 105.

[12] „Славејко Арсов", 62-63.

Веднаш при пристигнувањето во Златари, Арсов добил известување дека дошла една разбојничка чета над селото Кривени и побарала леб и други работи (шеќер, ориз, маст и др.) и 25 лири пари од селаните. Така тој итно заминал во Кривени да дознае повеќе информации за разбојниците за да може да ги растера или уништи. По неколку дена се уверил дека не ќе можат долго да останат во планината бидејќи тука имало три одделенија потера, при што се видело дека потерата соработувала со разбојниците. Правејќи проценка, војводата согледал дека со оружје не може да се направи ништо, затоа наумил да ги надитри. Им кажал на селаните да му јават штом разбојниците ќе посакаат пак храна од нив, а во меѓувреме организирал да му донесат отров од градот (отровот бил против глувци, арсеник). Штом стасал во селото Крушје, во меѓувреме стигнала вест од Кривени дека таму разбојниците зеле насилно две деца – од девет и четиринаесет години, за да ги принудат селаните да избројат 25 лири. „Фатиле и друг, пак за 25 лири, барале леб и сл.". Тогаш Арсов им дал од отровот на селаните и ги подучил да го стават во киселото млеко. Тие немале храброст тоа да го направат, но една поодлучна жена успеала во храната да стави отров, без да ја видат.[13] Така биле отруени 11 души, а останал жив само еден од бандата. Грабнатите деца за среќа биле спасени. Водачот-разбојник се викал Асан Секирја, чирак на Исљам Онбаша. Братот на Асан, кој се спасил од отровот, ги пуштил децата кога видел дека им е лошо. Двајца од аскерот кои сркнале од затруеното млеко, исто така, се отруле. Разбојничката чета всушност била формирана со знаење на турската власт за да ги предупредува комитите и да го заплашува народот да не смее слободно да оди низ планина. Сите полјаци-Турци тајно, па дури и јавно ги помагале разбојниците. Дури и сите Турци јавно ги поддржувале тие чети кои вршеле грабеж и насилства врз христијаните.[14]

Откако била ликвидирана разбојничката чета на Асан Секирја, Турците извесно време мислеле дека е некаде скриена, а други, пак, дека заминала за Албанија. Дури по еден и пол месец

[13] „Дојдов над село, а во тоа време во Кривени доаѓа потера со 100-тина души и дознава дека разбојниците зеле две момчиња, храна и сл. Потерата ги натера селаните да одат напред и да им ја однесат храната на разбојниците. Селаните така направија, но разбојниците се скрија, а војската отиде в планина и се врати. Тогаш разбојниците се покажаа над село и ја зедоа храната." („Славејко Арсов",63-64).

[14] „Турците на селаните им зборуваа да се чуваат, да не влегуваат во лоши односи со таа турска чета, зашто била опасна." (Исто, 64).

се разбрало дека четата е отруена. Населението било презадоволно од резултатот, бидејќи толку лесно се ослободило од разбојниците, па уште подобро и посрдечно ја дочекувало четата на Славејко Арсов. Така Арсов со посилен елан ја продолжил својата агитационо-организаторска дејност, за што Христо Силјанов запишал: „Ресенско и дел од Преспанско се организираа врз новите начела од Марковиот воспитаник Славко Арсов“. Пред него во Ресенско обиколувале извесно време четите на Петров, „неграмотен“, од с. Шестеово, Костурско[15], и на споменатиот веќе Донски. „Во Преспанско извесен Коте правеше одвреме навреме арамиски обири и препади“.[16]

Зборувајќи за затекнатите состојби во реонот, Арсов наведува дека во првиот момент народот бил малку поколебан, зашто Донски ја напуштил четата и таа долго време била без началник. Имало малку оружје, по неколку пушки во селата и тие најчесто 'рѓосани. Исто така постоел сѐ уште стариот ред во Организацијата, „...сите селани не беа посветени на делото, а посветените дејствуваа по стариот тертип. Народот беше многу потиснат од разбојниците, од полјаците и од другите искористувачи од градот и околијата. Згора на тоа и постојани потери ги измачуваа. Економски селаните беа заробени од градските чорбаџии“. Населението, заради теророт и социјалната беда, било принудено масовно да оди во туѓина, така што од секое село оделе речиси по стотина и повеќе мажи во Цариград, каде главно се занимавале со градинарство. Така, Арсов се соочил со фактот дека по селата, главно

[15] Атанас Петров (?, с. Шестеово, Костурско - 26.5.1902, Долна Преспа), војвода. Без образование. Во 1900 година бил назначен од Павел Христов за војвода во Костурско. Имено Битолскиот окружен комитет заради потребите од воспоставување канал за пренесување на оружје го испратил кај Павел Христов, Петров од Шестеово „со препорака дека ги знаел патиштата од Костурско до Грција“. Меѓутоа, акутната потреба од чета го натерала П. Христов да ја реактивира костурската чета (односно расформираната чета на Коте од Руља) определувајќи го за нејзини привремен војвода кон крајот на 1900 година несудениот костурскиот курир Атанас Петров. Притоа, Петров агитирал за брзо востание по углед на врховистите, дека тоа ќе се крева на Нова година 1901 итн., иако не може да се утврди дека тој воопшто играл некаква улога во врховистичките кругови во Софија. Околу Божик во четата на Петров, по убедување на Павел Христов, влегол Коте Христов. Откако четата се префрлила во Нестрамско, дошло до раздор, при што се отцепил Коте со неколку четници. Во мај 1901 година, Атанас Петров заедно со четворица Власи извршил убиство на Нуредин бег. Подоцна е војвода во Ресенско и Преспанско. („Пандо Кљашев“, *Спомени,* 178-183; А. Г. Пелтеков, исто, 346).

[16] Х. Силянов, *Освободителнитѣ...,* том I..., 137.

имало само старци, деца и случајно дојдени од туѓина. „Во секое село имаше по 20-30, до 100 души мажи, главно или многу млади или стари, а цветот на населението беше во Цариград“.[17]

Првите три месеци како ресенски војвода, Арсов ги употребил во пресретнување разбојници и лоши полјаци, со цел барем малку да му ја олесни положбата на населението. Бидејќи бил нов во реонот, требало на дело да ја покаже својата задача. Во исто време, спроведувајќи организационо-агитациона дејност, ги поставувал потребните раководители во секое село, организирајќи собранија со селаните. Четата од самиот почеток се однесувала меко и братски кон луѓето со што ја добивала и нивната наклоност и доверба.



Славејко Арсов и неговата чета при одмор

Крстосувајќи на планината Бигла, четата на Арсов ги обиколувала селата Златари, Кривени, Лева Река и Крушје. Населението во овие села ја помагало четата, особена при прогон и растерување на разбојниците.

Штом се префриле во селото Болно, уште првата вечер организирале собрание. Тука на Арсов му доставиле две ливчиња во кои разбојникот Неџиб барал од тоа село и од селото Евла по 14 турски лири. Истиот разбојник такви ливчиња растурил и по другите села. Арсов веднаш се информирал за бројот и силата на бандата на Неџиб. Дотогаш Неџиб имал девет души, но пред ден-два седуммина го напуштиле и останал само со двајца, чекајќи други другари, граѓани од градот Ресен. Откако добро се информи-

[17] „Славејко Арсов“, *Спомени,* 64-65.

рал, Арсов спровел енергична акција со која ја ликвидирале и оваа злосторничка чета при што загинал четникот Сотир Секов.[18]

Турците го нашле трупот на убиениот Секов и го однеле во Ресен. Граѓаните на Ресен го погребале со големи почести. Овој случај оставил впечаток врз населението тоа да се охрабри, да се ослободи од стравот од разбојниците и во четата да гледа свој заштитник, кој не го жали и својот живот за доброто на народот. По ова, положбата на четата на Славејко Арсов во Ресенско се засилила, добила авторитет и внесла страв кај Турците. Агитацијата течела успешно по целиот реон.

Така, агитационо-организаторските способности и енергичните акции на војводата Арсов и неговото бескомпромисно застанување на страната на угнетуваниот народ ги подигнало како неговиот углед така и подготвеноста на луѓето да ја прифатат Организацијата и да се посветат на револуционерното дело.

Истовремено Организацијата и нејзините сили требало да се борат против акциите на врховистите (надворешните мешања во делото) кои настојувале преку провокации да предизвикаат крвопролевање во Македонија и со пропаганда сред европската јавност да добијат заштита и ослободување на „Бугарите“ во Македонија, односно македонското прашање да го решат како дел од „санстефанскиот идеал“ на големобугарските кругови. Во рамките на ваквите тенденции, во средината на август 1902 година, во Ресенско пристигнала прокламацијата на полковникот Анастас Јанков[19] од Костурско.[20]

---

[18] „Му тргнав по дирата, вели Арсов - прво во селото Петрино, потоа во Дупени. Другиот ден дојде известување дека Неџиб е веќе во Шуленска Планина. Дојдов во селото Покрвеник. Им дадов отров на Шуленци, но тие не успеале да го отрујат“. По долго чекање најпосле четворица од четата на Арсов го начекале Неџиб и го убиле, додека „другар му Хасан, ранет, се биел со четворицата, еден отепал и еден ранил. Стигнавме на помош. Го убивме. Нашиот убиен другар се викаше Сотир Ц. Секов. На Турците им ги пресековме главите, а труповите ги оставивме“. („Славејко Арсов“, 65).

[19] Анастас Јанков (1857, Загоричане, Костурско – 15.4. 1906, Влахи, Мелничко) бил офицер во Бугарската армија. Учествувал во Руско-турската војна (1877/78) и во Српско-бугарската војна (1885). Бил член на ВМК. Учествувал во „Горноџумајското востание“ од 1902 година. Во 1903 година дејствувал во Мехомиско, а од тука со голема чета доаѓа во Костурско, каде што го подбуцнувал населението за кревање на востание. Во контактите со ТМОРО му било наложено да замине од реонот, за да не дојде до поголеми инциденти. Загинал во судир со турскиот аскер. (В. Ѓорѓиев, *Слобода или смрт...*, 228, 240, 256, 300, 348; Н. Петров Русински, *Спомени...*, 230, 260, 269).

Славејко Арсов како дисциплиниран војвода и член на ТМОРО, барал известување од реонското раководно тело во Ресен дали поканата е добиена директно од Јанков, или преку окружното раководно тело. Притоа, добил одговор дека поканата е директна, така што Арсов се оглушил од неа. Таа за него не била важечка и не ѝ посветил внимание. Истовремено, тој ги советувал другарите да не ги информираат соседните реони како што се предлагало во поканата, туку поканата да се испрати директно во окружното раководно тело.



Анастас Јанков

„Дотогаш за Јанков, вели Арсов, знаев само толку дека во Македонија, во униформа, на отсуство доаѓал некој полковник Јанков. Додека, пак, за борбите меѓу врховистите, во кои се броеше и Јанков, и внатрешните, немав поим. Дотогаш исто така не знаев дека Јанков до август се наоѓал во Костурско“.[21] Јанков имал намера да го запали Лерин, а потоа да се повлече во реонот на разбојникот Коте, во кого нашол заштитник. Коте ја обиколувал Долна Преспа (Медово, Герман, Опаја, П’пле, Рудери, Нивици и др.).[22]

Арсов не успеал да се види со Јанков. Немал ниту точни информации во што е работата и зошто дошол

[20] Во овој проглас или повик (прокламација), меѓу другото, се вели: „Македонци! Сетете се за светскиот победител, за светската слава на Македонија великиот Александар Македонски; сетете се за храбриот цар Самуил, македонскиот великан, за прекрасниот Марко Крале општословенска слава, - дека во нив течела македонска крв; тие од небесните височини бдеат и го благословуваат нашето започнато дело. Да се покажеме достојни нивни потомци: да им ги зачуваме славните имиња и да го зачудиме светот со нашата храброст, умешност и самопожртвуваност; да го отресеме од себе срамниот јарем што нè гуши пет века...”. („Рад македонских комитета“*," Браник,* XVIII, 131, Нови Сад, 26.IX / 9.10. 1902, 2).

[21] „Славејко Арсов“, 66.

[22] Коте „..не го чепкаше народот, не бараше „членски прилози", но земаше кај што можеше. Не го притискаше населението премногу за оружје, а само им викаше: „купете си пушки"! Населението немаше ништо против него. Тоа што ќе го украдеше си го земаше за себе. Момчињата му беа повеќето дезертери од костурскиот реон.“ („Славејко Арсов“, 70.)

Јанков[23]. Во еден момент, искрено се исповеда дека помислил оти е добро да го придобие човекот за делото. Сметал дека еден офицер, полковник, може да биде од полза за претстојната борба.

„Си мислев, вели Арсов, дека ако се покаже сомнителен, лесно ќе можеме да го отстраниме“. Раководен од таквите намери, при престојот во Преспа, Арсов му напишал на Јанков ако сака да дојде во Љубојно, но не со повеќе од 10 души, зашто поголема чета тешко можела да се скрие од Турците. „Ако пак се плаши (слушнав дека се плаши од нас), му предлагав да дојдам самиот кај него и да го донесам во Ресенско. Тогаш Јанков бил во Бесвиње“. Јанков не одговорил на писмото на Арсов. При враќањето назад во Ресенско, во Курбиново кај Арсов стасале седум момчиња, отцепени од четата на Јанков, „со пушки манлихерки“, тројца родум од Ресенско, четворица од Кичевско. Тие во своите искази покажувале симпатии кон Јанков, не знаејќи ја неговата вистинска цел и се жалеле „дека учителите во Костурско му пречеле на Јанков да дејствува. Се чудеа зошто е така. Потоа Јанков се нашол во безизлезна положба и подоцна им зборувал дека ќе оди во Грција да организира некакви канали со Коте. Го напуштиле затоа што сакале да си одат во родните краишта“. Арсов ги прифатил тројцата кај себе, а другите четворица си заминале во Кичевско. Повтор-

---

[23] Следејќи ја ситуацијата на теренот, српскиот генерален конзул во Битола, М. Ристиќ смета дека за Србија е штетна идејата за автономија на Македонија во духот на Берлинскиот договор од 1878 година. Тој, меѓу другото, во јануари 1903 година го известува министерот за надворешни работи на Србија, С. Лозаниќ дека „македонското прашање го изгубило карактерот на училишно и црковно прашање, земајќи облик на политичко прашање“. Српските претставници во Македонија се плашеле од присутната пропаганда која суптилно ја спроведувала Бугарија, настојувајќи преку паролата „Македонија на Македонците“ (истакната од Вилјам Гледстон) да ја искористи таа автономија за присоединување кон Бугарија. Така „бугарскиот резервен полковник Јанков отворено и јавно, а неказнето зборува: ‘Јас не сум Бугарин, туку Македонец и сакам за Македонија пред се слобода и самоуправа’... И натаму ‘особено мора да се брза да го направиме тоа пред да се договорат Србија и Бугарија за Македонија. Тој договор по мое мислење (на Јанков, б.н.) би бил кобен за Македонците, бидејќи Бугарија-Србија, еднаш договорени за нашата татковина би ја поделиле Македонија и тие делови би ги присоединиле кон своите државни области’.“ Натаму Ристиќ заклучува: „...Ние заради споменатите причини мораме да бидеме против автономијата, но сме принудени да ја прифатиме македонската борба во нејзиниот сегашен, политички стадиум. Инаку би се појавиле како противници на слободата, а со тоа ќе дојдеме во ситуација да ги изгубиме симпатиите и на овој народ...“ (*Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија,* ред. Љ. Лапе, ИНИ, 1954, 46.)

но му напишал и му пратил писмо на Јанков, но не добил одговор. И така не дошло до нивна средба.[24]

Полковникот Анастас Јанков требало да исполни дел од плановите на Врховниот комитет во Софија, во летото и есента 1902 година да се направи врховистичка провокација и таа да се претстави како востание во Македонија. Така, речиси истовремено кога се подготвувало врховистичко навлегување во Источна Македонија (Горноџумајско „востание“ предводено од генералот Иван Цончев[25]) Јанков со една поголема чета, во август 1902 година бил испратен во Костурско-Леринско да изврши една ваква провокација и да ѝ наштети на Внатрешната организација. Меѓутоа, месните раководства и војводи не дозволиле да се направи поголема провокација од споменатата врховистичка чета.[26] Револтиран од манипулациите на полковникот Јанков, војводата Васил Чакаларов, отворено му рекол: „Слободата ние ќе си ја извојуваме, не ја сакаме од тебе! Не мисли дека затоа што си полковник и со еполети ќе го оставиме народот да се повлече по тебе и да изгори!“[27] Така, веројатно, младите момчиња кои од четата на Јанков, пребегнале кај Славејко Арсов, сосема не ја знаеле вистината за мисијата на Јанков, наспроти учителите и македонските

[24] „Славејко Арсов“, *Спомени...,*71.

[25] Горноџумајското врховистичко „востание“ спаѓа во рамките на надворешното мешање во внатрешните македонски работи. Тоа „востание“ било испровоцирано од Врховниот комитет, а заради неговиот неуспех жртва станало невиното македонско население. Започнало на 23 септември 1902 година во с. Железница, Горноџумајско, со убиството на неколкумина турски чиновници. Истиот ден во Горноџумајско биле регистрирани уште неколку судири. Оваа врховистичка акција, преводена од бугарскиот генерал Цончев, опфатила 28 села во Горноџумајско, Мелничко, Петричко и Струмичко. На овој терен властите испратиле силни воени сили и башибозук кои се одмаздувале над невиното население (убиства, измачувања, изнасилувања, опожарувања), а врховистичките сили се повлекле во Бугарија. Околу 2000 семејства, за да ги одбегнат насилствата пребегале преку граница. ТМОРО остро ја осуди оваа врховистичка провокација. (Р. Пасков, „Горноджмайското въстание 1902 година“, *Военноисторически сборник,* бр. 1, София 1985, 15-35; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 104-106).

[26] На пример, со костурските нелегални раководители Кљашев и Чакаларов, Јанков се сретнал и се движел три дена од 1-3/14-16 септември 1902 година. Тие веднаш ја оцениле престапната улога на Јанков и со цел да добијат во време побарале мислење, како и Славејко Арсов, од Окружниот комитет. (Х. Силянов, *Освободителнитѣ...,* том I, 166-174; „Пандо Кљашев“, *Спомени,* 217-230).

[27] *Освободителната борба въ Костурско (до 1904). По спомени на П. Кляшевъ,* МНИ, София 1925, 88.

војводи во Костурско кои ја прозреле намерата за предизвикување провокација која ќе биде крајно штетна за ТМОРО и за локалното население.[28]

Всушност, во средината на 1902 година во Македонија, особено во источниот дел, се нашле повеќе врховистички чети под водство на офицери на бугарската армија. Како претходница бил испратен полковникот Јанков – родум од Костурско. Тој требало да прогласи востание во југозападниот дел од Македонија. Насекаде каде што поминал посеал раздор и агитирал за започнување на востание. Неговите намери да испровоцира востание во Југозападна Македонија биле осуетени благодарение на преземените мерки од страна на Организацијата.

Наспроти намерата на Јанков за предизвикување провокација, Славејко Арсов продолжил со агитација и активности за ширење на Организацијата, нејзиното поставување на новите начела и со подготовките за оружена борба. Во овие рамки, како и другите војводи, организирајќи го делото, особено внимание посветил на вооружувањето на четите и населението. Тој, меѓу другото, заповедал сите кои немаат оружје да си купат и да го чуваат исправно, да го чистат и тоа да биде заштитено.[29]

Истовремено со енергичните акции за ликвидирање и протерување на разбојниците во Ресенско, Арсов се зафатил и со протерување на пољаците кои го злоставувале народот и најчесто биле поврзани со самите разбојници.[30] Во спроведувањето на оваа

---

[28] Во дописот на еден четник од Костурско (од 1.12.1902), спомената ситуација е опишана со следниве карактеристики: „...нашиот крај буквално е преплавен од аскер, кој секојдневно ги соблекува, затвора и мачи селаните. Во секој поглавен пункт е оставен аскер на постојан престој. Така во Смрдеш има – 110 лица, во Руља – 70, во Поздивишта – 90, во Кономлади – 110, во Вишени – 150, во Загоричани – 200, Костур – 300, Хрупишта – 150, Билишта – 100. Аскер има во Клисура и во Мокрени, но не знам колку точно. Како последица на турските проследувања и зулуми, а и од настапувањето на лутата зима нашето циркулирање стана неверојатно тешко и опасно како никогаш досега. Селата се растроени, претресите и затворањата се секојдневни“ (Четникъ, „Положението въ Костурско“, *Право,* II/37(45), 3.

[29] Главно се купувале пушки „гра“, од Турците. „Обично пушката гра чинеше 2,5 лири, 10 патрони -13 гроша, а пред востанието достигнаа цена од 22 гроша. Пред мене 10 патрони се продаваа по 3-4 гроша“. („Славејко Арсов“, 66.)

[30] „По убивањето на разбојниците, вели Арсов, на 15 август, бев во Крушје; ми јавија дека во Охрид е Али ага, претседател на турскиот комитет во Ресен (турските комитети беа основани порано) и дека би било добро да ги мавнеме. Се распрашувавме за да го пресретнеме, но се покажа неполезно; по два дена се обидовме да пресретнеме и други.“ (Исто, 66-67).

акција, четата на Арсов се сместила во селото Кривени, каде имало двајца злогласни полјаци Турци - Смаиљ и Зениљ, татко и син. Смаиљ бил 40 години полјак во тоа село, а син му Зениљ, помошник. Тие биле јатаци на турскиот комитет - на четата што ја отруле комитите како и на слични зулумџиски и разбојнички групи. Притоа, синот на полјакот бил „страшен крвопиец" кој имал убиено до 15 души и бил замешан во сите убиства.

Селаните барале од четата веднаш да ги ликвидира наведените полјаци. Сепак штотуку пристигнатите четници биле крајно исцрпени од замор и војводата Арсов ги убедил селаните да одат да ги фатат живи полјаците, за да ги казнат без врева. Селаните немале храброст за таков зафат, но, сепак успеале да ги намамат во една куќа, од каде четниците ги одвеле на една ливада и таму ги убиле. По наведениот настан, во селото пристигнала турска потера која ужасно ги мачела селаните, но не можеле ништо да дознаат за убиството на озлогласените Смаиљ и Зениљ. Селаните покажале голема издржливост, така што добиле поголема храброст „се окуражија, вели Арсов, видоа дека можат да ги отстранат лошите Турци, а тоа да остане тајна".[31]

Така, по убиството на полјаците во Кривени, речиси сите Турци-полјаци по ресенските села преплашени сами заминувале. Веќе беа разбрале дека селаните ги трујат или живи ги фаќаат. Останал само братучедот на Неџиб во селото Лескоец, како покрабар, мислејќи се за невин додека ликвидираните полјаци биле познати по своите злодела. Откако дознал за извршеното убиство на полјаците, Турскиот комитет од градот, веднаш презел одмазда, при што биле убиени двајца луѓе на Организацијата, а еден ранет.

Дотогаш селаните молчешкум ги трпеле сите маки и не биле навикнати да се жалат за измачувањата на кои ги подложувале Турците. Војводата Арсов решил да ја промени таквата состојба, не само да им влее храброст, туку да го подигне нивниот дух и да им покаже други патишта по кои тие организирано треба да ја бараат правдата. Во рамките на ваквите негови настојувања, два дена по измачувањата во Кривени, дошол во селото, ги собрал селаните и ги убедил да се соберат 150 души, мажи, жени и деца и да одат да се жалат кај валијата и кај конзулите за злоделата и неправдите што секојдневно им се прават[32].

---

[31] Исто, 67.

[32] За таквите состојби, Христо Силјанов запишал: „При покрупни насилства и беззаконие правени од страна на војската, жандармеријата или башибо-





Претреси и потери во македонските села

Позабележителни измачувања на населението се случиле и во Крушје, заради еден неуспешен обид на четата да го ликвидира Демир-ага од Буково. Демир собрал една банда со која отепал еден селанец од Крушје, а четворица ги киднапирал и ги однесол во Дебар барајќи за нив 50 лири откуп. Сепак, киднапираните успеале да побегнат. Славејко Арсов веднаш реагирал и на ова самоволие и бесправност, поттикнувајќи ги и селаните од Крушје да поднесат жалба за измачувањата од аскерот и башибозукот и за киднапирањата од страна на Демир-ага.

Наговорени и добро организирани од страна на војводата Арсов, 150 селани од Кривени, а нешто подоцна 120-130 души од Крушје, отишле во Битола да се жалат кај конзулите „дека ги мачат ни криви ни должни“. Вакви акции биле спроведени во повеќе места, особено онаму каде на чело на четите стоеле обучени, интелигентни војводи.[33]

---

зукот, се организирале масовни поплаки и протести до погорната административна инстанца и до европските конзули во вилаетските центри. Во такви случаи широко и умешно се ползувале жените. Во декември 1902 г. се дигнаа стотина селанки од Корешијата, отидоа во Костур, се турнаа наспроти стражата, при кајмакамот, протестираа против извршените во селата насилства и грабежи и издејствуваа ослободување на нивните затворени мажи. Од Ресенско на неколку пати по 100—150 жени и мажи отидоа преку планината ноќно време, скришно од месната турска власт, во Битола, за да се жалат од насилствата и маките пред конзулите. Тие масовни протести обично не останаа сосема без резултати.“ (Х. Силянов, том I, 105).

33 Во овој период, работејќи како и Славејко Арсов, војводата Никола Петров Русински, меѓу другото, испратил отворено писмо до управникот на Битол-

Истовремено, четата на Арсов била закрила на селаните кои тргнале кај конзулите и кај валијата во Битола. Таа ги испраќала, и тоа ноќно време, три до четири часа преку планина, за да не ги забележат Турците од Ресен. Колективната жалба на селаните, дотогаш невидена, силно дејствувала: пристигнале наредби Турците да се воздржуваат од насилството над населението. Особено рускиот конзул Ростковски се застапувал за заштита на народот. Слична жалба, иако помала, била доставена и за односот на полјаците кои, исто така, биле исчистени. Последен останал полјакот во Лескоец, но и тој бил набрзо ликвидиран близу селото Шуменци, од страна на четата на Арсов.

На местото на тргнатите полјаци Турци, во Ресенско почнале да се назначуваат полјаци од христијанското население. Во тоа имало улога и поткупувањето на еден мудур по име Калија Татарчев. Како што наведува Славејко Арсов, „со извесна сума" пари, Калија „го придобивме на наша страна, па се назначија полјаци 'рисјани'. Тој ги убеди селаните дека дошол од царот мемур за полјаци да се назначуваат рисјани".[34]

Гледајќи дека турските насилници се убиваат, дека турските чети се уништуваат, дека населението почнало поодважно да се однесува и самите Турци веќе биле обземени од страв. Тоа го толкувале како опасна промена, помислувајќи дека главна причина за тоа се зулумите на спахиите и полјаците на одделни самоволни аги „деребејовци". Затоа, самите Турци ги советувале и ги заплашувале потерниците да се смират и да се однесуваат човечки кон христијаните, „зашто гледаат дека работите се одвиваат лошо за Турците". Исто така, веќе биле информирани и за тоа дека имало комитски чети кои престојувале и се хранеле по селата, раководејќи со селаните. „Не можеа само да си објаснат, вели Арсов, од каде произлегува таа нова сила која е и видлива и невидлива. И војската малку се созеде, не одеше веќе по селата. Се рашири глас дека трујат".

---

скиот вилает, Вали-Паша датирано на 13 јули 1902 година, каде зборува за неподносливата положба на населението: „Создадениот насилнички, терористички и разбојнички режим во Македонија и Одринско доведе до денешнава положба. Христијанското население ги отвори очите и проговори преку своите тајни революционерни организации, заземајќи позиција, по позиција. Тоа проговори за своите одземени човечки права. Во дваесеттиот век, векот на цивилизацијата, Вие се гордеете со најголемото варварство и со него ги управувате народите, кои имале несреќа да бидат турски поданици". (Никола Петров Русински, *Спомени...*, 224-228).

[34] „Славејко Арсов", 67-68.

За чистењето на зулумџиите, Христо Силјанов запишал: „Тргањето на еден бег, пољак или разбојник беше понекогаш еднаквосилно на полуослободување за цели села. Планините и царските друмишта, опасни порано за мирните жители, сега станаа страшни за падарите, спахиите, таксилдарите, кехаите и дерудеџиите. Зачестените убиства на бегови ги предупредуваше живите, дека веќе има и казнувања и место за престапниците и запре многумина од нив да ги позанемарат чифлиците и да си го изменат донекаде односот кон своето робје“. Така, четите станале сигурен заклон на селаните во опасни моменти. Населението се приврзувало кон нив како кон свои закрилници, учители и просветители. Организацијата добила за селата „значење на вистинска народна власт, авторитетна, справедлива до жестокост и способна да ги наложува своите решенија“.[35]

Сите наведени акции спроведувани во текот на летото и есента 1902 година, како и состојбите на теренот каде видливо бил подигнат духот на народот, зборуваат за добрата поставеност на Организацијата и енергичното спроведување на нејзините начела од страна на војводата Славејко Арсов, кој истовремено покажувал извонредна самоиницијативност и енергичност.

Во рамките на севкупната дејност на Арсов, вооружувањето било една од приоритетните задачи што тој ја исполнувал прилично успешно, кон што истовремено спаѓала обуката за ракување со истото и неговото одржување. Самото население веќе проjавувало се поизразена желба да научи да ракува со пушка. Во прво време, обучувањето се организирало навечер, по куќите во селото. Поединците нишанеле без да пукаат, така што за почеток учеле теоретски како сето тоа се прави. Арсов најпрво ги обучувал момчињата од четата, а потоа почнале да вежбаат и другите кои поседувале оружје.

Штом четата ќе пристигнела во некое село, целото оружје се вадело надвор, луѓето биле под оружје, како и стражата која внимавала надвор од селото. Селската стража, по двајца, тројца или повеќемина секогаш стоела на повисоко место. Имало и ноќна и дневна стража. Ноќната стража се поставувала поблиску до патот, нејзе и било забрането пушење, кашлање, зборување, спиење и била должна да информира за сè што забележала. Во почетокот во стражата биле одредувани само мажи, но подоцна се ставале и жени. Кога четата престојувала во селото, имало редовна стража и дење и ноќе, а кога немало чета задолжени биле да јавуваат си-

[35] Х. Силянов, *Освободителнитѣ...*, том I..., 104.

те: говедари, овчари, дрвари. Тие биле должни да му кажуваат на селското раководно тело за сè што забележиле (движење на војска, потери и сл.). Доколку нешто се случувало во едно село веднаш се соопштувало на другото село. Честопати кога тргнувала војска од Битола веднаш им се соопштувало на сите села, како за нејзината бројна сила така и за правецот на движењето. Стража се поставувала и пред селото тогаш кога било извадено оружјето за да се чисти или да се обучуваат луѓето. Подоцна војводата Арсов организирал обучување и преку ден, при што по 150 души оделе во планина, на некое поскриено место да учат да ракуваат со оружје и да вежбаат.

Во почетокот на септември 1902 година, точно во текот на гроздоберот, додека траела мисијата на полковникот Јанков, Славејко Арсов заминал за Преспа, во околината на селото Рајца, на југ, од двете страни на Езерото. Со самото доаѓање во Преспа, тој најпрво отишол до селото Герман каде имало шпиони, кои требало да се ликвидираат.[36]

Арсов кажува дека во Преспа духот на населението бил послаб, отколку духот што го затекнал во Ресенско. Во Преспа луѓето имале повеќе средби со делови од четите, но не го разбрале нивното значење. Четите, организирани по старата тактика, не се покажувале пред сите селани, така што селаните нив ги сфаќале повеќе како „јатаклак“. Сепак, постојаните чети од околните реони и кај луѓето од Преспанско го разбудиле љубопитството понепосредно да се запознаат со нив.

Во Ресенско, како и по други места, семето на Организацијата се сеело од градот Ресен, од посвесните жители, прошетани по туѓи земји, оние кои ја воочиле разликата помеѓу османлискиот систем на владеење и слободна демократска држава со понапреден политички систем. Така, од едната страна допирот со воносмалиските држави, а од друга агитацијата на Организацијата и присуството на одделни организациски чети придонесувале посвесните, поиздигнати од средината личности, да се посветуваат на револуционерното дело.

Меѓу првите чети со кои дошле во поблизок контакт со селата во Ресенско била костурската чета со војводата Атанас Петров која броела 6-7 борци. Оваа чета поминала на брзина низ селата во Ресенско и се сретнувала со 5-6 души во секое село. Покрај Атанас Петров, тука имал влијание и Стојан Донски кој со четата

[36] „Славејко Арсов“, 69.

од Битола успеал да се сретне со повеќе луѓе од секое село, но тајно едни од други, без да прави помасовно собирања и покрстувања во Организацијата. Наведените две чети минале и низ Преспа, но малкумина се прифатиле за делото, бидејќи тука била присутна помасовна миграција на населението. Мнозина заминувале на гурбетлак и „главно биле бичкиции и живееле в планина, заради што и останале прости. А ресенчани оделе и во подалечни градови, особено в Цариград, што ги направило поотракани“.[37]

Соочувајќи се со луѓето и нивниот начин на живот во Преспанско, педантниот Славејко Арсов ги споредува со оние во Ресенско. Тој нагласува дека луѓето во Преспанско биле на пониско културно ниво, „попрости“, „заостанувале во хигиената и во куќите и во чистотата на живеалиштата (царот на вошките е таму, додека во Ресенско, напротив, луѓето се многу чисти и нема вошки) и во храната (сув леб!). Луѓето се суви, жолти, бледи - пропаднати“.[38]

Всушност доаѓањето на Славејко Арсов во Долна Преспа, поточно во селото Герман[39] за да ги казни шпионите било поврзано со Атанас Петров кој тука направил собрание со селаните по покана од учителот Велјан (Веле) Илиев - Пенчо (родум од Смилево), на кое присуствувал и кметот. На селаните им се објаснувало делото како општо за сите, но некој им јавил на Турците. Така почнуваат прогони и апсења, а учителот Пенчо пребегал во четата на Никола Петров Русински во Охрид каде станал одличен деец.[40] И во овој случај, Славејко Арсов презел задача да ги казни

---

[37] Исто, 70.

[38] Исто.

[39] Арсов наведува дека селото Герман било гркоманско село (патријаршиско) со 150 куќи, од кои 50-тина куќи се отцепиле и преминале во Егзархијата. (Исто).

[40] При крајот на 1901 година, Никола Петров Русински врши обиколка во Охридско-струшкиот регион, зацврстувајќи ја Организацијата. „Во мојата писмена работа, запишал Русински, за време на четирите зимски месеци ми помагаше Веле Илиев (Пенчо), а на 2 април 1902 година по сопствена желба замина за Преспанско, каде порано бил учител, за да создаде и таму ваква революционерна организација. Но, Славејко Арсов, кој неодамна беше дојден за војвода, не му дозволи да ја поставува Организацијата на вакви начела, односно не му дозволи да ја реформира порано создадената революционерна организација од Никола Кокарев. Во лицето на Веле Илиев (Пенчо), јас го загубив најдобриот четник, иако имаше еден недостаток (не слушаше добро кога се разговара тивко).“ (*Никола Петров Русински, Спомени,* 209). Ваквите тврдења на Русински не кореспондираат со историската вистина, бидејќи Славејко Арсов бил назначен за ресенски војвода при крајот на мај, а должноста ја презел во летото 1902 година.

предавниците кои ги поткажале учителот и другите. „Тоа беа кметот, селскиот свештеник и др.“ Предавството се случило, пред малку повеќе од една година, во јуни 1901 година, но Арсов не сакал да ги остави неказнети предавниците. Во селото останале шест дена, скриени во една воденица, но не успеале да ја извршат задачата, така што се вратиле во Ресенско.[41]

По кусиот престој во Ресенско, Арсов повторно се вратил во Преспа каде требало да се направи реорганизација, односно „...революцијата да се организира како и во другите места“. Во средината на септември биле во селото Љубојно каде разбрале дека дошол полковникот Јанков со цел „... да го запали Лерин и дека имал намера да се повлече во реонот на разбојникот Коте, во кого нашол заштитник“.[42] Истовремено, биле информирани дека Јанков имал расправии со костурските чети, поточно со Васил Чакаларов, Пандо Кљашев и др.

За време на овој престој во Преспа, војводата Арсов свикал собранија во Љубојно, Брајчино, Штрбово, Сливница, Курбиново, Претор и Рајца. На собранијата говорел војводата кој на селаните им го објаснил делото, поставувајќи раководни тела и определувајќи членски прилози. Истовремено, како педантен човек кој држел до својот изглед и нега, Славејко Арсов им зборувал на селаните за чистотата, за одржувањето на хигиената.

Најсериозен проблем со кој се соочил во рамките на организирањето на преспанските села бил недостигот на оружје. Преспанско видливо заостанувало во тој поглед зад другите реони, заради што војводата им наложувал да си купат оружје. „Се чинеше дека селаните во сите села беа задоволни од посетата на четата, го признаа своето заостанување во делото и ветија дека брзо сè ќе надоместат“, констатира Арсов.[43]

По активностите и организирањето на наведените преспански села, при крајот на септември 1902 година Арсов со четата повторно навлегол во Ресенско. Таму слушнале за наводното востание на генералот Иван Цончев, но само патем, така што тоа не им оставило некој впечаток. „Не сфативме дека во Џумајско се

---

[41] „Славејко Арсов“, 70.

[42] Коте ја обиколувал Долна Преспа (Медово, Герман, Опаја, П’пле, Рудери, Нивици идр.). „Тој не го чепкаше народот, не бараше ‘членски прилози’, но земаше кај што можеше... Населението немаше ништо против него. Тоа што ќе украдеше си земаше за себе. Момчињата му беа повеќето дезертери од костурскиот реон“ (Исто, 70-71).

[43] Исто, 72.

случило суштинско востание, туку нешто како локална бркотница, такви судири на чети имаше и во други реони. Окружното раководно тело во Битола било во тек со сета работа, но сметало дека не е потребно да не информира“.[44]

Наспроти обидите на врховистите да се мешаат во внатрешното македонско дело, повеќето дејци и војводи на ТМОРО, меѓу кои и Славејко Арсов продолжиле со организационата работа и подготовките на народот за претстојната борба за слобода. Веднаш по враќањето во Ресенско, Арсов се зафатил со проверка, дополнувања и поправки на сè што дотогаш било сработено од него според новиот ред на Организацијата. Во контактите сред населението, Арсов се уверил дека луѓето добро ги сфатиле упатствата кои им биле дадени и дека купиле доволно оружје - во секое село имало по 5-10 новокупени пушки. Старите пушки, исто така, се чувале во исправна состојба на места посебно направени за таа цел (на пример, во ѕид специјално ископан и премачкан, со една дупка) и насекаде, воопшто, се правеле скривници. Селаните ја сфатиле сериозно и стражарската служба така што при доаѓањето на четата стражата не се помрднувала од своето место се до заминувањето на четата. Сè што се случувало во селото било соопштувано пред четата.

Авторитетот на Организацијата и на четата доаѓал до израз и при судските спорови, при што сосема биле исклучени османлиските судови. На секое собрание биле формирани по 10-15 групи за пресудувања за приватни спорови помеѓу селаните: кавги, тепачки, грабежи, недоразбирања меѓу маж и жена итн. На одговорност биле земани и оние кои проговориле нешто за Организацијата в село или в град, оние кои не ја завршиле поставената задача точно како што налагале правилата (на пример, писмото не го предал кај што требало или го предал многу јавно и сл.).

Во оваа фаза на дејствувањето на војводата Славејко Арсов во Ресенско, населението веќе се чувствувало послободно согледувајќи ја ползата од Организацијата која ги уништила разбојничките чети и полјаците-зулумџии. Соочени со фактот дека Револуционерната организација се грижи на секој начин да им помогне, почнале да се обраќаат на четата со молби да им помага и против некои граѓани-експлоататори, на пр. лихвари и слични за да се ослободат од економското поробување. Во такви случаи четата им давала упатства, на пр. да не даваат повеќе од 20% (а им

---

[44] Исто.

земале по 60%, па дури и по 100% лихва), а доколку заемодавците се жалеле во судот, четата се вклучувала во решавањето на случајот. На овој начин заемодавците морале да омекнат. Плашејќи се од одмазда или казна и тие почнале да се однесуваат поучтиво кон должниците. Истовремено, Арсов со неговата чета или преку раководното тело го прекинал давањето под заем и со лихва на семејствата на печалбарите во Цариград кои ги испраќале своите пари дома преку посредници (чорбаџии) од градот, а овие се однесувале нечесно кон презтемената должност.[45]

Освен наведениот вид помош која била обезбедена од страна на четата, луѓето самите посакале да се ослободат од некои непотребни и скапи луксузности во носијата: кадифе, коприна, срма, парични накити, црвило, белило итн. Ова секако било поттикнато од војводата Арсов кој сметал дека парите можат да се искористат за Организацијата. Затоа, мнозина побарале да се стави крај како на луксузот во облеката, така и на белењето, на црвењето и на честото одење на младите жени в град.[46] Во согласност со тоа, градското раководно тело издало писмена заповед, потпишана од војводата Арсов, со која се забранувало одењето в град без работа кој и да е ден во неделата, освен по многу важна работа и тоа со претходна согласност од раководното тело во селото. Тоа се однесувало за сите жени, така што биле предупредени дека во градот ќе бидат следени од определени луѓе. За кусо време жените се навикнале да бараат дозвола, а обично ги задолжувале постарите жени да одат во градот да им пазаруваат. Престанало белењето и црвењето. Оние кои го прекршувале овој востановен ред биле казнувани со „по шлаканица-две прviот пат“, некои со четири-пет гроша казна и слично“.

[45] За тоа Арсов вели: „Сите селани работат во Цариград; меѓу тој што е во Цариград и на пр. жена му посредуваат чорбаџијата кој е во Ресен и неговиот претставник во Цариград. Претставникот зема пари од селанецот кој работи во Цариград, ги препраќа до чорбаџијата (брат, татко, роднини) а тој на жената од селанецот ги праќа кога сака, а често ги дава како свои пари. Сиромашниот работник никогаш директно не соработува со своите. Жена му, бидејќи има потреба, зема од чорбаџијата, а тој си става лихва колку сака. На таквите лихвари и трговци лично или преку раководното тело им јавивме дека, доколку своите клиенти ги дадат на суд, ќе одговараат пред нас.“ (Исто, 73).

[46] „Жените од Ресенско, бидејќи без мажи (мажите седат во Цариград 4-5 години), имаа обичај да се натокмат, да се набелат и така променети, без никакви поводи да одат во групи во Ресен, да се сретнат со познати, да прокупат нешто, така што Ресен се претвори во женски пазар. Достоинството кај жените страдаше, а суетата се развиваше“. (Исто).

Во рамките на решавањето на граѓанските спорови, меѓу бројните различни случат, четата исто така застанувала да ја брани честа на оставените пред свадба моми од страна на нивните свршеници, така што момчињата морале да платат парична казна заради прекршениот збор.[47] Веста за ваквата заштита набрзо се разнесла низ целиот реон и сите онеправдани на тој начин ѝ се обраќале на четата. Имало и казни со тепање, кога некој не сакал да го исполни решението.

Во рамките на ограничувањето на бесполезните трошоци на населението и тука, како претходно во Кичевско, се вовело штедење при одделни обичаи кога се раздавале многу непотребни работи, а кои според проценките на војводата чинеле 10-15 гроша по семејство (јадења кога некој ќе умре, за задушница, за служба, на празнични денови; се колеле цели овни и се раздавале, се раздавало вино, ракија и сл., при што дополнително се случувале пијанства и тепачки). Со една заповед на војводата таквите обичаи биле сосема прекинати, а се востановило да се раздава само *жито* (во една чинија), нафора за свештеникот и зејтин со свеќи за црквата. Истото се случило и со луксузот околу носиите и накитите. И во другите реони, заради потребите на Организацијата и предстојната борба биле воведени слични правила на однесување на населението.[48]

---

[47] „Во Ресенско обично се мажат во текот на есента. Често се случуваше свршена мома да ја остави младоженецот најмалку до следната есен неземена. Со тоа се нанесуваше удар на момата и на семејството. Еден случај даде повод Организацијата да се замеша и во тие работи и тоа на страната на онеправданата. Дојде една мома во Дупени; беше ја оставило момчето и веднаш со друга се свршило. Момата веќе не можеше да оди во уќуматот, зашто нема да ја пуштат селските првенци, а за да оди кај архиерејскиот наместник треба да троши пари. Таа одлучила да и се обрати на четата: ги донесе даровите од момчето (прстен, една меџидија пари и една крпа), ги стави пред мене и изјави дека дошла да си ја брани честа и дека ја моли четата да ја заштити, зашто се уверила дека „нашиот уќумат" (четата) правилно пресудува.

Се повикаа момчето и татко му, се разгледа проблемот и во присуство на селското раководно тело, момчето се осуди на казна од четири турски лири за момата и по половина лира во двете каси - во Дупени и во Езерани (од тоа село беше момата). Момчето, колку што се сеќавам се викаша Коте или Коче... Имаше и друг случај... Ефтим Поповски, од селото Болно, беше верен со една мома од село Перово. И тука заврши со казна“. (Исто, 74).

[48] За раздавањето имало забрана и во Охридско. Оние што не ги почитувале наметнатите мерки се казнувале парично - од 100 пари до пет гроша. Но, најчесто до наредното собрание определените казни им се простувале, „така што луѓето беа задоволни.“ (Исто, 75).

Следната промена која била воведена во животот на луѓето од страна на војводите и четите, а која била бескомпромисно спроведена од војводата Славејко Арсов, се однесувала на тутунот кој се собирал „точно по Митровден", и чие садење било привилегија на Турците кои имале голема добит со продавање или препродавање на истиот. Притоа, тутунот Турците го носеле по куќите го оставале без да прашаат, а потоа вршеле уцени при наплатата на истиот. „И на тоа зло се стави крај откако се забрани да се прима од Турците „качарма" (контрабанда) тутун". „Ние намерно пуштивме глас дека имало случаи на труење од тутунот-качарма". Тоа се одразило и во градовите каде исто така престанале да пушат контрабанда тутун. Турците, произведувачи на тутун, се нашле финансиски засегнати, бидејќи Компанијата им плаќала значително пониско (по три-четири гроша ока) од она кое тие нелегално го наплатувале од селаните (околу осум до десет гроша).[49]

Покрај забраната за купување тутун од Турците, војводата Славејко Арсов и неговите четници организирале бојкот на купувањето алва и боза кои како традиционални специјалитети ги продавале Турци-Арнаути низ селата. Тоа било направено пред се заради заштита на четата бидејќи не се знаело точно кога во селото ќе престојува четата која тие можеле да ја откријат. Во согласност со татковците, се разнесол глас дека во алвата има отров така што ги плашеле децата да не бараат од алвата која имала „отрувачка". Така алвациите шетале по селата по цел ден, при што не можеле да земат ниту едно јајце (алвата се купувала со јајца). Залудно се жалеле алвациите во градот дека не им се троши алвата, дека нешто има во селата, дека децата зборуваат за отров и сл.

Уште една мерка, која одела во прилог на подобрување на животот на населението, преземена уште претходната пролет,

[49] „Турчинот ќе го собере, ќе го исуши, ќе го здроби, ќе го направи по една до две оки, и откако ќе земе десетина пакети, оди во селото и остава по два-три пакети по куќите, без да праша и без да бара пари или да се пазари за цената. По некое време тој ќе се јави или в село или пред селанецот кога тој ќе дојде в град и ќе бара пари од него за тутунот онолку колку што тој тогаш ќе одреди. Сите протести од селаните не помагаа, тој требаше да плати, инаку ќе настрадаше." Но, откако се вмешала Организацијата, и самите Турци почнале да се воздржуваат да оставаат тутунот на сила кај селаните. „Жените им го фрлале назад тутунот викајќи дека ќе им го растурат" - „не ви го сакаме" и сл. „И така и тоа престана. Почнаа сите да пушат тутун по 10 пари едно пакетче - од компанијата". А пак во Компанијата биле зачудени од каде дошла таа нова навика на големо арчење тутун од селаните кои пред тоа воопшто не трошеле тутун од нив. (Исто).

бил ангажманот на четата околу намалувањето или укинувањето на бесплатната работа – ангаријата и работењето во празници. Но, на работа оделе само жени и моми, така што таквата мерка не се спровела целосно насекаде. На селаните им било наредено кај Турците да работат за пари и тоа: жетва, гумно, копање пченки и сл. Последната пролет тоа се случувало насекаде.[50]

Четата забранила, исто така, да се купува било што од Турците, макар тоа да се нудело и за поефтина цена. Никој не смеел да влезе во турски дуќан или турска сергија. Во Ресенско имало стотина дуќани кои се одржувале со ситна трговија (сергии) на зеленчук, овошје, опинци; потоа бакали, бербери, кафеџии. Финансиски и материјално овие Турци доста опаднале не можејќи да си објаснат од каде дошол таквиот бојкот.

За овие состојби, Христо Силјанов запишал: „Ангаријата по чифлиците се забрани, се поведе борба против злоупотребите при собирањето на десетокот, на места се прекрати секакво тргување со Турците. Зададените наредби се изполнуваа од населението со фанатична строгост“.[51] За да се следи извршувањето на дадените заповеди од Организацијата, биле ангажирани сите раководни тела, но и самите селани вршеле контрола.[52]

Со севкупноста на овие мерки и нивното почитување од страна на населението, Организацијата фактички функционирала како држава во држава, за што Х. Силјанов запишал: „Таа нова власт ги рашири своите атрибути и ја распростре братската грижа над целиот народен живот. Таа си постави за задача да ја ослаби до последната можност моралната зависност на селаните од официјалната власт и нивните материјални врски со турската држава. И забележуваше се нови и нови постигања, особено во око-

---

[50] „Тоа беше нужно за Организацијата за да не се предаде нешто во преголемото општење со Турците. Турците тоа силно го почувствуваа и сфатија дека тука има „ѓаволска работа", дека комитетот тука нешто прави. Селанките почнаа да откажуваат под разни изговори, а Турците не можеа со сила да ги натераат. Со тоа се стави крај и на развратот што Турците го сееја меѓу женскиот свет.“ (Исто, 76).

[51] Х. Силянов, *Освободителнитѣ...*, том I, 105

[52] Арсов раскажува еден случај: некој си „селанец купил јаболка од еден Турчин и веќе ги ставил во торбата. Минуваат други селани, а еден го влече одзади и му вели; ‘абе не знаеш ли што ни наредија в село’? И селанецот се присетува, му ги враќа јаболката на Турчинот велејќи дека не сака такви јаболка и сл. Турчинот се налутува и му удира шлаканица, селанецот му го враќа ударот и почнува тепачка за јаболката. Такви случаи има многу“. („Славејко Арсов“, 76).

лии, каде горското началство го сочинуваа целосно подготвени и просветени војводи“,[53] каков што бил и Славејко Арсов.

За секоја потреба, за сите селски проблеми и прашања од расправите со разните претставници на турската власт, до нивните сопствени заемни спорови, селаните се навикнале да се обраќаат најпрво на четата. Четата им делела вистинска правда на самото место и по многу куса процедура - без одлагање, без расходи, без подмитување. Турските судови, веќе ја изгубиле својата клиентела. Биле ограничени криминалните престапи по селата како грабежи, опожарувања, пресметки, неморал. „Во казнителниот кодекс на новите судии имаше само четири вида казна: опомена, глоба, тепање и смрт“.[54]

Славејко Арсов бескомпромисно го спроведувал поставениот кодекс за однесување на населението насекаде каде што престојувал и агитирал како ресенски војвода. Истовремено, тој организирал и извршувал интензивна обука за ракување со оружје. Притоа оние кои за првпат држале оружје почнале да вежбаат без да пукаат. Понекогаш се собирале од неколку села, вооружени по четири-пет луѓе од едно село, да се сретнат и заеднички да се уверат дека е сè помал стравот од носење оружје. Се обучувале наредени по четири-пет души, а пообучените почнале да ги обучуваат другите - по цели ноќи, и тогаш кога четата не престојувала во селото. Во агитацијата, меѓу другото, војводата Арсов им потенцирал дека се должни во ситуации кога четата била во некоја опасност да ѝ притекнуваат на помош, или да спасат некое село и сл. „Да докажат дека во народот има херои, дека четата не е разбојничка, за да се сепнат Турците“, вели Арсов.[55]

Паралелно со сите овие активности во Округот, течело снабдувањето со оружје кое се вршело на разни начини, поединечно или преку воспоставените канали на Организацијата. Во септември 1902 година, при престојот во Охрид каде требало да се одмори, Никола Петров Русински добил известување дека ќе пристигнат 150 пушки за кои тој во моментот немал со што да ги плати. „Да бев во четата, вели Русински, веднаш ќе одговорев со пари, а јас во тоа време и не знаев каде е четата“.[56] Затоа напишал

---

[53] Хр. Силянов, исто, 104.

[54] Исто.

[55] „Славејко Арсов“, 77.

[56] Никола Петров Русински заминал од Охрид за Битола при крајот на 1902 година (7/20 декември). Притоа тој остварил вонредно плодна организаторска дејност во Охридско-Струшкиот регион. Организаторската мрежа во

две писма: „едното за Славејко Арсов, ресенски околиски војвода и другото за Јордан Пиперката да го препрати во Крушово и веднаш да земат 300 лири и да дојдат во с. Брежани да си земат 100 пушки ‘гра’ со потребниот број патрони“. На Арсов му било речено да дојде со четниците кај с. Елшани да си земат 50 пушки со 100 патрони. Така, Арсов со 15 четници и 20 селани слегол преку планината Галичица до селото Коњско, купил 50 пушки и повторно се вратил во својот реон.[57]

По враќањето во Ресенско, војводата Арсов наскоро имал можност да ја провери во практика борбената подготвеност на оние кои претходно ги обучувал, односно на дело да ја види првата мобилизација на селската вооружена милиција во реонот. Така, пред Божик, околу 10-12 декември 1902 година (ст. стил) добиле известување дека демирхираскиот војвода Јордан Пиперката бил опколен од Турците во селото Брезово, Демирхисарско. Таму се нашол по некоја работа, со 12 души, поделени во три куќи.[58] Всушност османлиската потера во с. Брезово наишла на Јордан (Ордан) Пиперката и неговите тројца четници, од кои двајца биле болни. Тука се одиграла херојска битка која почнала саботата навечер и се водела до неделата наутро. Селаните со семејствата избегале во шумата.[59] Пиперката со еден здрав четник успеал да се пробие низ обрачот и да стигне до Велмевци.

---

Охрид и Струга била одлично поставена каде успешо биле активирани и женски групи. (А. Кецкаровъ, „Изъ спомените ми по революционното движение въ Охридско“, Ил. *Илинденъ*, г.3/10 (30) София 1930, 2; М. Матовъ, „Стружанката въ революционната борба“, сб. *Илинденъ*, София 1922, 71.)

[57] За таа средба Русински запишал: „Дојде и попот Ристо со 16 четници, а ‘Мургаш’ (Никола Хаџикин, б.м.), со уште тројца го немаше. Мојата чета се беше зголемила со уште четворица четници: тројца од големата чета на полковникот Јанков и еден од разбиената чета на леринскиот војвода Марко. Побарав од попот да дознам каде се другите четници. Дојчин ми одговори: ‘тоа не е твоја работа’. Арсов, кој бил во Белица и се сретнал со попот, како да беше ја насетил работата и некаде ќе избие и рече: ‘Да ми се мене, брзо ќе ги средам!’ Го испративме Арсов со оружјето...“ (Никола Петров Русински, *Спомени,...*, 235-236).

[58] Славејко Арсов наведува дека четата на Пиперката броела 12 души, но според други податоци броела 10 односно 13 души. Меѓутоа само Пиперката со тројца четници останал во обрачот, а останатите уште од почетокот се извлекле од потерата која броела околу 200 души. (Д. Димески, исто, 445).

[59] Народот испеал повеќе песни за Јордан Пиперката, од кои една од најубавите „Оган го гори Брезово“ токму е посветена на овој настан. Во борбата во с. Брезово загинале „7 војници меѓу кои и еден офицер...утрото комитите побегнале од селото, оставајќи двајца мртви...Во селото изгореле 6 куќи пот-



Јордан Пиперката
(седи долу) со четници

Арсов го добил писмото за обрачот во Брезово во селото Дрменци, (оддалечено 15 часа пеш од Брезово) каде бил со четата заради некоја активност. Тој веднаш им јавил на момчињата да се подготват за да одат на помош. „Момчињата од Дрменци, вели Арсов, сакаа да дојдат и да помогнат, но не ги зедов, зашто Ресенското раководно тело ме извести дека порачало помош во крајбигленските села и дека ќе можам да ги најдам во селото Златари". Во Златари Арсов го чекале 80-90 души со оружје, „кој колку што можел да се вооружи, да се облече, и да се подготви за пат". Притоа облеката и оружјето им биле „оригинални" како што малку на шега се изразил Арсов, опишувајќи ги различно стокмените момчиња без некоја унифицирана облека.[60] Тоа ќе го поттикне, во наредниот период, да бара подобро опремување на вооружените селани, односно селската милиција.

Откако извршил преглед на пристиганата селска милиција, Арсов одбрал 50 души, ги подготвил и тргнале низ планината Бигла, газејќи снег до појас, со големи маки, со забрзан марш, дури трчајќи стигнале во Смилево. Она што посебно му оставило впечаток на војводата било однесувањето на момчињата - сите биле бодри и доброволно ги поднесувале мачнотиите на патот. Во Смилево се сретнале со Ѓорги Сугарев кој под команда имал околу 50 души, собрани од Цапари и Ѓавато „и тие оригинално облечени". Смилевци, околу 150 души, повеќето вооружени со пушки „гра", како и другите, но подобро облечените се собрале веднаш откако биела камбаната. Цела ноќ во сите куќи светеле ламбите. Кај сите се чувствувала возбуда бидејќи за првпат се собирале од тие места - Битолско, Ресенско и Долни Демирхи-

палени од башибозукот..." (*Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија,...* 32).

[60] Арсов раскажува: "...едни беа во полна четничка униформа - во поход не се носи фес, па носеа капи, или главите им беа просто врзани со шамии, а мнозина беа гологлави (моите момчиња во текот на востанието повеќе беа гологлави и со порасната коса); други без колан, без патрони (патроните ги чуваа во торби, или в џеб, или врзани в крпа), без ранци, некои без појас, ја зел ја не зел гуна, некој бос". („Славејко Арсов", 78.)

сар за да ја ослободат опколената чета. Кога стигнале во Смилево, четниците на Арсов влегле во селото со извикување на борбениот повик „ура“, при што собраните во Смилево им одговориле исто така со извикот „ура!“.

Утрото, само што тргнала првата чета која броела околу 80 души, испратена од жените кои се крстеле и ги благословувале, пристигнало известување дека Пиперката успеал да се извлече во текот на ноќта, пробивајќи се заедно со еден четник до Велмевци, од каде што и стасало известувањето. Арсов со вооружената селска милиција се враќа во Смилево од каде вечерта ги испратил вооружените селани назад, задржувајќи ја само својата чета. Истото го направил и војводата Сугарев. На располагање ги имале уште смилевци и, доколку се укажела потреба, организираната селска милиција од селата во Демирхисарско низ кои ќе минеле.

Набрзо до нив стигнала веста дека Пиперката бил повторно опколен, сега во Велмевци. Арсов и Сугарев заедно со своите чети и со селаните од Смилево веднаш се упатиле кон Велмевци. Во Боиште ги чекале веќе подготвените селани и заедно со нив дошле до Вирово[61] од каде 25-26 вооружени селани, веќе биле заминати на помош на Пиперката. До утрото и во текот на денот очекувале нови известувања, при што Пиперката успеал и тука се ослободи. Се извлекол незабележано од селото кое било опколено од потерата. Но, кога потерата го напуштила селото, Пиперката се вратил назад. Во тоа време стасала помош и од Охридско: „поп Христо, од Велгошти, војвода на Езерската чета (Охридско) и Тасе, војвода од Горна Дебарца, село Караорман – караорманската чета, и Дејан, војвода од Дебарца (тамошните чети сѐ уште се командуваа од градот). Дејан останал во Брежани, а поп Христо и Тасе со 100 души дошле во селото Големо Илино и застанале тука.“

Бидејќи опасноста минала, Славејко Арсов и Ѓорѓи Сугарев ги распуштиле четниците. Арсов ги задржал своите 6 души, а Сугарев 8 души, па така пристигнале во Велмевци, каде ги нашле собрани сите момчиња од четата на Јордан Пиперката, Пиперката и војводите поп Христо[62] и Тасе Христов[63].

---

[61] „Кога стасавме во Вирово, вели Арсов, се наредивме по куќи (бевме вкупно 70 души: од Смилево 30, од Боиште 15, јас имав 12 свои четници, Сугарев 20)“. (Исто).

[62] Поп Христо (Иванов Трпев - Страхил) од с. Велгошти бил револуционер и војвода на Езерската (Охридска) чета. Заедно со четата на Тасе од Горна Дебарца располагал со 100 четници. Го наследил Русински на местото војвода,

Во настанот околу Пиперката дошло до израз извесно кршење на поставените правила за однесувањето на четниците. Славејко Арсов наведува дека уште порано им било кажувано дека кога еден дел од четата ќе се најде во опасност, другиот дел е должен, дури и по ризик на својот живот, да им помогне на опколените. Во случај кога е опколена цела чета, четите од соседните реони, исто така, биле должни да дојдат на помош.[64] Во случајот со Пиперката, како што самиот декларирал, не бил исполнет првиот услов. Имено, на средбата во Велмевци со војводите Славејко Арсов, Ѓорѓи Сугарев, поп Христо и Тасе, Пиперката им ја раскажал својата верзија на настанот во Брезово[65] и ги обвинил Дедо Андреја[66] и Тодор од Белица дека како водачи на двете гру-

кога овој ја напуштил Охридската револуционерна околија (на 7 декември 1902). Поп Христо бил „бледа сенка" на Русински, а војвода станал затоа што бил писмен. Бил предаден кај селото Коњско каде загинал во борба со турскиот аскер, на 14 јануари 1903 година. (Х. Узунов, *Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко,* предговор, редакција и коментар Н. Целакоски, Охрид 2003, 26-28).

[63] Војводата Тасе Христов (Ристов) е роден во село Присовјани, Малесија, Струшко во 1868 година. Бил еден од првите четници во Малесијата и прв четник на Никола Петров Русински. Дејствувал како четник и заменик војвода на Русински. По Смилевскиот конгрес бил поставен за војвода во реонот на Малесија каде имал повеќе судири со османлиските сили. По задушувањето на востанието мигрирал во Бугарија. (Н. П. Русински, *Спомени...,* 206-207, 214-216, 222, 230-231, 235, 314).

[64] Во тоа време на сила бил Правилникот за четите и по него се одредувале дисциплинските прекршоци и казни за војводите и четниците. (ДАРМ, мик.ф. 329, Правилникъ за четите на тайната М. Одр. Рев. Организация).

[65] Српскиот конзул во Битола, М. Ристиќ известува дека во селото Брезово на 14/27 декември 1902 година се наоѓале 10 комити кои „...не сакале да се спасат туку ја прифатиле борбата" што укажува дека Пиперката своеглаво влегол во ризик, иако четата имала можност да се извлече пред да биде селото опколено од потерата. Додека двете групи предводени од дедо Андреја и Тодор од Белица излегле од селото, своеглавиот Ј. Пиперката со тројца четници од неговата група, не сакал да излезе од селото, иако имало време. Тој ја прифатил борбата со потерата и пристигнатите башибозуци и пукањето од двете страни траело цела ноќ, меѓу саботата и неделата. (Д. Пачемска Петреска, *Војводата дедо Андреја...,* 112-113).

[66] Дедо Андреја се вратил во родниот крај – Демирхисарско, при крајот на 1902 година, по едногодишен престој во редовите на четите во Леринско, Воденско и Костурско, каде дејствувала околиската чета на чело со Јордан Пиперката. Секретар и агитатор на оваа чета бил Алексо П. Настев, познат како Лечо (Никола) Церовски, кој единствено можел да соработува со Пиперката. (Форовъ [Г. П. Христов], „Лечо Церовски", *Илинденъ,* V/38 (25.IX.1925), 2-3).

пи не останале до крај со него во Брезово и барал да одговараат пред револуционерниот суд. Војводите ги повикале сите четници на Пиперката, испитувајќи ги еден по еден зошто не му притекнале на помош на Пиперката. На крајот, според Славејко Арсов, се утврдило дека имало доста вистина во неговите поплаки. Како највиновен бил посочен Тодор кој и порано не ја почитувал дисциплината на четата. Така бил осуден на смрт, а пресудата испратена на одобрување во Окружното раководно тело во Битола. На 28 декември 1902 година била добиена потврда на пресудата, така што Тодор бил стрелан пред четата. „Пиперката ја прочитал пресудата и момчињата го застрелале.“ Така, Јордан Пиперката кој успеал три пати да се спаси од судот на Организацијата (третиот пат во март 1903), бил безмилосен кон извршување на пресуди над своите четници.

Откако бил ослободен од обвинението, Дедо Андреја заминал со четата на Ѓорѓи Сугарев. Познавајќи ги добро способностите на Дедо Андреја уште во четата на Марко Лерински, каде заедно со Славејко Арсов учествувале како судии, Сугарев не сакал да го остави на теренот на своеволниот Јордан Пиперката. Сугарев согледал дека има извесна нетрпеливост на Пиперката кон Дедо Андреја бидејќи Пиперката го сметал Демирхисарско за свој неприкосновен реон и не бил подготвен да трпи друг војвода на тој терен.[67]

Славејко Арсов, Ѓорѓи Сугарев, поп Христо и Тасе си заминале на 26 декември (стар стил) во своите реони, пред извршувањето на смртната казна врз Тодор од Белица. Славејко Арсов тргнал со својата чета кон Ресенско, минувајќи низ демирхисарските села: Големо Илино, Мало Илино, Базерник, Вирово, Боиште и Смилево.

Недостигот во оружје и облека на селаните односно селската милиција кои биле согледани во походот за помош на Пиперката, биле повод Организацијата да соопшти дека оној кој мисли да се бори за слободата не е доволно да има само пушка, туку треба да има и други работи: патрони, колан, ранец, опинци, појас, бечви - пантолони од шајак (арнаутска форма) - гуна и др. Таа агитација имала влијание и наскоро селаните почнале да се снабдуваат со тие работи. Но сепак, и покрај упорната работа, би-

[67] Русински во своите спомени наведува дека кај Пиперката била изразена „груба сила“ дека тој бил „неспособен да води организаторска или агитаторска работа“ и дека „го монополизирал Демир Хисар“, односно ќе го оставел „само кога ќе умре“. (Н. П. Русински, *Спомени*..., 177).

ло забележано дека припадниците на селската милиција не биле доволно обучени да ракуваат со оружје. Во овие рамки, војводата Арсов им наложил „кога четата е в село да доаѓаат селаните вооружени и да се обучуваат“ во нивно присуство. Тоа се правело со голема ревност. Истовремено, Арсов кажува дека тука се слушнало „дека во Солун се правел некаков нов устав за четите“.[68] Всушност стигнала веста за конгресот во Солун каде се донела одлука за кревање востание.

Кон крајот на 1902 и почетокот на 1903 година кога згаснале надежите на големите сили дека воведувањето на реформи од страна на турската Порта во администрацијата, даночниот систем, војската и жандармеријата во европските вилаети на Турција ќе ја подобрат внатрешно-политичката положба во Македонија и ќе го намалат мошне присутното движење и акции на револуционерните чети на ТМОРО. Спротивно на тоа, бројноста на четите се зголемувала, а нивните дејства станувале сè побројни и позачестени. Турската жандармерија и војска, од друга страна, продолжувала на настапува со уште поголема бруталност.[69]

Свеста на населението и востаничкото расположение растеле од ден во ден, заедно со засилените подготовки за водење борба. Но, сето тоа било далеку од состојбата во која можело да се води едно успешно востание против турското владеење во Македонија. Ниту имало доволно материјални средства и вооружување, ниту обучени четници, ниту пак големите сили покажувале цврст став да застанат зад барањето за автономија на Македонија, како што застанале за соседните балкански држави. Големите сили, заради своите економски и стратегиски интереси се залагале за status quo на Балканот, преземајќи бледи дипломатски притисоци за внатрешни промени и демократизација на Турција. Од друга страна, мешањето на бугарскиот фактор во интерес на разрешување на македонското прашање како „бугарско“, ќе нанесе огромна штета, иницирајќи на секаков начин подигање на едно недоволно подготвено востание и без намера сериозно да ја помогнат ослободителната борба на македонскиот народ како негова внатрешна македонска борба.

[68] „Славејко Арсов“, 81.

[69] ДАРМ, м.ф. 126, Ministère des affaires etrangères, Documents Diplomatiques, Affaires de Macédoine 1902, 1903-4, Paris, No 35-46.

# Предвостанички активности

И покрај тоа што не биле направени сите потребни подготовки, заради сплет на повеќе околности, ТМОРО се нашла пред свршен чин за кревање на оружено востание. Напорите на врховистите за разбивање на внатрешните сили на ТМОРО преку Горноџумајското востание во есента 1902 година и обидот на полковник А. Јанков да крева востание, без добиена согласност од раководните сили на ТМОРО, во септември 1902 година во Костурско, не ја постигнале посакуваната цел, зашто наишле на организирано спротивставување на внатрешните сили на Организацијата. Но, за жал, ЦК на ТМОРО на чие чело по Солунската провала од јануари 1901 година дошол Иван Гарванов,[1] потпаднал под влијание на врховизмот кој настојувал да ја елиминира автономната политичка платформа на внатрешните македонски револуционерни сили, со цел македонското прашање да се реши како прашање на приклучување на Македонија кон „матицата“ Бугарија.[2]

---

[1] Иван Гарванов (23.12.1869, Стара Загора, Бугарија – 23.11.1907, Софија) Бугарин по националност. Завршува физика и математика во Софија и по специјализацијата во Виена, во 1904 година станува учител во Солунската егзархиска машка гимназија. Во 1896 година, Даме Груев го зачленува во ТМОРО. Под влијание на Егзархијата, во почетокот е противник на вооружената борба во Македонија, и во тој период ја формира организацијата „Братство“, која била под целосно влијание на Егзархијата, но подоцна ја напушта и се активира во ТМОРО. Во 1901 година станал член на ЦК, а потоа и негов претседател. Во отсуство на повеќе врвни раководители, во почетокот на јануари 1903 година во Солун свикал конгрес. Во присуство на 17 делегати, Солунскиот конгрес одлучил пролетта 1903 година да се крене општонародно востание. На Рилскиот конгрес на ТМОРО (октомври 1905), бил условно осуден на смртна казна. На 23 ноември 1907 година во Софија, бил убиен заедно со Борис Сарафов од страна на Тодор Паница. (В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавствата...,*148-153).

[2] Уште во декември 1902 година, И. Гарванов, кој бил близок до политиката на Врховниот македонски комитет по однос на македонското прашање, со писма се обратил во Битолско дека, наводно, сите окрузи од левата страна на Вардар биле готови за востание „та гледајте и вие да не изостанете поназад“. Со слични писма тој ги измамувал сите окрузи. Гарванов и Лозанчев сопствените планови лажно ги прикажувале како желби на раководствата на Солунскиот и Битолскиот округ. Истите прикажувале несоодветна состојба во поглед на материјалната подготовка, во поглед на неиздржливоста

Во Солун, од 2 до 4 јануари 1903 година, повиканите делегати од револуционерните реони,[3] во однапред подготвена атмосфера од тогашните членови на Централниот комитет: Иван Гарванов, Спас Мартинов[4] и Димитар Мирчев[5], го донеле решението за кревање на востание во Македонија во пролетта 1903 година.

На Конгресот отсуствувале поголемиот дел од раководните кадри на Организацијата и тоа му овозможило на Гарванов да

---

на положбата итн. „Имаше приватни писма од Лозанчева, вели Ѓорче Петров, до некои од нас во кои се кажуваше (дека) оној што не е согласен за востание, тој е предавник... страшливец“ итн. (Ѓ. Петров, *Спомени...,* 96-98).

[3] На Солунскиот конгрес присуствувале: Иван Гарванов - претседател на Конгресот, Спас Мартинов и Димитар Мирчев секретар на конгресот, тогаш членови на ЦК на ТМОРО, Христо Коцев и Тодор Лазаров, претставници од окрузите, односно од револуционерните реони: Никола Петров од Цариградскиот реон, Велко Думев од Одринскиот, Лазар Димитров од Серскиот, Иван Ингилизов од Струмичкиот, Анастас Лозанчев од Битолскиот, Иван Сапунаров од Солунскиот, Христо Влахов од Кукушко, Димитар Ганчев од Скопскиот, Никола Хрлев од Гевгелиско, Димитар Занешев од Воденско, Тодор Пејков од Велешко, Георги Варналиев од Радовишко. (М. Пандевски, *Илинденското...,* 152).

[4] Спас Мартинов (1872, Битола – 30.12. 1937, Софија). Во 1896 година завршува славјанска филологија на Универзитетот во Софија. Учителствува во Солунската бугарска машка гимназија, а по Солунската провала и во Одринската бугарска машка гимназија. Во Одрин го заменил Лазар Димитров како претседател на Одринскиот окружен револуционерен комитет. Во 1902 година бил избран за член на ЦК на ТМОРО, заедно со Гарванов и Мирчев. Учествува на Солунскиот конгрес каде е донесена одлука за востание во Македонија. За време на Илинденското востание работи во Задграничното претставништво на ТМОРО. По востанието продолжил со дејност во Организацијата, а подолг период бил учител во Свиштов. (Б. Й. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители...,* 100).

[5] Димитар Мирчев (23.10.1865, Прилеп – 13.6.1938, Вршец, Бугарија), револуционер, учител, лингвист, учебникар, новинар и општественик, член на ТМОРО/ВМОРО и секретар на Солунскиот конгрес на Организацијата во 1903 година. Во јануари 1901 година, по големата Солунска афера, бил избран за член на ЦК на ТМОРО. Покрај раководењето на револуционерното дело и вооружувањето на револуционерните комитети во градовите и во селата, односно нивното подготвување за едно блиско востание, тој во Солун бил надлежен за водење на коресподенцијата на Организацијата со Битола и Скопје. Бил осуден по Солунските атентати, а потоа амнестиран. Во април 1904 година се вратил во Солун и продолжил со активностите во Организацијата. Во периодот од 1908 до 1910 година учителствува во Македонија, а потоа во Одрин, од каде бил заточен и до 1913 година бил во затвор во Мала Азија. По Првата светска војна живее и работи во Бугарија. (Д. Мирчев, *Спомени,* предговор и редакција З. Тодоровски, ДАРМ, Скопје 2010, 5-21).

ја наметне пред делегатите одлуката за кревање на едно недоволно подготвено востание во Македонија во текот на 1903 година, во крајно неповолна меѓународна клима.[6]





Спас Мартинов;
Димитар Мирчев

Всушност, Солунскиот конгрес на ТМОРО се одржал без учество на дел од основачите на Организацијата и раководни личности кои не биле тогаш во Солун, или не биле повикани, или, пак, не успеале да дојдат на истиот, како: Даме Груев (бил уште во затвор), Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Христо Матов, Христо Татарчев (двајцата последни биле членови на Задграничното претставништво на ТМОРО во Софија), Иван Хаџи Николов и др. Притоа била погубна одлуката за кревање на општо вооружено востание во Македонија.

Повеќе раководители на ТМОРО меѓу кои Гоце Делчев и Ѓорче Петров укажувале дека прифаќањето на тактиката за општо востание ќе и нанесе голема штета на Организацијата бидејќи таа сеуште не е доволно подготвена за такво востание. Тие сугерирале да се прифати тактиката за перманентно востание, односно поактивна продолжителна четничка борба со изведување терористички акции, со кои Турција ќе се истошти и ќе се доведе до една анархичка положба. Ваквата положба потоа ќе се искористи за акции кои ќе дадат конкретни резултати за ослободувањето на Македонија.

Анастас Лозанчев, единствениот претставник на Битолскиот револуционерен округ, без претходни пошироки консултации со членовите на сите околиски револуционерни комитети и со околиските војводи и без нивна согласност го поддржал предлогот за востание, за кое тој сесрдно агитирал.[7] Тоа го потврдува и Славејко Арсов, кажувајќи дека во Ресенско и лично него со ниту еден збор не ги прашале што мислат за востанието.[8] „Не знаевме

---

[6] М. Пандевски, *Македонскоӣо ослободиӣелно дело во XIX и XX век, Илинденскоӣо восӣание,* том втори, Скопје 1987, 181-191.

[7] А. Кецкаровъ, „Из споменитѣ ми по революционното движение въ Охридско", Ил. *Илинденъ,* (1930), III/10; *Революционнаӣа борба в Биӣолския окръī.* Спомени от Георги п. Христов, исто, 45-46.

[8] По ужасот и согледаните грешки околу подигањето на востанието, чувствувајќи се маргинализиран, Лозанчев во своите спомени (кои заедно со споме-

дури дека имало конгрес во Солун, мислевме дека е обично собрание“. Арсов добил само некои нецелосни информации од главниот учител од Ресен, Лука Групчев[9] кој на враќање од Русија дошол во селото Евла. Групчев „ми кажа, се сеќава Арсов, дека Лозанчев е во Солун и дека кога ќе се врати ќе ни ги соопшти новите инструкции за идните дејства и четничкиот устав. Само тоа го разбрав“.[10]

Македонските револуционери кои воделе упорна борба против врховизмот биле свесни за погубноста на одлуката донесена во Солун. Ѓорче Петров, Гоце Делчев, Пере Тошев и други раководни личности на ТМОРО, безуспешно се обидувале да го променат решението за востание. Во текот на јануари 1903 година било одржано советување (во три сесии) во Софија на кое присус-

ните на Григор Попев се запишани во текот на 1930 и 1932 година) бара оправдување за себе за грешката направена со одлуката на Солунскиот конгрес, па ќе напише: „На Солунскиот конгрес ги искажав моите лични сфаќања. Претходно не бев известен за неговиот дневен ред, за да можам да го заземам мислењето и на моите другари од ќелијата. Многумина пишуваат различно за Солунскиот конгрес и некои упатуваат обвинувања против мене. Но треба да подвлечам и да истакнам, дека на Солунскиот конгрес бев поканет лично, без да бидам однапред известен за прашањата кои што ќе бидат дискутирани. Треба да истакнам исто така, дека не знаев за што одам во Солун. Поканата, упатена до мене, беше лична, а сите останати покани беа упатени до револуционерните окрузи“. Сепак овој исказ не може да се прифати како оправдување за тоа дека Лозанчев на своја рака отишол и гласал на конгресот. Тој кажува дека „имињата на присутните можат да бидат најдени на многу места, меѓутоа најточниот опис на солунскиот конгрес го даде Христо Попкоцев во списанието *Македонски преглед*.“

[9] Лука Георгиев Групчев (19.10.1874, Охрид – 30.7.1947, Софија), револуционер и војвода. По завршувањето на гимназијата во Софија станал учител во Охрид, а потоа и главен учител во Ресен. Кратко време бил четник во четата на Тома Давидов. Учествувал на Смилевскиот конгрес како делегат од Охридскиот регион, каде бил избран за член на Охридското горско началство. За време на Илинденското востание бил секретар на четата на Јаким Алулов, а потоа самостоен војвода во струшки Дримкол, односно Горна Копачка. По востанието се повлекол во Бугарија. Во 1904 година бил вклучен во Задграничното претставништво на ТМОРО. Учествувал во Балканските војни како доброволец во Македоно-одринското ополчение. Во 1913 зел учество во Охридското востание кога влегол во привремената управа на востаниците во Охрид. Бил член на редакцијата на списанието „Илустрация Илинден“ (1938-1939) во кое објавува свои спомени од револуционерните борби во Македонија. (Х. Силянов, *Освободителнитѣ...*, том I, 239, 310, 402; *Македоно-одринското опълчение 1912-1913 г. Личен състав*, Главна управа на архивите, София 2006, 188; А. Г. Пелтеков, исто, 105).

[10] „Славејко Арсов“, 81.

твувале повеќе од 20 раководни дејци на ТМОРО со цел да се промени ставот на ЦК за планираното востание на пролетта 1903 година. На него се издиференцирале две гледишта, едното на Христо Матов и Христо Татарчев за прифаќање на решението за востание, другото на Гоце Делчев и Ѓорче Петров за отфрлање на решението за кревање на сеопшто востание во тој период. Сепак, ЦК останала на решението на Солунскиот конгрес за кревање на општо востание.[11]

Во првите месеци на 1903 година по препораките на ЦК на ТМОРО и на Битолскиот окружен револуционерен комитет да се преземат мерки за позабрзано вооружување, воено обучување и собирање на востаници, во Битолско, Охридско, Ресенско и другите револуционерни околии во округот било забележано големо раздвижување и активирање на четите. Се зголемил бројот на четите кои се екипирале во Македонија, или доаѓале веќе формирани од Македонци и доброволци Бугари од Бугарија. Тоа се одвивало по постигнувањето на согласност од ЦК на ТМОРО. Од Бугарија во Македонија влегле и четите на чело со врховистички војводи, претежно офицери Македонци. Забрзано се купувало оружје и муниција.

Паралелно со дискусиите и различните мислења околу времето за изведувањето на востание, карактерот на востаничките вооружени дејства по окрузите и околиите, поволните или неповолните услови за кревање на востание започнало и враќањето на поголем број печалбари во Македонија со цел да учествуваат во востанието.[12] Во времето околу Божик, во Битола почнале да доа-

---

[11] На јануарското советување во Софија во 1903 година (одржано во три сесии), Г. Делчев и Ѓ. Петров укажувале дека одлуката за востание е непромислена и дека Организацијата сеуште не е подготвена за тоа. За да се разубедат раководните личности, но и пониските структури во ТМОРО во неисправноста на одлуката за кревање на востание, Делчев започнал мисии во сите делови на Македонија кои биле опфатени во структурата на Организацијата. Во април 1903 година во Солун се сретнал и разговарал и со Даме Груев кој штотуку бил излезен од затвор. Груев, не се согласувал со ставот на Делчев дека востанието е несоодветно за општествено-политичките услови во Македонија и Балканот и цврсто се залагал за кревање востание („Подобро ужасен крај отколку ужас без крај“ била мислата на Груев). На 4 мај 1903 година на пат кон Серско, во селото Баница загинал Гоце Делчев со што Организацијата изгубила еден од своите најдобри организатори и поборници за нејзиниот самостоен карактер и самостојноста на македонското револуционерно движење. (М. Пандевски, *Илинденскошо восшание...* ,161-168).

[12] Околу овие подготовки, во извештајот на српскиот конзул од 25 февруари 1903 година, стои: „Овде во Битола извршена е регрутација на четници во

ѓаат селани од Цариград, во групи - по 50, по 100 души одеднаш, од разни села, а оттаму се растурале во Леринско, Костурско и Ресенско. Во Ресенско доаѓале по 10-15 души, а до почетокот на востанието, според наводите на Славејко Арсов вкупно се вратиле од 1000 до 1100 гурбетчии (печалбари). „Кога ги распрашавме луѓето, дознавме дека Комитетот во Цариград ги делел собраните пари (повторно од нив), по 150-200 гроша за да си дојдат. На многумина им било речено: одете, таму ќе најдете готово оружје“.[13] Според дојденците, така им било речено во Цариград, по заповед на Централниот комитет во Солун.[14]

По иницијатива на ЦК од Солун, во Цариград биле формирани две чети од кои едната била испратена во Битолско, а другата во Ресенско со намера таму да бидат вооружени и опремени. Четите имале и назначени војводи. На ресенската чета војвода бил Алексо Шуменов, родум од село Дупени (Ресенско),[15] а на

Јени-Маало и Баир-Маало; запишаните четници вежбаат секој ден навечер по два сати во куќите одредени за таа цел. На коџобашиите им е издадена заповед дека не смеат да издаваат уверенија за вадење пасоши никому без дозвола на комитскиот одбор: за овде да има повеќе луѓе. ...Печалбарите од селата Ѓавато, Цапари, Рамно и Лера, кои во Цариград се занимавале со градинарство, овие дена во голем број се вратија дома, макар што сега не е погодно за тоа. Кажуваат дека им е наредено да се вратат“ (*Извештаи ...,* 139).

13 „Славејко Арсов“, 82.

14 Паралелно со организирањето на конгресот во Солун, И. Гарванов и А. Лозанчев прибегнале и кон редица други заткулисни манипулации за докрај да ја спроведат одлуката за востание. По договор со И. Гарванов, високиот егзархиски функционер во Цариград, Селџобалиев ја спровел задачата за враќање по своите родни места на маса македонски печалбари од Цариград и неговата околина, зашто претстоело востание во Македонија. За тоа Ѓорче Петров запишал: „Рано-рано, веднаш по врховистичкото востание, Гарванов испраќа окружница за тоа сите гурбетчии да си се приберат по своите места, зашто ќе има востание“. „... во согласност со Дамета и со Лозанчева, специјално за Битолско дава една наредба: сите гурбетчии, кои си дошле, да стојат, а оние што мислат да одат (на печалба) да останат, зашто годинава не се дозволува да одат на гурбет. ...“ (Ѓ. Петров, *Спомени,* 151).

15 Алексо (Александар) Шуменов, родум од село Дупени (Ресенско) револуционер и ресенски војвода, по професија бил трговец. Подоцна станал член на Цариградскиот револуционерен комитет на ТМОРО. Во јануари 1903 година формирал чета од ресенчани кои живееле во Цариград за да земе учество во Илинденското востание, но четата била неопремена, а војводата без никаво искуство. Самиот Шуменов бил покрстен од страна на војводата Арсов. По иницијатива на Арсов четата била распуштена додека четниците требало подобро да се подготват. (Б. Й. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация...,* 193; „Славејко Арсов“, 82).

битолската чета војводата бил од Ѓавато, снабден со 60 лири кои му ги врачил на реонскиот војвода за Битолско Парашкев Цветков.[16] Ресенската чета пристигнала без пари, речиси без ништо, а војводата немал никакво искуство. Тој всушност бил покрстен во Организацијата од страна на војводата Славејко Арсов, пред половина година. Тој „отиде во Цариград, вели Арсов, и се врати како војвода со препорачано писмо до мене од Цариград, од Централниот комитет и од окружното раководно тело“. Арсов се нашол во многу непријатна ситуација бидејќи никој не го информирал за оваа чета и нејзиниот неопитен војвода, на кого гледале речиси со потсмев и четниците на Арсов и населението. Самиот Арсов не знаел каква улога ќе има четата на неопитниот Шуменов покрај неговата, „а и оние кои го испратија не знаеја зошто го препорачуваа како добар, кој може да води чета; му рекле дека ќе добие оружје кај нас, а мене за тоа ништо не ми јавија“.[17] Оваа исповед на Арсов, всушност ја кажува вмешаноста во внатрешното дело на туѓи фактори кои воопшто не ја познавале состојбата на теренот, но имале за цел да подигнат востание по секоја цена во кое ќе се случи ужасно страдање на народот (од османлиската одмазда) во интерес на постигање на туѓи политички цели, односно во интерес на големобугарската политика.

Така, Славејко Арсов претходно не бил информиран за целта на пристигнатата чета која му била натоварена без негово знаење и се нашол затекнат во дадената ситуација. Затоа, му предочил на Шуменов дека реонската каса не е во состојба да вооружи 30 четници, дека за тоа требаат по 10 лири за секој четник, дека реонот не е во состојба да храни чета од 50 души бидејќи Шуменов водел 30, а Арсовата чета броела 20 души. Барајќи начин да

---

[16] Парашкев (Параскев) Тодоров Цветков (20.5.1875, Плевен – 8.5.1903, с. Могила, Битолско), учител и војвода на ТМОРО. Завршил гимназија во Софија и конзерваториум во Дрезден, Германија. Учителствувал во Плевен, а од есента 1902 година предава музика во Битола. Тука станува член на ТМОРО. При крајот на 1902 година станува нелегален и бил определен за реонски војвода во Битолско. Учествува како делегат на Смилевскиот конгрес каде е определен за началник на Битолскиот полски реон. Неговата чета била предадена од Ристе од Секирани, на кого жестоко му пресудил Ѓорѓи Сугарев иако биле во роднински врски. Парашкев Цветков загинува заедно со уште 12 четници во судир со турската војска кај селото Могила. (А. Г. Пелтеков, исто, 494-495). Според други извори загинале 20 четници, меѓу кои и Дедо Андреја од Мало Црско. (Д. Пачемска Петреска, *Војводата Дедо Андреја од Мало Црско,* Скопје 1999, 9; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 90-91).

[17] „Славејко Арсов“, исто.

ја реши ситуацијата со помалку штета, Арсов им советувал на момчињата кои биле ресенчани да се разотидат по селата, таму подолго време да се подготвуваат, да станат поискусни, да се снабдат со потребната опрема и да го чекаат моментот за борба. „Така и се случи, вели Арсов. Тоа беше околу месец март. Пред да дојде оваа чета, од Битола добив известување, дека било решено таа пролет и лето да го дигнеме востанието“. [18]

Обезбедувањето на посигурни финасиски извори за функционирање на Организацијата и за подготовките за востание било едно од најважните прашања за кое се ангажирал Славејко Арсов, како и другите војводи. Членските прилози кои се собирале во почетокот биле далеку од доволни за издржување на Организацијата, заради што биле побарани и други извори како што било собирањето на пари со печатени потврди (имало и хектографирани). Износите ги одредувале окружните раководни тела, а потоа на луѓето им се доставувале потврдите за уплата. Во почетокот имало појави на отпор, каков што беше случајот со поп Ставре во Битола, но потоа луѓето ја прифатиле должноста кон Организацијата и на тој начин се собирале парични средства. Во Ресенско, биле издадени потврди со побарувања и до 20 лири, но, според Арсов, Ресенчани биле „малку поскржави“ и повеќето од нив се обидувале да го оддолжат плаќањето, а некои дури и се откажувале. Откако четите почнале да собираат пари, „луѓето со поголема готовност даваа пари на четите, внесуваа сами“. До Митровден 1902 година потврдите биле на помали суми, од една-две до пет лири и затоа луѓето полесно ги плаќале. Но, како што се зголемувале потребите на Организацијата - имено, издржувањето на четите барало поголеми средства, се давало помош на уапсените, им се пружало поддршка на семејствата на четниците и на настраданите за делото - така што било нужно да се зголеми износот, до 20 лири за најбогатите. Иако оваа сума тешко ја давале, сепак тие уплатувале веднаш штом четата ќе потврдела дека тие пари ќе се искористат за потребите на Организацијата. Така, постепено, главната сила на Организацијата почнала да преминува од градските раководни тела на четите, кои всушност биле подвижни раководни тела и кои со своето присуство на теренот ја стекнале довербата на населението.

Меѓу другото, селата се договарале со четата за висината на средствата според нивната состојба, односно материјална по-

---

[18] Исто.

ложба. Се задолжувало целото село, а селаните плаќале според своите можности.[19] Секој бил должен во одредените рокови да го внесе износот. Оние кои не уплатувале на време, а за тоа немале сериозни причини, се казнувале со плаќање двоен износ, а за оној што сосема ќе се откажел следувала смртна казна, но, такви случаи во Ресенско не биле забележани.

Иако ги знаел финансиските потреби на Организацијата и четите, Славејко Арсов постапувал многу внимателно со селаните при собирање на паричната помош. Четите се хранеле на сметка на селото, освен во некои случаи на крајот од годината, кога снемувало жито и биле принудени да купуваат леб. Селските каси од членарината, од казните итн. во реонските каси внесувале по една третина. За облеката на четата и вооружувањето се плаќало од реонската каса. Парите од потврдите четата ги задржувала кај себе, а четите ја чувале и касата. Четата не ги држела сите пари кај себе, туку ги оставала кај раководните тела по селата. Четата на Славејко Арсов, во еден период имала над 400 лири со кои можела да се издржува и да се вооружи.[20]

Градското раководно тело по Божик 1903 година било принудено да го напушти Ресен и се присоедини кон четата на Славејко Арсов, откако Турците фатиле две писма - едно шифрирано и едно обично. Во обичното писмо се наоѓале и некои имиња, меѓу кои: Лука Групчев, охриѓанец, учител, Петруш Стрезов[21], ресенчанец, трговец и Никола Кокарев[22] од Царев Двор, Ресенско. Сепак тие успеале да побегнат и да дојдат во четата.

---

[19] „Беа поделени на пет класи: првите три плаќаа, а последните две се ослободуваа. Селските раководни тела определуваа за секој селанец колку ќе плати, а колку ќе плати селото определуваше четата во согласност со окружното раководно тело". (Исто, 88).

[20] Исто, 88-89.

[21] Петар Наумов Стрезов (Петруш) (1870, Ресен – ? Ресен), револуционер и ресенски војвода, брат на војводата Борис Стрезов, еден од основачите на Илинденската организација во Софија (јануари 1923). Петруш по професија бил трговец. Станал член на првиот револуционерен комитет на ТМОРО во Ресен од 1895 година (член на градското раководно тело на Организацијата). По разоткривањето, од 1903 година оди за четник во четата на Славејко Арсов. За време на Илинденското востание бил војвода на четата од ресенското село Покрвеник. (Х. Силянов, *Освободителнитѣ...*, том I, 297-298, 377; А. Г. Пелтеков, исто, 443).

[22] Никола Кокарев (1876, Царев Двор, Ресенско – 13.8.1903, Нивица, Преспанско), револуционер и војвода. Член на ТМОРО од 1895 година. Од 1897 година бил еден од најактивните агитатори и организатори во Ресенско и член на Градското раководно тело. Од февруари 1903 година станал нелега-

 

Тома Давидов[23] и Лука Групчев

Ваквата состојба ја затекнал капетанот Тома Давидов[24] кој некаде околу 10 февруари 1903 година пристигнал во Ресенско. Еден ден пред средбата на Давидов и Славејко Арсов, во селото Лескоец, Ресенско, биле убиени четири жени. Убиените жени покрај тоа што пренесувале информации на Турците, исто така биле забележани по своето недолично однесување кое било осудувано и според кодексот на револуционерите, но и според пат-

лен. На Смилевскиот конгрес бил делегат на Ресенскиот револуционерен округ заедно со Славејко Арсов, Александар Панајотов и Велјан Илиев. За време на Илинденското востание бил реонски војвода на Долно-Преспанскиот револуционерен реон. Учествувал во повеќе борби со турскиот аскер и башибозук. Во битката кај Нивици (меѓу селата Долно Дупени и Брајчино) во август 1903 година бил ранет. Се самоубива за да не падне жив во рацете на непријателот. Погребан е во селото Штрбово. (Д. Димески, *Македонскошо...,* 382, 384, 387-388; Т. Николов, исто, 118).

[23] ЦДА-София, ф. 771к, оп.2, а.е. 386.

[24] Тома Костов Давидов (30.4.1863, Ловеч, Бугарија – 15.3.1903, Оздолени, Охридско) бил офицер (капетан) во бугарската армија, учесник во македонското револуционерно движење, член и раководител на Македонскиот комитет од Софија и учесник во „Мелничкото востание“ 1895 година. Во 1899 година ја напушта армијата и целосно се посветува на револуционерна борба. На VII-от (1899) и VIII-от (1900) конгрес на Македонските братства во Кнежевството Бугарија бил избран за потпретседател на Врховниот комитет (ВМОК), ангажиран од Борис Сарафов. Заради несогласувања со некои дејци на ВМОК во 1902 година се приклучува кон ТМОРО. Загинал во судир со турскиот аскер (*Ил. Илинденъ*, 1943, бр.143, 11-12; А. Г. Пелтеков, исто,112).

ријархалниот морал на населението. Овој случај внесол „страв и трепет кај сите, и кај Турците“.[25]

Пред да пристигне во Ресенско, Давидов ги обиколил Битолско, Леринско, Преспа. Овој негов ангажман во Македонија бил со одобрување на Организацијата од септември 1902 година, кога по настојување на Гоце Делчев, Тома Давидов (како воен кадар) бил назначен за ревизор на четите во Битолскиот револуционерен округ. Така тој заминал за Македонија како војвода на ТМОРО, на ревизиона чета во Битолско, Охридско и Демирхисарско. Неговата ревизиона чета пристигнала во Битолскиот округ кон крајот на 1902 година.[26]

На теренот, уште пред неговото пристигнување, веќе имале информација дека ќе дојде некој офицер од Бугарија.[27] Непосредно („два дена“) пред да се сретне со Славејко Арсов, Тома Давидов бил известен дека војводата Јордан Пиперката бил опко-

---

[25] Тоа биле „лесни, жени за плаќање, а плус тоа и предавнички. Имаа пријатели Турци - еден полјак, еден онбашија и др. Од роднините и пријателите дознавале разни нешта за Организацијата и им кажувале на Турците. Неколку пати беа предупредувани дека ќе бидат казнети, но тие пак си продолжуваа по истиот пат. Четата во тоа село не одеше точно заради нив, зашто знаеше дека ќе ги предадат. Најпосле решивме да ги казниме. Една вечер отидовме, ги собравме сите селани во куќата на една од жените. Жените ги врзавме и ги испитавме. Тоа беа една стара жена, две невести и една мома. И мажите на невестите присуствуваа. Потоа ги предадовме на момчињата кои ги егзекутираа“. („Славејко Арсов“, 89).

[26] Х. Настевъ, „Ревизионната чета въ Битолския револОционенъ окръгъ. Формиране и личенъ съставъ”, Ил. *Илинденъ,* XV/3 (143), София, 1943, 11.

[27] Зборувајќи за борбата меѓу врховистите и централистите, Ангел Андреев (учесник во македонското револуционерно движење, четник кај Никола Кокарев во Преспа за време на Илинденското востание) во своите спомени запишал: „Нашите – централистите, во Софија, имаа таен конгрес, тогаш кога врховистите веќе го имаа зафатено востанието, односно кога Јанков веќе беше во Костурско. Тогаш нашите – Делчев, Сарафов, Ѓорче Петров, Давидов, Ковачев и Герџиков, по тајното советување одлучија да испратат четири ревизори, да го подготват населението и да им се спротивстават на врховистите, зашто востанието кое тие го дигаа беше пред време. Македонија не беше подготвена за востание. Затоа и ние го остававме за подоцна. Така, вака ја поделија Македонија: Делчев – во Солунско, Давидов – во Битолско, Герџиков – во Одринско, Ковачев – во Скопско и Кочанско...Тоа се случи по Конгресот, на кого претседаваше Станишев“. „Давидов ја подготвуваше четата. И други чети отидоа... Тогаш се работеше со парите од Мис Стон. Тргнавме со Давидов на 28 септември од Ќустендил....Со парите од Мис Стон се купија пари од Србија... На 1 октомври ја минавме границата кај Ќустендил, горе накај Кочанско... Бевме околу 50 души“ („Ангел Андрев“, *Спомени,* 315-316).

лен во некое демирхисарско село. Со група селани од Болно и Лева Река (Леорека), Давидов побрзал на помош, но пред да пристигне во Демир Хисар бил информиран дека Пиперката успеал да се ослободи. Така, се вратил во Болно каде за прв пат се сретнал со војводата Славејко Арсов. При оваа средба Арсов забележал дека Давидов бил „скромен, кроток, тих. Тој не даде никакви инструкции за нашите чети“. Давидов бил во комплетна офицерска униформа - со сабјата, со медалите, капата со шинел - палерина, со еполетите кое оставало впечаток кај луѓето и доста ги охрабрувало[28]. Давидов, меѓу другото, зборувал дека е решено да се дига востанието. Заедно со Давидов пристигнал и неговиот секретар Христо Настев (од Штип)[29] и цела чета момчиња, вооружени со „пушки манлихерки, а некои со револвери ганд, лебел и др.“ Движејќи се низ Ресенско и на други места во Битолскиот реон, луѓето на Давидов зборувале против Иван Цончев и неговите четници. Ваквите работи им биле далечни и неприфатливи на локалните војводи и четници и тие сметале дека не е добро еден офицер да зборува против друг. Ѓорѓи Сугарев побарал да се воздржат од таквите критики, кои кај народот буделе сомневање и збунетост. „Не ги разбиравме тие состојби и не ѝ интересираа. Ние воопшто не бевме во тек со тие прашања“,[30] вели Арсов.

Во исто време во Болно, каде престојувале Давидов и Арсов, пристигнале четници од разбиената Езерска чета од Охридско ко-

---

[28] Тома Николов, при средбата со Давидов во Смилево, запишал: „При влегувањето во одајата пред мене блесна неговата силна фигура со офицерска униформа и орден на градите, и макар што просторијата се осветлуваше со газиена ламба, ми се виде како да е осветлен од северната ѕвезда“ (Т. Николов, *Спомени от моето минало...,* 66).

[29] Христо Настев (6.04.1876, Штип – 20.06.1962, Варна), револуционер и лерински војвода. По завршувањето на образованието во Скопје, во 1898 година бил назначен за главен учител во Виница. Како претседател на месниот револуционерен комитет, бил разоткриен и пребегал во Ќустендил, од каде Егзархијата го назначила за главен учител во Бунархисар, Одринско. Во 1902 година нелегално се вратил во Македонија. Станал секретар на четата на Тома Давидов. Бил делегат на Смилевскиот конгрес, а за време на Илинденското востание дејствувал со чета во Леринско. За кратко време се вратил во Штип, но бил уапсен и осуден на 5 години затвор во „Кушумли-Ан“. Бил амнестиран за време на Младотурската револуција 1908. По Првата светска војна мигрирал во Бугарија каде активно учествувал во дејноста на македонските братства во Бугарија. (*Спомени на Христо Настев, Борбите в Македония и Одринско 1878-1912.* Спомени, София 1981, 308-315; А. Г. Пелтеков, исто, 312-313).

[30] „Славејко Арсов“,...,83.

ја имала судир со турскиот аскер кај селото Коњско. Во борбата загинал војводата поп Христо од Велгошти заедно со три момчиња, а настрадале поголем број луѓе од Коњско, Велгошти и Елшани (тројца убиени, 29 затворени, 43 малтретирани, а седуммина избегани). Разоткривањето на четата се случило заради предавство. Така, во Болно се собрале речиси три чети кои заедно броеле околу 54 души. Заради големиот број тие не можеле да се движат во група и морале да се поделат: половината на чело со Славковиот другар Велјан Илиев - Пенчо[31], се упатиле во Избишта, додека пак самиот војвода Арсов заедно со Давидов, и двајцата членови на Градското раководно тело во Ресен - Никола Кокарев и Петруш Стрезов заминале во Јанковец.



Селото Лева Река (Леорека, Љорека) во почетокот на XX век

Во текот на денот во Избишта случајно наминале десетина заптии кои ја забележале четата и започнале да пукаат. Набрзо

[31] За борбата на четата на Поп Христо со турскиот аскер кај Коњско од 14 јануари 1903 година, Христо Узунов запишал: „Од оваа борба не ги знам загубите на непријателот, меѓутоа, сите се уверени дека бројот на жртвите се движи помеѓу 40-50 души....Предавникот не се знае кој е и како резултат на тоа остана неказнет. Макар што претрпевме и пораз, меѓу народот и останатите чети растеше духот на одмазда. Како резултат на таа борба беа затворени голем број селани од Коњско и Елшани. Тепање до смрт. Тројца умреа во затворот.“ Дел од четата на Поп Христо, „откако останале без војвода, заминале да се прикријат во с. Избишта, Ресенско, каде што во текот на истиот месец имаа повторна борба...Во истата борба учествувала и дел од четата на Велјан Илиев Пенчо, кој во текот на 1902 година беше преместен од нашиот реон и беше назначен за секретар на Славејко Арсов.“ (Х. Узунов, *Забелешки за организацијата...,* 28-29)

нив им притекнале на помош и други турски сили. Тоа била прва-та битка со војска во Ресенско.

Имено, при чистењето на теренот од комитите во Охридско-ресенскиот регион, во почетокот на 1903 година, турската војска најпрво ја разбива споменатата чета на поп Христо од Велгошти во селото Коњско (14 јануари 1903). Само пет дена подоцна, во селото Избишта кај Ресен, беше откриен дел од четата на Славејко Арсов, предводен од неговиот секретар Велјан Илиев Пенчо, со неколкумината спасени борци од Коњско, вкупно 25 востаници. Набргу по нападот на полициската патрола, кон селото тргнала војска од Ресен.[32] Бил пазарен ден, во Ресен се слушале пукотниците, и откако на селаните им станала јасна положбата, се упатиле кон дома.[33]

Војводите Славејко Арсов и Тома Давидов се наоѓале во Јанковец. Во попладневните часови тие добиле известување од долните села на реонот (Царев Двор, Дрвени, Дупени, Евла) чии селани барале дозвола да одат да им помогнат на опколените. Војводите оцениле дека не треба да ги изложуваат на ризик вооружените селани од пријавените села и направиле друг распоред за помош на опколените во Избишта. Тие издале наредба во Сопотско, Лева Река, Златари, Кривени и Крушје да бидат собрани по 10 наоружани момчиња, а на Боинци им порачале веднаш да одат на помош со 15 души. Пред да стигне распоредот на војводите, вооружените од Болно, Лева Река и Крушје тргнале на помош веднаш штом ги слушнале пукотниците. Набрзо селаните од Болно се приближиле одозгора, воспоставиле контакт со нападнатите и почнале заедно да дејствуваат. Леворечани по патот имале судир со турските сили при што, еден од нив бил убиен, а еден ранет.[34] Селската милиција од Крушје, исто така, притекна-

[32] „Во текот на денот набљудувавме што се случува - приближување на војската која дојде на помош, башибозукот. Четата (20 души) беше излегла надвор од селото, а само петмина беа останати во една куќа; и едните и другите се биеја“. („Славејко Арсов“, 84).

[33] „Ние забележавме дека еден заптија, гологлав, викаше колку што го држи гласот и трчаше кон Ресен. Се слушнаа и пукотници - беше јасно дека има битка“. (Исто)

[34] Движејќи се по реката надолу, Леворечани забележале седум-осум души во црни алишта кои оделе кон Избишта и, бидејќи помислиле дека се селаните од Кривени, тргнале по нив, се наближиле на 200-300 чекори. Тогаш аскерот отворил оган, го убил првиот (Стефан) а вториот го ранил во раката. Селаните легнале, отвориле оган и се заштитиле иако местото било рамно и непогодно за борба. (Исто, 85).

ла на помош. Тие отвориле оган, при што Турците почнале да се повлекуваат. По куса престрелка, леворечани и крушани се вратиле назад во своите села. Убиениот од Лева Река го оставиле на местото, зашто се плашеле од Турците. Но, и Турците трупот на убиениот го дигнале дури другиот ден.[35]

Со првиот мрак стасале и Арсов и Давидов со своите четници, пречекани со огин на аскерот. Тие не се решиле во текот на денот да излезат од Јанковец, село со 200 куќи, за да не биде уништено, така што сметале дека помала загуба ќе биде ако одат во Избишта кое броело 30 куќи. Додека се одвивала битката, населението од Избишта пребегало во заклон во планината.

Борбата во Избишта продолжила. Таму во една куќа останале петмина востаници кои се бореле со војската, при што двајца биле убиени, а тројца заробени од Турците во опожарената куќа. Околу куќата имало и седум-осум убиени Турци.[36]

Турците продолжиле да пукаат во куќата во Избишта, мислејќи дека внатре има уште комити и околу 6 часот, на стемнување, го собрале башибозукот за да си одат. Во приквечерината, Арсов и Давидов со 29 четници пристигнале во Избишта[37] каде турската стража ги пречекала со оган. Упатувајќи се кон запалената куќа, четниците, исто така, започнале да пукаат.[38]

Во текот на новиот разгор на борбата, османлиите се нашле нападнати од зад грб. Така ги напуштиле дотогашните позиции и се утврдиле во селските куќи. Напаѓачите биле милиционерите кои дошле дури од Смилево, Битолско (околу 75 души).

---

35 Исто.

36 За тоа, Славејко вели: „Околу Избишта, во три часот попладне се собра околу 300 души војска и башибозук. Запалија една племна близу до куќата на опколените, а околу 6 часот со гас ја запалија и куќата, со помош на бабите кои останале в село. Две момчиња, откако останале без патрони, излегле надвор за да не изгорат живи; едното го отепале на пет-шест чекори од куќата, а второто на прагот. Другите три охридски момчиња останале внатре, замаени од чадот, ги фатиле“. (Исто).

37 „...Минавме крај Кривени, кај што ги оставивме гуните, им порачавме на кривенци да ги приберат и да ги однесат над селото. Според пукотниците, ние мислевме дека битката уште трае. Оние 20 момчиња надвор од селото почнаа да заминуваат точно кога ние наближивме до Избишта, преку планината во Болно.“ (Исто)

38 „По неколку истрели и „ура!" колку што ни држеше грлото, Турците одговорија со викотници. Бабите подоцна ни расправаа дека по 40-50 души се пикале во куќите, стискајќи се од страв и чекајќи ѓаурите да ги нападнат. Ние пукавме, викавме, но не се јави никој. Мислевме дека Турците ја држат позицијата во селото“ (Исто, 85-86)

Тие, откако го чуле пукањето, го грабнале оружјето, по пат приклучиле уште 15 милиционери од Кривени и ја нападнале од зад грб османлиската војска во Избишта[39].



Селото Избишта во почетокот на XX век

По два и пол часа борба, Арсов и Давидов наредиле да се прекине со огнот и се засолниле во планината. Огнот го прекинале и смилевци и кривенци кои заминале назад во своите села. Дури утредента, откако довлекле еден полк пешадија од Охрид и коњица од Битола, османлиите пак загосподариле над ситуацијата. Ова фактички, било втора, спонтана мобилизација на вооружените сили на ТМОРО во овие краишта. Првата таква мобилизација се одигра во декември 1902 година, при спасувањето на војводата Јордан Пиперката во с. Брезово, Демирхисарско. За чудо последиците – тројца мртви, двајца ранети, 28 души малтретирани и 15 затворени, сите од селата Избишта, Болно и Лева Река – не биле толку тешки како во другите слични ситуации.[40]

Како последица од судирот помеѓу македонските четници и аскерот бил грабежот на Избишта. Насекаде каде што влегле Турците сѐ ограбиле, а двајца селани биле убиени во пресметките. Кметот и повеќе првенци во селото биле изложени на страшни измачувања, но ниту еден не прозборел, иако биле откриени повеќе

[39] „Во тоа време пристигнаа уште околу 75 смилевци (60 смилевци и 15 души кривенци тогаш што ги беа собрале); кога слушнале пукотници тргнале на помош и неочекувано отворија оган од другата страна. Кога Турците го видоа тоа, цела линија се откина и в паника се скрија во куќите, пукајќи неколку пати.“ (Исто)

[40] М. Пандевски, *Илинденскошо восшание 1903...,* 60-61.

траги за присуството на четници и на Организацијата. Во тоа време сите сопственици на пушки во Лева Река, 17-18 души, сите вооружени, отишле в планина и таму останале околу три недели, додека се смирила аферата. Во преземената одмазда на турската власт настрадале и селаните во Крушје од кои мнозина биле тепани, но немало последици по Организацијата.

Во селото Болно последиците биле посериозни. Таму, покрај тепањето на кметот и првенците, биле фатени 12-13 души, работници, но „со по половина лира рушвет повеќето не беа ниту тепани, ниту затворени. При мачењето некои од селаните се покажале слаби, па ги поткажале оние селани што имале пушки, „а еден сам ја дал пушката. Од другите - некои се откупија, некои јадеа ќотек, но пушките не ги дадоа“.[41]

Војводите Славејко Арсов и Тома Давидов, пред да се разделат, останале кратко на Кривенска Планина, а потоа уште еден ден во Смилево, каде разговарале за идните работи. Давидов сѐ уште не бил подробно запознаен со работите на теренот[42] „и, како војник, вели Арсов, сѐ оставаше на раководството во Битола. Тој одеше како ревизор, потчинет на раководното тело“.[43]

Во овој период, според спомените на Тома Николов, Битола грмела од четници, војводи и курири, кои разнесувале писма и оружје, се собирале даноци за снабдување со оружје и материјали за Организацијата. Истото се потврдува и од повеќе извештаи на српските конзули во Македонија.[44] „Сите христијани, без разлика

[41] „Славејко Арсов“, 86.

[42] Тома Николов во своите спомени, исто така, дава мошне позитивна оценка за Давидов, како скромен, дисциплиниран човек, кој имал коректен однос со сите луѓе: „...Давидов, макар што беше офицер на бугарската армија, вели Николов, тој дојде во Македонија не да завладее и да спечали слава, како агент на бугарската политика, не да коли и беси народ од туѓите националности и да ги повредува нивните религиозни чувства, туку тој дојде да се бори за ослободувањето на Македонија од турскиот режим. Така не постапуваа српските и грчките офицери, кои беа дошле во Македонија со чети по востанието. Тие не се бореа против вековниот непријател Турците, а дојдоја да ги убиваат бугарските Македонци и да ги опожаруваат нивните имоти како што тоа го правеа кир Мазаракис во Воденско и кир Каравангелис во Костурско, кои што беа на услуга на Турците“ (Т. Николов, *Спомени от моето минало...*, 69).

[43] „Славејко Арсов“, 86-87.

[44] Така, во еден српски извештај од 12 март 1903 година испратен од конзулот Ристиќ, до министерот за надворешни работи на Србија, Лозаниќ, стои: „... шеесет четници под водство на Цветков, поранешен битолски наставник, веќе два дена се во Лисолај на неполни три часа пеш од Битола. Во селото

на народност, беа ја ставиле главата под револуционерното знаме“.[45]

По разделбата со Давидов, Арсов заминал за Јанковец, а потоа во Болно каде ги собрал сите вооружени од селото (околу 30 пушки) со кои заедно излегле во планина. Истата ноќ Арсов сакал да го казни селанецот кој ја дал пушката, но на молба од неговите соселани го ослободил „додека да се испита како тоа се случило“. Така, иако бил бескомпромисен во спроведувањето и исполнувањето на начелата на Организацијата и санкционирањето на прекршителите на истите, сепак Славејко Арсов знаел да го почувствува и да го почитува расположението на населението и да одмери со што би се направила поголема штета.

По претрпените одмазди од страна на османлиските власти, и овој пат, Арсов не им дозволил на селаните молкум да ги поднесуваат репресиите и неправдите, туку ги организирал да одат во Битола, кај валијата и конзулите. Така биле испратени група жени, деца, мажи од Лева Река, а потоа и од Болно, да се жалат заради измачувањата и апсењата. Истото го направиле и со избиштаните, заради грабежот. Притоа, Арсов ги посоветувал да кажуваат дека четата в село дошла неочекувано. На тој начин престанале измачувањата, сите биле ослободени, освен девет души од Болно кои врзани ги однеле во Битола бидејќи кај нив е откриена една пушка. Набрзо била прогласена општа амнестија, така што и нив ги ослободиле.

За да го зајакне духот на вооружените селани, Славејко Арсов останал во селото Болно околу два дена. Тие добиле малку поголема храброст („се окуражија“) и ветиле дека никој од нив нема да ја предаде пушката, а доколку тоа „...сепак, се случи самите ќе го застрелаат таквиот свој другар“. Заради обука и вежба-

---

се движат без никаков страв, ги вежбаат селаните...им држат говори, вршат наплата на одредени давачки и издаваат други потребни наредби. Четниците се сите многу добро вооружени... Еден од четниците носи специјално сандаче во кое се наоѓаат бомби и неколкумина од нив се одредени за болничари, имаат се што е потребно за прва помош и први завои. За време на обиколка по селата се растурени по куќите и намирниците ги плаќаат кај посиромашните селани. Како оние во кичевските страни, така и овие во битолското поле над кои е водач Давидов...зборуваат дека тие работат за Македонците и дека ни педа македонска земја нема да дадат ни на Србија, ни на Бугарија....Владата на Бугарија ја нарекуваат предавничка и Цветков... дури се фали дека некогаш заради своите идеи бил протеран од Бугарија“ (*Извештаи од 1903 година*...166).

[45] Т. Николов, *Спомени от моето минало...*, 64.

ње вооружените од Болно останале во планината уште две недели. Всушност кај селото Болно, Арсов заедно со Спиро Олчев[46] обучувале околу 350-400 селани за борба.

Извлекувајќи искуство од дотогашната организираност и функционирање на вооружената селска милиција и поттикнати, како што вели Арсов од „грешката направена од леворечани за непружањето помош“,[47] одлучиле да издадат упатства, кои натаму речиси целосно ќе се почитуваат. Така во тие упатства се наложува следново:

– Ако се бара помош од едно село, да излезат една третина од вооружените селани, а другите да бидат подготвени.[48]

– Да не тргнуваат на помош без известување, освен ако битката е многу блиску до нивното село и ако се во тек со настаните и ако проценат дека ќе бидат полезни.

– Ако се подалеку и ако добијат известување, тогаш тргнуваат и се присоединуваат кон четата или, ако е таа подалеку, раководното тело назначува еден за водач. По пат да одат на начин како што оди четата - во колона.

– Кога ќе се доближат до битката, треба да стават еден стражар напред и по еден од страните.

– Отстапувањето да биде организирано.

– Да настојуваат назад в село да се вратат незабележани и до разденување да бидат дома.

– Штом стасаат во селото да се растурат по куќите, секој да го исчисти оружјето и да го скрие.

– Ако се забележани, привремено да останат в планина, додека се повлече потерата.

---

[46] Спиро Олчев (25.12.1870, Дрмени, Ресенско – 23.4.1954, Софија), книжар, революционер, дрменски и преспански војвода. За време на Илинденското востание бил војвода на Дрменската чета. По востанието мигрирал во Бугарија од каде се вратил назад во јануари 1905 година. Отворил книжарница во Битола за време на младотурската револуција, која била затворена во 1912 година со доаѓањето на Србите во Македонија. По Втората балканска војна се населува во Софија и одново отвора книжарница. (А. Г. Пелтеков, исто, 327; С. Ковиловски, исто, 182).

[47] „Славејко Арсов“, 90.

[48] Согласно со таквите директиви, Арсов кажува дека по битката што ја воделе ноќта во Избишта, во мугрите кога се качувале низ Кривенска Планина, од Цапари и Ѓавато на помош дошле 43 селани под водство на Симеон, цапарскиот учител. „Тие тогаш се вратија назад, откако ги пофаливме и им заблагодаривме“. (Исто)

По издавањето на овие упатства и по препораките уште поинтензивно да се обучуваат во ракувањето со оружје, четата на Арсов се упатила кон Преспа, правејќи собранија во попатните села.

Тоа е времето на првата половина на 1903 година кога значително се влошила положбата на македонскиот народ. Македонските села секојдневно биле посетувани и претресувани од бројни турски потери кои го ограбувале мирното население и газеле врз неговата чест. Овие злодела толку се засилиле што честопати „можело да се види помала или поголема група селани како одат од еден до друг конзулат и се жалат на зулумите кои ги прави аскерот по селата. Само тој факт што тие, пред очите на власта, одат кај од конзулот да ги искажат своите маки, не криејќи се воопшто, кажува дека на овие страдалници толку им дошло преку глава така што не помислуваат на последиците од овој свој чекор.“[49] Секако дека зад ваквите одења кај конзулите и властите голема улога играле комитетите и војводите, меѓу кои Славејко Арсов кој ги поттикнувал селаните и на неколку пати ги организирал ваквите групни жалби.

Наспроти трупањето на османлиските воени и полициски сили во Македонија во првите месеци на 1903 година, самите чети настојувале да си ги сочуваат силите и кадрите за востанието, ги одбегнувале „контактите“ со непријателот, но тоа секогаш не им успевало, особено по Солунските атентати извршени од групата гемиџии[50].

Колку подраконски станувале ударите по селата, толку повеќе се зголемувал бројот на излезените во планина, растел бројот на составите на четите и судирите на војската со четниците.

---

[49] *Извештаи од 1903 година...,* 167.

[50] Гемиџиите биле млади македонски револуционери-анархисти. За да го свртат вниманието на Европа кон состојбата во Македонија под власта на Османлиската империја, тие во април 1903 година извршиле атентати во Солун, при што ги уништиле францускиот параброд „Гвадилкивир", водоводот и гасоводот за градското осветлување и Отоманската банка. Во борбата со турската војска и полиција некои од атентаторите загинале, а други се самоубиле. Преживеаните гемиџии: Павел Шатев, Георги Богданов, Милан Арсов и Марко Бошњаков биле уапсени и осудени на смрт, а подоцна казната им била заменета со доживотно заточение. Во Солун биле изведени пред суд од страна на османлиските судии и обвинители, во присуство на руски, британски, француски, романски, српски, бугарски и грчки конзули. По овие атентати, муслиманите извршиле бројни злосторства врз христијанското население во Солун. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 110-115).

Тоа најдобро го илустрира следнава статистика: додека во периодот од 1898 година до 1903 биле регистрирани вкупно 63 судири, без оние на врховистите од 1902 година, само во првото полугодие на 1903 се случиле 86 судири.[51]



Остатоци по експлозијата на Турската банка во Солун

Така, спроти Илинден, усрдно залагајќи се да ги уништи македонските револуционерни сили со цел да го попречи востанието, османлиската власт всушност самата давала силни аргументи во рацете на оние сили на ТМОРО кои се залагале за востание. Таа, едноставно го изнасилувала неговото побрзо подигање. Избувнувањето и релативно брзото задушување на востанието, објективно земено, ѝ одело во прилог на Портата.

Формално прокламираното востание, без сојузници, особено без поддршката на големите сили, ќе даде шанса да дојде до израз нејзината воена надмоќност, да го разбие и дезорганизира македонското ослободително движење и да ја ослаби неговата ударна моќ. Прокламирањето, а потоа и поразот на востанието ќе го означи крајот на нагорниот чекор на широкото ослободително движење на македонскиот народ во даденото историско време, пред Балканските и Првата светска војна.

Постојано на терен, помеѓу населението, неуморно агитирајќи и обучувајќи ги луѓето, Славејко Арсов бил сосема свесен дека ситуацијата е далеку од можноста за спроведување на едно успешно востание. „Дека е решено за востание, вели Арсов, знаевме само водачите, но и ние речиси не верувавме во тоа, зашто знаевме дека со овие подготовки на народот сѐ уште не може сериозно да се мисли на востание“.[52] Сепак, агитацијата на одделни врховистички елементи, провокациите, а пред сѐ тешката положба на народот воделе кон подигање на востанието за кое самопре-

[51] Притоа четири судири биле во јануари, девет во февруари, девет во март, 17 во април, 31 во мај, 12 во јуни и четири во јули. И не случајно мај, по Солунските атентати го држел рекордот на судири. (*Македония и Одринско (1893-1903). Мемоар на Вътрешната Организация,* с.л., 1904, 115-116; Х. Силянов, *Освободителните...*, I, 270.)

[52] „Славејко Арсов“, 90.

горно и со голема упорност работеле војводите и четите на теренот, особено успешно во Битолскиот револуционерен округ.

По престојот во Болно, а потоа и во Евла, правејќи собранија по попатните села, Славејко Арсов со четата се префрлил во Преспа. Во Преспа ги повториле вообичаените упатства и разгледале некои актуелни проблеми. Тука, според него, луѓето ги нашле пораздвижени, веќе имало и пушки, иако речиси без патрони (имало некаде по четири-пет до десет патрони на пушка). Помеѓу другото „чистотникот“ Славејко Арсов, (како што го нарече Х. Силјанов) превзел мерки да се надмине нечистотијата во куќите, а ги советувале „луѓето да носат почисти алишта и да ги требат вошките“.[53]



Селото Арвати, Преспанско

Согледувајќи ја ситуацијата во која била засилена проверката на османлиските сили на теренот и дека не ќе можат да прават чести маневри, влегувања-излегувања во одделни села, како на пример во Брајчино и соседните села, војводата Арсов заедно со неговите четници организирал поинтензивна обука на селани-

[53] „Слушаа, сакале или не, вели Арсов. За мажите тоа беше прифатливо, зашто тие беа робје на жените од кои повеќето имаа љубовници Турци“ и покрај нивниот изглед и на ликата и на облеката, кој воопшто не бил по вкусот на Славејко Арсов. Нему особено му сметале вошките кои вриеле на нивните тела. Вошки имале, „...дури и во подбрадниците кои им служат за накит. Такви се во селата од Сливница на југ: Арвати, Штрбово, Брајчино, Љубојно, Робје, Герман, Нивици (тука има најмногу вошки). Се хранат само со лук, праз, пиперки, леќа, грав и суви риби“. („Славејко Арсов“, 91).

те во планината. Околу 25 селани од Брајчино 2 дена ги обучувале да пукаат со вистински патрони, а потоа со обуката продолжиле во Љубојно. И тука селаните в зори биле извадени во планината да вежбаат. „Еден ден ги обучувавме, вели Арсов, другиот ден влеговме в село.“ Но, и покрај крајната внимателност, сепак овие активности биле забележани од еден мудурлук од Наколец кој им соопштил на властите,[54] повикувајќи помош од Крани (арнаутско село) - башибозук, од П'пле 100-тина души аскер, и од околните турски села околу 300-400 Турци кои во текот на ноќта го опколиле селото[55]. Османлиските сили биле предводени од истиот јузбашија кој учествувал во борбата кај Избишта, но овој пат бил убиен при обидот во една куќа да ги фати живи четниците.[56]

Во меѓувреме, Славејко Арсов и неговите четници направиле обид да се извлечат од селото. Сепак, по совет на нивниот домаќин останале внатре, не знаејќи дали се предадени, или османлиите само ќе направат обичен претрес, како и другпат. Аскерот и башибозукот опколиле неколку куќи во кои имало четници. Се пукало речиси цел ден, но не успеале некого да фатат. Четниците добивале информации за состојбата „од свештеникот преку една невеста“.[57] Во овие судири бил убиен еден четник и било рането

---

[54] За настаните кои се случиле во Љубојно, српските конзулски извештаи кажуваат дека во ова село, во февруари, „престојувала една комитска чета од 23 четници под водство на Арсов и некој Пенчо. Се зборува дека четата ја покажал еден Турчин и дошла потерата. Комитите припукале кон неа од куќата каде биле, го убиле јузбашијата и еден чауш. Војската се повлече, заседе бусија и отпочна борба...Од војниците загинале вкупно 7 а двајца биле ранети“ (*Извештаи од 1903 година на српските...*,137).

[55] Нивната викотница ги разбудила четниците. Наседнати по 10-тина души, по 5-6 души, во групи, запалиле огнови и свиреле за да ги разбудат сите. Јузбашијата со 100-тина души околу гостилницата ги повикал - свештеникот, кметот и азите и ги прашал дали е вистина дека во селото има комити. Иако овие одрекувале, јузбашијата ги однесол во една куќа во која имало четници (биле поделени на 5 куќи) и ја опколил.“ („Славејко Арсов“, 91).

[56] „Истиот јузбашија, вели Арсов, беше и во Избишта и таму спечали едно аферим, па со нетрпение чекаше живи да ги фати“. Така тој се упатил во една од куќите каде имало комити, ја скршил вратата, сакајќи да влезе во дворот, но бил убиен. Свештеникот успеал да избега „во таа ѓурултија“ во една куќа, порачал да му донесат пушка и повикал 10-12 селани со пушки кои подготвени чекале што ќе се случи натаму. „Штом падна јузбашијата, битката се одвиваше околу таа куќа, сите Турци тргнаа кон неа, ги оставија и стражите“ (Исто, 92).

[57] Четниците распределени во куќите, по наредба на Арсов, мирно чекале да дојдат Турците и не отворале оган. На свештеникот му одговориле дека ќе чекаат мирно сѐ додека другарите кои биле опседнати успешно се спротиста-

едно момче,[58] додека имало повеќе убиени османлиски војници, кои понатаму не се обидувале да влегуваат во куќите, плашејќи се од скриените четници.

Откако се смирила борбата, вечерта, околу 6 часот, заедно со свештеникот Арсов и момчињата се прибрале во една од куќите, каде дошол уште еден дел од четата, така што вкупно станале 9 души, покрај 12 вооружени селани. Арсов му дал заповед на селскиот поп да постави стража на неколку места околу селото, за да видат која страна од селото е послободна. Во овие случувања особена улога одиграле жените кои херојски се провреле низ башибозукот и аскерот и кај свештеникот донеле дванаесет селани, заедно со нивните пушки. Така во таа куќа биле собрани околу 40-ина - старци и деца. Откако ги добиле потребните информации за распоредот на османлиските сили, четниците и другите вооружени, еден по еден, ја напуштиле куќата во која биле заклонети. Ја поминале реката надвор од селото и се распоределе за битка на погодно место. Тука пристигнала и селската милиција од Брајчино и Штрбово кои пукале викајќи „Ура". Опколени од сите страни османлиските сили отстапиле криејќи се во куќите по 40-50 души. Така четата успешно се извлекла.[59]

Настанот во Љубојно се случил на 20 февруари 1903 година, за време на велигденски пости. Додека траела борбата, властите од Битола на помош испратиле еден бинбаша со војска, но,

---

вуваат. Исто така му порачале „да им соопшти на другите села да дојдат на помош селаните од Штрбово, Брајчино, Герман и Дупени и да се прати известување во Наколец, кога ќе се стемни да се запали било куќа, било племна, за да се предизвика пожар. Се определи лозинката: Солун, одговор: Прилеп. Нашиот домаќин отиде во една куќа од која се гледаше опколената куќа. Една невеста ни носеше информации. До пладне Турците не можеа ништо да направат, зашто куќата беше со дебели и високи камени ѕидови. Беше веќе убиен и еден чауш и три-четири војници околу куќата. Момчињата од внатре ретко пукаа. ... Во меѓувреме Турците наумија да влезат во соседната куќа и оттаму да пукаат, но и таму имаше четници". (Исто).

[58] „Убиениот е Христо од селото Арвати, стар четник кој го уби јузбашијата, а ранетиот е Геро, поранешен кривенски коџабашија. Другите момчиња останаа здрави" (Исто, 93)

[59] „Отидовме в планина и ги најдовме - 20-те души од 22-та, еден убиен, а ранетиот кога излегол од куќата сретнал Турчин кој го прашал кој е. Тој на турски му одговорил дека е аскер од комитите. Аскерот го викнал кај себе, а нашиот Геро, штом се доближил до Турчинот го отепал и тргнал в планина. Другиот ден селаните го качуваат на коњ и право во Штрбово, а оттаму дури во Ресенско, каде што и сега се лекува, преместувајќи се од село во село". (Исто, 94)

тој веројатно примил поткуп и намерно се задржувал по селата, па не стасал на време.[60] По повод настаните во Љубојно, известува и српскиот генерален конзул во Битола, Михаило Ристиќ. Ристиќ кажува дека бил оптужен Риза бег – бимбаша, кој бил испратен од Битола во Љубојно со војската. „Тој, наместо да брза, и што побрзо да стигне во селото, пристигнал дури другиот ден. Заради тоа, по наредба на валијата тој на 22 ов. месец е затворен прво во својата канцеларија, а денес – слушам – дека е преместен во вистински затвор“.[61]

И покрај ваквата сериозна ситуација и откривањето на присуството на четата немало потешки последици за Љубојно, освен што разјарени, Турците отепале едно момче (на 23 години) кого случајно го сретнале на патот. Старите и повозрасните биле повикани во Наколец каде ги советувале да не примаат повеќе комити во селото, зашто вториот пат ќе настрадаат.

По борбата кај Љубојно, Славејко Арсов со четата заминал во селото Герман, оддалечено три часа одење[62]. Тоа било негово прво влегување во ова село кое било организирано според планот на Коте.[63] Во Герман селаните поседувале, сѐ на сѐ, 30-40 пушки, кое било недоволно. Арсов не бил задоволен од воспоставениот ред, не се чувствувала поголема приврзаност кон делото, заради што ги повикал селаните и заедно со четата организирале собрание. Така пред селаните на Герман долго и широко зборувале за

---

[60] „Го осудиле за рушвет и може уште да е в затвор во Битола. Ова го разбрав, вели Арсов, од еден негов братучед - Турчин во Евла.“ (Исто).

[61] *Извештаи од 1903 година на српските...,*138.

[62] Од селото Герман потекнува Петар Германчето (П. Христов Дамовски) (1860, Герман - 8.2.1906. с. Дропишта Преспанско). Во 1890 година организирал револуционерна група во родното село, која во 1895 влегува во редовите на МРО. Бил затворен во 1901 година, а амнестиран во март 1903. За време на Илинденското востание бил војвода на чета во Преспанско. По востанието емигрира во САД. Во пролетта 1905 се вратил во родниот крај и формирал чета. Води борби со четите на грчката пропаганда, при што особено забележителен бил неговиот судир со андартите на Лахтарис. Тешко ранет во борба со турска потера се самоубива. Според некои извори загинал 1907/8, а според други 1906. Погребан е во с. Апоскеп, Костурско. (А. Динев, *Илинденска епопеја,* дел II, Скопје 1949, 80; Албум-алманах Македония, София 1931, табло LXXXVII, 303, 35, No. 303; А. Г. Пелтеков, исто, 92).

[63] Според Ангел Андреев, „Арсов до Љубојно и Герман беше дошол само еднаш. Дух за востание меѓу народот немаше. За Организацијата имаа слушнато, но малку и нејасно. Требаше одново и многу да се работи за да се подготват за востание“. Во овие села Коте препродавал пушки. „Ги купувал по една, а ги продавал по две лири“. („Ангел Андреев“, *Спомени,* 321).

ослободителното дело. Истовремено била одржана обука за ракување со оружје која траела два дена. Селаните излегувале по ред и вежбале. Арсов, посебно им наложил на жените да ја одржуваат чистотата, „зашто во спротивно ќе бидат строго казнети“.[64]

Додека четата на Славејко Арсов ја продолжила својата дејност низ Ресенско и Преспа, Тома Давидов со неговата ревизиона чета заминал на починка во Смилево. Таму набрзо пристигнале Тома Николов и Парашкев Цветков кој ќе остане за војвода на Смилевскиот реон.[65] Од Смилево, Давидов заминал за Охридско, каде набрзо загинал. Тој бил убиен на 18 март 1903 година во с. Оздолени,[66] одејќи на помош на опколената чета на војводата Дејан Димитров[67] во селото ‘Рбиново (Арбиново). По неговото убиство, следела т.н. Давидова афера во Охридско, каде, според Ѓ. Поп Христов биле уапсени 164 души селани од цела Дебарца.[68] Никола Петров Русински смета дека е доста мистифицирана вистината околу активноста на бугарскиот офицер Тома Давидов, кој дошол како ревизор на сите вооружени чети на Охрид-

---

[64] „Славејко Арсов“, 94.

[65] Во четата на Парашкев Цветков останале „Дедо Андреја, Хололчев и Филдишев, последниов за секретар на четата. Ѓорѓи Сугарев остана војвода на полските села во Битолско“, додека пак Тома Николов и Лука Групчев останале во четата на Тома Давидов. (Т. Николов, *Спомени от моето минало...,* 66).

[66] Востаничките сили, покрај убиениот Давидов, тука имале уште тројца ранети. Турците на бојното поле оставиле околу 30 мртви. Востаниците извојувале полна морална победа над непријателот, иако потоа следеле бројни затворања, измачувања и прогони на населението. (Х. Силянов, исто, I, 219-223; Т. Николов, *Спомени от моето минало...,* 69-71). „Давидов беше отепан од еден Арнаутин, по име Даут-ќаја“ ( „Ангел Андреев“, *Спомени,* 319)

[67] Дејан Димитров (9.3.1873, Лактиње, Охридско – 10.9.1912, Песочани, Охридско), револуционер и охридски војвода. По приклучувањето во ТМОРО, станал четник во четата на Тале Горанов (1901). За време на војводствувањето на Никола Петров Русински бил назначен за војвода во Горна Дебарца. Учествувал во повеќе борби за време на Илинденското востание, а по востанието заминал во Бугарија. Во Охридско се вратил во јуни 1905 година и бил помошник војвода на четата на Петар Чаулев. Во почетокот на Балканските војни бил фатен од Турците и убиен крај с. Песочани. Според други податоци бил убиен во 1909 или 1910 година. (Спореди ги следниве: А. Г. Пелтеков, исто, 131; Т. Николов, *Спомени от...,* 113-115; Ѓ. Најдоски, *Војводите од Дебарца Дејан Димитров и Смиле Војданов во македонското револуционерно движење (некои аспекти), Југозападна Македонија,* ДНУ „Браќа Миладинвци“ – Струга, Струга 1998, 239-241; Поопширно кај: С. Ристески, *Дејан војвода*, Охрид 1974).

[68] *Революционата борба в Битолския окръг. Спомени на Георги Похристов,...,* 37.

ската револуционерна околија и кој одвај издржал една недела предизвикувајќи „афера со повеќе од 250 жртви по затвори и заточениште, многумина убиени“.[69]

На патот за Смилево, Тома Николов, Христо Настев, Лука Групчев и други дејци на Организацијата, поминале низ с. Крушје. Таму биле информирани од раководителот на тоа село дека ресенскиот војвода Славејко Арсов издал наредба во секое село од неговиот реон да бидат готови по 10 души милиција, вооружени и при повикување да се јават на определеното место. Штом пристигнале во Смилево, таму го сретнале и Славејко Арсов со неговата чета, „готов да притекне на помош на Пиперката, ако стане потребно“, бидејќи овој бил опседнуван од османлиите на неколку наврати. Таму, исто така, се затекнал бугарскиот офицер Димитар Стојков[70], кој дошол со четата на Борис Сарафов.[71] По наредба на окружниот комитет, Стојков го прифатил раководството на четата на Тома Давидов,[72] а пак Николов ја напуштил четата и заминал со Славејко Арсов за Ресенско, како негов гостин. Тие заедно обиколиле неколку села за да ја видат ситуацијата и да дадат одделни совети, а потоа пак се вратиле во Смилево, на почивка. Николов забележал дека во Смилево сите чети се чувствувале како дома и тука биле најсигурни, но „и гостопримливите смилевци не можеа да стојат без чета во селото, им било глуво“.[73]

---

[69] Н. Петров Русински, *Спомени,* 343.

[70] Димитар Великов Стојков (28.6.1875, с. Гајтаниново, Неврокопско - ? Софија), деец на македонското ослободително движење, стигнал до чин полковник во бугарската армија. Брат на генерал Иван Стојков и братучед на Борис Сарафов. Завршил воено училиште во Софија (1897). Во 1903 година влегува во четата на Сарафов и заминува за Битолско. Учествува на Смилевскиот конгрес (април 1903), на кој е определен за воен раководител на востанието во Охридско. Се борел во Балканските и Првата светска војна (Й. Б. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934)...*, 157; А. Г. Пелтеков, исто, 435-436).

[71] Според записите на Ѓ. Поп Христов, Борис Сарафов пристигнал со четата во пролетта 1903 година по убиството на Тома Давидов. „..Во нашиот округ потребата од воени лица се чувствуваше одамна“, вели Поп Христов. „...Со доаѓањето на Давидов таа празнина се пополни донекаде. ...Борис Сарафов не беше повикан за нашиот округ. Тој сам дојде, бидејќи знаеше, дека најдобро од сите други е подготвен нашиот округ за востание. По тешката загуба на Тома Давидов, ние, се разбира го примивме како воено лице.“ (*РеволОционата борба в Битолския окръг. Спомени на Георги Похристов,...*, 37).

[72] „Ангел Андреев“, *Спомени,* 320.

[73] Т. Николов, *Спомени от моето минало...,*72.

При обиколката низ Ресенско, соочувајќи се со резултатите кои тука ги постигнал Славејко Арсов како ресенски војвода, Тома Николов, јасно ја воочил разликата во однесувањето на Славејко Арсов, односно фактот дека овој млад човек со буен темперамент (кој порано знаел „да избрзува“) созреал во способен војвода. Така, Николов ќе запише: „... Славејко Арсов, кој што порано кај мене во Кичево беше брз, нетактичен, станал добар организатор и снаодлив и добро го беше организирал својот реон. Тој беше проникнал во најскриените катчиња во душата на селаните, и беше ги завладеал“.[74]

По една недела, на велики четврток, Арсов и Николов се вратиле од Ресенско во Смилево каде го затекнале Ѓорѓи Поп Христов, член на Битолскиот окружен комитет. Тој бил испратен со задача да спроведе анкета по повод една притужба против Јордан Пиперката, поднесена од населението од неговиот реон. Како што претходно споменавме, ова било веќе трет пат да се спроведува истрага за Пиперката. Поп Христов „како голема функција – претставник на окружниот комитет, и пред сè, анкетата се однесуваше за еден Пиперка – бујна природа и луда глава, за да има поголем авторитет како власт, побарал да биде придружен од неколку вооружени души“. Затоа, „со неговата свита“, преводена од војводата Славејко Арсов, тргнале Тома Николов, Спиро Олчев, Христо Узунов и Никола Кокарев, на велики четврток, од Смилево за Демирхисарско. Гледајќи ја вечерната слика на верниците кои оделе во црквата, Тома Николов почувствувал колку му недостасува неговата духовна определба како свештено лице.[75]

По одморот, со тага во душата, се сеќава, поп Тома Николов тргнал со групата за селото Боишта. „Напред врвеше Славејко Арсов, а по него ние, меѓу нас Ѓорѓи Поп Христов. ... За утеха

---

[74] Така, кога пристигнале во с. Евла пред да ги сместат за преноќиште, Николов, изморен, побрзал да побара од домаќинот да му направи кафе. Славејко другарски му забележал да не бара ништо, „зашто селаните знаат што им е потребно и сами ќе го исполнат својот долг, зашто им било непријатно да им се бара, како што тоа го правеле Турците. Забелешката му беше права“. (Исто).

[75] „Кога се искачивме кај манастирот "Св. Петар" над с. Смилево и седнавме на почивка, пред нас блесна селската црква, осветена заради ноќните бденија на "светите страсти" и треперливите свеќи на верниците низ улиците, кои што одеа в црква. Таа слика емотивно го засегна моето религиозно чувство како духовно лице и осетив во себе си една празнина, бидејќи се бев одамна оддалечил од црквата“. (Исто).

во тагата, јас го фатив Ѓорѓи Поп Христов под рака и почнавме да прикажуваме за животот во минатото, поминат во Битола, и да ја потпевнуваме песната ‘О мајко моја, родино мила’, толку повеќе, што се чуствувавме сигурни на тоа планинско место, каде што турска нога не стапнуваше, и тоа место се знаеше како комитско гнездо. Кога нѐ слушна, Славејко Арсов ни кажа: ‘Нема ли да пропукат од некаде турските аскери, та тогаш ќе ве видам дали ќе пеете'. Ние молкнавме и застанавме во редот“.[76] Оваа куса епизода која ја пренесува Тома Николов, всушност зборува за тоа дека Славејко Арсов ништо не оставал на случајот и не дозволувал да се кршат правилата за движење на четата.



Манастирот Св. Петар над Смилево

Маршот кој го врвел Славејко Арсов со придружбата бил тежок, но тој бил навикнат на таква активност: со километри крстарење од место во место, по снег, дожд и разни непогоди, по стрмолии и ноќно време, пеш или на коњ. За разлика од Арсов, Тома Николов, како и некои од придружбата кои скоро станале нелегални или биле со кус четнички стаж, немале таква физичка подготвеност.[77]

---

[76] Исто.

[77] Тома Николов, по навика, си ги собул обувките за да си ги измие, со студена вода, воспалените од долгото пешачење нозе. Кога го видел, Славејко, насмеано му кажал: „Мајката на тие Турци, како нема однекаде да се појават, та да видам како се бега со боси нозе“. Николов се насмеал, но сепак е самокритичен: „тој беше во право, вели, зашто јас одев многу раскомотен“. Од Боишта сите на коњи продолжиле за Слоештица, каде што била догово-

По напорното пешачење, групата пристигнала во селото Боишта од каде по кусиот одмор и вечера, јавајќи на коњи заминале за Слоештица на средба со Јордан Пиперката. Но, и овој пат непредвидливиот Пиперката постапил по свое. Направил заседа околу селото, а луѓето биле вознемирени и не знаеле што да кажат на дојдените за спроведување на анкета околу неговото држење.[78] Било очигледно дека сите кријат нешто, па луѓето од групата на Поп Христов почнале да се погледнуваат еден со друг. Арсов почнал да се нервира, Тома Николов се воздржувал од смеење, додека пак Ѓорѓи Поп Христов, како раководство се држел ладнокрвно, „но боите на лицето му се менуваа како на камелеон", запишал Тома Николов. Најпосле еден од селските раководители им соопштил тајно, дека Пиперката се наоѓа заедно со четата во другаото маало и дека селото било опколено од неговата чета. Тогаш разбрале каква е работата, дека се „уловени како глувци во клопка". Имено, штом разбрал дека доаѓа анкета од окружниот комитет и тоа придружена со вооружени лица, недоверливиот Пиперка ги презел сите мерки на претпазливост, да не биде убиен, иако според пишувањето на Николов, кај нив немало таква мисла. Пиперката најмногу се уплашил од тоа што дошол и војводата Славејко Арсов, кон кого бил непријателски настроен и немал доверба, познавајќи го Славковиот буен темперамент од порано. Но, штом разбрал дека и ѓаконот Тома Николов е со анкетата, се успокоил. Така донеле одлука Николов да му напише писмо, да го повика да дојде на негова одговорност и да не се плаши од што и да било.

Откако го примил писмото на Николов, Пиперката се појавил придружен од тројца четници, додека неколку други од неговата чета ја опседнале куќата каде биле сместени анкетарите. „Кога дојде кај нас, вели Николов, не седна на постелата, каде што бевме ние, а на стол како и придружбата од четниците кои ги

---

рена средбата со Јордан Пиперката. „На тргање Узунов и Кокарев паднаа од коњите, бидејќи не беа свикнати да јаваат, па стана малку смеење". (Исто, 73).

[78] „Пристигнавме во с. Слоештица, вели Николов. Очекувавме, дека Пиперката ќе не дочека, но истиот не нѐ пречека. Селото е разделено на две маала од реката, која што тече по средината. Отседнавме на престој во куќата на раководителот и го прашавме дали Пиперката е тука? Тој тогаш почна да пелтечи и кажа дека не е тука. Ние се посомневавме во вистинитоста на неговите зборови, зашто забележавме, дека селаните не беа спокојни и се држеа вознемирено. Сфативме, дека тука има нешто, кое што селаните го кријат од нас и не смеат да ни кажат". (Исто).

држеа здраво пушките в раце, готови за секоја случајност". Ѓорѓи Поп Христов сфатил дека атмосферата е многу наелектризирана и постапил многу тактично. Смирено го опоменал Пиперката за неговата постапка, а истовремено, од позиција на раководител со воздржан тон ги истакнал неговите грешки за кои имало притужби, предупредувајќи го во иднина да се воздржува и да не пројавува такви човечки слабости. По тактичната опомена атмосферата се променила и започнале другарски разговор. Сепак Пиперката си признал, кога кажал: „Море ако не беше ѓаконот, јас никогаш немаше да дојдам, зашто немам доверба во вас".[79]

По средбата со демирхисарскиот војвода Јордан Пиперката во Слоештица, групата повторно се вратила во Смилево, на вториот ден на Велигден. Од таму Ѓорѓи Поп Христов заминал во Битола, Славејко Арсов во Ресенско, а Тома Николов останал во Смилево, каде пристигнал и војводата Парашкев Цветков со целата чета. На третиот ден Велигден, во смилевската црква, Тома Николов служел литургија на која присуствувала и четата на Цветков, а имало и многу ученици од битолската гимназија кои дошле за празниците и граѓани од Битола, дојдени „за да ги видат четите и да им се зарадуваат".[80]

По литургијата и раздадената нафора, ѓаконот Тома Николов повторно го зел оружјето, влегол во редот на четата и на излегување почнале да маршираат низ улиците, пеејќи револуционерни песни. Тој ден за смилевчани, како и за другите присутни бил вистински Велигден, бидејќи се чувствувале сосема сигурни и горди под закрилата на вооружените сили на Организацијата.[81]

Славејко Арсов како и повеќето војводи во Битолскиот револуционерен округ, и покрај разногласијата околу прашањето за подигање востание и за неговиот карактер, предано се подготвувале за истото, водејќи сè поголема грижа околу вооружување-

[79] Исто.

[80] Во своите спомени Т. Николов запишал: „Селската милиција ги превзеде нужните мерки за заштита на селото. На третиот ден од Велигден 1903 година во зорите, облечен во четничка облека и вооружен отидов во црквата, го оставив оружјето во олтарот и се облеков во свештеничка облека и заедно со трите селски свештеници отслуживме свечена литургија. Црквата беше преполнета од верници со учество на четата, која беше построена во средината на црквата заедно со војводата, облечен во офицерската наметка на Давидов, земена по неговото убиство. Евангелието го читав од амвонот како што го читав, кога бев ѓакон во Битола, за да си спомнат смилевчани, кои што ме чуле да го читам како ѓакон". (Исто, 74).

[81] Исто.

то на селаните. Во текот на овие активности, меѓу другото, Арсов отишол во Нивици каде ги обучувал и организирал луѓето, додека, пак Кокарев заминал по оружје во Костурско. Притоа донесол 15-16 оки барут и 500-600 патрони кои ги поделиле на 15-20 души. Од Нивици, Славејко Арсов преминал на западната страна на езерото, па ги обучувал и организирал луѓето од тамошните села. За тие села Арсов забележал дека „се гркомани, како и во Нивици и Герман“. Откако дошла четата со Арсов, селаните во Герман пројавиле дилема околу тоа дали да одат под Егзархијата или да останат и натаму под патрикот, односно под Патријаршијата. На нивното прашање им бил даден одговор дека тоа четата не ја интересира и „дека можат да си останат тоа што си биле. Доволно е да бидат добри за делото“. Тоа значи дека идејата за слобода и автономија била истакнувана во прв план, а не религиозните и етнички разлики.[82]

Тргнувајќи од потребата дека луѓето, без оглед на која црква припаѓаат, мора да бидат обединети и единствени во борбата против заедничкиот непријател, а тоа била османлиската власт, војводата Славејко Арсов и неговите луѓе слично постапувале и во другите гркомански села и никаде не го покренувале тоа чувствително прашање (од етничка или верска природа – кој на која црква припаѓа) кое можело да доведе до раздор. „Се среди се што можеше да се среди, вели Арсов. Членски и воопшто парични прилози не воведовме, за да не помислат дека сме дошле само за пари зашто Коте сееше лаги против нас дека сме собирале пари“. Во повеќето случаи селаните сами го набавувале оружјето.[83] Дури нивичани, шуленци, горичани и други посредувале за набавка на оружјето – „тие го купуваа и препродаваа“.[84]

---

[82] За ваквата клима во која се создавало единство помеѓу различниот христијански милет, во извештајот до генералниот српски конзул во Битола, М. Ристиќ од 12 февруари 1903 година, стои: „Помеѓу Србите и бугарашите не се прави никаква разлика, престанал стариот антагонизам, сите убаво се согласуваат и сакаат, на тоа најмногу работи комитетот“. (*Извештаи од 1903 година ...,* 146).

[83] Во Битолскиот револуционерен округ, комитетот набавувал пушки со 150 фишеци и ги продавал по 5 лири на селаните, но им било дозволено на селаните и сами да се снабдуваат со пушки, но главно секоја куќа „сакала или не“ морала да има пушка. Тие наредби и другите се слушале безусловно. „Денес таму комитетот е ‘држава во држава’. Турските власи изгубија секаков авторитет. Дури по наредба на комитетите, морале да се помират раскараните луѓе, па и раскараните жени“. (Исто).

[84] „Славејко Арсов“, 95.

Ваквата работа траела до востанието, па и во неговиот тек. Западните гркомански села сѐ до Стење, а потоа натаму на север до Болно, каде што повторно се сретнале со Никола Кокарев, Славејко Арсов ги посетувал и организирал некаде до пред Велигден[85]. Потоа подготовките станале уште посериозни бидејќи не знаеле точно кога ќе почне востанието и за да нема изненадувања, на селаните им говореле секоја куќа да има храна за еден и пол месец, вооружените да ја купуваат потребната облека и сл. Зачестиле вежбите во планината заради што Арсов ја разделил четата на пет-шест секции. Една група испратил во Преспа по оружје, а другата ги обучувала селаните.

На Велигден во Болно биле собрани 120 вооружени селани од Царев Двор, Дрмени, Јанковец, Евла и Дупени за да вежбаат во планината напад и одбрана, напад и отстапување, нишанење - стоејќи, на колена или лежејќи. „Вечерта го опколивме Болно - вежбавме - влеговме во селото викајќи, кажува Арсов. Турците, небаре слепи - или ништо не гледаа или не сакаа да видат. Малку ризично, но сепак ги забрзавме подготовките“.[86] Ваквите интензивни обуки на селаните за ракување со оружје и воопшто подготовките за борба Славејко Арсов неуморно ги организирал со засилен интензитет сѐ до Смилевскиот конгрес, а потоа уште помасовно бидејќи и самите селани биле во исчекување на скорешното востание.

По завршувањето на велигденските празници, најпрво во селото Златари,[87] а потоа во Смилево, пристигнал Борис Сарафов.[88] Тој со себе донесол два товари динамит.

---

[85] Организацијата воспоставила строги правила и функционирала како држава во држава. „Кој ќе ја оддаде тајната на Организацијата или складот со пушки се казнува со смрт... Дисциплината е целосна. Носењето вести, наредби, извидничката и патролната служба е одлично уредена. Куририте разнесуваат наредби и вести од село во село...“. „...Членовите на четите облечени се во народна носија, со влашка гуња преку грбот. Имаат со себе и резервно лесно турско воено одело, кое го облекуваат во случај на голема потреба, кога треба да поминат по патиштата запоседнати со турска војска...“ (*Извештаи од 1903 година...*, 145-146).

[86] „Славејко Арсов“, 95.

[87] Сарафов „ги собрал селаните во Златари (Ресенско), а потоа минал низ Кривени, дошол во Лева Река, а во Леворешката Планина ги викнал селаните од Смилево, Златари, Кривенци, Лева Река, Крушје - над 200 души и таму организирал маневри.“ (Исто, 96).

[88] Според повеќето странски извори, Сарафов бил сметан за водач на македонското револуционерно движење, за што тој и самиот создавал таков впеча-

Сарафов ги обиколил реоните Прилепско, Битолско, Леринско, Костурско, Преспа, Ресенско[89]. Насекаде каде што минувал правел големи собранија, агитирал и ги поттикнувал луѓето кон скорешно востание, а пак овие малку знаеле за неподготвеноста на другите окрузи и за суштината на несогласувањата околу востанието[90]. Сарафов, според тврдењето на Ѓорѓи Поп Христов успеал да привлече на своја страна многумина војводи за да има лична поддршка на претстојниот окружен конгрес во Смилево.[91]

Додека со обиколката Сарафов стигнал до Ресенско, во истото време, Славејко Арсов се наоѓал во западна Преспа, по оружје, па за првпат ќе се сретнат и видат на конгресот во Смилево.

---

ток. (М. Пандевски, исто, 183). Руските конзуларни претставници во Турција, ги кометираат преговорите на Сарафов во периодот од 1899 до 1902 година кои ги водел со српските владеачки кругови за пружање материјална помош (оружје и финансиски средства) на ТМОРО, за подигање востание. Притоа, тие требало да добијат само благодарност, бидејќи Сарафов изјавувал дека ни Србија, ни Бугарија нема да добијат ни педа од Македонија. (С. Дракул, *Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913,* прв том, Просвета, Куманово 1995, 264, 275, 277, 289, 321-323, 336-345). Се разбира дека Србија била против покренување на било какво востание во Македонија, како и Русија која ќе се залага за одржување на мирот, но доколку се покрене решавањето на македонското прашање, Македонија да биде разделена помеѓу соседните држави. (В. Поповски, *Руската и советската надворешна политика и македонското прашање од крајот на XVIII век до четвртата деценија на XX век,* Макавеј, Скопје 2013, 100-101).

[89] „Ѓорѓи Поп Христов“, 301.

[90] Акад. Манол Пандевски, инаку извонреден познавач на историјата на МРО, во однос на улогата на Борис Сарафов наведува дека овој на јануарското советување во Софија, само навидум се наредил сред мнозинството кое го осудило солунското решение, но откако дошол во Македонија, насекаде пропагирал скорешно востание. Борис Сарафов влегол во Македонија на 25 јануари 1903 со чета од околу 40 души. Нему му било определено да работи на теренот на Малешевско, Струмичко, Радовишко и Кочанско, но откако видел дека таму нема подготвени луѓе да кренат востание, дошол во Битолско. Во меѓувреме добил и соопштение од Иван Гарванов да оди во Битолско каде ќе работи на забрзување на востанието. (М. Пандевски, *Илинденското..,* 180). Дури Александар Кипров кој бил во служба на Сарафов тврди дека атентатите во Солун станале со благослов на Сарафов. Тие требало да бидат сигнал за востанието. (А. Кипров, „Сигналът на револОцията. Из моите спомени“, Ил. *Илинден,* кн. 4, София, 1930, 5-9). Павел Шатев дава сосема поинаква претстава за сите активности и за личноста на Борис Сарафов.

[91] Ѓ. Поп Христов, *Спомени,* 40; „Из спомените на дякон Евстатий“, Ил. *Илинден,* кн. 4-5, (64-65), София, 1935, 21-22.

За одржувањето на конгресот добиле известување 3-4 дена пред Ѓурѓовден, додека самиот конгрес започнал на денот на празникот. „Отидовме само реонските раководители и војводите, вели Арсов. Заповед за одржување на Конгресот даде Окружното раководно тело. Некои реонски раководни тела беа во затегнати односи со Окружното раководно тело, некои дури ја беа прекинале и преписката со него. И јас бев меѓу нив“. Повеќето реони постапиле на тој начин бидејќи Окружното раководно тело не било добро запознато со четите и давало несоодветни наредби. Затоа се чувствувала потреба, особено пред востанието, да се направи конгрес на кого освен планот за востанието нужно би се разгледале и односите меѓу Окружното раководно тело и реоните. Според Арсов, оние кои што го претставувале Окружното тело немале доволно авторитет зашто сѐ било во рацете на четите кои на теренот воспоставиле речиси целосна контрола во функционирањето и дејствувањето на оруженото движење.[93]



Борис Сарафов[92]

Борбата носела неизвесност, искушенија, страдања. За да се дочека и издржи тоа била потребна добра психолошка подготвеност, за кое биле свесни повеќе македонски кадри и работеле врз засилување на духот на народот. Славејко Арсов и бројни дру-

[92] И покрај бројните критики за личноста на Борис Сарафов, при што особено е остар Никола Петров Русински, но и други дејци, не може да се прескокне фактот дека тој бил многу харизматична и популарна личност, а во странство го сметале за водач на движењето во Македонија. Павел Шатев, полемизирајќи со оние кои тврделе дека Сарафов злоупотребил големи суми пари, ќе запише: „Борис Сарафов има и свои слабости како човек, но не во однос на парите на кои гледаше не како на цел, туку како на обично средство... Споменавме сума од 65.000 златни лева обезбедена од Борис Сарафов и под фиктивни имиња на разни ‘дарители’ внесена во касата на Комитетот... Подоцна, при престојот во странство, успеал да обезбеди и други суми, што се користеа за потребите на делото, еднаш 50.000 франци добиени од еден богат Англичанец, друг пат исто така голема сума добиена од други лица во странство, но апсолутно без никакви обврски“. (П. Шатев, *Борис Сарафов, биографија,* том 2, ДАРМ, Македоника литера, 2013, 71).

[93]„Славејко Арсов“, 96.

ги војводи кои, макар и за кратко ја поминале или ја следеле агитаторско-организациската „школа“ на Делчев посветиле особено внимание на тој момент - *робот во душата да раскине со ропството*.

Инаку, по Солунскиот конгрес, во окрузите требало да се разгледа решението за востание и согласно на условите во округот да се донесат решенија и за карактерот на востанието, дали тоа да биде масовно и општонародно, или да се изведуваат партизански вооружени акции. Но, „многумина делегати од револуционерните околии, кои го решија прашањето на востанието во Солун, на денот на определената дата за востанието, имаа спротивно мислење и не востанаа“.[94]

Залагањето на Делчев и на другите противници на солунските решенија, доведе до промена на најсуштественото во него, а имено наместо „општо и стратегиско“ востанието да биде „општо и партизанско“. Но, набрзо ќе се постави прашањето колку тие ставови биле имплементирани во подготовките за подигање на востанието што продолжија по советувањето во Софија, колку и како беа вградени во документите, во прв ред во Битолскиот револуционерен округ.

Паралелно со сите тие подготовки се одвивале помали или поголеми вооружени судири ширум Македонија, во кои загинаа заслужни револуционери, раководители, војводи и четници на ТМОРО. Турскиот аскер и башибозукот се одмаздуваше со спроведување на масовни репресии, убиства и опожарувања на македонските села и домови.

---

[94] Анастас Лозанчев во голема мера ја прифатил својата историска одговорност за страдањата на народот по необмисленото востание, така што, не мислејќи сериозно на последиците го турнале народот во ужасна несреќа. (А. Динев, исто, 379-381).

# Од Смилевскиот конгрес до Илинденското востание

## Смилевскиот конгрес

Одлуката за востание на јануарскиот Солунски конгрес ги вознемири дејците на ТМОРО кои беа ангажирани во борбата против врховизмот. Во врска со тоа прашање биле организирани повеќе советувања. Притоа, се издиференцираа две спротивни гледишта. Малцинството предводено од Христо Матов и Христо Татарчев ја поддржаа тезата за општо востание, а мнозинството предводено од Гоце Делчев[1] и Ѓорче Петров[2] предлагаа да се засилат четничките дејствија, кои ќе бидат проследени со терористички акции.[3] Нивната цел била да не се вовлекува населението

[1] Осврнувајќи се на илузиите што ги сееле врховистичките агитатори дека „штом ќе се развие знамето и тогаш Русија, о славна Русија на минутата ќе навлезе во Македонија и ете ти, ние сме слободни", Гоце Делчев во 1903 година, на советувањето во Софија кога се разгледувало решението на Солунскиот конгрес, ќе каже:„...Злосторство е преку нарачано создавани опожарувања и кланици да се ослободува народот. На тој начин ние ќе заприлегаме на просјакот кој ги раскрвавува своите гнојосани рани за да ги принуди луѓето со десет стотинки да се спасат од сликата на една „гнасотија". И на крај, во врска со тоа што се тој влагал во поимот „подготвеност" за востание, решително изјавувајќи се против предложената формула за општо востание кое не водело кон ништо, ќе каже: „Секако, друго би било кога би имале една нова грчко-турска или некоја српско-турска или најназад бугарско-турска војна... Зад себе го имаме ерменскиот пример, а пред нас е изгледот што ни го открива австро-рускиот договор" за запазување целоста на Турција. (П. К. Яворов, *Гоце Делчев,* София 1904, 85-86).

[2] За Ѓорче Петров моралната подготвеност на еден народ за борба, за саможртва, имала исто така, големо значење. Впрочем, самата желба да се фати пушката не само да се ликвидира злосторникот туку за нешто повеќе, да се тргне во битка со вековниот поробувач кој бил господар на имотот и животот, претставувало смелост, но уште повеќе разбудена и развиена свест. (Ѓ. Петров, *Спомени...,* 160-161).

[3] Ангел Динев смета дека и ваквите определби на Г. Делчев и Ѓ. Петров за терористички акции и напади биле погубни за Организацијата, кое ќе се покаже и со акцијата на Делчев на мостот на реката Ангиста, како и со Солунските атентати. Овие акции насочени против европскиот капитал ги намалиле западните симпатии кон Македонија, на фанатизираните османлии им дале поттик за масовен терор и убиства на македонскиот народ, а на врховистите им овозможиле полесно да го забрзаат подигањето на недоволно подготве-

во масовно востание кое во тие услови немало изгледи за успех, туку со постојани акции востанието да се води перманентно, без негова формална објава. Тргнувајќи од девизата „Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај", Даме Груев кој, заради затворските години, не бил целосно во тек со сите случувања, се приклонил кон одлуката за востание. Дури ни цврстиот и убедителен Делчев, кој отишол во Солун да разговара со Груев, не успеал да го поколеба во заземениот став за востание.[4]

Битолскиот револуционерен округ ги започнал подготовките за кревање на масовно востание. Во овие рамки пресудно значење имал Смилевскиот конгрес, без оглед на фактот што бил само окружен конгрес, бидејќи се одржал во округ кој фактички бил тврдината на ТМОРО. Ако пред Смилево постоеле макар и искри надеж за спречување или одложување на востанието, по Смилево сите надежи исчезнале.



Селото Смилево, Демирхисарско, во почетокот на XX век

---

ното и во крајно неповолна меѓународна ситуација - Илинденско востание. (А. Динев, исто, книга I, 272-283). Сепак сите поодделни насилства биле неспоредливи со ужасот кој го доживеал македонскиот народ по задушувањето на Илинденското востание.

[4] Ѓ. Петров, *Спомени,...*, 132-133; В. Ѓорѓиев, *Слобода или...,* 457-472. Сепак, според Д. Димески „Ѓ. Петровата проценка за Дамевата улога содржи низа неотпорности", бидејќи во дадените услови Груев морал да се определи, за што Ѓ. Поп Христов запишал: „Самиот Даме Груев го сметаше солунското решение за пребрзано, но еднаш земено и ние поставени пред свршен чин, требаше да го прифатиме и да се оди кон негово исполнување". (Д. Димески, *Гоце Делчев..,* 126-127).

Смилево во тоа време се сметало како екстериторијално место на Турската империја и главен стратегиски пункт на Организацијата. Тука се наоѓале складови со прехранбени продукти, оружје, муниција, облека, медикаменти и сѐ што било потребно за поддршка и обезбедување на четите од Демирхисарскиот, Ресенскиот, Битолскиот, Преспанскиот, Охридскиот и Кичевскиот реон. И самата географска положба на Смилево, сместено во пазувите на Бигла планина, заобиколено речиси само од чисто христијански села го правело недостапно за турските напади и било згодно гнездо за одмор на четата. Освен тоа „смилевчани, без разлика на пол и возраст, беа целосно предадени на делото“.[5]

Гостопримството на смилевчани беше станало пословично, забележал Тома Николов. „Прав беше Славејко Арсов, вели тој, кога им забележа на домаќините, каде бевме на храна и стан, кои ни послужија вечера од две-три порции, кажувајќи им дека не сме тука за прв пат, па така да не гоштеваат. А потоа се сврте кон мене и ми кажа: 'Тука луѓето се чудни, имаат по една овца или коза, од кои што добиваат млеко за своите деца, а тие го чуваат за нас'“.[6]

Раководното тело на Организацијата во Смилево на чело со Георги Чуранов[7] се состоело од природно надарени луѓе, со бистар ум и снаодливост. Многу умешно маневрирале пред турската власт и турското население и здраво го чувале селото, така што во него не се појавило ниту едно предавство. Освен тоа, смилевчани речиси сите биле ѕидари и работеле во Битола при из-

[5] Еден кираџија смилевчанец на име Павле со два-три коњи секој ден циркулирал меѓу Битола и Смилево и носел сѐ што е потребно за четата. Таму четите се одморале најспокојно, а една куќа била приспособена за болница, каде што се лекувале ранетите и болните четници. Во таа импровизирана болница како милосрдна сестра служела една бабичка по име Дилба. (Т. Николов, ..., 73).

[6] Т. Николов, ..., 73-74.

[7] Георги Павлов Чуранов (Ѓорѓија Чурановски) (1860, Смилево, Крушевско, - ?), еден од основачите на револуционерниот комитет во родното Смилево и негов претседател во периодот од 1894 до 1903 година. Во неговиот дом во 1903 година бил одржан Смилевскиот конгрес. На конгресот бил избран за револуционерен началник на Ѓавато. За време на Илинденското востание како војвода на чета учествувал во борбите кај Смилево. По востанието, во отсуство бил осуден на смрт од турските власти. Бил амнестиран во 1904 година, по што повторно ја раководел револуционерната организација во родното село. (Т. Николов..., 120-121, 126; П. Шанданов, *Спомени,* предговор и редакција З. Тодоровски, ММ-ДАРМ, Скопје 2002, 34-36; А. Г. Пелтеков, исто, 517)

градбата на куќи на видни турски семејства: паши и бегови, така што овие имале голема доверба во нив.[8]

Така, тргнувајќи од местоположбата на Смилево, ситуацијата и климата помеѓу луѓето, не било случајно одржувањето на Окружниот конгрес токму во ова село, заради што и овој конгрес, на кој била донесена одлуката за востание, влегол во историјата како Смилевски конгрес.

Непосредно пред одржувањето на Конгресот се случиле Солунските атентати, за кои делегатите биле иформирани од Лука Церов. Последиците од овој чин, од своја страна, имале влијание врз зацврстување на одлуката за неопходноста од брзо подигање на востание. По овие атентати насочени кон пробудување на совеста на Европа, народот бил изложен на нов силен бран на османлиски терор, апсења и колежи, при што особено настрадале христијаните во Солун. На 23 април (6 мај) на празникот Ѓурѓовден бил извршен познатиот Ѓурѓовденски масакр во Битола, додека пак во Цапари селаните се судриле со војската, при што загинале 10-11 селани. Немирот во Цапари принудил некои од војводите кои биле на Конгресот да тргнат на помош, како на пример Сугарев, но веќе било доцна, бидејќи битката била завршена.[9] Истиот ден околу пладне Турците во Битола предизвикале колеж. Со стапови, ножеви и ками, фанатизираните муслимани убиле 40-50 христијани.[10] Така, во тој сплет на несреќни околности, македонскиот народ ќе биде ставен пред одлуката – „Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај“.

Смилевскиот конгрес на Битолскиот револуционерен округ бил одржан од 19 до 24 април (2-7 мај) 1903 година. Учесниците на Конгресот, во нивните сеќавања и белешки, даваат различни податоци околу неговото датирање и времетраење[11], но за

[8] Т. Николов, ..., 74-75.

[9] За овие настани во спомените на Арсов стои: „Турци убиени немаше. Нашите од градот сакаа да удрат, но не им се дозволи. Турците отепале повеќе Власи и Грци, кои се нашле на улиците. Од нашите отепани беа само 7-8 души. Во Цапари паднаа 3-4 заптии. Турците нешто откриле, но селаните немале можност да ги земат пушките. Кога излегле да убиваат во Битола, Турците биле облечени во некаква турсковостаничка униформа, од што се виде дека работата била однапред подготвена.“ („Славејко Арсов“, 101).

[10] Д. Димески, „Ѓурѓовденскиот масакр во Битола“, *Историја,* VII/2, Скопје 1971, 141-153.

[11] Тома Николов наведува дека Конгресот бил отворен пред Ѓурѓовден, а другиот ден започнал со работа. „Конгресот заседавал од 17 до 24 април (30.IV. – 7.V.) 1903 г.“ (Тома Николов, ..., 76). Славејко Арсов, неговото почнување го

најверодостојни се земаат зачуваните оригинални протоколи[12]. Различни се, исто така, податоците од протоколите и сеќавањата за бројот на делегатите и присутните. Бројот се движи од 32 до 45 делегати, веројатно заради тоа што конгресот се одржувал во неколку сесии, на кои имало различен број присутни. Значајно е дека сите околии имале свои делегати, односно претставници кога се одлучувало. Сепак, задоцнувањето на главните протагонисти на опозицијата, според акад. Љубен Лапе, им овозможило на поборниците на востанието многу полесно да го спроведат во дело решението на општиот Солунски конгрес.[13]

Со Конгресот претседавал Даме Груев, а за секретари биле избрани Парашкев (Параскев) Цветков и Ѓорѓи Поп Христов. Како претставници од Битолскиот окружен комитет присуствувале Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Поп Христов и Ѓорѓи Пешков, од Централниот комитет на ТМОРО - Даме Груев, а Борис Сарафов и Димитар Дечев како лица со определени должности.[14] Анастас Ло-

---

датира на 20 април и наведува дека траел седум-осум дена („Славејко Арсов“, 97).

[12] „Оригиналните протоколи отъ Смилевския конгресъ, Сіобщава Скендеъ-бей“, Ил. *Илинденъ,* кн. IX/7, (87), София, 1937, 7-12; В. Ѓорѓиев, *ВМРО 1893-1903, поглед низ документи, Матица Македонска,* Скопје 2013, 377).

[13] На Конгресот задоцниле, меѓу другото, и прилепските делегати, кои биле речиси најкатегорични противници за кревање неподготвено востание. Така, Тале Христов и Јордан Тренков пристигнале за време на одржувањето на II заседание, а Петар Ацев, најизразениот претставник на опозицијата, пристигнал дури на III-то, претпоследно заседание на Смилевскиот конгрес. (Љ. Лапе, „Смилевски конгрес“, *Историја,* IV/2, Скопје 1968, 91-93; „Оригиналнитѣ протоколи..“, 10; Протоколите од Смилевскиот конгрес 1903 година, објавени во зборникот на Цочо Биљарски: *Даме Груев, Живот и дело,* 2 част..., 597-603, и кај: В. Ѓорѓиев, *ВМРО 1893-1903, поглед низ документи...,* док. 112).

[14] Заедно со Сарафов, во неговата чета бил и „Никола Дечев (родум од Кнежевстото) и Стојков (поручник, фатен во Битола, сега во Цариград). Имаше уште двајца централни војводи од Охридско -Дејан и Тасе - вкупно 32 души“, се сеќава Славејко Арсов. „...Дамјан Груев беше претставник на Централниот комитет. Сарафов фигурираше како инспектор на четите (така да се каже)... Од Костурско дојдоа Чакаларов и Кљашев. Од Ресенско - јас, како реонски раководител, Кокарев исто така, Александар Панајотов (потпоручник на бугарската армија, родум од Велико Трново, убиен по востанието во село Перово, Ресенско), Велјан Илиев (псевдоним Пенчо). Од Леринско — Папанчев, реонски раководител (од Сливен, убиен во Баница-Леринско) и Михаил Чеков (од Екши Су, Леринско); „беше *централен* раководител" (3-4-5 села се потчинуваа на едно раководно тело во еден центар; нивните раководители се викале *центрови).* Од Битола - Ѓорѓи Сугарев (раководител на чета); Цветков (родум од Плевен, северна Бугарија) и Никола Петров (од

занчев бил остро критикуван од делегатите затоа што ја прифатил одлуката за кревање на општо народно востание[15]. Поголемиот број од делегатите ја изнесоа вистинската состојба на подготовките - имено дека нивните реони не биле готови за општо востание, особено во организациски и материјален поглед. „Меѓутоа, врховистите со својата пропаганда успеаја да го измамат народот дека востанието, божем, ќе оди лесно, дека ќе дојде странска помош и сл.“ Делегатите биле ставени пред свршен чин, зашто ЦК без пошироки консултации и увид во состојбите веќе даде наредба за кревање на востание. Покрај тоа, на делегатите им беше речено дека, божем, сите револуционерни окрузи ќе се кренат на општо востание, а исто така ќе добијат помош од Бугарија.[16] Така и покрај решението во Смилево, голем дел од делегатите се сомневале во успехот на востанието.[17]

Во текот на конгресот, Смилево просто вриело од чети и четници - „имаше над 100 четници од селото, како и вооружени смилевци“. Тие стражареле околу селото на растојание од еден од

---

Џумајско). Од Демирхисар - Пиперков (Пиперката) и Димитар Матлиев (роден во Охрид). Од Крушевско - Никола Карев и уште еден, Иванчо. Од Охридско - Групчев, Христо Узунов (охриѓани). Од Кичевско - Арсо, Јанаки, Ванчо Мицков (родум од Вранештица, Кичевско). Од Прилепско - Петар Ацев, Иван Трајков и Павел Христов. („Славејко Арсов“, 97-98). Според оригиналните протоколи стои Јордан Тренков, па веројатно е грешка во спомените на С. Арсов каде стои Иван Трајков.

[15] „Пандо Кљашев“, *Спомени,* 242.

[16] Според Н. П. Русински, кој има изразено негативно мислење за Сарафов, на Смилевскиот конгрес голема улога одиграла и демагогијата на Борис Сарафов -„...напред во борбата, а малодушните како баби нека стојат настрана“. (Н. Петров Русински, *Спомени...,* 269). Притоа тој со лажни ветувања го подигал духот на делегатите: „...Да ви кажам господа ние не сме сами во борбата за слобода на нашата татковина Македонија. Пред да ја напуштам Софија, пред два месеца, зборував со министерот на војската, му ги истакнав намерите на ВМОРО, ми вети содејство, помош, соработка, поддршка. Господа, 300.000 армија е целосно готова, опинци, муниција и двопек, се е готово, само чекаат да пукне пушка во Македонија и да прелетаат преку Осогово и Рила. Бугарија ќе војува, ние само да дадеме повод.“ На овие зборови на Сарафов, Русински и некои други приговараат: „Штом е така, Бугарија нека ја објави војната, ние сме готови да дејствуваме со тоа што можеме, со партизански одреди, а не со локално востание (само во еден вилает)“. (Исто, 268-269). Не може да се утврди дали постоела извесна нетрпеливост помеѓу Сарафов и Арсов, која се насетува од протоколите објавени во Дневникот на Васил Чакаларов.

[17] М. Апостолски, „Стратегијата и тактиката на Илинденското востание“, *Книга за Илинден, зборник на трудови,* ИНИ, Скопје 1969, 90.

еден и пол час пешачење до планината Бигла. Сите села од Битола до Смилево имале наредба да внимаваат и веднаш да јават доколку има некакво движење. Славејко Арсов, од своја страна, во Ресенско исто така го организирал обезбедувањето. Во селата Сопотско, Златари, Кривени, Лева Река, Крушје, кои граничеле со Смилево биле оставени по три-четири четници со по неколку вооружени селани кои внимавале денонoќно по сите патишта надвор од селото. Исто било распоредено и во Демирхисарско.

Основно и прво прашање на дневниот ред на Конгресот кое сериозно се разгледувало било прашањето за состојбата во секој реон. „Детално да се објасни за - оружјето, духот, храната, борбената подготвеност и сл.“, за кое реферирале реонските раководители. Во овие рамки реферирал и Славејко Арсов. „За својата работа, вели тој, јас соопштив дека има доволно пушки: во целиот реон, заедно со Преспа имаше 960 пушки. Недостасуваа патрони - имаше само по 30-35 патрони на пушка“,[18] а исто така немало барут, резерва куршуми и други потребни работи. Притоа, Арсов сметал дека „населението не е обучено како што би требало“ така што иако духот бил разбуден, тој се сомневал дека долго ќе издржат. „Што се однесува до храната, во многу семејства дури и насушниот леб го немаше“, стои во неговите сеќавања. „Сметавме дека сè на сè треба да има 8.000 пушки. Прашањето за денот на востанието не беше решено“.[19] Реферирањето на Славејко Арсов, запишано во неговите спомени, сосема не се совпаѓа со она кое го дава Никола Петров Русински, кој наведува дека во однос на Ресенско, Арсов го изјавил следново: „Оружје досега имаме над 850 пушки со по 200 и повеќе куршуми на пушка. Со храна лесно ќе се снабдиме. Тоа што го нема кај нас, го има во турските чифлизи“.[20]

Според реферирањето на реонските раководители се покажало дека најдобро подготвени со оружје и воопшто биле во Ресенско, потоа во Костурско, Демирхисарско, неколку села од Битолскиот реон (Смилево, Ѓавато, Цапари) и Охридско (1400 пушки). Послаби биле во Кичевско, а најслаби во Прилепскиот реон – таму немало пушки дури ни за четниците, а и тие што ги имале биле во лоша состојба или застарени. Неподготвени и без со-

[18] „Четири петини од пушките беа „гра“, другите разни руски („кримки“ беа малку, со по пет до десет патрони). Имаше и турски „таклит"..., од типот мартини.“ („Славејко Арсов“, 98).

[19] Исто, 98-99.

[20] Н. Петров Русински, *Спомени...,* 267.

одветно оружје, муниција и резерви биле во другиот дел од Битолско, Крушевско, со исклучок на селата Пуста Река, Дивјаци, слабо било и самото Крушево. Токму затоа, прилепските делегати[21], како и оние од Крушево и Мариовско (долниот дел од Битолскиот вилает) биле против, така што им се ветувало помош за да ја прифатат одлуката за востание.[22] Костурчани биле „најгласни за востание... бидејќи можеби најмногу настрадале од претходните провали".[23]

Но, и покрај ваквата пресретливост, несреќните инциденти и ветувањата, сепак мнозинството од делегатите гледало недоверливо кон востанието. Тие се двоумеле при донесувањето на одлуката бидејќи не можеле да ги предвидат настаните што ќе следат со сите нивни последици. За жал дел од делегатите веќе биле опфатени од занес на борбата, повеќе обземени од желба за одмазда отколку од разумност[24]. Кога реално ќе се види состојбата, без доволно вооружување и резерви во храна, без борбено ис-

[21] За тоа, Петар Ацев, еден од најогорчените противници за востание, на Конгресот ќе каже: „нашиот реон нема повеќе од 80 пушки, заедно со градот и четите. При ваква положба лудост е да креваме востание" (Н. Петров Русински, исто.)

[22] „За да ја прифатат одлуката за востанието им било ветено оружје, главно на крушевчани, и тоа патрони, нив малку ги имаа. На прилепчани им ветија пушки а чаури со барут, да си направат сами. Чаури купувавме од гра, собирани од грчко-турската војна, на ока. Чаурите се бакарни и луѓето ги собирале заради бакарот. Се продаваа гилзи и од турски пушки." („Славејко Арсов", 99).

[23] Според Арсов, врз костурчаните многу влијаел и Сарафов, кој минал оттаму. „Причината беше во многуте туѓинци (дојдените од Цариград и др.), потоа честите судири на четите и вовлекувањето на населението, честите афери случени порано во Костурско. И Јанков кога поминал низ Костурско ги подгреал духовите за востание. По сето тоа костурчани беа воинствени, иако со храна беа во најтешка положба. Чакаларов дури сакаше востанието да почне во мај. Веднаш штом се вратиме назад, требало, според него, востанието да го објавиме. Велеше: 'населението не трпи, населението ќе востане' и сл. Точно е дека населението мислеше дека лесно ќе ја добие слободата и дека, штом ќе стане, некакви странски војски ќе дојдат на помош. Народот беше вовлечен". (Исто). За карактерот на Сарафов, можеби престрого, Н. П. Русински ќе запише: „Сарафов беше второ издание на врховизмот. Тој беше најнеспокоен тогаш кога не беше на чело, на некоја важна положба во револуционерното движење. Нему над се му беше славољубието. Тој беше голем авантурист и не можеше да биде организатор на народните маси..." (Н. Петров Русински*, Спомени...,*269).

[24] „Голем притисок за востание имаше од Охридско, зашто по убивањето на Давидов, имаше голема потера. Заради неа сите, особено од Дебарца, избегаа в планина. Многумина беа затворени." („Славејко Арсов", 100).

кувство и подготовка, како и други неопходни работи, станува сосема јасно дека востанието ќе претставува еден херојски и трагичен чин на македонскиот народ.

Додека заседавал Смилевскиот конгрес, во борба со османлиската војска во селото Баница, Серско, на 21 април (4 мај) 1903, предаден од врховистите,[25] бил убиен идеологот и организаторот на МРО - Гоце Делчев.[26] Со него загинал и еден од истакнатите серски раководители - Димитар Гуштанов (Коштанов) и уште двајца востаници. Во истото село турските војници запалиле 124 куќи, убиле 18 жители на селото, а стотина биле затворени[27]. Во тој настан учествувал и Димо Хаџи Димов, кој подоцна оставил свои сведоштва за настанот во Баница.






MACEDONIAN CHIEF'S DEATH.

A Greek Spy Betrayed Deltcheff's Whereabouts to the Turks.

LONDON TIMES—NEW YORK TIMES Special Cablegram.

LONDON, May 26.—Detailed reports of the death of Deltcheff, the famous Macedonian chief, says the Sofia correspondent of The Times, show that he accompanied a band under Voivoda and Kirtchovsky, together with the poet Tavoroff, and entered the village of Banitza, near Seres, where his presence was betrayed to the Turks by a Greek spy.

A large force surrounded the village, and all the members of the revolutionary band were killed after a long resistance. It is stated that the inhabitants of the village, to which the Turks set fire, were also killed.

Deltcheff was thirty-two years old. He was a schoolmaster, and practically created the present Macedonian organization, which has ramifications in all parts of the country.

The Vienna correspondent of The Times says perquisitions and arrests continue in the vilayet of Adrianople. Numbers of priests and school teachers have been taken into custody. Arms have been found in six villages. The male population has fled, and agricultural work is at a standstill.

The New York Times

Со смртта на Делчев, бил зададен удар на оние сили кои не се согласувале со солунското решение на ЦК на ТМОРО за брзо дигање на востанието. Ова решение го осудувале голем дел од кадрите на ТМОРО, војводи и четници, но сите станале заложници на една голема антимакедонска игра. Тие биле убедувани „дека другите вилаети се подготвени и дека во Солун се наложило

[25] Нешто подоцна серчани ги откриле предавниците кои сите биле врховисти и биле канети со ужасна смрт. Во предавството на Гоце Делчев непосредно учествувале Ѓорѓи Шимов Агов, браќата Ванчо и Спас Запрови, Ванчо Говедаров, Никола Тодоров, Никола Зафиров и Петар Маралиев. (Според документи на М. Миноски, кај: В. Стојчев, *Воена историја на Македонија,* Сојуз на друштвата на историчари на РМ, Воена Академија „Михаило Апостолски“, Скопје, 2000, 433)

[26] М. Чаков, „Сражението при Баница и смртта на Гоце Делчев“*, Борбите во Македония и Одринско, Спомени,* София 1982, 541-543; Х. А. Полјански, *Гоце Делчев,* том III, 269-270; В. Стојчев, *Воена историја на Македонија*..., 429-433).

[27] „Последнитѣ часове на Гоце Дълчевъ“, Ил. *Илинденъ*, V/5(45), София, 1933.

востание и за нашиот вилает (Битолскиот, б.н.), немаше што да се прави, требаше да се покориме. Груев беше нов, штотуку беше излезен од затвор и не ги знаеше работите“.[28]



Четата на Борис Сарафов и Димитар Дечев, пред почетокот на Илинденското востание во Ќустендил

Делегатите имале различни ставови во однос на прифаќањето на одлуката за подигање масовно народно востание. Мнозинството од присутните на конгресот, сепак, гласале за востание, а датумот за неговиот почеток требало да го определи избраниот Главен штаб на Битолскиот револуционерен округ, во состав: Даме Груев, Борис Сарафов, Анастас Лозанчев, со нивни заменици: Ѓорѓи Поп Христов, Петар Ацев и Лазар Поп Трајков.[29] „На крајот се заклучи дека не може да се одложи востанието за идната година. Лозанчев зборуваше дека треба востание. Единствено се наложи да не се дига востанието порано од крајот на јуни, за да се подготвиме подобро и да има доволно храна, а освен тоа штабот да може да се поврзе со другите вилаети и да ги убеди и тие да востанат“.[30]

[28] „Славејко Арсов“, 99.

[29] „Оригиналнитѣ протоколи..“, 10; Протоколите од смилевскиот конгрес 1903 година, објавени во зборникот на Цочо Биљарски: *Даме Груев, Живот и дело,* 2 част..., 597-603: „Протоколите од смилевскиот конгрес 1903 година“ кај: В. Ѓорѓиев, *ВМРО 1893-1903, поглед низ документи..*, 375).

[30] „На конгресот се избра штаб - како раководител на целиот вилает. Штабот се состоеше од три *рамноправни* лица, чии решенија беа беспоговорни. На конгресот се подготви и востанички дисциплински устав, направен по ур-

За поуспешно изведување на подготовките и реализирање на самото востание, Округот бил поделен на 10 револуционерни реони. За секој од реоните било избрано Горско началство составено од три до пет раководители. На последното, четврто заседание на Конгресот, бил донесен Востанички дисциплински устав со кој се регулирале правата, должностите и одговорностите за сите учесници во востанието, почнувајќи од обичните востаници, до највисокото раководно тело – Главниот штаб.

По советувањето во Софија, Смилевскиот конгрес бил првиот значаен собир на револуционерните сили на еден округ на кој конкретно се дискутирало за подигање на востанието, за организацијата на вооружените сили, т.е. на востаниците и за начинот на нивното дејствување во рамките на Округот. Говорејќи за дебатата на Конгресот во Смилево, во врска со карактерот на востанието, Славејко Арсов вели: „Многу се зборуваше за тактиката на востанието - да биде ли тоа масовно или партизанско. Се одлучи да биде партизанско, како подобро за населението и за да може да трае подолго. За жал, последното не се примени“.[31]

Донесените конкретни решенија се од извонредно значење за тоа како треба да биде подигнато и водено востанието, како и за нивната примена во секоја конкретна ситуација. Меѓу нив, ќе ги спомeнеме најважните:

а) востанието да биде општо (повсеместно) - во округот да востанат сите реони;

б) бидејќи само еден дел од населението е наоружано, со цел борбените дејствија да можат да бидат подолги и упорни и да не се ангажира ненаоружениот дел од населението во борбата, еднодушно се реши да се дејствува партизански. Карактерот и начинот за водењето на овие дејствија се определени вака: На денот на востанието да се дигнат сите вооружени сили по реоните на чети според предвидениот распоред од месните раководители, согласно со решението донесено за тоа на првата седница на Конгресот.

---

нек на воените устави со некои измени, а според проектот на Дечев, Сарафов и др. Штабот го сочинуваа: Дамјан Груев, Лозанчев и Сарафов. Се донесе решение, без да се нагласи во протоколот дека ако дојдат Пере Тошев, Ѓорче Петров или Матов автоматски да влезат во штабот. Определивме и тројца заменици: Петар Ацев (заменик на Сарафов), Лазар Трајков (заменик на Лозанчев) и Георги Поп Христов (за Дамјан Груев).“ („Славејко Арсов“, 100.)

[31] Исто.

На останатиот дел од христијанското население му се сугерира да не ги придружува четите, освен ако немаат потреба од нивната помош. На вооружените сили, подигнати на пропишаниот начин, им се наредува:

– прекинување на патните, телефонските и поштенските врски, и да не се дозволи да бидат обновени во време на востанието;

– обезоружување колку што е можно на турското население;

– напади врз институциите на државата;

– во зависност од околностите напад врз секаков вид турска наоружена единица или башибозук;

– се забрануваат напади врз мирното турско население и врз турски жени, деца и старци;

– четите дејствуваат растурени по реоните; можат да се групираат во две, три или повеќе, според потребите за поголеми напади и потоа повторно да се растурат. По можност четите секогаш да се во иницијатива;

– војводите се должни со своите чети веднаш да ѝ пружат помош на секоја чета што започнала битка со противникот итн.[32]

Покрај решението на Конгресот во Смилево, во кое се содржани некои од заклучоците на советувањето во Софија чиј најзначаен момент е прифаќање на партизанската тактика на востанието, и чија важност се однесувала само на Битолскиот револуционерен округ, бил изработен „Општ план и цел на востанието". Во него основна директива е востанието да има партизански карактер.[33] Од таа определба произлегуваат сите други прописи за функционирањето, редот и дејствувањето на четите за време на востанието. Меѓутоа, во него се наоѓа и идејата за краткотрајно, три-четири месечно востание кое во своите дејства и последици ќе ја принуди Европа да интервенира.[34] Вистина, стои и сугести-

[32] „Протоколите од Смилевскиот конгрес 1903 година", док. бр. 113: В. Ѓорѓиев, *ВМРО 1893-1903,...,* 380.

[33] „Општ план и цели на востанието 1903 година", док бр. 116, исто*,* 392.

[34] Според Христо Матов, целта на востанието била „не да ја победиме Турција, таа не ни може да се победи; колку што е подолготрајна борбата, толку посигурно, порано или подоцна една од европските сили ќе биде ставена на суво да ги извади своите војски". "Организационата територија била разделена на 7 востанички округа – Битолски, Кожуф, Беласица, Пирински, Струмичко-малешевски, Овчеполски и Одрински. Ова реонирање било са-

јата дека ако тоа не се случи востанието ќе продолжи и наредната пролет. Меѓутоа, изнесувањето на таа сугестија е колебливо, за секој случај. Таквата определба сама по себе зборува за состојбата на духот, за вистинските намери на оние што биле за востание и го пишувале овој план.[35]

Без оглед на сè, важно е тоа што во овој документ доминира стратегиската определба востанието да има партизански карактер. Тоа во исто време ја определува и политичката цел на востанието: не да се победи Турција туку таа да не може да ги победи востаниците. Со други зборови, на востанието треба да му се овозможи релативна долготрајност што ќе ја предизвика интервенцијата на Европа за подобрување на положбата на македонскиот народ.[36] Меѓутоа, на крајот на востанието, Турција не ги победи востаниците, туку изврши грозоморни одмазди и истребување на голоракиот народ.

Врз основа на наведената цел на востанието биле пропишани и правилата за однесувањето (тактиката) на четите. Тоа е речиси истото што е пропишано со решенијата на Смилевскиот конгрес: да не се влегува во борба со понадмоќни сили на турската армија, четите да не се ангажираат во долги и отворени судири, да ја трошат муницијата итн., се со цел да не му се даде можност на непријателот „брзо да се справи“ со вооружените сили на востанието.

---

мо за време на востанието и е практично само за време на активни борбени дејства“. (Х. Матов, *Македонска...,* 14).

[35] Милован Ѓ. Миловановиќ, дипломатски претставник на Србија во Рим во извештајот до Министерството за надворешни работи во Белград (од 30 август 1903), меѓу другото, ги пренесува следниве зборови на Симеон Радев (тогаш новинар, а подоцна една од поистакнатите личности во бугарската политика), околу востанието во Македонија: “Целта на Македонците, организатори на Револуцијата, е по секоја цена да предизвикаат, поточно да изнудат странска интервенција, не бирајќи средства, и не трепнувајќи од било какви последици. Па, било која да ја изврши таа интервенција, па дури и Австро-Унгарија да ја окупира Македонија, како што ја окупира Босна, на Македонците им е прифатливо, кога Бугарија и Србија молчат и не сакаат сложно да им помогнат на Македонците да дојдат до своја слобода, бидејќи Македонците се решени да се ослободат од турското господство, не прашувајќи што и колку тоа чини“. (Архив на Србија МИД ПП У/9-1903, бр. 44, цитирано според: П. Домазетовски, Т. Влахчев, „Два архивски документи од илинденскиот период“, *Илинденскиот период во Југозападна Македонија,* ДНУ „Браќа Миладинвци“ – Струга, Струга 1998, 327).

[36] И. Катарџиев, „Спомените – извор на автентични сознанија“, предговор кон: *Спомени - С. Арсов, П. Кљашев, Л Џеров, Г.П. Христов, Г. Папанчев, Л. Димитров),* Култура, Скопје 1997,16-17.



539
Участвувалите делегати въ конгреса
въ с. Смилево отъ 17 до 25 Априлъ 1903 година
Отъ Охридский революционенъ Комитетъ
1 Анастасъ Лозанчевъ, 2 Георги Пешковъ Т. Х.
притокъ
2 Като делегатъ отъ Центр. комитетъ
3 Даме Груевъ
Военни техници 4 Борисъ Сарафовъ 5 —
Димитръ Дечевъ,
6 Георги Папанчевъ поручикъ, горянско войвода
7 Михаилъ Чековъ ръководитель от Охрид
8 Василъ Чекаларовъ войвода костурско.
9 Пандо Кляшевъ войвода Костурско
10 Мито Влашето войвода костурско —
11 Дядо Илия войвода Костурско
12 Михаилъ Розовъ ръководитель костурско
13 Дяконъ Евстатии за войвода Преспанско.
14 Славейко Арсовъ войвода ресенско.
15 Никола Кокаревъ ръководитель ресенъ.
16 Александръ Пананозовъ за войвода подпоручикъ
Охридскострушкия Рев. районъ
17 Христо Узуновъ ръководитель.
18 Тасе Христовъ войвода въ Малесията
19 Аргиръ Манасиевъ за войвода Кичевскиятъ
20 Деянъ Димитровъ войвода с. Дебърца

Од белешките на Никола Петров Русински на Смилевскиот конгрес

Заслужува во случајов да се подвлече слободата за иницијативи која им била оставена на раководителите на четите. „За најцелосно и најумесно“, се вели во дел од петнаесеттиот став на „Општиот план”, во едно партизанско движење е да се оставаат началниците слободно, според времето, потребите и можностите, сами да решаваат бидејќи „слободната иницијатива кај началниците покренува храброст и решителност”. Апсолутно не е потребно повеќе да се аргументира фактот дека најважното решение на Солунскиот конгрес на Организацијата од јануари 1903 година освен самото решение за карактерот и тактиката на востанието под влијание на познатите и прифатени раководители на Револу-

ционерната организација, доживеа промена. Со тоа востанието замислено како кратка бурна акција за задоволување на империјалните цели на шовинистичката пропаганда доживеа политички пораз.[37]

Меѓу другото, бил разгледуван и односот кон Турците - „да нема насилство, особено врз жените и децата", да не се палат турските села, „особено во почетокот, односно тоа да се прави само доколку Турците ги палат нашите села". Се востановува раководните тела да бидат подвижни, заедно со четите, а во градовите да има помошни раководни тела, кои требало да работат по наредба на подвижните, наречени „реонско началство".[38]

Било одлучено, откако ќе се разотидат сите раководни тела по реоните веднаш да ги распределат вооружените сили во своите реони на чети во бројност од 30-50 души и со нив да се изведува тајна практична обука (походен ред, поединечен, стрелба и сл.). „Доколку дозволуваат месните услови да се започне со собирање на храна... Да се преземат брзи мерки за подготвување на алишта, обувки, лекарства и сл., да се изберат специјални луѓе за интендантска служба како и за подготвување патрони" итн.[39]

За подобро изведување на востанието, Битолскиот реон бил разделен на два самостојни дела: Пелистерски реон на чело со Ѓорѓи Сугарев и Смилевски реон на чело со Парашкев Цветков, Иван Делев[40] и Ѓорѓи Павлев - Чуранов, додека пак Мариовскиот дел (отаде реката Црна) бил присоединет кон Прилепскиот реон. Според протоколите на Конгресот,[41] во направената распределба Преспанско-ресенскиот реон[42] бил поделен на Преспански

[37] „Општ план и цели на востанието 1903 година", док бр. 116, исто, 398.

[38] „Славејко Арсов", 101.

[39] „Протоколите од Смилевскиот конгрес 1903 година", док. бр. 113: В. Ѓорѓиев, *ВМРО 1893-1903,...,* 376.

[40] Иван Делев (1888, Охрид - ?), член на началството во Смилевскиот реон.

[41] „Протоколите од Смилевскиот конгрес 1903 година", исто, 378-379.

[42] На Конгресот веројатно имало поделени мислења за тоа кој да го води Преспанско заради извесни несогласувања помеѓу Кокарев и Арсов. Во овие рамки Васил Чакаларов застанал на страната на Кокарев со кого имал соработка од 1900 година кога бил препорачан на Делчев од страната на Кокарев и кога отворил канал за пренос на оружје. На одделни места кај исказите на Арсов, исто така, има извесна резерва кон раководните градски тела во однос на практичната дејност на четите на теренот, по селата, кои најнепосредно го организирале, воружувале и обучувале населението. Никола Петров Русински престојувајќи во ноември 1901 во Ресен кажува: „Никола Кокарев беше околиски организатор во Ресенско и во Преспанско. Во негово време немаше чета. Тој создаваше летечки одреди само за обиколка,

во кој за раководни лица биле поставени Никола Кокарев, Веле Илиев и Наум Фотев[43] и Ресенски со Славејко Арсов, Драган Петков и Александар Панајотов.

## Забрзани подготовки за востанието во Ресенско

На Смилевскиот конгрес се избрани реонски горски началства, всушност востанички штабови во десетте реони во округот. Во нив влегле најопитните раководители од реоните и речиси сите конгресни делегати. Тие добиле задача да го подготват и да го раководат востанието во своите реони, да се грижат за правилното функционирање на курирската и интендантската служба, да ги распределат востаничките сили од селата во т.н. централни и селски чети, како и да ги назначат нивните војводи.

„Заминувањето од Смилево беше тивко. Секој со своите момчиња се врати во своето место",[44] вели Арсов, кој во периодот до прогласот за востание неуморно работи врз реализирање на задачите поставени на Смилевскиот конгрес – преуредување на четите и оружената милиција, обука за ракување со оружје, борбен

ноќе, на некои села и наутро в зори сите си одеа на работа" (*Никола Петров Русински, Спомени,* 193). Веројатно со доаѓањето на Арсов како војвода во Ресенско на чело на организациона чета која дејствувала по новите принципи дошло до извесни спротивставени гледишта и до некакво ривалство помеѓу Кокарев и Арсов, така што Арсов е неправедно нападнат од страна на Чакаларов дека го поткопувал авторитетот на Кокарев низ селата. Васил Чакаларов пренесувајќи ги протоколите од Смилевскиот конгрес во својот дневник кажува дека постоело нетрпение помеѓу „мирниот" Кокарев и „ бурниот" Арсов, дека наводно Арсов сакал сè да присвои и дека Кокарев го замразил Арсов заради некои љубовни врски. Но, и покрај ваквите оптужби нема никаква основа да се споредува Славејко Арсов со Коте или, пак, со Пиперката за кои Организацијата покренала неколкукратна истрага. Доколку имало прекршувања од страна на Арсов сигурно дека Груев, Сугарев, Поп Христов или другите со кои контактирал од Окружното ќе ги согледале и ќе расчистеле со тие работи. Така, според Чакаларов, на Конгресот била создадена мачна атмосфера која се разрешила со поделба на реонот на Горна и Долна Преспа. Кон мислењето на Чакаларов се приклучил изгледа само Сарафов, додека никој од другите присутни не ги прифатил нападите на Кокарев. (*Дневникот на војводата Васил Чакаларов,* Силонс, Скопје 2007, 286-287; Ил. Илинден, год. IX, кн. 7 (87), 8). Подоцна Кокарев дошол до несогласувања и со Пенчо Вејланов при востаничките акции.

[43] Наум Фотев (1867, с. Герман - ), преспански војвода, член на Преспанското горско началство, учесник во Илинденското востание. („Протоколите ...," 378.)

[44] „Славејко Арсов", 102.

марш, подготовка на теренот (скривници за луѓе и за чување храна и други резерви), снабдување со оружје и муниција, полнење патрони, прибирање храна, санитетски материјали и друго, психолошка подготовка на населението итн.



Никола Кокарев со Васил Чакаларов во Софија, 1900 година[46]

Опишувајќи ги настаните во овој период и раздвиженоста во Битолскиот вилает, Данкан Пери наведува дека пушките биле извадени од скришните места и дека се засилила обуката на доброволци. „Нема јасни податоци за овој период“, вели тој, но, „сепак, се чинат типични активностите на Славејко Арсов од подрачјето на Ресен, Битолски вилает“. Така, селската милиција на ТМОРО била формирана во помошни чети, биле назначени водачите и воспоставена верига од команди. Селаните биле обучувани ноќе, а денот го минувале во запознавање на теренот.[45] Дисциплинскиот устав утврдил дека „секој што со пушка, секира или со какво и да е оружје стои под револуционерното знаме е востаник“. Востаниците биле должни да се борат до последната капка крв за татковината и да го почитуваат воспоставениот морален кодекс за еден револуционер.[47]

Свесен за тежината на задачата која му била доделена, Арсов по враќањето во Ресенско веднаш ги собрал четниците и ги распоредил по работа: неколкумина отишле да ги обучуваат селаните, други по оружје накај Корча и кон западниот дел на Долна Преспа, додека тој самиот заминал да обучува востаници во Болно. „Селаните беа љубопитни за решенијата од Конгресот. Ние им кажавме дека решението е донесено, дека ќе има востание, но дека треба забрзано, со последните сили да го подгот-

[45] Д. Пери, *Политиката на терор, Македонското револуционерно движење 1893-1903,* Магор, Скопје 2001, 211.

[46] ЦДА – София, ф. 771к, оп. 2, а.е.330.

[47] „Востаничкиот дисциплински устав, усвоен на Смилевскиот конгрес“, док бр. 113, В Ѓорѓиев, *ВМРО...,* 382-383.

виме“.[48] Всушност, селаните биле известени за скорешното востание, по правило по устен пат, но непосредно пред неговото почнување.

Според општиот план на востанието се започнало со собирање прехранбени продукти, односно храна која ќе може да издржи подолг период[49]. Четите ја складирале храната, а било оставено доволно брашно секој комита да има резерва најмногу за еден и пол месец. Во пештерите било скриено сушено месо и риби.[50] На „секоја пушка“ односно вооружен востаник се носело в планина по „45 оки жито“ (1/2 кило). Сомеленото жито се ставало на чување во некоја сува пештера или во јами, ископани на суви места. Со брашното се носело и сол. Од полските села Царев Двор, Дрмени, Езерани, Перово, Јанковец, брашното било однесено во планината, во соседните села. За секоја евентуалност, не знаејќи дали во текот на востанието ќе имаат пристап до селата, се погрижиле и за лебот. „На секоја куќа и се препорача да подготви резерви во храна за еден и пол месец. Водениците мелеа, жито се продаваше - чудо беше на пазарите“.[51] Исто така, било наложено секој вооружен задолжително да си подготви соодветна облека.

Вооружените луѓе во секое село ги поделиле на мали групи, по седум-осум души, со по еден десетар. Во целото село, на 25 до 50 души се назначувал „селски војвода“. Во текот на востанието во селата биле распоредени стари четници, по еден во секое село. Секој член од групата кога одел по работа морал да му се јавува на десетарот, а тој на селскиот војвода, да знаат каде се, за секој случај.[52]

---

[48] „Славејко Арсов“, 102.

[49] Организацијата, меѓу другото, водела сметка да се приберат жетвата и летнината за да се обезбеди повеќе храна за населението и за востаниците, заради што бил одлаган, во извесна мера и денот на востанието. За тоа австроунгарскиот конзул во Битола Аугуст Крал пишува (извештај од 19 јули 1903) дека востанието се одлагало: „..еднаш заради несвршените припреми, недостиг на муниција, друг пат под влијание од Бугарија (се работело за потхранување на илузиите за помош од Бугарија, наводно оваа да се подготви, б.н.), а сега пак по желба на селаните, кои...не сакале да се откажат од овогодишната добра жетва... Времето по жетвата, значи по месец август по стар стил, се смета сега за критичен период“ (*Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници од Македонија,* ред. Д. Зографски, Скопје 1955, 45).

[50] Д. Пери, *Политиката на терор,* ...исто.

[51] „Славејко Арсов“, 102.

[52] Исто.

Во обуката на вооружените спаѓал и начинот на движење. Така, ноќно време се движеле од едно во друго село во групи од 10-15 души, за да се навикнат на ноќно одење и патем да продолжат со обуката. Заради претпазливост, оваа обврска не можеле целосно да ја исполнат полските села, бидејќи биле измешани со турско население. За да се зачува тајноста и да не се забележи движењето на четата од село в село, кога правеле собрание, или пак при нејзиното напуштање на селото, се барало да се затворат кучињата за да не лаат.

На селаните им било ветено дека за востанието ќе дознаат кога ќе дојдат четите во селата кои ќе им го соопштат денот на востанието и планот на дејствувањето. Често минувајќи, четите („герилските дружини“ како ги нарекува Д. Пери) ги пренесувале новостите од село во село. „Се знае дека многу села биле известени за востанието само два до четири часа пред тоа да избие.“[53] Сето ова зборува за крајната претпазливост со која Славејко Арсов ги вршел сите подготовки за востанието, а притоа да биде исклучен во најмали граници ризикот од разоткривање.

Откако повидливо се почувствувал разбудениот дух на народот, Арсов забележува дека и обуката почнала послободно да се изведува. Селаните веќе знаеле дека востанието наближува и дека од него ги делат 2-3 недели или, можеби, месец, така што престанале да се плашат и пристигнувале на обука по 100-тина и повеќе, колку што од нив ќе побарал војводата. Биле прекинати речиси сите односи со Турците, „омразата растела“, а христијанското население добро советувано од војводите и четниците, престанало дури и со плаќањето на даноците. Турските собирачи на данок огорчени викале: „дајте барем еден грош, да се расипе клетвата, гледаме дека имате клетва да не давате".[54]

---

53 Д. Пери, *Политиката на теророр, ...*, 211.

54 „Секоја година, раскажува Арсов, во март се избира нов коџабашија и ази за секое село. Таа година уште во март ние им кажавме на селаните да стават коџабашии, а на Турците да им кажат дека не сакаат коџабашии, за да не страдаат од Турците, да не бидат тепани и измачувани од нив. Тоа се реализира, па дури и по Конгресот немаше коџабашии, дури и мудурите им ги собравме. Бидејќи немаше коџабашии, немаше ази, немаше и данокот кој да го определува, а штом не беше определен, никој не можеше ни да го собира. По конгресот требаше да се назначат коџабашии, но данокот повторно се одбегнуваше по препорака од управното тело. Целта беше селаните колку што е можно подолго време да одложуваат, да велат дека ќе платат по жетвата и сл., а всушност воопшто да не платат. И џелепот (бечлик) на овците исто не се плаќаше. И никој не плаќаше“. („Славејко Арсов“, 103).

Турците всушност гледале дека христијаните се решени да направат нешто сериозно, но не знаеле кога. На оние кои не плаќале данок, се обиделе да им ја одземат стоката, која потоа не можеле да ја продадат бидејќи на пазарот никој од нив не купувал. „Но, во тоа време гладот почна да им се заканува на многу семејства по селата. Од Цариград беа дојдени многу луѓе (се работи за печалбарите кои биле вратени назад, б.н.), а трговците од овој град веќе не даваа и не помагаа. Сето тоа го засили гладот". Во таквата безизлезна ситуација, немајќи кому да се пожалат, селаните и се обраќале на четата да преземе нешто. Така, Арсов со неговата дисциплинирана чета, водејќи секогаш грижа за состојбата на населението, успеале да соберат околу 180 лири, ги викнале раководителите од сите села и на најсиромашните семејства, околу 195, им доделиле по половина лира, така што во првиот момент тоа прилично им помогнало.[55]

Во сите акции кои ги спроведувал, покрај чувството за правичност, кај Арсов може да се насети и залагањето за социјална правда. Веројатно тоа е школата на Делчев, но и фактот дека многу револуционери не го сфаќале „македонското движење само како чисто социјално, туку како едно широко национално движење" и дека „под знамето на македонската револуција можат да се засолнат носители на семожни социјални и национални идеи, доволно е нивната дејност да се совпаѓа со програмата и стремежите на македонското ослободително движење". Всушност ова е дел од полемиката која Петар Шанданов[56] ја водел со Тодор Александров кој му замерил дека бил „со многу леви убедувања". Објаснувајќи му ги своите погледи, Шанданов вели: „Го потсетив дека и првиот Апостол на македонското револуционерно движење –

---

55 Исто, 104.

56 Петар Шанданов (4.7.1895, Охрид – 15.10.1971, Софија) македонски револуционер со речиси најдолг револуционерен стаж. Во редовите на МРО бил примен како ученик во пролетта 1912 година. Учествува во Охридското востание (Македонско-албански бунт) 1913 година. Завршува воено училиште во Софија (1916) и се вклучува како офицер во Првата светска војна. По војната привлечен од Т. Александров, дејствува нелегално во Битолско, Охридско и Препанско (1922). По убиството на Протогеров (1928) станува член на ЦК на ВМРО. Се бори против крилото на Ванчо Михајлов и во таа борба се приклонува кон ВМРО (об). Многукратно е апсен и затворан од бугарските власти. Цели 42 години тој му служел на македонското револуционерно дело, се до 1954 година кога последен пат бил ослободен од затвор (логорот „Белене") од бугарскиот повоен комунистички режим каде лежел заради македонските работи. (П. Шанданов, *Спомени,* предговор и редакција З. Тодоровски, ДАРМ, Скопје 2002, 7-19).

Гоце Делчев, донекаде и Даме Груев, Славејко Арсов, Георги Сугарев, Лазар П. Трајков и уште многу истакнати револуционери од западна Македонија, а исто и револуционери од Солунскиот и Серскиот револуционерен округ, биле носители на социјалистички идеи, но тоа не им попречи да бидат едни од најревносните носители на македонската ослободителна идеја во онаа форма во која ја моделираа нејзините основачи и тоа не ги запре да ги стават своите глави пред олтарот на татковината.“[57] Освен ова директно посочување на Шанданов за приврзаност на Арсов кон социјалистичките идеи не можевме да го потврдиме со други документи, меѓутоа во неговите спомени може да се насети извесна резерва кон „чорбаџиите“ кои повеќе го гледале својот материјален интерес отколку револуционерното дело, или пак кога за време на востанието потенцира дека сѐ треба да се дели заеднички – „нема мое-твое“.[58]

Покрај помошта на сиромашните, Славејко Арсов, меѓу другото, поставувал енергични барања за меѓусебно помагање меѓу вооружените (чети и милиција) при некој судир и борба со османлиските сили, настојувајќи да го развие духот на солидарноста и меѓусебното помагање на селаните. Така, кога некој бил во тешка положба или, пак, малтретиран од османлиските потери Арсов давал наредби веднаш да му дојдат на помош оние кои биле во можност да помогнат.[59]

Непосредно пред востанието во Битолскиот вилает дејствувале триесетина чети. Како што наближувало востанието, се поголем број млади луѓе „фаќале планина“ за да им се придружат

---

[57] П. Шанданов, *Спомени, ...*, 75-76.

[58] Така, на пример, за почетокот на востанието Арсов вели: „Сите се радуваа дека ќе ги запалиме сите Турци, па и чорбаџиите во Ресен...“; „..Економски селаните беа заробени од градските чорбаџии“. Исто така, при средбата со чорбаџиите на 18 јули, тој побарал од нив „да го одврзат кесето“ („Славејко Арсов“, 64, 113, 110).

[59] „Кога настрада Избишта, вели Арсов, сите околни села притекнаа на помош и на настраданите се им набавија - покуќнина, покривачи, им помагаа со рала, со коли за пренесување што и да е, и воопшто се покажаа многу човечни, се чувствуваа морално обврзани. Тие за тоа беа поттикнати од организацијата бидејќи таа дејствуваше охрабрувачки. Треба да се нагласи дека на четниците во четите, освен што им се даваше помош од касата, им помагаа и селаните во извршувањето на сите домашни и полски работи, дури и во плаќањето на даноците. Имаше случаи селаните сами да побараат четата да фати некои Турци во селото и да ги казни зашто напаствувале, па подоцна макар и да настрадаат. Така се случи во Елшани, со двајца Турци.“ (Исто, 105).

на четите, „било затоа што немале од што да живеат со оглед на условите во тогашна Македонија или затоа што власта имала распишано потера по нив. Некои можеби посакувале авантура, додека другите биле посветени на воведувањето политички, економски и социјален ред во нивната земја“,[60] но, реално, сепак, народот повеќе не можел да ја трпи тиранијата од политички, економски и верски карактер и секојдневните злоставувања од локалните власти и нерегуларните единици и банди, така што решил да се бори за човеково достоинство и за слобода на татковината – автономна Македонија.

Ресенско во поглед на оружјето стоело можеби подобро од други реони во Битолскиот револуционерен округ, но, тоа не било ни приближно доволно за борба против големата турска армија. Според проценките на Арсов, неколку недели пред востанието, во ресенското подрачје имало само 2.200 куршуми за пушките „грас“ и „мартини“, и околу 600 само за пушките маузерки.[61] Од нив најголем број бил купен од турските војници резервисти од Битолскиот вилает на кои им биле потребни пари,[62] како и од Албанците-Тоски од кои 4/5 биле бекташи – муслимани (кај кои бил помал верскиот фанатизам). Властите најстрого ја казнувале продажбата на пушки на христијани. Голем број оружје пристигнал и од Бугарија.[63] Една група од 10-15 препродавачи на оружје, Турци од Кајларско (Леринската област) носеле нови пуш-

[60] Д. Пери, исто, 211.

[61] Патроните ги купувале „од турската војска по 10-15; војниците еден патрон продаваа за 20 пари - грош за патрон. По битката во Избишта во чаршијата во Ресен се продаваа многу патрони, а по битката во Љубојно дури и цели сандаци. По секоја битка војниците продаваа, зашто никој не може да изброи колку испукале, дури и офицерите продаваа по цели сандаци.“ („Славејко Арсов“, 107).

[62] Селаните купувале пушки насекаде каде што можеле. Турците им набавувале, главно, за 2, односно 2,5 лири за пушка. „Особено кога собираа регрути (редифи) одеа на обука во Битола (околу Божик) Турците ги продаваа пушките, за да остават на семејството некоја пара. Сите беа добро вооружени со грчки пушки грас, или со мартинки. Тие ги купувале по 2 меџидии, а ги продаваа по 2 до 3,5 лири пушка. Во почетокот селаните купуваа каква и да е пушка, не ги разбираа, но подоцна почнаа да избираат. Турците ги продаваа јавно. Се основаа турски комитети кои почнаа да им објаснуваат на обичните Турци дека прават голем грев што им продаваат на христијаните оружје и се закануваа дека ќе го убијат секој кој ќе го направи тоа. Кога Турчин продаваше пушка, а наш селанец му велеше да внимава тоа да остане тајна, Турчинот кажуваше дека тој самиот се плаши да не биде предаден. Затоа Турците подоцна многу повеќе ја чуваа тајната“. (Исто).

[63] Д. Пери, исто, 211-212.

ки од Грција. „Ноќно време, тајно. По свои канали ги предаваа на роднини; во Грција ги купуваа по половина наполеон, а нам ни ги продаваа по два, па и по два и пол наполеони“.[64] Друга група, од Гегите, носела оружје во Демирхисарско каде Јордан Пиперката купувал директно од нив.

Пред да биде подигнато востанието, во Ресенско имало околу 400 оки олово леано за патрони. Селаните ги лееле сами в планина, во калапи со две-три дупки. Калапите во Битола ги правел некој Чех, добар мајстор и тоа на таков начин за да можат чаурите да останат раширени, за да послужат повторно. Селаните се извештиле во полнењето на чаурите и за таа важна работа имало посебно определени луѓе. Во реонот се снабдиле три машинки за полнење и четири машинки за леење, така што на четири-пет села доаѓала по една машинка. Полнењето се одвивало по центрите, а леењето на едно место - во планината Црн Врв (Леворечка Планина). Оловото се топело во еден вршник и со ѓезве се ставало во калапите. Сето ова зборува за бројните тешкотии во обезбедувањето на муницијата, но и за снаодливоста на Арсов и на другите кадри во подготовките за претстојното востание. Арсов наведува дека на крајот, им останале онолку патрони со колку што и го започнале востанието. Покрај олово, биле снабдени и со околу 25 оки барут, а потоа купувале и од турските војници 100-тици оки краден барут, така што, барем не се чувствувал недостаток од барут.

Освен снабдувањето со оружје и муниција, Организацијата се снабдувала и со другите потреби за востаниците - купувала и „опинци, фанели, калчини, гуни, џамадани, појаси, за да има резерви за востанието“.[65] Во овие организациони работи учествувал и А. Панајотов кој се движел постојано со Арсов, па и во востанието учествувале заедно.

Во неделите пред востанието четите биле силно раздвижени и ги правеле последните подготовки да се организира селанството. Населението било предупредено дека откако ќе почне

[64] „Ги носеа до селото Прешово, или до Рибарци (Битолско), а оттаму група граѓани кои ги праќаше Организацијата ги подигаше, откако ќе им платеше на Турците и тоа под услов четата потоа да не ги пресретне и да им ги земе парите. Тие веќе стекнаа доверба кај нашите и работеа како да се дел од Организацијата. ... Еднаш цела нивна група беше предадена од нивни луѓе и фатена од турските власти. На судењето ништо не кажаа, а по амнестијата беа ослободени како политички престапници и уште повеќе работеа за нас“. („Славејко Арсов“, 107).

[65] „Славејко Арсов“, 106-108.

востанието, треба да очекуваат репресалии и уништување на селата. Славејко Арсов не го криел фактот и тоа отворено го кажувал на селаните оти не може да се очекува никаква помош од странство, иако под влијанието на пропагандата на оние како Гарванов, голем дел од населението сепак верувало дека христијанските држави, особено ортодоксно христијанските Бугарија и Русија, секако дека ќе им дојдат на помош. Ова била наивна верба, но заради насилствата, изгладнетоста, опасноста, смртта и газењето врз нивната чест, „покорноста на многуте македонски селани отстапувала пред нивниот гнев; за мнозина не постоел друг излез освен да се борат“.[66]

Така, иако Арсов искрено им кажувал дека ќе има многу жртви, дека крајот е неизвесен, дека селата може да бидат опожарени, дека никој од надвор не им ветил помош, сепак, на сите овие објаснувања селаните ладнокрвно одговарале дека не можат да се враќаат назад - ако успеат добро, ако не - подобро да ги отепаат сите. Народот се повеќе се возбудувал и станувал нестрплив.[67] Според зборовите на Пољакот Ромуалд Пжевалски, кој како доброволец учествувал во Илинденското востание, и востаниците „расудувале така: ако секоја минута ни претстои да трепериме за својот живот и чест, ако кај нас нема никаква гаранција и за утрешниот ден, тогаш подобро е да се ризикува животот во отворена борба со оружје во рака...“.[68]

Одлуката за денот на востанието да биде 20 јули/2 август 1903 година (на верскиот празник Св. Илија) ја донеле Даме Груев и Борис Сарафов на 1/14 јули 1903 година кај селото Буф, Леринско. По неколку дена, Груев и Сарафов го информирале Лозанчев за одлуката, со која тој наполно се согласил. Определениот датум за востание бил прифатен и од страна на ЦК на ТМОРО кој го препорачал до другите окрузи - акцијата да ја започнат вечерта на Св. Илија. Главниот штаб со краток циркулар ги известил горските началства за денот кога треба да се подигне востанието.[69]

Пет-шест дена пред востанието, Славејко Арсов отишол да се види со Штабот кој престојувал на Боишка Планина (во Демирхисарско, близу до Смилево), пред сè, да се договорат за еднооб-

[66] Д. Пери, исто, 146-147.

[67] „Славејко Арсов“, 104.

[68] Р. Пжевалский, „Не все разумно, что „Благоразумно“ (Къ положенію погибающй Македонии), *Славянский Вѣкъ,* 67, 15-го (28-го) Сентября, 1903, 578.

[69] В. Ѓорѓиев, *Подземнаѿа...,* 306-307.

разноста на дејствувањето и акциите. Веќе биле издадени хектографирани расписи со кои се најавувало востанието и во главни црти се кажувала тактиката. При средбата со членовите на Штабот била претресена состојбата во Ресенско и „што може да се направи првата вечер“ бидејќи кај Арсов постоел сомнеж „дека нема да се дигне целото население. Штабот, напротив, вели Арсов, веруваше во тоа, раководејќи се од она што го видел во другите реони“. На средбата било договорено селаните кои биле без оружје да останат во селата со цел тие подобро да се зачуваат, но и да не бидат дополнително оптоварени самите чети. По договорените активности во однос на планот на дејствување, Арсов ги земал со себе писмата определени за Ресенско, меѓу кои имало напишани и на турски јазик, наменети за Турците со цел да им се објасни дека востаниците се „само против лошите Турци, а не против сите нив“.[70]


Окръжно
До Центровитѣ, селскитѣ началници и народа
Братя!
Найсетнѣ многочаквания денъ за расправа съ вѣковния ни душманинъ дойде вече.
Кръвьта на нашитѣ невинно загинали братя отъ турската тирания вика високо за отплата.
Погазената честь на нашитѣ майки и сестри иска възтановяванието си!
Стига толкова [illegible], стига толкова позоръ.
[illegible]
Опредѣления денъ въ който народа на цѣла Македония и Одринско трѣбва да излѣзе явно съ оръжие въ рѫка срѣщу душманина е 20 Юлий...
Послѣдвайте братя, вашитѣ началници този день и се съберете подъ знамето на свободата.
Упорствувайте, братя, въ борбата! Само въ упорита и дълготрайна борба е спасението [illegible]
Нека Богъ благослови правото ни дѣло и [illegible] на въстанието!
Долу Турция! Долу тиранията! Смърть на душманитѣ.
Да живѣе Народа! Да живѣе Свободата! Ура!
Щабътъ

Повикот за востанието издаден од Горскиот штаб на Битолскиот округ

Откако се разделил со Штабот, Арсов доаѓа во Лева Река во вторникот пред востанието од каде испратиле известувања во Кривени и Крушје, вечерта да дојдат сите вооружени луѓе со сето оружје, како и сите мажи од 18 до 60 години. Откако се насобрало мноштво народ, без да им го каже денот на востанието, Славејко Арсов им говорел во општи црти за востанието кое се наближувало, подигајќи го борбениот дух на вооружените селани и посакувајќи им успех во борбата. Собранието било искористено за неколку важни организациони работи, и тоа:

– Прво, бил направен нов распоред на селските чети, при што подобрите, поопитни момчиња Арсов ги ставил да раководат со групи, заедно со момчињата од четата.

– Второ, од секое село биле издвоени „необработените“, имено „поздрави луѓе кои со секири ќе ја завршат работата што

[70] „Славејко Арсов“, 104.

ќе им ја каже војводата“. Се организирале сите - и вооружени и невооружени да и помагаат на четата за сѐ што треба. „На сите им беше речено на домашните да им кажат востанието да го чекаат со кураж, машки да исполнат сѐ што ќе треба и најпосле секој да си набави сѐ што ќе му треба - главно облека“.

– Трето, водејќи грижа за прехраната, а особено за снабдување со резерви за востанието, на селаните им било наложено час поскоро да го соберат несобраното жито или брашно, определено за резерви на селската чета (од определените куќи по половина кило жито по пушка) и да го скријат во дупките определени за тоа, и сѐ да прават во најголема тајност.

– Четврто, биле информирани дека потпоручникот Александар Панајотов во текот на востанието ќе раководи со четите од селата Сопотско, Златари, Покрвеник, Лева Река, Крущје и Избишта.

Посебни разговори околу планот на востанието и претстојните акциии Арсов и Панајотов воделе со четниците определени за војводи по селата. Притоа биле распределени задачите и постапките околу рушењето на телеграфската линија и мостовите, сечењето на телеграфските столбови итн. Вооружените добиле задача да ги чуваат од напад оние кои ќе ги вршат тие работи.[71] Истовремено бил набавен отров со кој во Крущје ќе бидат отруени 16 војници, кои пренокувале во анот и во кулата до селото, на џадето („Крушечки ан").

По завршувањето на собранието сите вооружени си заминале по селата, или над селата во планината, при што било договорено да се бранат ако бидат нападнати, а соседните чети да им дојдат на помош. Исто така, Арсов им препорачал да не водат долги битки, за да не ги потрошат патроните, а чаурите да ги собираат за ново полнење. На војводите им посочил да водат сметка да не бидат опколени, да гледаат секогаш да имаат грб - „чист да е грбот“- како најважна работа, „особено затоа што беа неискусни, па да не се занесат во битката и да го заборават грбот. А за таа работа - да опколат, Турците се многу вешти“.[72]

[71] „Планот се состоел во следното: тие 6 села да ја разурнат телеграфската линија од Ѓаватскиот Дервен до Буковскиот (повеќе од 30 километри); да ги урнат сите мостови на патот од Ѓавато до Буково и овде-онде да го разурнат и самиот пат. ...Им се рече: сите телеграфски столбови да се пресечат на 2-3 парчиња, а телеграфската жица да се отстрани, да не можат да ја најдат.“ (Исто, 109).

[72] Исто.

Ова собрание во Лева Река било едно од најзначајните во предвечерието на востанието во Ресенско. Луѓето биле нестрпливи и возбудени, убедени веќе во она во што не им се верувало - дека набрзо ќе дојде време да се борат со Турците. Притоа, уште еднаш „им напомнавме, вели Арсов, да не очајуваат од неуспесите, да не чекаат помош од Европа и од кој било друг, зашто ние сè сами правиме. Им кажавме дека може и селата да им бидат запалени, како што се имаше случено во Смрдеш, Избишта и Могила“.[73]

Според добиените задолженија околу востаничките дејствија, Александар Панајотов заминал во Златари, каде ги собрал вооружените златарчани и сопотчани и им го соопшти истото кое било разгледувано на собранието во Лева Река. Како раководител тој се погрижил да се отстранат сите недостатоци на четата, бидејќи, востанието чукало на врата и за точниот датум 20 јули веќе знаеле и војводите и четниците.

Два дена пред востанието, Славејко ги повикал во с. Болно градското раководно тело од Ресен,[74] кое го сочинувале: Коста Стрезов, Андреја Наумов и Никола Љапчев (брат на Андреја Љапчев[75]) – „сите чорбаџии“, како и двајцата учители - Славејко Стрезов[76] и Алекси Поп Ефтимов[77], барајќи соработка со градот зара-

---

[73] Исто, 110.

[74] Според циркуларот на Главниот штаб од 27 мај 1903 година, во секој град биле формирани помошни тела наречени *дежури* во кои влегле оние раководители што можеле да живеат во градовите, бидејќи им било наредено на повидните дејци на кои им се заканувала опасност од апсење да ги напуштат градовите и да им се придружат на четите во планините. Се препорачувала, по потреба, должноста дежури да ја „вршат и жени со докажан патриотизам и опитност“. (*Историја на македонскиот народ,* том трети, ред. Крсте Битовски, ИНИ, Скопје 2003, 293).

[75] Андреја Тасев Љапчев (30.11.1866, Ресен - 6.11.1933, Софија), политички деец, журналист, деец на македонското ослободително движење кој по Балканските војни активно се вклучил во политичкиот живот на Бугарија. Неколку пати бил назначен за министер, а од 1926 до 1931 година бил министерпретседател (премиер на владата на Бугарија). (А. Г. Пелтеков, исто, 260).

[76] Славејко Стрезов (?, Ресенско – 1915, Криволак), просветен деец и револуционер. Еден од првите посветени дејци на МРО, посветен од страна на Даме Груев како ученик во Солун. Учествувал на ресенското советување на МРО во август 1894. Загинал како поручник во бугарската армија кај Криволак. (Д. Димески, *Македонското...,* 173, Х. Силянов, *Освободителнитѣ...,* том I...,40).

[77] Се работи веројатно за Александар Ефтимов (1874, Битола – 1939, Софија), војвода и учител. Бил член на градскиот, а потоа на окружниот комитет на

ди освојување на Ресен.[78] Претставниците на градското раководно тело, веројатно во интерес на сопствената сигурност и спокојство, ја попречиле замислата на Арсов за напад и освојување на Ресен, па тој морал да се задоволи само со оружена демонстрација пред градот[79]. На тој начин, како што ќе следи понатаму, останувајќи во османлиски раце, Ресен продолжил да служи како база од која властите преземале напади против четите и селата.

На истата средба, било договорено, четите задолжително да бидат во тек со движењето и бројот на турската војска, колку што е можно поточно, да известуваат за секое движење на војската, за мерките на турската власт и за сите поважни настани што се случувале во реонот. Арсов, исто така, побарал од градските претставници да достават аптекарски и преврзочни материјали, пред да почне востанието, а доколку има потреба за парична помош „да покажат солидарност и да бидат подарежливи".

По добиените инструкции и задачи, раководните луѓе од Ресен заминале од Болно, а Арсов веднаш, истиот ден, (18 јули, петокот), повикал по двајца од вооружените од селата Подмочани, Царев Двор, Дрмени, Езерани, Перово, Покрвеник, Евла и Дупени – да им соопшти „дека востанието наближи, дека останаа уште два дена и дека треба се да подготват". Во овие рамки, требало да им кажат на селаните, другиот ден, на 19 јули сабота, како пазарен ден, да купат во градот се што е неопходно, особено опинци, сол и брашно и да ја чуваат тајната.[80] На пазарните де-

---

ТМОРО во Битола (1901). Преминал во илегалност и учествувал во Илинденското востание како војвода во реонот на Буф и Горна Преспа. Продолжува со револуционерна дејност и по востанието. По Првата светска војна се населува во Софија. Бил член на Временото претставништво на поранешната ВМРО. Припаѓал на протугеровистичкото крило на ВМРО. (А. Г. Пелтеков, исто, 155-156)

[78] Со градските претставници се советувале околу употребата на пушките кои биле во Ресен (околу 200) и за начинот како да се извадат надвор од него. Вооружените луѓе од градот со оружјето требало да излезат од Ресен првата вечер на востанието, да се соединат со четата, а потоа да бидат на располагање кога, според планот, ќе биде нападнат самиот град, а доколку е потребно би можеле да се запалат и некои турски маала и уќуматот. „Тие не беа единствени, вели Асов, дали да се нападне градот, сакаа да размислат, а некои предлагаа да се отстапи од планот". („Славејко Арсов", 110).

[79] *Историја на македонскиот народ,* том трети,..., 313.

[80] Откако ја пренеле оваа наредба на Арсов, како што самиот вели „Ресен се наполни со толку селани, што пазарот бил како што не се помни: сол и опинци снемало од градот. Почнале селаните меѓу себе да продаваат. Турците само се чуделе, но не се сетиле. Тоа на пазарот не се случило - таков алашвериш и толку израдувани селани." (Исто, 111).

нови во градовите дотогаш не биле појавени толку селани пазарџии. Сол брашно, опинци, гуни и слични продукти просто не останале по дуќаните. Трговците по градовите, особено помалите, каков што бил Ресен, никогаш порано немале таков промет, и никогаш не се виделе толку израдувани селани. Така во подготовките било вклучено речиси целото христијанско население. Славејко Арсов, како и други раководители и војводи во Битолскиот округ успеале да извршат широка мобилизација на сите човечки и материјални потенцијали со кои се располагало.

Како што наближувал денот на востанието така и подготовките, од час во час, станувале се поинтензивни. Во саботата (19 јули/1 август), од собранието во Болно секој од раководителите водачи на месните чети, според распоредот, заминал во определеното село чекајќи го сигналот за борба. Така, Кочо Кочовски (кој бил убиен за време на востанието)[81], заминал за Подмочани, ресенчанецот Петруш Стрезов[82] - во Покрвеник, кон Перово заминал Стефан од Кривени, во долна западна Преспа отишол да раководи Јоше, родум од Подмочани и тоа во целиот регион - од месните чети од селото Отешево до крајот на реонот - до Корчанско. Истата вечер заминал и Стефан Мешков[83] да застане на чело на евланската чета и Никола, бивш учител, родум од Дупени да раководи со дупенската чета. Со четата од Болно раководел Ставре Тасев[84], Спиро Олчев[85] со дрменската чета, а Тале од Златари

---

[81] Кочо Илиев Кочовски (1869, Подмочани, Ресенско – 27.8.1903, Подмочани), революционер, член на ТМОРО. Бил војвода на четата од Подмочани за време на Илинденското востание. Загинал во судир со турската војска крај родното село. (Х. Силянов, исто, том I, 297-375, 377; А. Г. Пелтеков, исто, 233).

[82] Петар (Петруш) Наумов Стрезов (1870, Ресен - ?, Ресен), војвода, по професија трговец, брат на Борис Стрезов, војвода и еден од основачите на Илинденската организација на македонската миграција во Бугарија (јануари 1923). Петруш бил член на првиот револуционерен комитет на ТМОРО во Ресен (1895). Од 1903 година е четник во четата на Славејко Арсов. Зема учество во Илинденското востание, како војвода на чета од с. Покрвеник, Ресенско. (Х. Силянов, исто, 297-298, 377; А. Г. Пелтеков, исто, 443).

[83] Стефан Мешков (Стефан Маврото) (1880, Охрид – 9.7.1904, с. Ѓуѓанци, Кратовско), војвода. Учествува во Илинденското востание како војвода на чета во Ресенско. По востанието заминува за Бугарија. Во јули се враќа со четата на Славејко Арсов. Загинува во борба со турската војска кај месноста „Лингура“, крај Ѓуѓанци. (Х. Силянов, исто, том I, 297-298; А. Г. Пелтеков, исто, 383)

[84] Ставре Тасев (Болно, Ресенско - ?), ресенски селски војвода. За време на Илинденското востание бил војвода на четата од Болно. Имал неколку судири со турскиот аскер. (Х. Силянов, исто, 297)

со царевдворската чета. Пере од Јанковец, раководел со четата од ова село. За избишката чета бил задолжен Трифун од Јанковец, а Иван Трајчев[86] со прекар Гуле, родум од Крушје, за крушечката; Спиро од Лева Река - за левоеречката; Трајче од Смилево за кривенската; Георги Павлев од Златари со златарската чета; Панде, родум од Сопотско, раководел со сопотската чета. Надолу, по Преспанско, имало 8 чети со по 20-тина души во селата: Лескоец (12 души), Стење (21), Гораците (Горни и Долни - 20), Туменец (20), Глобочани (20), Шулин (16), Пустец (23), и Лесково (5 души). Четата на споменатиот Јоше кој раководел со сите тие чети од Долна Преспа броела 20 души. [87]

Славејко Арсов до последниот сигнал за востанието, во неделата 20 јули, останал во Болно од каде вечерта вооружените сили ги започнале планираните востанички акции.

---

85 Спиро Иванов Олчев (25.12.1870, с. Дрмени, Рсенско – 23.4.1954, Софија), војвода, книжар. Завршил четврти клас гимназија во Софија. Учествува во Илинденското востание како војвода на чета. По востанието се префрла во Софија. Во почетокот на 1905 година со чета доаѓа во Ресенско. За време на Младотурската револуција отворил книжарница во Битола која работи се до српската окупација во 1912 година. По Втората балканска војна се населува во Софија и таму отвора книжарница. (Х. Силянов, *Освободителнитѣ...,* том I..., 297-298, Х. Силянов, исто, том II..., 55, 223; А. Г. Пелтеков, исто, 327).

86 Иван Трајчев – Гулето (Јонче Трајков) (1880, с. Крушје, Ресенско – 3.2.1905, с. Кривени, Ресенско) револуционер и ресенски војвода. Брат на војводата Крсте Трајков. Се вклучил во редовите на ТМОРО и учествувал во Илинденското востание како војвода на чета во Горно Крушје. Во 1904 година бил четник кај војводата Спиро Олчев. Загинал заедно со војводата Геро Ресенски. (А. Г. Пелтеков, 466-467; Х. Силянов, исто, том I, 297, 299).

87 „Славејко Арсов“, 111.

# Под востаничкото знаме

Востанието во Битолскиот, односно Вториот револуционерен округ поприми масовен карактер во поголемиот број револуционерни реони. Тоа беа: Крушевскиот, Смилевско-ѓаватскиот, Демирхисарскиот, Костурско-леринскиот, Охридскиот, Кичевскиот и Ресенско-преспанскиот. Поединечни четнички дејства имало во Прилепскиот дел од Битолско-пелистерскиот реон. Најсилните востанички бранувања во овој дел од османлиска Македонија се должеле на претходните подготовки, на големиот број чети и востаници и масовното учество на населението, кое сестрано било вклучено во предвостаничките активности и најмногу во обезбедувањето на четите со сите потреби за време на востанието.

Европските конзуларни претставници будно ја следеле ситуацијата и очекуваното востание. Меѓу другото, во еден британски извештај од 20 јули (2 август) 1903 година се наведува дека поединости во врска со планот на востаниците добиле во разговорот со два члена кои припаѓале на четата на војводата Арсов, а кои се наоѓале во Битола, „откако поминале 40 дена тренинг", како и бројните востанички сили кои вежбале по планините и чиј број се проценувал на 32 000 вооружени востаници во Битолскиот вилает.[1]

Ненадејното и масовно дигање на народот и широкиот територијален опсег на востаничките дејства во југозападна Македонија, според М. Пандевски, беа доживеани со ефектот на шокантен удар, како од страна на султанско-беговската власт, така и од потенцијалните балкански претенденти за анексии и дележи на Македонија, па и од дипломатските известувачи на европските сили, кои не биле наклонети кон востанието.[2] Меѓу другите, австрискиот конзул во Битола, соопштил дека во вилаетот се кренало вистинско општо востание кое го опфатило „главно словенскиот дел од населението". На оружје се кренала (според него на

---

[1] „Писмо од Џејмс Мак Грегор, вицеконзул во Битола, до Роберт В. Грејвс, генерален конзул во Солун", Битола, 2 август 1903, док. бр.108, *Британските конзули во Македонија 1797-1915, документи,* ред. Д. Ѓоргиев, ДАРМ, Скопје 2002, 312.

[2] М. Пандевски, *Илинденското...,*248.

територија со околу 250.000 Македонци) „сета словенска раја која од турските власти се третирала како стадо за работа и плаќање даноци“.[3]

Така, уште во првите востанички денови биле демантирани две битни претпоставки врз кои Главниот штаб ја изградил стратегијата на востанието. Место ограничено и партизанско, кренато со цел да се предизвика надворешна интервенција, се кренало сенародно востание со учество и на голем дел од невооружените селани. Селаните кои излегле со секири, копачи, коси и сè што можело да биде некакво оружје, како и сите мажи и жени што излегле да им помогнат или им се придружиле на востаниците, зборува дека народот се дигнал против дотогашната тиранија, оглушувајќи се од препораките на Штабот да останат во своите домови. Масовноста на востанието ја посведочуваат и неговите раководители.[4]

Ресенскиот реон (Опширната Преспа)[5] кој ја опфаќаше целата територија околу Преспанското Езеро (Големо и Мало), беше поделен на два дела: Ресенски (Горна Преспа) со одговорен војвода Славејко Арсов и потпоручник Александар Панајотов, како воен инструктор и Преспански (Долна Преспа) со Никола Кокарев.[6]

Според Протоколите од Смилевскиот конгрес, со „општа согласност“ во Ресенското горско началство беа избрани: Славејко Арсов, Драган Петков и Александар Панајотов. Бидејќи Дра-

---

[3] Д. Зографски, *Извештаи од 1903 до 1904 година на австриските претставници во Македонија,* Скопје 1955, 86.

[4] Анастас Лозанчев пишува: „По мое барање дојде и решението востанието да не биде масовно, туку партизанско, но и покрај барањето на началниците тоа во Битолско стана масовно“. (Документација на ИНИ, Скопје, Сл.IV, 68, А. Лозанчев, Спомени, Ракопис, 59) Васил Пасков бележи дека востанието, макар и очекувано, сите ги изненадило со своите размери и со својата сила. (В. Пасков, *ВМРО, Начало и развой,* кн.1, Македонски преглед, София 1927, 82).

[5] Целиот Преспански базен, поделен за време на Балканските војни, денес е вклучен во државните територии на Р. Македонија, Р. Грција и Р. Албанија.

[6] Долнопреспанскиот реон за подготовките на востанието бил поделен на два подреона: селата јужно од Подмочани до Долно Дупени биле под раководство на војводата Велјан Илиев, а вториот подреон ги зафаќал селата околу езерото Мала Преспа и со него раководел војводата Ангел Андреев. Главен раководител на двата подреона останал Никола Кокарев. Подготвките и во овој реон биле успешни и правовремени. (В. Стојчев, *Воена историја...,* 464).

ган Петков за време на востанието бил фатен и затворен, како раководители во Ресенскиот реон останувaат Славејко Арсов и Александар Панајотов. Спроти востанието, Арсов и Панајотов станале реонско подвижно тело (штаб) кое ќе им помага на сите селски чети. Суштински реонот го раководел Славејко Арсов.[7] При задушувањето на востанието, Панајотов ќе изгуби присебност, ќе падне во крајна очаеност, и така ќе загине.

Горнопреспанскиот реон опфаќал 32 села со центар во Ресен, а Долнопреспанскиот 43 села со центар во најголемото село Герман. Во двата реони непосредно пред Илинденското востание имало 28.000 жители од кои 75 проценти биле Македонци, меѓу останатите имало Власи[8], Албанци, Турци и други. Мнозинството од населението беше организирано од ТМОРО, при што во овој реон од големо значење била раководната улога на Славејко Арсов кој уште претходно тука се здобил со силен авторитет. Покрај другото, била почитувана и неговата храброст и борбена вештина што ја покажал на дело во повеќе борби, меѓу кои во с. Избишта и во с. Љубојно, во јануари 1903, кога со неговата чета им нанесе пораз на турската војска и башибозук.[9]

Горна Преспа или ресенскиот реон, раководен од Арсов, граничел на исток со Демирхисарскиот и Ѓаватскиот востанички реон (западниот дел на Бигла), на североисток – со Илинската Планина, на запад со планините Петрино и Галичица – по целото западно крајбрежје на езерото; и на југозапад со Сува Гора (која го дели Големото од малото Езеро) - се до преминот Ѕвезда, на границата со Корчанско. Во Ресенско околу 15 села исфрлиле свои чети, предводени од месни војводи кои што потекнувале, главно, од селската средина. Во реонот не останало ниту едно чисто македонско или мешано македонско-турско село што не дало востаници. Селски чети исфрлиле: Сопотско, Златари, Кривени, Лева

[7] Во однос на Панајотов, Арсов го кажува следново: „Панајотов (потпоручник) дојде во Битолско со Сарафов и со неговата чета. Оттаму со поручникот Стојков и со неколку момчиња дојде во Смилево, а оттука се упати во Крушевско (назначен од Битола). Заради некакви недоразбирања со Пиперката и со четниците кои останаа во Крушево, Панајотов не сакаше да раководи, да одговара, туку како војник сакаше да извршува наредби. Се сретнавме во Смилево и тој посака да дојде и дојде во Ресенско (пред Велигден)“. Арсов вели дека со Панајотов се сретнале на 25 јуни и потоа секој заминал на своја страна заради исполнување на подготовките за востанието. („Славејко Арсов“, 104).

[8] Особен ангажман во овој реон ќе покажат Власите од с. Маловиште.

[9] В. Стојчев, исто.

река, Крушје, Избишта, Подмочани, Царев Двор, Дрмени, Езерани, Перово, Покрвеник, Елва, Дупени и други.

Во Горнопреспанскиот реон првите акции, испланирани во духот на „партизанското војување“, започнале насекаде вечерта на празникот Св. Илија, на 20 јули. Исто така и во Долнопреспанскиот реон, раководен од Никола Кокарев.[10]

Славејко Арсов во своите спомени мошне детално и прецизно ги опишува последните подготовки пред востанието и неговиот почеток. Од сето може да се заклучи дека се работи за револуционерен деец кој до крај сериозно и систематски ги извршил сите подготовки за востанието кои од него ги барал Горскиот штаб, но и човек кој извонредно ги познавал приликите на теренот каде работел, човек кој бил почитуван и од четата и од месното население. Затоа, целата Преспа влегла во востанието во секој поглед многу подготвена. Ресенско не одржало предвостаничка конференција, но Арсов имаше неколку консултации со Главниот штаб кој престојувал близу, зад билото на планината Бигла. Тие секако придонеле реонот, па и цела Преспа, особено во првата фаза на востанието да се придржува до концепцијата на т.н. партизанско војување.[11] Иако Штабот определи селаните кои што не биле вооружение да останат во селата, заради нивното подобро зачувување, сепак, непријателот со разорувачката тактика на уништување на цивилното население, набргу ги оневозможил таквите настојувања.

На неколку дена пред празникот Св. Илија (Илинден) се одржале помали состаноци на кои се решиле прашањата за мобилизација, организација и распределување на боречките и раководните кадри, како и за спроведување на првите акции. Особено

---

[10] Во областа источно од Преспанското Езеро востаничките дејства започнале вечерта на 20 јули Илинден, кога 200 востаници го нападнале нахискиот центар селото Наколец во кое биле сместени околу 100 турски војници. Битката траела до ручек на 21 јули, а потоа востаниците се повлекле. На 26 јули четничкиот одред на месниот војвода Ангел Андреев и со учество на друг одред на чело со Коте од Руља го нападнале турското село П’пли во кое бил сместен еден турски гарнизон од околу 100 војници и го држеле под опсада 12 дена, дури откако дошла друга турска војска, селаните од истото село се повлекле кон градот, а потоа востаниците се вратиле и ги запалиле турските куќи. Најголемиот дел од турското население од повеќе села и војската се сместиле во Наколец, чекајќи да се смири ситуацијата. (С. Котовчевска, „Востаничките дејствија и нивните карактеристики во ресенскиот крај за време на Илинденското востание“, *Илинденскиот период во Југозападна Македонија,* ДНУ „Браќа Миладиновци“, Струга 1998, 229-230).

[11] М. Пандевски, *Илинденското...,* 271.

се настојувало да се зајакнат курирските врски помеѓу четите, како и со Главниот штаб. При ова по неколку соседни села беа веќе групирани во одделни центри.[12]

Во неделата, на 20 јули, Арсов ги повикал во Болно вооружените селани од Царев Двор, Дрмени, Јанковец, како и оние од Болно така што заедно со неговата чета биле собрани вкупно околу 400 востаници, па согласно планот одредиле 150 души кои ќе го извршат нападот на Ресен. Истовремено, Панајотов имал под команда околу 170 души со пушки. Уште по 30 востаници, останале резерва во Царев Двор и Дрмени, бидејќи не сакале сите одеднаш да ги активираат. Тие села биле мешани со Турците, па морале да бидат претпазливи во првиот момент. Арсов наредил востаниците да вежбаат до пладнето, а по ручекот, откако сите се собрале им било соопштено дека истата вечер ќе почне востанието, дека „... тоа ќе биде *општо* и за сите и какво треба да биде поведението. Имено, дека *не треба да биде масовно, туку партизанско“,* потоа на каков начин да се водат борбите и како да се заштитуваат вооружените и населението. Покрај тоа, Арсов им дал инструкции на четите задолжително меѓусебно писмено да се информираат за да можат да се зачуваат; да се известуваат за секој чекор што го преземаат и за сите дејства и акции да доставуваат информации до Штабот. Реонското раководно тело на Арсов и Панајотов како подвижно презело задача да ги обиколува сите чети. Славејко Арсов раководел со сите села, освен со оние кои ги имал Панајотов.

До последниот момент се чувала тајната за востаничкиот истрел, така што на селаните не им го кажувале конкретниот план, туку само им предвестиле дека таа ноќ ќе се поведе борбата против Турците. Во последните подготовки четите биле разделени на групи, а пушки им биле дадени да носат само на способните, независно дали се сопственици, бидејќи дотогаш поседувале пушки и луѓе кои од различни причини не биле способни да се борат. Нив им биле налагани други задачи („домаќинска улога“). Арсов, меѓу другото, забележал дека кај сите владеело „весело расположение, како никогаш дотогаш, со голема надеж: штом сите стануваат не ни помислуваа дека може да заврши несреќно“.[13]

---

[12] На пример, во селото Подмочани се утврдил нов центар за селата по западниот брег на Преспанското Езеро во кој влегле 10 села, се поставиле селски војводи, се формирале чети и така со три востанички центри Горна Преспа била подготвена за востание (В. Стојчев, исто, 464).

[13] „Славејко Арсов“, 113.

Вечерта на Илинден четите од селата: Болно, Царев Двор, Дрмени и Јанковец, заедно со реонската чета на Славејко Арсов, под негова команда, наредни во строј, се спуштиле од планината, во Болно. Истата вечер бил убиен еден пољак од селото Илино – Арнаутин, прочуен по своите злодела врз месното население. Тоа била првата жртва на востанието во Ресенско.[14]

Во Болно, сред село, пред да тргнат во акција, секоја чета вечерала посебно, а четниците понесле со себе храна за два дена. Војводата ги оставил собраните пари на сигурно, во селската каса.[15] Сите селани биле на нозе - мажи, жени, деца излегле надвор бидејќи низ селото се раширила веста дека ќе започне востанието. Од секоја куќа имало востаник. Населението желно исчекувало да слушне што ќе прават и каде ќе одат вооружените. Најпосле, Арсов ги собрал и им кажал дека според планот ќе треба да го нападнат Ресен и, доколку биде можно, да го запалат, а ако не биде можно, дека ќе испукаат неколку патрони и ќе се вратат. Притоа, заради планираната акција било побарано од селаните да соберат и да донесат газија.[16]

Избраните востаници за напад на градот, Арсов ги поделил во пет групи со по 30 души кои од селото Болно тргнале по различни правци кон Ресен. По пристигнувањето до градот секоја група го запоседнала определеното место и се подготвувала за напад. Дрменската и Царевдворската чета, под команда на Спиро Олчев, се судрила со една воена патрола, а веднаш потоа, во неколку делови на периферијата на градот избувнале силни пожари. Во тој момент едно заглушително востаничко „ура“ го распара воздухот во таа летна ноќ над Ресен. На тој начин, наместо

[14] Арсов го раскажува тој настан: „Во предвечерието дојде едно селанче од Болно и се пожали дека пољакот од селото Илино му ги зел говедата и му побарал три бели меџидии за да ги пушти. Момчето дојде кај нас да се пожали. Одвоивме 5-6 момчиња и по еден час носат еден врзан Арнаутин, со бричена глава, а еден илинчанин му ја зел пушката и се опашал со коланот. Селаните светнати, Турчинот премре, особено кога виде стотина вооружени селани. Го ставивме мегу нас, го распрашувавме од каде е, кога дошол. Пред него го беа отепале неговиот претходник, за да му ја земат пушката (с. Илино, чифликот). Најпосле му се кажа пресудата и му се предаде на момчето што се пожали, како и на илинчани, да го суредат.“ (Исто, 112-113).

[15] „Секој стави во ранецот леб и сирење за два дена (имаше разни ранци - торбиња обесени на грб, некои имаа и кожни ранци).“ (Исто, 113).

[16] „Се растрчаа селаните, носеа кој по две-три оки, кој помалку, кој цели кошули исечени на парчиња за да се натопат во газијата. Сите се радуваа дека ќе ги запалиме сите Турци, па и чорбаџиите во Ресен (зашто економски беа заробени од нив).“ (Исто).

со договорениот сигнал, востанието во Ресенско започнало со директен судир. Потоа оган отвориле и другите чети.[17] Востаниците нападнале повеќе турски стражи и започнале стрелба кон градот, при што биле запалени и неколку куќи. Силното востаничко „ура“ и громогласните пукотници ја зголемиле паниката кај турските војници и население, така што тие, затворени во касарната и по домовите, без да пројават каков и да е отпор, го чекале најстрашното. Војската и населението ја поминале ноќта во голем грч и страв, но со разденувањето четите се повлекле. Арсов со четата се вратил во Болно, јанковчани во Избишката Корија, царевдворци и дрменци во Евланската и Дупенската Корија.[18] Сигналот за востание бил даден.

Востаничките акции, според планот, главно се изразувале преку нападите на воените посади (кули, анови и др.) што ги обезбедувале патиштата. Забележителни вооружени судири меѓу востаниците и турската војска се одиграле ноќта на 20 јули и во селата Крушје и Лева река, каде настапила четата на Панајотов.

Во текот на ноќта, во рамките на првите востанички акции, во северниот дел на Горна Преспа било предвидено и реализирано ликвидирање на аскерските патроли што обезбедувале дел од главниот пат меѓу Ресен и Охрид. Во овие акции учествувале селските чети од Избишта, Кривени и Златари, со околу 170 востаници. Распоредени во помали групи, востаниците извршиле

---

[17] В. Стојчев, исто, 465.

[18] Нападот на Ресен Арсов го опишал на следниов начин: „Секоја чета (беа пет чети по 30-тина души) зеде по две-три тенеќии со газија и партали и се упативме кон главниот пат за Ресен. Месечината беше на залез и почекавме сосема да зајде. Од Болно до Ресен има 1 час (5-6 километри). Кога се доближивме на 1 километар, секоја чета, според планог, отиде на своето место: без бој да испукаме по 2 патрона, да се обидеме да го запалиме градот и да се повлечеме, за да разберат Турците дека востануваме. Секоја чета тргна кон своето место, а двајца определивме да запалат на три места. Дрменската чета, блиску до градот, се сретнала со „деврието" (- ноќна патрола) која отворила оган. Четата се засолнила и отворила оган. Во исто време двајцата запалиле една племна и се слушнале пушки од Турците. Така се направи викотница. И царевдворската чета отвори оган. „Деврието" избега. Предвреме припукаа и другите чети, селаните почнаа да викаат, да пцујат, да викаат „ура!" Се разлеаја викотници во градот, почнаа да бијат барабани и се слушнаа пукотници - ретки: пукаа од куќите во ветер, се слушаа околу градот и маузери. Се слушнаа викотници од жени. Паниката кај Турците беше голема. Ние седевме на пет чекори од градот, на едно ритче и гледавме. Тоа продолжуваше 3/4 од саатот. Испукавме по 2-3 патрони. Најпосле се повлековме назад... Така мина ноќта“. („Славејко Арсов“, 113-114).

неколку напади од заседи врз аскерските патроли, кои главно се повлекле кон Охрид, но без да дадат жртви. Целта била постигната со тоа што патот бил ставен под целосна контрола на востаниците (види скица бр. 1).




Скица бр. 1: Востаничките борби во Ресенско 20/21 јули (2/3 август)[19]

Во исто време, борците од селската чета од Крушје заметнале жестока борба со околу 50 аскери кои дошле да им помогнат на оружените турски војници во анот близу Крушје. Пред тоа четниците ставиле отров (арсеник) во храната на турските војници во анот при што тие биле затруени[20]. Новодојдените се забарикадирале во анот врз кој востаниците жестоко напаѓале. Аскерот од внатре уште пожестоко се бранел. Востаниците успеале на трипати да му се доближат на објектот и да го потпалуваат. Сепак тие не успеале да го опожарат, бидејќи анот бил изграден од камен, а гредите од покривната конструкција заштитени со ќерамиди и малтер по рабовите. Борбата земала сè поголем замав и продолжила до мугрите.

---

[19] Р. Дамјановски, *Востаната Македонија,* Комунист, Скопје 1990, прилог бр. 17.

[20] Анцијата -Турчин, дебранец, „избегал во Ресен и кажал што се случило. Веднаш се испраќаат 50 војници, доаѓаат во анот и ги наоѓаат отруените... По ова Турците сакаа да го нападнат селото, но четата беше блиску, отвори оган, а Турците од страв сите се затворија во анот и оттаму пукаа. Четниците три пати се обидуваа да го запалат, но не успеаја, тој беше повеќе од камен. И така до разденување“ („Славејко Арсов“, 114-115).

Во зорите започнале да пристигнуваат нови колони турска војска (до 300 души) од Ресен. Нивниот прв обид да се пробијат до анот бил безуспешен. Аскерот бил одбиен и во таа борба загинале еден мулазим и четворица војници. Набрзо, под притисок на побројните и подобро вооружени војници и башибозук месните чети биле принудени да се повлечат, а војската влегла во селото Крушје. Според дадената заповед, селаните продолжиле да си седат дома, иако пламтеле огнени јазици на многу страни. Војската со сила ги извадила луѓето од куќите, надвор од селото, а целото село било ограбено и опожарено. Сликата била стравична. Така на 21 јули (3 август), судирот кај Крушје завршил со 15 турски жртви, но и со опожарување на селото кое било прво од низот на настраданите села во Ресенско. [21]

На 22 јули/4 август 1903, британскиот вицеконзул во Битола испраќа писмо во врска со прекинувањето на телеграфските врски, при што вели дека „на празникот на пророкот Илија, во рамнината на Битола и блиските области, со истовремени истрели од предградието на овој град и во соседното село Брусник, беше даден сигнал за вооружено востание. Една од првите акции на востаниците беше да ги пресечат телеграфските жици што ги поврзуваат Битола со Солун, Прилеп и Охрид... истовремени напади беа извршени во Ресен, Доленци, Рамна и Лера...“. По добиените вести за напад врз мал број турска војска во Смилево, валијата веднаш испратил 350 војници „со наредба да поминат низ Ресенскиот регион и да известат за се она што се случило таму. До ова попладне тој се уште немаше добиено вести, а се шират гласини дека патот меѓу Битола и Ресен бил пресечен. Ова е случај и со патот што води од Ресен до Корча кој беше уништен на неколку места долж западниот брег на Преспанското Езеро.“ [22]

По повлекувањето на Турците од Крушје, четата се симнала од планината и заедно со селаните влегле во селото да ги гасат опожарените куќи. Во меѓувреме, додека леворечката чета со месниот војвода Спиро Олчев, брзала да им помогне на крушенци, од другата страна аскерот навлегол во Лева Река, кое останало без заштита. Така било опожарено и ограбено селото Лева Река. Селаните, поучени од настанот во Крушје, не седеле дома, туку сите избегале. И така и Лева Река, со исклучок на 7-8 куќи била оставе-

[21] Р. Дамјановски, исто, 217; С. Котовчевска, исто, 228.

[22] „Писмо од Џејмс Мак Грегор, вицеконзул во Битола, до Роберт В. Грејвс, генерален конзул во Солун“, Битола, 4 август 1903, док. бр. 109, *Британските*..., 315.

на во пламен. Додека во Крушје црквата била само ограбена, во Лева Река била и ограбена и опожарена. Постапката на војската во овие први востанички денови била многу едноставна: војниците набрзина ги ограбувале селата, а потоа секоја куќа ја опожарувале и до вечерта се враќале во градот.[23]

Четите од селата Евла и Дупени, кои заедно броеле околу 50 души, на 20 јули вечерта, под раководство на Стефан Мешков, нападнале една кула на патот Ресен-Охрид, кај селото Петрино, каде што имало 120 души аскер. Откако се доближиле доволно блиску, почнале да пукаат во нивните шатори каде останале 4 мртви, а останатиот дел од аскерот се повлекле во планината. Момчињата се вратиле назад уште истата ноќ. По три дена тука дошол С. Арсов наредувајќи им на четите да го блокираат џадето кај Петрино. Тие веќе спречиле еден османски воен транспорт за Охрид и го принудиле да се врати назад. Потоа овие чети воделе борба за одбрана на Болно, кое сепак не успеало да се спаси[24]: изгореле 77, а се спасиле само 13 куќи. Селаните достоинствено ги поднесувале материјалните штети.[25] „Нека сме ние живи и здрави, ќе направиме поубави куќи, велеа. Дури, кога догоруваше селото, на лицата на селаните се гледаше весело расположение: „Илуминација имаше в село“, велеа; - „Без оган може ли да се добие нешто?" Една жена само плачеше и тоа за кошарите со мед, а не за куќата.[26]

---

[23] „Турците со голема брзина прво ограбуваа и ја палеја секоја куќа посебно, а потоа со тенекија (тулумба), со газија ќе ја испрскаа и ќе ја запалеа. И по час-два го напуштаа селото и одеа во градот“. („Славејко Арсов“, 115).

[24] По двочасовна битка, востаниците биле принудени да се повлечат, а Турците, растурени, се упатиле кон Болно. Истовремено, турската војска го напуштила Ресен и се упатила кон Болно, стрелајќи патем во секого - мажи, жени кои работеле по нивите, жнееле и врзувале снопје, односно биле ангажирани на полските работи. „Ние намерно, вели Арсов, ги теравме побрзо да го соберат житото, да го сместат во дупките и да сомелат брашно. Двајца беа отепани в поле, додека жнееле и тоа - Наум Манчев и Тасе Маџар, од Болно. Кога војската се доближила до селото, четата отворила оган. Престрелката траела околу 20 минути. Точно тогаш се доближиле растурените војници од Петрино и удриле на Болно. Тие случајно го нападнале десното крило на четата, кое отстапило. Турците навлегле во селото, но зад нив наближиле и оние 40 наши момчиња од Петрино. Соединети со четата од Болно, успеале да ги избркаат Турците од селото. Но, во исто време имало куќи испрскани со газија и запалени (куќите ги палеа Цигани, намерно донесени). Пламна целото село“. (Исто, 119).

[25] М. Пандевски, *Илинденското...,* 272-273.

[26] „Славејко Арсов“, 121.

Додека селото горело, селаните биле засолнати во планината. Избегале кога доаѓала војската од Ресен пукајќи врз мирните луѓе по нивите кои по наредба на четите го жнееле житото за да се складира за исхрана во зимата. Тоа што можеле да ограбат војниците - ограбиле. [27]

Селата Кривени[28], Златари, Сопотско и Избишта не настрадале во првиот востанички ден, но подоцна и тие доживеале слична судбина. Ограбените работи јавно и многу ефтино се продавале во Ресен.[29]

Покрај другите акции, сепак за најзначајни и најсериозни дејства, во првата востаничка ноќ, се развиле околу селата Крушје и Лева Река. [30]

До судири дошло и во селата Царев Двор[31] и Подмочани[32], како и во другите села во реонот. Во наредните два-три дена територијата на двата преспански реони била опфатена со востанички дејства и биле ослободени речиси сите села, освен Ресен, Наколец и П'пли каде што заради грешки во командувањето и предавства, се задржала турска власт Војводата Андреев повеќе пати се обидувал да го ослободи с. Наколец, но без успех.[33]

---

[27] „Ние тргнавме на помош, но додека дојдовме сѐ беше готово. Мислевме дека ќе удрат на Евла и таму се вкопавме, но Турците заминаа во Ресен". (Исто, 119-120).

[28] Еден од познатите четници во четата на Славејко Арсов бил Геро војвода (1859-16.1.1905) од селото Кривени, Ресенско. Учествувал во Илинденското востание, а од 1904 година е војвода на чета во Ресенско. Во еден судир со турската војска крај родното село бил тешко ранет. По негова молба бил застрелан од Иванчо Трајчев – Гулето. (А. Г. Пелтеков, исто, 93).

[29] М. Пандевски, *Илинденското*...273.

[30] С. Котовчевска, *Востаничките*... , 228.

[31] Во Царев Двор, мешано село (120 христијански и 80 турски куќи) излегле неколку души, при што, еден од нив, по име Георги, бил забележан од Турците. Нападнат, тој храбро се борел против 10-тина Турци. Успеал да убие тројца, меѓу кои и по зло познатиот пољак Шавче, така што ги принудил Турците на отстапување. (С. Котовчевска, исто).

[32] Во Подмочани, кај што имало три турски куќи, од кои две на насилници („дерикожи"), на раководителот му било порачано да ги фати живи, ако е можно. Во престрелката која настанала во меаната еден убиле, а двајца раниле. На Турците им дошла помош од Бела Црква, 50 војници, а од Ресен тргнала уште една група која кога слушнала дека се пука од сите страни од полпат се вратила назад. Војската го нападнала селото но била одбиена од страна на четниците. При овој судир Турците имале еден ранет. („Славејко Арсов", 116).

[33] В. Стојчев, исто, 465.

Во селата Перово, Покрвеник, Волкодери, Шурленци, Прељубје востанале сите вооружени - 80 души. Од нив испратиле 20 души за четата на Јоше, која се наоѓала во западна Преспа. Овие пет села го опколиле шурленскиот ан, на патот Битола-Корча, кај што имало 16 војници. Успеале да го запалат анот, при што загинале осум војници. Четите се повлекле кај местото наречено Пиргот, до езерото. Тука оставиле едно одделение од 20 души да внимава на друмот.[34]



Група востаници

Востаничките чети од селата Езерани, Перово и Лескоец (околу 70 души) предводени од Јоше го опколиле анот во селото Стење каде имало околу 50 души аскер и стражари. Во престрелката биле убиени двајца турски војници. Војниците останале во анот опколени. Другиот ден, 21 јули, четата фатила позиција подалеку од анот, со надеж дека ќе ја нападнат поштата која минувала по тој пат.[35] Наместо поштата поминува група со дваесетина башибозуци која избегала кон Корча, но тука била пресретната и уништена од страна на четата од село Тушенец.

На 22 јули (4 август) востаниците запleniле еден трговски карван од 120 коњи што одел за Корча. Горичкиот ан го запалиле четите од Горица. Накај Корча имало една кула - „Шулинска кула“, кај што анот го запалила шулинската чета, а заптиите избегале во Корча. Така, во тие денови се случиле неколку судири со повеќе турски посади на патиштата Ресен-Охрид и Битола-Ресен-Корча. Аскерските кули и турските анови главно биле уништени, а комуникациите прекинати. Планот за уништување на телеграфските комуникации бил извршен уште во првите дена. „За да се информираат Ресен и Битола, на пример, дури и 300 војници носеа едно писмо. Соопштенијата беа сосема прекинати. И со градот Ресен соопштенијата беа прекинати.“ На тој начин востани-

[34] „Славејко Арсов“, 116-117.

[35] На истиот пат понајуг, во Долно-горичкиот синор, претходно Коте од Руља беше ја пресретнал поштата, но не успеал да земе ништо. Оттогаш Турците постојано држеле стража кога минувала поштата. (Исто, 117).

ците загосподариле со целото западно крајбрежие, од Отешево и Стење до преминот Ѕвезда кон Корчанско.[36]

На договорениот ден - 20 јули започнале востаничките дејствија и во Долна Преспа (источниот брег на Преспанското Езеро), каде раководеа Никола Кокарев и Велјан Илиев, а војвода беше Ангел Андреев.[37] Долнопреспанскиот реон исфрлил околу 420 востаници.[38] Ноќта, еден одред од 200 востаници (четите од Љубојно, Брајчино, Штрбово и Дупени) го нападнале турскиот гарнизон од 160 војници во нахискиот центар Наколец, но не успеале да го заземат.[39] Селото останало да му служи како значаен отпорен пункт на непријателот, што го спречувало растежот на востанието во реонот.

Во продолжение на неколку седмици биле нападнати повеќе беговски кули и имоти, анови и други објекти и целокупното турско население било доста вознемирено и исплашено, а и турската војска преку ноќ повеќе се задржувала во касарните и во селата. „Од сè што се случи, вели Арсов, Турците сфатија дека востанието, од кое дотогаш толку многу се плашеа, е навистина објавено и тоа со голема сила. Тоа не го очекуваа и затоа не беа во состојба да го задушат. Побараа голема помош од Битола, но не ја добија. Дење Турчин по поле веќе не се гледаше, освен големи групи,

---

36 Исто, 119.

37 Ангел Андреев со своите четници го нападнал гарнизонот од 150 војници во турското село П'пли (Попли), кое паднало дури по десетдневна блокада. Во нападот на П'пли учествувале стотина четници на Коте од с. Руља, Костурско. Откако забрал стотици кози, овци и говеда од муслиманското население, тој се повлекол во своето „царство“. За него востанието веќе завршило. (*Историја на македонскиот народ,* том 3,... 314).

38 Во источна Преспа дејствувале Кокарев и Пенчо, а помошник им бил Јоше, момче од Љубојно. Тој раководел со селата Рајца, Курбиново, Претор и Сливница, а Брајчино и Штрбово биле раководени од Стефан Петров, помлад подофицер, родум од Русе. Кога Петров дошол од Бугарија во Битола за да раководи чета во Охридско, бил фатен, затворен една година, а по амнестијата пуштен. Му се придружил на Сугарев, во Битолската чета, потоа дошол во Ресенската чета кај Арсов. По Конгресот, кога реонот е поделен, Петров му бил доделен на Кокарев, каде како воено лице вршел обука. „Со Љубојно раководеше друг. А друг раководеше и со Герман, некој си Дине, родум од истото село. Со селата надолу од Герман - Рудари, Медово и Штрбово раководеше Ангел, родум од Рудари, бивш четник на Давидов“. („Славејко Арсов“, 117-118).

39 Сепак селото не паднало во востанички раце, „запалиле некоја куќа, но заради недоразбирањата меѓу војводите Кокарев и Пенчо, не успеале да направат нешто посериозно, така што Наколец се спаси“. (Исто, 119).

војници и башибозук, кои на 2-3 дена напаѓаа по едно село“.[40] Во текот на првите денови од Востанието, како што наведовме, османлиските сили редовно напаѓале околу ручек, се бореле дватри часа, а потаа влегувале во селото да го ограбат и опожарат, после што си заминувале.

На 22 вечерта, Арсов како подвижно раководство, заминува од Болно кон Евла за да биде во тек со работите. Таму биле потепани сите Турци при што бил поштеден некој Шефки-беј кој имал симпатии кон востаниците.[41]




Скица бр. 2: Борбите кај Петрино и Болно[42]

Макар што било вознемирувано од изолирани напади на одделенија на војската и башибозукот, Ресенско според Х. Силјанов поминало релативно мирно до 10 август. Тука селските чети биле задолжени да ги пазат логорите-збеговите на семејствата и да се грижат за завршување на жнеењето на нивите и за вршидбата. Во полето тоа се одвивало под закрилата на четнички групи. Нападите и опожарувањата, уште во почетокот на востанието, на

[40] Исто.

[41] „Инаку добар Турчин, вели Арсов. Тој ги искажал своите симпатии. И покрај сѐ, бил разоружан и предаден на Спиро Олчев. Се придружив и јас за да се реши што ќе се прави со него. Бидејќи селаните го заштитуваа, јас реков дека ние не сме против добрите Турци, а ако тој бил добар, нека се ослободи. Му ја вратив пушката и тој можеше слободно да се движи меѓу нашите.“ (Исто, 119-120).

[42] Р. Дамјановски, *Востаната Македонија,...,* прилог бр. 16.

селата Крушје, Лева Река, Болно и Подмочани и откривањето на дел од скривниците во тие села ги оневозможило селаните да ја пренесат целата покуќнина и стока во планините. „Во такви активности поминаа ‘слободните денови‘ до кон 10 август“, вели Силјанов.[43]

Така, додека борбата продолжува и турската војска опожарувала и ограбувала село по село, народот не престанувал да ја собира храната и да ја спасува скриената покуќнина, откако била пренесена во скривници. Кога Арсов од Евла заминал во Покрвеник, таму ги затекнал луѓето како се обидуваат да спасат што може да се спаси од покуќнината, која не ја закопале пред востанието.

Покуќнината се криела во сандаци, во големи дупки ископани во самите куќи, во дворовите, во племните, во бавчите. Во сите села пред да почне востанието, луѓето в сандаци скриле сѐ што им било повредно од покуќнината и носијата. Кон вакви мерки пристапиле по случајот во Избишта, кога Турците ги ограбиле селаните од Долно Маало, кај што биле опколени дел од востаниците.

Во време на востанието, во првите села кои ги опожариле, Турците не нашле нешто посебно вредно, па почнале да прекопуваат и да наоѓаат повредни работи. („Се познаваше по пресната земја низ нивите и градините“), при што на 100-те, само 10-15 скривници останале неоткриени. Многу сандаци биле најдени во Подмочани и Болно. Во Крушје и Лева Река селаните не скриле многу од облеката, и затоа се им ограбиле. Турската војска во почетокот не одела во планините, па народот сметал дека таму е посигурно и пренесувале се, дури и закопаните работи.[44] Затоа и селаните од Покрвеник ги ваделе сите скриени работи од дупките и ги носеле во планината. Во планината пренесувале и сѐ друго

---

43 Х. Силянов, *Освободителнитѣ борби на Македония*, I, 375.

44 Имено, кога виделе дека Турците ги наоѓаат скриените работи, почнале да ги ископуваат и да ги пренесуваат в планина. „Во Болно, по два-три дена откако изгоре селото, дошла турска војска од 400 души; минувала низ Илинската Планина од Охрид за Ресен, низ Болно. Во тој час нашле многу алишта и други работи кои селаните ги скриле пред палењето на селото, а потоа од страв да не ги најдат Турците и имајќи потреба од алишта, слегле од планината да ги земат. Но, од турската војска селаните избегале, не можејќи да земат ништо. Турците се собрале, ги виделе дупките-скривници. Тогаш, од преостанатите 12-13, запалиле уште пет куќи. На тој начин Турците уште од почеток научија каде и како селаните ги кријат алиштата.“ („Славејко Арсов“, 121).

што не било скриено и што можело да се спаси (покуќнина, облека, покривачи, жива стока, жито и други храни)[45] поучени од она што се случило со опожарувањата на селата – Болно, Лева Река, Подмочани и Крущје. Така надвор од селата низ подзатскриените падини и шуми почнале да се формираат збегови, односно логори како привремени заклони на луѓето од насилствата на турската војска и башибозуци.[46]

Духот на востанатото население почнува да опаѓа. Славејко Арсов и неговите четници се соочиле со исплашените луѓе, со голоракиот и незаштитен народ, пред сè жени, деца, немоќни старци. Иако бил свесен дека се оставени сами на себе, сепак, во тие тешки моменти наоѓал зборови за охрабрување и утеха на луѓето во востанатите села: „Кога ги видовме луѓето толку исплашени почнавме да ги храбриме. Им велевме дека Турците запалија неколку села само за да не исплашат. Но, ако забележат дека ние не се плашиме, нема да смеат да ги запалат сите села, зашто подоцна ќе одговараат за тоа. Им говоревме дека светот не не заборавил, дека ќе имаме помош, само ќе треба малку да почекаме, ќе им се одмаздиме и ние на Турците и сл."

Но, во исто време бил паднат духот и на Турците кои исплашени се иселувале од селата и се населувале во градот, или се групирале во едно-две села, се собирале во неколку куќи, додека, пак своите куќи ги оставале празни, чекајќи да бидат запалени.[47]

Во текот на востанието, исто така, немало собирање десетина од приносот (спахилак), но и доколку бил собран, тој не можел да се продаде.[48] Се собрал само од селата кои не биле запа-

---

[45] „Освен по разните трапчиња низ селото, малку подалеку над него беа однесени стотина ковчези, качиња сирење, масло, пиперки, дури и штици, врати од куќите, черчевиња од прозорци. Се се влечеше со голема трескавичност во планината. (Исто, 121-122).

[46] М. Пандевски, *Илинденското...*, 273.

[47] Поумните и позафатените Турци (од Царев Двор, Дрмени, Лавци) се труделе да ги убедат своите соселани христијани да се вратат во своите села, ветувајќи дека ништо нема да им направат, дека ќе ги заштитуваат, дека ќе се застапуваат за нив пред турските власти, дека сета таа работа не е добра ниту за христијаните ниту за Турците, дека слични судири никогаш не водат кон добар крај и сл. Дури предлагале свои услуги со посредство на селаните за водачите на четите, да им помогнат со храна, да станат посредници и сл.. Тие молеле да не се посега по нивните села со ветување дека нема да учествуваат во палењето и ограбувањето на христијанските села. (Исто, 123).

[48] Пред востанието валијата ги викнал коџабашиите и азите и ги посоветувал таа година селаните да го земат спахилакот за селото. Но, селаните за тоа ја прашале Организацијата и таа им одговорила да не се впуштаат во таква

лени, на пр. од Царев Двор, од Дрмени, Езерани, Јанковец. Таму христијаните биле спречувани да вршат, не само од страна на соселаните Турци, туку и од војниците и заптиите.[49] Затоа, четите ги заштитувале селаните при прибирањето и мелењето на житото.

Раководителите во секое село дале заповед да се ожнее и овршии житото и да се скрие во дупките. Дури и со сила да се натераат тоа да го направат. И луѓето оделе да жнеат и да вршат. Други копале дупки и таму го прибирале. Дупките биле, каде како, на 100, 200 па до 1000 метри надвор од селото, на суви места, повеќе во шумата. Сето тоа било организирано од страна на раководството во реонот и претставувало заедничка акција на целото население. Без оглед чие е житото, тоа заеднички се жнеело и вршело и се складирало во импровизираните скривници.[50] Во тоа молскавично жнеење, голем дел од снопјето жито по нивите станале предмет на кражба од страна на Турците кои го земале од христијанските ниви и го препродавале во Ресен.[51]

---

стапица, но да им остават на Турците сами да продаваат кому сакаат, зашто тие и така нема да платат. Десетината остана непродадена. И на трговците христијани им се одговорило одречно кога ја прашале Организацијата дали и тие да се впуштат во таа работа. Тоа го забележале и турските трговци-спахии, па и тие не се одлучувале да купат плашејќи се од четите. (Исто, 125).

49 „Мешаните села се извинуваа дека комитите присилиле некои нивни луѓе да востанат. По изгорените села, откако се задуши востанието кон крајот на септември, селата почнаа да ги обиколуваат мемури кои собираа податоци за изгореното и ограбеното жито. Собираа само податоци. (Потерите го беа собрале населението по изгорените села, каде живееја на отворено, под урнатините и напикани в слама)“. (Исто, 124).

50 Оваа акција траела 10-тина, а во некои села, Кривени, Лева Река, Круше, Златари и 15-ина дена по 20 јули. На некои места селаните не можеле да одат на жнеење, како на пример во Подмочани, зашто околните села таму биле турски. Во Покрвеник, Дрмени, Перово се жнеело само неколку дена. Набрзо станало невозможно да се жнее дење, зашто почнале почесто да минуваат турски војски, па така се одело на жнеење ноќно време, по месечина и по темница. „Кога почна востанието, кажува Арсов, некои села имаа ожнеано, некои штотуку почнале, а некои немаа ни почнато. Жените жнееја, мажите врзуваа. Во група од 50-100 жени одеа да жнеат на едно место, потоа на друго. Сопственоста не се гледаше. Вршењето се одвиваше во селото и надвор од селото.“ (Исто).

51 „Во тоа време сите Турци од Ресен и од селата постојано пренесуваа снопови во градот и тоа главно од христијанските ниви. Се наполнија амбарите. Ѓупците (Цигани) кои никогаш ништо немаа, сега имаа илјади оки жито. Заради тоа житото во градот поевтини: 30-40 оки жито се продаваше за пет

Одредени количини од ожнеаното жито селаните го носеле на мелење во водениците заради задоволување на тековните потреби од брашно. Во овие рамки, товар од пет-шест коњи со жито од селото Покрвеник воден од неколку жени бил упатен до евланските воденици да се сомеле. На патот кај селото Лавци, жените биле пресретнати и им било одземено житото. Една од жените се вратила назад за помош и им кажала за случката на групата четници кои оделе зад нив за да видат како ќе поминат покрај турското село. Во селото брзо се дознало за настанот. Војводата Арсов ги собрал сите момчиња од Покрвеник и од околните села, 70 души, и се упатиле кон Лавци за да ги заплашат Турците, а доколку се спротивстават било одлучено да им го запалат селото. За да се одбегне таквиот несакан развој на настаните, Турците им го вратиле на жените ограбеното жито, а овие продолжиле кон воденицнебо. Притоа, за секоја сигурност четата се доближила до селото, а војводата испратил „едно момче со едно мало револверско патронче в рака, знак дека е испратено од четата, да им каже или мирно да седат кога минуваме ние покрај селото или пак и ние ќе правиме што умееме. Турците се исплашија и сите ветија дека ќе мируваат“, вели Арсов.[52]

По спроведената заштита на карванот со жито од Покрвеник, Славејко Арсов придружуван од 30 души (по двајца или тројца од од секоја чета) прво заминал во Лескоец, а потоа заедно со Јоше отишле во Стење. Во Лескоец сликата била охрабрувачка. Селаните си ги работеле своите работи и се радувале дека „слободата веќе дошла“, а војводата бил дочекан прилично љубезно.

Стенчани биле одредени да внимаваат на друмот. Така тие донесле кај војводата Арсов еден човек од Корча со писма од Битола. Писмата биле со турско писмо и не можеле да ги прочитаат, но сепак утврдиле дека се однесувале на трговија. Истовремено, од истиот човек, добиле информација дека Битола е опколена со многу војска, дека војска има и во градот, дека и меѓу Турците и меѓу христијаните владеело големо неспокојство.[53]

Во еден извештај стои: „Упропастувањето на словенските села, уништувањето на словенското население и секакви зулуми над овој дел што останал уште жив, продолжува постојано од стра-

гроша, по три до пет пари оката. Жито продаваа и турските војници, кои добиваа дел од Турците кои крадеа од христијанските ниви додека овие чуваа стража.“ (Исто, 125).

[52] Исто, 123-124.

[53] Исто, 125-126.

на на турската редовна војска која во оваа работа ја помага одлично башибозукот и другите обични муслимански групации“[54].



Четата на војводата Славејко Арсов[55]

Дополнителна вознемиреност и насилства ќе се случат заради атентатот на рускиот конзул во Битола А. А. Ростковски, чии убијци биле брзо фатени и обесени. За овој настан некои од конзулите во Битола, можеби под тогашната импресија, кажуваат дека „е крвав како толку стотици други, но по своите последици покрупен отколку сите други заедно“.[56]

---

54 *Илинденски зборник 1903-1953,* ред. одбор: Љ. Лапе, К. Миљовски, Д. Мире, Д. Митрев, док. 25, ИНИ, Скопје 1953, 72.

55 ЦДА-София, ф. 771к, оп.2, а.е. 354.

56 А. А. Ростковски бил убиен на 26 јули/8 август 1903. Генералниот српски конзул во Битола, М. Г. Ристиќ, во писмото до министерот за надворешни работи на Србија, Љ. Каљевиќ, датирано на 29 јули 1903, ќе напише: „Овие се причините за убиството на Ростковски: крајната разбоздисаност на Турската Царевина; крајната недисциплина на војската; распалениот турски фанатизам до неверојатни граници; потполниот неуспех на големите држави во сизифовската работа на воведувањето реформи во Турција; мака во која и овдешниве претставители на големите држави се наоѓаат лично заради својата сопствена положба овде во правецот на подобрување положбата на христијаните; грижата нивна барем по прашањето за поздравувањето да го запазат својот авторитет кај овдешниве христијани; потполно неоснованото турско тврдење потсилувано и од грчката група, да ја доведат денешнава буна во врска со неодамнешното патување на пок. Ростковски во прилепските

Пред настаните во Битола, додека Славејко Арсов престојувал во Лескоец, на 23 јули/5 август било нападнато и по неколкучасовна битка изгорело селото Дупени - сите 75 куќи колку што ги имало. Била ограбена црквата и убиени 6 стари луѓе. Селската чета, околу 40 души, заедно со населението се повлекле во планината. При повлекувањето оваа чета заедно со четата на Олчев која дошла на помош, постојано воделе борба. Турците целосно го ограбиле селото и се што поседувало населението - скриените работи, сите овци и говедата итн.[57]

Првично востаничката иницијатива била евидентна во целиот Битолски револуционерен округ, а во тие рамки и во Ресенско. Иако било предвидено востанието да има партизански и долготраен карактер, уште на почетокот добило општонароден масовен карактер. Во востанието на еден или друг начин, се вклучило или било присилено да се вклучи сето селско население; тоа прераснало во масовно востание. Во првиот момент, и покрај бројните сознанија за подготовките на истото, сепак во извесна смисла османлиските власти се нашле затечени и нивните првични акции биле насочени кон укажување помош на загрозените гарнизони во востаничките реони. Независно од исходот, по преземената акција во приквечерината се повлекувале во градот, патем опожарувајќи по некое село.[58]

Токму затоа, во Горица, реонското раководство на Ресенскиот реон предводено од Славејко Арсов ги собрало сите околни чети со стотина момчиња. На ова собрание, Арсов им зборувал за првите успеси на востанието, за ползата која се очекува, макар што е можно турските војски да дојдат и да нападнат, но сепак потоа ги очекува слободата. Покрај охрабрувачките зборови Славејко Арсов, секако им дал и практични конкретни наредби: будно да внимаваат на друмот, да не минува никој, овде-онде да го разурнат за да не може да се движи единица за снабдување артилерија, да го приберат и житото и да го ставаат на сигурно место и „да не гледаат мое-твое, личната сопственост сега да не се гледа... Ги со-

краишта кога одел да се прошета со својата жена и ќерка; пак потполно неоснованото турско тврдење и она подбуцнување на грчката група дека Ростковски со својата фамилија отишол во Буковскиот манастир само за тоа за да има отаде полесен допир со комитите, макар што тој со години таму го врвеше летото кога не беше на отсуство“. (*Илинденски зборник 1903-1953*, ..., док. 9, ИНИ, Скопје 1953, 25).

[57] „Славејко Арсов“, 126.

[58] Х. Силянов, *Освободителните...*, том I, 359-360.

ветувавме да си потскријат по нешто од покуќнината и облеката, зашто во тие села се уште Турците немаа преземено никакви мерки". Од своја страна селаните ги изнеле пред војводата информациите со кои располагале: дека во Корча Турците биле многу исплашени, дека чекале востаниците да ги нападнат, дека ноќно време се чувале само себеси, да не бидат нападнати и дека не ни помислувале тие да нападнат. Најважна информација била дека во Корча немало војска, така што барем од таа страна да бидат посигурни.

Од Горица, Арсов се враќа во Покрвеник, додека војводата Спиро Олчев се наоѓал во Евла и од таму ги известил дека на 25 јули (7 август, н. стил) било опколено од турска потера и изгорено Петрино кое имало 13 куќи. Селото доживеало ужасна трагедија: се било ограбено, живата стока отерана, еден човек убиен, жените изнасилени, а сноповите по нивите запалени.[59]

Вознемирен од добиената вест, Арсов ги собрал момчињата и заминал во Евла да види што се случува. Таму се распоределе, поставиле стража и се подготвиле да ги пречекаат Турците. Дури вториот ден, околу ручек се појавиле околу 130 турски војници60 кои биле одбиени од страна на востаниците. За истиот настан Христо Силјанов запишал: „Аскерот пристигна на 9 август во Евла, пресретнат од истрелите на пушките од месната чета под водство на Спиро Олчев и од реонската на Сл. Арсов — вкупно околу 220 души."[61] На помош на турските војници им пристигнале три силни потери. Четите предводени од Арсов воделе битка речиси четири часа, но според зборовите на Арсов, морале да ја прекинат борбата „за да не ги потрошат патроните", но веројатно и заради помногубројниот и подобро вооружен турски аскер.

Во меѓувреме селаните беа изнесле сè од селото и избегале в планина.[62] Турците влегле во селото, опожарувајќи ги куќите и

[59] „На 7 август еден аскерски одред, идејќи од Охридско, го опожари малото село Петрино и испрати до селаните во Евла известување, дека им дава еден ден рок да го предадат оружјето — инаку ќе им го изгори селото." (Х. Силянов, исто, 375; „Славејко Арсов", 127).

[60] За овој настан Арсов вели: „Најпрвин фаќаат еден Влав од колибите кој им покажува скришна патека. Наближија до самата стража. Отворија оган, им притекнавме на помош и ги одбивме Турците. Потерата, бегајќи, среќава и убива жена со 3-месечно дете и еден старец". („Славејко Арсов", 126).

[61] Х. Силянов, исто, 375.

[62] Пред да биде селото опожарено селаните се извлекле. „Војската слезе во Евла и го опожари целото село — и куќата на Турчинот Шефки." (Исто).

сеното. Така ќе изгори целото село Евла кое броело 60-64 куќи.[63] Меѓу опожарените куќи била и куќата на Турчинот Шефки кој бил одведен и заточен во Мала Азија од каде што не се вратил.[64] Откако заминале турските војници, Арсов со четниците се враќа во селото. Во битката не бил убиен ниту еден четник, а Турците имале околу 36 мртви.[65]

Селаните од Евла, не биле многу загрижени за изгорените куќи и заминале да логоруваат во планината заедно со оние од Дупени. Животот во логорот бил заеднички – немало „мое-твое“, односно го почитувале барањето на Арсов, дека во такви услови не треба да се гледа сопственоста туку заедничкото преживување. Житото и брашното биле заеднички и според направениот список на сите селани им се давало брашно и сол. Истовремено биле поправени изгорените воденици и тие по потреба мелеле жито. „Се колеа овни и се делеше месо - варено или неварено“. Сите селани биле под командата на селскиот војвода, а четата била должна да го заштитува населението. Таа чувала стража околу логорот, ги придружувала жените кога оделе ноќно време да жнеат, мажите кога оделе да врзуваат и да ги пренесуваат сноповите. Таквата работа ја извршувале оние кои не биле опфатени во четите. Селскиот војвода бил главниот организатор на животот во збегот. Стражата била под негова команда, тој определувал кои од луѓето ќе жнеат, кои ќе вршат, кои ќе копаат дупки за собирање на житото, кои ќе бидат придружба и сл. За помошници во оваа организаторска работа тој си избирал луѓе од „неопфатените". Истиот начин се применувал за сите селани од опожарените села собрани на едно место. Сите му се покорувале на селскиот војвода, кој имал право да тепа, да критикува, а за поголема недисциплина и да се обраќа до реонското началство, т.е. до Арсов или до Панајотов.

Така продолжувал животот во збеговите до средината на септември. Овде-онде се случувало Турците да нападнат, така што ваквиот начин на живеење привремено се нарушувал, за потоа пак да продолжи. Така на пример - кога ќе се покажела потера, лого-

---

[63] М. Пандевски, *Илинденскоѿо...*, 275.

[64] За тоа Силјанов ги пренесува зборовите на војводата Спиро Олчев: „Исправен пред опожарената си куќа, Шефки беј велеше: Гори, гори, куќо, русинот ќе те прави...”. Шефки, како многу други Турци, веруваше, дека востанието е со поддршка дело на „московјаните”. Ама, неговите надежи во Русија не се обистинија. По востанието тој беше затворен, осуден како предавник и заточен во Мала Азија, каде што и умре.“ (Х. Силянов, исто, 375).

[65] „Славејко Арсов“, 126-127.

рот се растурал, луѓето се распрснувале низ планината, а по ден-два повторно се враќале на старото место. Арсов и Панајотов заедно со другите војводи и четници вовеле и спроведувале строги правила кои секој морал да ги почитува и било какво нарушување на редот, кражба или проневера биле казнувани.[66]

Со распоредите и, воопшто со грижата, потоа со информациите и новините добиени од Штабот, со кого одржувале врска преку курири, духот на населението сѐ уште бил бодар, исполнет со надеж дека „Силите“ нема да го остават. Но, влегувајќи од село во село, османлиските војски оставле опожарени домови и пустош. Така, на 11 август, додека војводата Арсов се наоѓал во Подмочани, настрадало и селото Покрвеник нападнато од 1300 војници.[67] Малубројните селски чети, Покрвенска и Перовска - 50-60 души пружиле отпор но биле разбиени од страна на многубројниот турски аскер. По два-три часа битка, војската влегла во селото (30 куќи), но го нашла сосема пусто. Го запалила и заминала. Таму немало жртви.

Истата војска го нападнала и чифликот Волкодери, христијански чифлик со осум куќи, кој исто така бил напуштен. Така бил опожарен целиот чифлик и сите стогови сено во полето, додека пак сноповите со жито не ги гореле, освен во Петрино и Крушје, „зашто Турците го почитуваат и за грев го сметаат неговото уништување.“ Од Волкодери војската го продолжила патот кон Перово, но таму се било испразнето и скриено во трската (еден ред трска, па дрва, пак снопови од трска, попреку пак трска, а одозгора штици и врз тоа скришно се ставало жито, алишта и др.). Од 70 куќи, пет останале неизгорени, а бил ограбен целиот добиток.

Жестоки борби во Преспанскиот реон (Долна Преспа) се развиле на 11 август во кои се вклучиле одредите на војводите Кокарев, Илиев, Андреев и повеќе селски чети. Турската војска до-

[66] „Имаше случаи кога требаше да казнуваме, вели Арсов. Во Дупени се случи едно момче да го рани помошникот на селскиот војвода (од невнимание пушката пукнала). Момчето се казни само со ќотек, во присуство на 5 чети и на селаните.“ Имало казнувања за кражби со јавна критика и опомена итн. (Исто, 128).

[67] „На 11 август аскерскиот одред од 1300 души ги нападна четите на Покрвеник и Перово, ги одби, слезе во Покрвеник и го опожари селото. Истото го направи со чифликот Волкодери, каде ги запали сите снопје наоколу. Истата војска продолжи до с. Перово, го опожари, го опожари и соседното селце Лавци и со ограбениот добиток на опожарените села се врати вечерта во Ресен.“ (Х. Силянов, *Освободителнитѣ борби...*, 376).

била засилување од кај Лерин. Потоа започнало масовно одмаздување. Биле опожарени селата Љубојно и Брајчино. Во жестокиот бој на просторот меѓу селата Долно Дупени и Брајчино загинале војводите: Никола Кокарев и Велјан Илиев (Пенчо). Со нивната смрт востанието во северниот дел на Долнопреспанскиот реон било обезглавено.[68]

По опожарувањата на селата Покрвеник, Волкодери и Перово од Горна Преспа, вечерта војската се вратила во Ресен. Ограбените алишта и покуќнина ги складирале во една џамија во Ресен, а другото се продавало во чаршијата.[69]

Другиот ден, на 12 август, востаниците влегле во големото и богато влашко село Маловиште, а војводата Славејко Арсов одржал собрание и веднаш ја организирал месната управа. Истовремено се формирала и селска чета од 20 души на чело со војводата Стефан Барџик.[70] Барџик кој бил активен и посветен на работа на ослободителното дело го дочекал војводата Арсов во маловишката црква, каде го информирал за подготвките што ги вршел со селаните во Ѓавато. Сметајќи за потребно да зборува пред селаните во Маловиште, Арсов во селската меана одржал собир каде биле повикани „сите селани-Власи, меѓу нив и гркоманските Власи". Меѓу другото, тој им ја објаснил целта на востанието, зошто порано биле понастрана од нив и дека сега веќе нема зошто да ја кријат единствената цел – ослободување од османлиската власт и тиранија без оглед на црквата и народноста на која припаѓале. Истовремено, тој им сугерирал да останат во селото. Раководното тело, во кое влегол и Барџик, добило задача да помага и да ги снабдува со потребните работи востаниците.[71]

На 13 август Арсов се враќа во Евла, а веќе следниот ден, на 14 август бил во Болно. Народот од Болно бил заклонет в планина, а во селото и по нивите слегувале само за вршидба по сел-

---

[68] Х. Силянов, *Освободителнитѣ борби...*, 380.

[69] „Најмногу купуваа циганите и дебарчаните, кои намерно доаѓаа од Дебар да купуваат алишта и добиток. И со цели сурии добиток и други работи, се враќаа заедно со војската, кога заминуваше за Охрид." (Исто).

[70] *Турски документи за Илинденското востание,* док. 77, ДАРМ, Скопје 1993, 116-117.

[71] Раководното тело во Маловиште требало „.. да собира помош во облека, да доставуваат потребни работи за четата, особено сол, ѓон за опинци, да ни мелат брашно, некои имаа по 12-13 воденици, а нашите воденици беа изгорени, да им помагаат со што можат на 200-те души од Ѓавато кое беше изгорено и од кое еден дел беше дојден во Маловиште, а друг *во* Смилево. Тие ветија сè. Тоа беше на 12 август." („Славејко Арсов", 130).

ските гумна. На излезот од Болно, Арсов со четата забележале еден караван. Војводата испратил едно одделение од 10-тина момчиња да го фатат и да го донесат караванот кој пренесувал различна трговска стока (шеќер, сапун, кожи за опинци и др.), девет натоварени коњи. По неколку дена христијаните трговци биле пуштени заедно со стоката.

Уште при самото доаѓање во Болно на 14 август, Славејко и четата слушнале пукотници и топовски грмежи кои доаѓале од турската опсада на Смилево.[72] На 15 август започнува голема воена акција на Турците при што востаниците биле опколувани со далеку помногубројна и подобро вооружена сила, а невиното население изложено на невидени ѕверства. Уште од почетокот биле опожарувани и ограбувани (она што останало да се ограби) македонските села. Но, опожарувањата не престанувале: Болно, Лева Река, Подмочани, Крушје, Дупени, Петрино, Евла, Покрвеник, Волкодери, Перово... Па следувало Златари.[73]

Турската војска околу пладне на 16 август влегла во Златари. „...Се слушнаа пукотници, а потоа се покажа чад... Го изгореа селото, ограбија што најдоа, отепаа еден старец на 110 години, дедо Нечо. Во тоа време селаните од Златари беа во планината, над селото, така што се наоѓаа меѓу два реда војска, еден над нив во планината, а другиот долу во селото“.[74] Златарската чета била со селаните, во Златарска Планина, но не се осмелила да отвори оган за да не ја навлече војската кај селаните кои заедно со покуќнина се засолниле в планина. Од истите причини не смеел, да

[72] На 15 август (св. Богородица) утрото, на врвот од Болно, без да се сетат дека пукањата се слушаат од Смилево, мислејќи дека некоја од четите се бори во Златари, Славејко Арсов со момчињата тргнал на помош. Поминале покрај Избишта, ги зеле четите од Јанковец и по ден го поминале патот, додека Турците избегале кон градот. Близу Кривени им се придружиле четите од Лева Река и Крушје - 20-тина души. Откако наближиле до Бигла, забележале како таму се движат поголеми групи Турци - кавалерија и пешадија. Четата се заклонила и во меѓувреме, слушајќи ги плотуните на турската артилерија, примила вест дека Смилево е опколено. („Славејко Арсов“, 130-131).

[73] На 16 август, откако војската веќе ги разбила востаниците над Смилево и „беше ја поплавила Бигла планина“, еден турски одред слегол во Златари и го запалил без да има отпор од другата страна. „Истото го направи и со селото Кривени. Согласно распоредот на реонското раководство, селските чети веќе ја избегнуваа одбраната на селата, прво бидејќи непријателот дејствуваше со многу големи сили и второ, бидејќи и тие и ренското раководство мислеа, дека без престрелки одмаздите на војската ќе бидат помали.“ (Х. Силянов, *Освободителните борби...,* 376).

[74] „Славејко Арсов“, 131.

пука ни Славејко Арсов иако имал 60 вооружени души. Истата војска спокојно влегла и во Кривени каде запалила неколку куќи, но таму немало настрадани, ниту ограбени бидејќи се што вредело селаните претходно заклониле во планината. Така по опожарувањата во Затари и Кривени, војската се вратила во Ресен.

Но, на планината Бигла се движела далеку помногубројна турска војска која трагала по збеговите. Така, истиот ден попладнето пронашле околу 700-800 жени и деца од Смилево и Ѓавато, кои ги протерале кон влашкото село Гопеш, на битолскиот пат, па во Битола.[75]

На 18 август, околу стотина души башибозук, од градот и околните села, дошле со 40-50 коли во покрвенското поле да ги соберат сноповите од нивите. Четите ги нападнале, почнала битка која траела два-три часа. На помош дошла четата од Евла (10-15 души). Во борбата биле убиени четворица од башибозукот, а паднало едно момче од Перово. Пристигнале и војници од Ресен, така што четите морале да се повлечат во планината. Турците ги зеле колите и мртвите, на враќање минале низ Дупени и нашле околу 10-ина гумна со снопови. Нив ги напуштиле селаните кога ги чуле пукотниците и избегале в град.[76]

На 21 август, Славејко Арсов дошол во Евла чие население се наоѓало во логорот. Селаните постојано слегувале во изгореното село и вршеле на гумната. Покрај прегледот на состојбата, тој таму преврзувал и некои ранети.[77] Тука добил информација од двајца Власи дека кај нивните колиби, источно од селото, се наоѓаат околу 400 души војска со планински топови и дека за некоја

[75] Исто, 132.

[76] На 18 август селските чети во Покрвеник „не се воздржаа и нападнаа стотина души башибозук, дојден со кола за да ги открадне снопјето од нивните ниви. Четата од Евла им дојде на помош. Неколку од башибозукот и еден востаник паднаа убиени. Пристигна од Ресен војска, ги отфрли четите и ги однесе во градот своите убиени и селските снопови“. (Х. Силянов, *Освободителнитѣ борби...,* 376).

[77] „Имаше ранети жени од Дупени, кои ги преврзував при секое одење. Меѓу нив имаше и една ранета во двете нозе, здробени и беа колената, ја удрил куршум кога бегала од селото. Друга беше ранета во стапалото, трета во десната рака и левата нога. На една баба куршумот и дошол до крстот, отворил голема дупка, па внатре се наоѓаа парчиња од облеката. Ја преврзував пет-шест пати, постојано вадејќи парчиња“. Арсов раскажува и случај за една ранета жена која не можела да се движи, а ја негувало нејзиното единаесет годишно девојче. И двете станале жртви на насилство кога војската поминувала по патот „...ги обесчестиле ранетата жена и девојчето. Другиот ден дошле други и го повториле истото ѕверство“. („Славејко Арсов“, 133)

потреба во Ресен испратиле 10 кавалеристи. Во текот на ноќта овчарите забележале дека преку планината Асанџура (Галичица), од Охрид кон Ресен се движи голема војска. Сето тоа укажувало на турска офанзива со поширок опсег. Затоа, Арсов веднаш ги повикал четите и им кажал да не ја откриваат својата положба доколку се наближи војската, да не пукаат, да не ги разнат војниците бидејќи тоа би бил повод за уште поголемо насилство врз селаните, а на селаните им порачал „да не бегаат, туку подобро да стојат во група, па белким така непријателот помалку ќе ги тормози и убива". Потоа ги прибрал момчињата - 60 души кон кои се придружиле уште 20-30 души, но набрзо по тргнувањето биле приметени од турската војска, на која ѝ се придружиле и други војници од Ресен.[78] И покрај силната потера, Арсов успеал да се пробие низ обрачот, а дел по дел се пробиле и неговите момчиња. Тука се нашле околу 200-300 четници од Покрвеник, Перово, Подмочани, Горна Преспа, така што потерата престанала да ги гони.[79]

Во меѓувреме, еден дел од евланската и од дупенската чета останале во селото Евла, кај што селаните уште го вршеле житото. Тие не биле известени за тоа што се случило, така што биле изненадени од потерата. И покрај се, успеале да се повлечат кон Болно. Војската влегла најпрво во селото, собрала кого пресретнала, а потоа го пронашла логорот на селаните. Војниците се растуриле по планината и почнале сѐ да ограбуваат и да собираат. „Тука почнале ѕверските жестокости - обесчестувале жени, деца, потепале многу народ".[80] Утредента едно поголемо одделение од војската ги спровело сите фатени во Ресен.

---

[78] За тоа Арсов вели: „Дури се свртевме, Турците веќе се јавија со пукотници и се покажаа на сите врвови на Асанџура, половина час над нас. Пукањето значеше и знак за војската во Ресен, да тргнат и тие и да го стегнат обрачот. Кога ги чувме пушките, тргнавме на ризик и тие не видоа. Се упативме кон Покрвеник, минувајќи покрај Стипино и Лавци. Ние не знаевме дека доаѓа војска и од Ресен. Во едно долче над Стипино застанавме да се одмориме. По одморот, кога наближија пукотниците, станавме да го продолжиме патот кон Покрвеник и забележавме како од Ресен доаѓа многу војска." (Исто, 133).

[79] Војводата Арсов вечерта се сретнал со четите од Покрвеник каде разбрал дека еден дел од неговите момчиња (20-30) бил во Перово, а друг во Дрмени. (Исто, 134).

[80] „Таму подоцна се најдоа многу човечки глави, додека труповите ги немаше. Беа заклале 200 овни, над 50 говеда, се хранеле и оставиле многу месо, па се наоколу смрдеше. Тука се отепани четворица од Дупени, едно момче од Лавци, двајца мажи и една жена се ранети, отепано е и едно момче од Ресен и четворица беа исчезнати. Подоцна им се најдоа главите. Сите жени, до ед-

Од 21 август натаму за Ресенско настапиле страшни моменти. Војска придоаѓа масовно од кај Галичица и Бигла, како и од Битола. Несигурни станале и најнедостапните планини и најгустите гори. Аскерот ги откривал еден по друг логорите на семејствата и се оддавал на прекумерни ѕверства. Во логорите на Евла, Перово и други села дошло до масовни изнасилувања на девојки и жени. Обесчестени, ограбени од сѐ што им беше останало, оставајќи ги во логорите труповите на убиените и испозаклани свои блиски, семејствата биле принудувани од војската да се приберат во неопожарените села и во градот. На овој начин, турската власт, од една страна, се претставувала пред конзулите — веќе сериозно заинтересирани — дека се грижи за судбината на населението, а од друга, разделувајќи ги семејствата, можела да прави морален притисок врз востаниците и да ја забрза нивната капитулација.[81]

Во втората половина на август во Ресен пристигнале три одреда војска и броен башибозук, вкупно околу 600 души со цел да ги задушат востаничките сили во реонот. Согласно со општиот план на дејствата во Македонија, турската војска ги опкружувала селата, па со силен оган ги напаѓала и откако ќе ги совлада востаничките сили се насочувала врз населението, започнувале бесчесностите и грабежите и нападот завршувал со палежи на селата. Така, Турците „се нафрлаат врз околните невооружени мажи, врз жените и децата и убиваат кого ќе пресретнат, обесчестуваат жени и девојки, ги опожаруваат неизгорените села и шуми и го забираат добитокот, сочуван од претходните им акции. Случај во селата... Крушје, Лева Река, Кривени, Златари, Болно, Подмочани, Евла и др.“.[82]

За настаните кои се случувале и за турските одмазди во Македонија, меѓу кои и во Ресенско, известува и српскиот конзулат во Битола, каде службеникот запишал: „Порано јавив за изгорените села во оваа област. Народот побегнал в шума, но сега таму се наоѓа војската и прави над него стотици разни ѕверства“.[83]

---

на беа обесчестени. Едно момче од Дупени се биело мошне добро - испукало околу 60 патрони.“ (Исто).

[81] Х. Силянов, исто.

[82] *Даме Груев, живот и дело,* 2 част, ..., док. 118, ..., 610 - 611.

[83] Така, во извештајот (5 септември 1903) понатаму се набројува: „Во селото Болно зела војската десетина жени, ги соблекла голи, ги терала така голи по шумите, напаѓала на нив и најодзади неколку од нив убила. Истото тоа било и во селото Евла. Во Златари убиле 15 жени и деца, во Крушје двајца стари, а во Лева Река четири. Старите од Златари барале дозвола од власта да можат да работат по нивите; овие им го дозволиле тоа, но утредента од

Особено ревносно во интерес на турската војска и како нејзина десна рака во вршењето насилства врз македонското население се однесувал албанскиот башибозук кој формирал одред од околу 700 души. Тој преку реката Девол се уфрлал во селата Нивици, Граждино, Орово, Дреново и во други места во Долна Преспа. Војводата Андреев испратил неколку чети за да го заштити христијанското население.[84]

Во периодот меѓу 20 август и почетокот на септември во Горна Преспа се случиле неколку остри судири проследени со опожарување на неколку села, збегови, убиства и бесчестија на беспомошни селани итн. Со вакви злосторства, меѓу другите, се истакнал и заставникот Нијази[85], родум од Ресен, кој по востанието ќе добие високи чинови и како мајор Нијази-бег ќе биде еден од водачите на Младотурското востание во 1908 година.[86]

Во почетокот на септември во Долнопреспанскиот реон востаничките сили веќе не биле организирани. По преземањето на масовни репресалиии од страна на аскерот и башибозукот населението се криело. На островот Ахил бил организиран збег со обезбедување од неколку чети од реонот на Мала Преспа.

Во Ресенско четите од селата се повлекувале во планините. Според планот четите требало привремено да се заклонат, зашто доколку се спротивстават повеќе ќе му се наштети на населението. „Турците имале намера да го донесат в град сето население од неизгорените села и на тој начин да влијаат врз наоружаните останати во четите. Оние што беа фатени по селата почнаа да ги убедуваат своите роднини во четите да се предадат“.[87]

---

16 лица, 14 се истепани, а само двајца се спасиле со бегање за да и јават на власта во Ресен. Таму им е речено дека комитите ги истепале тие селани. Кај село Подмочани имало судир, од војниците имало 27 мртви а од востаниците пет. По битката аскерот го нападнал мирниот народ и убил преку 50 старци и деца“. (*Илинденски зборник 1903-1953,* ИНИ, Скопје, 1953, 75).

[84] В. Стојчев, исто, 465.

[85] По опожарувањето на селото Евла, една турска чета, командувана од Нијази бej, отишло во мешаното село Дрмени. Нијази беј се упатил „кон куќата на војводата Спиро Олчев и зел да га гори. Тогаш се изпречија пред него месните турски првенци и му кажаа: — Попрво убиј не нас и после гори ја таа куќа. Од Спиро ние не сме виделе никакво зло, а добро сме виделе. Кога треперевме од востаниците, тој ни врати едно стадо овци, кои една чета беше ги ограбила. Нијази се потчини на вољата на месните Турци“ и така Дрмени не настрада. (Х. Силянов, *Освободителните борби...,* 377).

[86] *Историја на македонскиот народ,* кн. 3 ..., 345.

[87] „Славејко Арсов“, 135.

Четите се собрале во Покрвеник од каде решиле да се разотидат во разни насоки. Војводата Спиро Олчев со 100-тина души отишол кон Корча, а Петруш Стрезов со 40-50 души низ Галичица (Асанџура) се насочиле кон Охридско. Кочо Кочовски со четата од Подмочани, околу 80-90 души и со 500 невооружени мажи, жени и деца кои бегале од селата и несигурните збегови, тргнал кон Пелистер. Кон Пелистер се насочила и четата на Славејко Арсов. Кочовски и Арсов се искачиле на врвот „Вртушка" на 2.000 надморска височина. Таму го нашле членот на Главниот штаб, Анастас Лозанчев кој бил пристигнат во реонот, па и тој се вклучил во згрижувањето на востаничките сили и населението.[88]

Кочовски, по два дена престој на врвот на Пелистер, заедно со населението и четата тргнал назад во веќе „прегазениот" планински збег над Подмочани. Тој се зафатил во збегот да прибере и други семејства од Подмочани, Езерани и Перово[89]. Но збегот бил повторно откриен, ограбен и обесчестен. Аскерот истепал седум-осум востаници и ја запалил шумата. На 27 август (9 септември, н. стил), бранејќи го збегот загинал и Кочо Кочовски со неколку негови четници.[90]

---

[88] Х. Силянов, исто.

[89] „Кога стигнавме во Перово со Гошета, кажува Арсов, носевме со себе 5-6 товари брашно од складот на Подмочани. Луѓето живееја во трската, во блатото, не смееја да излезат надвор. Над 200 селани од ова село беа на малото островче - прегладнати. Се хранеа со варена пченица. Заклавме пет-шест брава и им поделивме малку месо. Се најадоа, се освежија, се израдуваа што се сетивме на нив. Леб не јаделе два-три дена. Се радуваа што ќе ги носиме назад, но уште претпладнето (тоа се случуваше ноќта) припукаа пушки, видовме огнови во шумата и сфативме дека Кочо е опколен и дека таму ќе има жртви." („Славејко Арсов", 137).

[90] Кочо Кочовски имал задача во Езерани да ги собере таму сите жени и мажи од Подмочани и да ги однесе во логорот над Подмочани. „...Мислевме дека таму е подобро. Јоше отиде во Перово со иста цел. Се обидувавме повторно да ги собереме селаните од Подмочани: речиси половина храна од ова село остана неожнеана, па постоеше опасност да пропадне. Требаше не само да се жнее, туку и да се собира. Откако ги зел жените, Кочо тргнал кон логорот, но в зори се нашол од сите страни опколен - откај Маловишта (до 1500 души), откај Преспа, откај Наколец, третата од Ресен - опколен од 3 страни. Кога го опколувале тој уште бил во долот кај жените и им ги кажувал дневните обврски. Стражата му јавила дека потерата е блиску. Стражата му откажала - не пукала, туку едноставно се повлекла. Кочо тргнал кон стражата, но таму веќе имало Турци. Успеал да пукне 3 пати и паднал мртов. По ова војската ги опколила жените, ги обесчестила, ги ограбила и запалила еден дел од шумата. Со едно одделение војската ги испратила жените в град.

Истиот аскер, истиот ден го нападнал и селото Маловишта сместено длабоко на Пелистер, кое било преполнето со семејства избегани од опожарените македонски села. Таму настрадале преданиот революционер Стефан Барџик (Барџо) и еден негов верен работник – Коста (Кочо). „Барџик го однеле над планината, каде ужасно го мачеле, му ги извадиле очите, му ги пресекле рацете и најпосле го дотепале. Селото настрада. Се собра од него сета жива стока од Подмочани“.[91]

По неколку дена Славејко Арсов слегол во Ресенско минувајќи низ опожарените села, да помага, да ги храбри востаниците за да истраат и да го продолжат отпорот. Но, безизлезната положба во која биле доведени започнала сериозно да го нагризува моралот на востаниците. Востаничките чети почнале да се осипуваат макар што бројот на оние најупорните сè уште не бил безначаен.[92]

---

Другата војска се растурила низ шумата, ја запалила, сретнала 7-8 четници и ги отепала.“ (Исто, 136).

[91] Исто, 137.

[92] М. Пандевски, исто, 396.

# Агонијата на поразот и смртта на Славејко Арсов

Почетните виорни налети на македонските востаници што започнале на Св. Илија 1903 година, во релативно кусо време беа заменети со страотиите на поразот. Немоќен да го запре масовното насилство и трагедијата на невиното население, на 9 септември, Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ се обраќа до владата на Кнежевството Бугарија, изнесувајќи ја тешката положба во обид дека ќе добијат некаква поддршка и помош. Во писмото се зборува за пустошот кој зад себе го оставале турските војски и башибозук, за ограбеното и изгладнето население, за жестокоста која продолжува и не и се гледа крајот.[1] Притоа Главниот штаб ја одложил демобилизацијата на четите за околу еден месец со залудна надеж дека ќе добијат поддршка од кнезот Фердинанд и бугарската влада.[2]

Говорејќи за поразните резултати од масовното дигање на населението во Преспа и Ресенско, каде луѓето биле изманипулирани, Славејко Арсов го пренесува кажувањето на Александар Панајотов. Дали од постапките на турските сили или заради очајната положба на селаните, Панајотов исто така очаен, постојано повторувал - „не направивме добро што дигнавме општо востание, а не партизанско".[3] Панајотов на крајот паднал во тешка психолошка криза и бил убиен во трската кај селото Перово, при напад на турскиот аскер на 21 септември 1903 година.[4]

---

[1] *Даме Груев, живот и дело,* 2 част, ..., исто, 610 - 612.

[2] *Даме Груев...,* исто, 18-19

[3] Предоговор на И. Катарџиев кон *Спомените на...,* 8-12.

[4] Арсов за овие настани ќе каже: „Се слушна дека и перовчани во тоа време биле опколени во трската. Оние што биле фатени надвор од трската, биле измачувани, жените ги обесчестувале пред мажите и ги принудувале сите кои биле во трската да ги молат да се предадат. Тука се предале 12 вооружени четници. Турците им зеле на селаните се што имале во трската, а селаните голи и боси се растуриле по селата. Неколку дена подоцна, тука доаѓа уште едно одделение од Островот од перовската чета во трската, виделе дека се е ограбено и растурено и кога разбрале се, поколебани од очајните селани, сите се предавале, со исклучок на селскиот војвода Тасе и Александар Панајотов (поручник). Тие не се предале, но останале во трската, а по три-четири дена го убиле Панајотов, а Тасета го фатиле. Коле Царевчето избегал, се спасил. Така завршуваат перовчани.“ („Славејко Арсов“, 140-141).

Пред жестокостите и опожарувањата, насекаде беа организирани востанички збегови како привремена заштита на раселеното население. Овие збегови низ различните револуционерни реони имале свои специфичности кои произлегувале од фактот дека водењето на востанието Главниот штаб им го препуштил, речиси исклучиво на реонските началства, и дека од нивната политичка издигнатост и снаодливост во многу зависеле и карактерот, и успесите, и слабостите на востанието.[5] Но, и покрај овие констатации однапред било јасно дека востаниците не можат самите да ја победат далеку понадмоќната османлиска војска и други нерегуларни единици. Притоа се очекувале суровости и одмазди, но речиси никој не бил подготвен на ужасот на кој бил изложен македонскиот народ во деновите на задушувањето на востанието, односно одмаздата која се срушила врз голоракото население – жени, деца, стари, изнемоштени.[6]

Збеговите во Ресенско се формирале заради засолнување на цивилното селско население, но во нив редовно престојувале четници и вооружени селани (востаници) од тие села. Тие биле бранети од востаниците. Збеговите се наоѓале сместени надвор од населените места: во планините или во Преспанското езеро. Освен тоа, како посебно организирани заедници на востанатото население, тие настанаа тогаш кога започнаа нападите и опожарувањата на селата. Значи дека збеговите како специфична форма на масовен непокор и отпор, не резултирале толку од востаничките успеси, колку од нивното повлекување пред настапувачкиот непријател.

Особена активност во заштитата на населението развил војводата Спиро Олчев кој со четата од с. Дрмени и со други четници од околните села се повлекле кон западниот брег на Преспан-

---

[5] М. Пандевски, *Илинденскошо...,*316.

[6] Како и Арсов и Силјанов го дава речиси истиот опис на страдањата на збегот крај езерото, за кое запишал: „Тешко можат да се опишат страдањата на оние семејства кои што побараа спас во трската на северниот брег на Големото Преспанско езеро и во островот, наречен ‘Град’, среде самото езеро. Многу семејства од Перово и други села поминаа извесно време во трската.“ Сместени таму без храна тие преживувале тешки моменти. „Во втората половина на септември дојде војска и ја опсади трската. Дел од семејствата, заробени на брегот, претрпеа неописливи ужаси. Пред да ги распрати по други села, Турците се им ограбија, убија некои од мажите, а жените ги обесчестија пред очите на сопрузите, родителите и браќата. После се предадоа постепено сите опсадени во трската. Тука падна убиен и поручникот Алекс. Панајотов“ (Х. Силянов, *Освободишелниша борби...*, 377-378)

ското Езеро. Тој успеал да префрли околу 2.000 души на островот Голем Град и да ги обезбеди со храна и со други средства.[7] Ги собрал сите кајчиња за да не ги искористи противникот и цел месец, на островот се живеело организирано и слободно.



Спиро Олчев[9], војвода на четата од с. Дрмени

Аскерот неколкупати се обидел да го гранатира островот, но заради далечината тоа било неуспешно. На секој истрел населението извикувало „Ура“ и „Да живее Македонија“. Меѓутоа, плашејќи се аскерот да не привлече долгометна артилерија, Олчев на 20 септември (според Арсов 20 септември, а според Х. Силјанов 27-28 септември) го започнал евакуирањето на населението, односно заминување во ограбените и опожарените родни места.[8] Така барем женскиот свет ја спасил честа, а многумина и животот. „Една ноќ со последниот чун и ние го напуштивме островот, поминавме во Малото Преспанско Езеро, го заобиколивме островчето Аил ... излеговме на брегот и се упативме кон Костурско“. Така го завршил своето кажување дрменскиот селски војвода Спиро Олчев. Тој со неколку четници по избегнувањето на повеќе заседи од Коте од Руља се повлекол во Грција.[10]

Додека Спиро Олчев водел грижа за збегот на преспанскиот остров, Славејко Арсов продолжува да ги охрабрува луѓето колку што може но сè повеќе станува свесен дека паднал духот и кај востаниците и кај населението, не само заради теророт на турските сили, туку меѓу другото и затоа што од никаде не доаѓала никаква помош, дека биле оставени на милост и немилост.

---

[7] За овој збег на островот, С. Арсов вели: „А на островот Град, тогаш веќе имаше стотина мажи, жени и деца, собрани од селата околу Преспанското Езеро. Кога Спиро Олчев отишол таму ги нашол гладни, три дни ништо не јаделе. Изгледале ужасно. Собрал брашно, месо и ги нахранил, но таму наскоро се собрале околу 1500 души.“ („Славејко Арсов“, 137).

[8] Всушност стасала вест дека аскерот очекувал полски топови и чунови од Солун за да го атакува островот. (М. Пандевски, исто, 397; В. Стојчев, исто, 466.)

[9] ЦДА-София, ф. 771к, оп.2, а.е. 445.

[10] Х. Силянов, исто, 378-380.

Обиколувајќи го теренот, на 28 август, од Покрвеник Славејко Арсов заминал за Евла. Во планината ги сретнал само четниците од Дупени, Евла и Царев Двор - „селани, жени, деца немаше, сите беа однесени в град, начичкани по 30-40 семејства во една куќа“. Тука се соочил со страшна слика: „Планината, вели Арсов смрдеше од човечките трупови и од закланиот добиток. Четниците раскажуваа дека ги закопувале убиените кои ги наоѓале низ планината“. Духот бил сосема опаднат, „четниците замислени - ги нема околу нив жените и нивните деца, немаат куќи, покуќнина, жива стока, ништо, малодушни, ја губеа и последната надеж. Охрабрувањата веќе немаа место“.[11] Дури и дел од војводите биле поколебани и ги советувале четниците да одат и да си ја бараат стоката бидејќи имало прокламација во градот, секој што имал загубен добиток да оди да каже. Се ширела пропаганда дека селаните треба да се предадат, па им било ветувано дека се ќе им биде простено. „Момчињата тоа не го прифаќаа и беа против“ вели Арсов, така што ги повикал сопотската, кривенската, златарската, леворечката и крушенската чета, вкупно 150 души и ги бодрел да издржат, „според примерот на смилевските чети, кои броеја до 200 души, според јаворчани и цапарчани кои и покрај многуте искушенија во текот на целото востание, не потклекнаа со духот. Во Златари беа отепани 13 души,... Јас ги бодрев, особено да не го продаваат оружјето, да не одат во селата за да не се деморализираат, да одат само четници специјално пратени од војводата, за да земат храна и провизија.“[12]

Вечерта стигнало известување од Стефан, војводата од Евла, дека сите четници од Евла избегале заедно со оружјето, со исклучок на пет-шестмина, и се предале во градот.[13] Загрижен од ваквото однесување на одделни четници, Арсов веднаш ги повикал Груев и Лозанчев од Штабот кои се наоѓале во близина. Се посоветувале и решиле да формираат една чета, составена од седум-осум души, да се обиде да ги фати избеганите, за да стрелаат некого од нив, за пример на другите. Но четата не успеала да ги најде и се вратила без резултат. Тоа се случувало во почетокот на

[11] Во обид, да ги оживее малку, Арсов ги зема сите со себе заедно, околу 120-130 души. „...Отидовме на битолската планина, каде што се сретнавме со Болнската и Избишката чета. Јанковската чета веќе беше растурена. Нивното село не беше изгорено и се собрале во него. Другиот ден царевдворци останаа кај болночани, а момчињата од Дупени, Евла и Дрмени се вратија назад, да го охрабрат населението, кое беше многу очајно.“ („Славејко Арсов“, 137).

[12] Исто, 138.

[13] Исто, 139.

септември. Така, секоја чета се вратила во своето село, а Арсов заминал во Евла каде ги следела потера. „Првпат мене ме предадоа, кажува Арсов. Потерата беше тргнала кон Охрид. Нè гонеше пет-шест часа, но не можеше да нè стигне. Се дигна потера и од Петринската кула. Се искачивме на планината Асанџура-Галичица. Таму Турците не дојдоа.“ Исплашени од истата потера, таму имало и други чети: покрвенската, царевдворската и дупенската. Се јавиле пукотници и од кај Лескоец каде имало имало друга потера, но не дошло до борба.[14]

Првобитниот елан и залет се гасел пред невиденото зло и одмазда кои се сручиле врз населението. Славејко Арсов до последниот миг сака да го зачува борбениот духот на востаниците и надежта кај народот, но тоа е веќе неможно – тоа била загубена битка со која морал да се соочи. Дефетизмот и предавствата се сè позачестени.

Во градот, Турците се однесувале толерантно со оние што се предавале, за да влијаат и врз другите четници и тие да се предадат. По примерот на перовци, се предаваат и четниците од Дрмени (во различни групи, по два-три или по седум-осум). Мнозина ги сокриле пушките и се јавиле без пушки, божем четата им ги зела, божем и четата ги натерала да востанат. Гледајќи како четите постепено се распуштаат, Славејко Арсов на планината Бигла се сретнал со другите чети и за да одлучи што понатаму. Тука духот сè уште бил добар, така што тој ги охрабрил да се држат, да не се предаваат.[15]

Дамјан Груев се наоѓал во близина, исто на Бигла, од смилевската страна, на два часа пеш растојание. Арсов често се сретнувал со Груев, разговараат, ја претресуваат ситуацијата, при што заеднички констатирале дека *странска помош нема да има.* Од секаде доаѓале лоши вести - дека овде се предале, таму се предале, дека паднал духот и сл. Силното движење на војската, која почнала дури и планините да ги гори, откако пред тоа цели дивизии запоседнуваа во нив, сето тоа ги забрзувало одлуките. Така би-

[14] Сите останале собрани на планината. Тогаш одделни делови, по пет-шест души од четата на Спиро, „по негова наредба, се одделиле од четата за да се вратат назад од Остров, кај што биле и да се поврзат со некоја чета на Галичица. Овие четници многу страдале - по четири-пет дена јаделе тревки, лешници, јаболка и др. Некои од нив очајни, веќе се предавале.“ (Исто, 140).

[15] „Ги поправивме опинците на момчињата - имавме готов ѓон, а имавме и пет-шест мајстори. Се погостивме. Повторно ги пуштив четите со совет да не се предаваат. Се разделивме.“ (Исто, 141).

ла донесена одлука час поскоро да се собере оружјето, да се складира во добро подготвени сандаци, сместени во дупки, ископани од најверните луѓе на пристапни места во планината. Пушките се мачкале со зејтин и маст вазелин; чарковите се ставале во газија. Од едната страна на Бигла оваа работа почнал да ја средувале Арсов, а од другата Груев, Сугарев и други војводи. Лозанчев заминал во Демир Хисар да собере оружје колку што се може. Сарафов со група од 10 до 15 души планирал да направи во Преспанско и Леринско нови атентати со помош на месните чети на линијата Солун - Битола и, минувајќи, да го собира оружјето од момчињата. Но, акцијата не вродила со поголем плод бидејќи повеќето оружје во Преспа, Ресенско и Костурско веќе било предадено. Ѓорѓи Сугарев и Даме Груев останале на Бигла да го соберат оружјето и да контактираат со Битола. Тука бил и Ацо Дорев[16], книжар, со кого се водела кореспонденцијата бидејќи тој не бил сомнителен, а ги добивал писмата преку други луѓе.



AMNESTY FOR MACEDONIANS.

It Is Said the Sultan Will Forestall the Mixed Commission's Measures.

LONDON TIMES—NEW YORK TIMES Special Cablegram.

LONDON, Nov. 7.—According to official dispatches, says the Sofia correspondent of The Times, the issue of a general amnesty by the Sultan is imminent. It will be extended to all those imprisoned without trial in Macedonia or exiled to Asia Minor.

The amnesty is apparently intended to forestall the Mixed Commission's measures. It also presents economic advantages, since the prisons in Macedonia are full, and even the scanty fare doled out to the wretched inmates must cost something.

Славејко Арсов забрзано го собира оружјето од четите. Наведува дека некаде околу 18 септември го складирал оружјето од Златарската чета, дел и од Сопотската. Истото го направил и во Кривени, Крушје и Лева Река. Во Болно, во планината ја разоружал целата чета, 50 – 60 души. „Многумина заплакаа кога го даваа оружјето - голем беше очајот. Им рековме дека привремено го запираме востанието заради потерите и за да ги прибереме храната, жените и сл. а на пролет, ако не ни дадат слобода, ќе се бориме до смрт“.[17]

[16] Ацо Василев Дорев (1871, с. П’теле, Леринско – 19.9.1941, Битола), деец на македонското ослободително движење. Член на ТМОРО од 1897. Касиер на Битолскиот револуционерен окружен комитет. За време на Илинденското востание води биро за информации на ТМОРО, кое ги информира странските конзули и новинари за текот на востанието. По востанието се префрла во Бугарија. Од 1907 до 1908 е задграничен претставник на ЦК во Софија. Во 1908 се враќа во Битола. Во периодот од 1901 до 1913 се наоѓа на заточение во Мала Азија. За време на Првата светска војна бил член на Битолската окружна постојана комисија. (А. Г. Пелтеков, исто, 143).

[17] „Славејко Арсов“, 142.

Во исто време се разоружале и четите од Дупени, Покрвеник и Царев Двор кои исто така дошле на Бигла. Многумина заминале со оружјето кое подоцна им го предале на Турците.[18] Дезертирањето било сѐ позачестено. Постојано се намалуваат четите, се појавува непослушност и деморализација.[19]

Драматичната состојба која настанала заради опожарувањата на селата и безмилосниот терор над населението, пројавената деморализација кај поединци, апелите на власта за враќање на населението по селата, конзулските совети и гаранции за амнестија, како и гласините за нов реформски проект го наметнале прашањето за демобилизација на востаниците. Така на 19 септември/2 октомври 1903 година на една средба помеѓу членовите на Главниот штаб над Смилевската корија, била донесена одлука за постепена и организирана демобилизација, која секако ќе предизвика различни реакции.[20] Демобилизацијата предвидувала расформирање на востаничките одреди и повлекување на повидните војводи на чети надвор од Македонија. Востаничкото раководство, исто така, стапувајќи во врска со некои од конзулатите (главно рускиот и австрискиот) се заложило да им се овозможи на востанатите селани и на неборечкото население низ бројните збегови да се вратат во своите домови, со цел да се спречи масовното мигрирање. Но, апелите не можеле да го спречат масовното иселување од Македонија заради неиздржливиот терор што го спроведувал аскерот и башибозуците, особено во востанатите реони, како и некои погранични околии по должината на границата кон Бугарија. Масовните грабежи, опожарувања, насилство, со месеци биле секојдневие за македонскиот народ.[21]

---

[18] „Од четата од Подмочани не можевме да го собереме оружјето, зашто таа се предаде. Исто и Езеранската. Успеавме да складираме околу 270, а 100-тина пушки скрија самите селани. Од скриените еден склад предадоа - 105 пушки". (Исто, 143).

[19] „Во тоа време се слушна дека иде потера и ние тргнавме, а десетина како замаени, без пушки, не сакаа да дојдат со нас: 'без пушки, без леб, без имот, каде да одиме?' - велеа. Тие останаа тука, а Турците другиот ден ги отепале до еден. Тоа беше на местото 'Влашко Орниче', кај што ги собрав пушките, кои на коњи ги однесовме на Бигла. Ние ги чувме пушките кога пукнаа, кога ги отепаа луѓето. Потоа Турците ја запалија планината, патем фатиле неколкумина избиштани и болничани, ги претепале до смрт и ги затвориле во Ресен." (Исто, 142-143).

[20] *Даме Груев, живот и дело...*, 1 част, 19; В. Ѓорѓиев, *Подземната...*, 332-334.

[21] Според официјалната статистика на ВМРО, во време на Илинденското востание биле опожарени, само во Битолскиот вилает, 122 села, од кои 91 биле претворени во пепелишта. Вкупниот број на опожарени куќи во цела Маке-

Билансот од востанието во Ресенско бил трагичен. Во нахијата Ресен во периодот од 21 јули до 15 август, биле опожарени најголемиот број од христијанските села, и тоа: Крушје, Лева Река, Болно, Дупени, Подмочани, Избишта, Евла, Петрино, Езерани, Перово, Покрвеник, Волкодери, Прељубие, Шурленци, Златари, Кривени и Сботско (мешано село кое било само ограбено).[22] Покрај опожарувањата и ограбувањата, масовно биле извршени различни видови злосторство врз цивилното население.

Бројни потери го крстосувале Ресенско, при што ги барале и разоткривале складовите со оружје. „Во неколку случаи тие ги најдоа. Турците ги открија сите наши слабости, почнаа да не пресретнуваат и со помали одделенија, почнаа да се пикаат и во шумичките“. Грабежите и насилствата продолжувале, особено врз селаните кои уште не го беа предале оружјето. „Нам не ни остануваше ништо друго, вели Арсов, освен да ги собереме последните сили, да ги одбереме подобрите момчиња и да заминеме некаде, зашто и населението ни викаше: ‘тргнете се некое време, а потоа, кога ќе се смири, дојдете пак’.“ Арсов се подготвил да ја распушти четата со која бил приврзан и која му била верна низ многу тешки моменти на таа неизвесна и тешка борба за слободата на Македонија. Требало да останат само 2-3 момчиња, но момчињата не сакале да се одделат од својот војвода – „стари дејци, одеа со мене по 20-16-10 месеци. Решив да тргнам во Бугарија“.[23]

По исцрпувачките жестоки борби и страдањата на цивилното население, востаничкото раководство ја носи одлуката за запирање на востаничките оружени дејства. Во тоа време и Сарафов на предлог на Груев и по своја желба тргнал кон Леринско[24], каде имал намера да прави атентати, но во тоа не успеал. На 6 октомври, на планината Нице, Ѓорче Петров, Иван Попов и Лазар Поп Трајков се сретнале со Борис Сарафов, кој се упатил да оди во Бугарија. Сарафов ги известил за решението на Главниот штаб

донија изнесувал 9.830, а заедно со Одринско 12.440 изгорени куќи, 4.694 убиени и заклани луѓе, 3.122 обесчестени жени, 176 заробени девојки и жени. Грабежите, пустошењата и пожарите оставиле без покрив над глава и фрлиле во ужасна немаштија 70.835 луѓе во Македонија и Одринска Тракија, или приближно 12% од вкупниот број на христијанското население во востанатите реони. („Македония и Одринско, Мемоар на Вътрешната организация“, с1.1904, 250-251).

[22] „Меморандум на ТМОРО до Претставниците на Големите сили во Софија“, док. бр. 139, кај: В. Ѓорѓиев, *ВМРО...,* 454.

[23] „Славејко Арсов“, 143.

[24] *Даме Груев, живот и дело...,* 1 част, 66.

за запирање на востанието и за демобилизација на востаничките сили.[25] Целта била востанатиот народ, недоволно подготвен, со примитивно оружје, во борбата со огромната османлиска армија вооружена со модерно оружје и топови, кој покажал „голем хероизам", да се поштеди од натамошни жртви. Со тоа се штеделе и силите и кадрите на Организацијата. Во еден документ од 10 декември 1903 година, Главниот востанички штаб му оддал високо признание на пожртвуваноста и истрајноста на народот, подготвен на секакви жртви со сопствени сили да се избори за својата слобода.[26]

Набрзо по одлуката за демобилизација, Славејко Арсов се подготвил и тргнал за Бугарија, со намера да се одмори и набрзо да се врати назад, да ја продолжи борбата. Со тоа фактички завршило востанието во Горнопреспанскиот крај. „Одлуката за Бугарија, вели Арсов, ја донесов на Бигла. Се сретнав со Груев, му кажав. Секое момче го снабдив со три-четири леба, месо, сирење и со 24 момчиња, тргнав на 28 септември. Сугарев реши да остане. Уште имаше оружје за собирање и тој продолжи со таа работа".[27]

Арсов се поздравува со Груев и Сугарев во Демир Хисар. Всушност Груев ја спроведувал демобилизацијата во Битолско-демирхисарскиот регион. „Груев беше во манастирот св. Петар (Слимничкиот манастир). Таму се поздравивме". Минувајќи низ планините и селата кон исток[28], во селото Раненци, кај Ќустендил групата со Арсов го оставила оружјето и на 26 октомври, пред Митровден вечерта, ја минале границата сите живи и здрави.

Огромна река од народ се слевала како миграција во Кнежевството Бугарија – обични луѓе, четници, војводи, дејци на

---

[25] М. Миновски, *Пере Тошев,* ДАРМ, Скопје 2013, 96.

[26] Исто, 97.

[27] „Славејко Арсов", исто.

[28] Групата со Арсов патувала низ Слепченскиот манастир - па во Доленци-Брезово-Дивјаци, низ Бушева Планина во Латовско, па Сланска Планина, во Крапа се до Велешко, во селото Папрадиште, потоа во селата Нежилово, Бистрица и Черешница, „кај што не беа виделе чети, ниту знаеја за Организацијата. Стасавме до Крива Круша (Велешко), излеговме на Вардар, кај селото С'лп. Спокојно го минавме Вардар, длабок до подмишка, а оттаму стасавме до планината Брезица (Скопско), потоа во Трстенишко - во едни карпи, кај Преход во селото Сопот и денски го минавме цело Овче Поле, заради една потера од 150 души. Во селото Неманци отепавме еден стражар. Оттука во селото Соколица, Кратовско, потоа во село Куново-Којково, па под Егри Паланка (денес Крива Паланка, б.м.), и низ Китка ја минавме границата и дојдовме во селото Раненци, кај Ќустендил. (Исто, 143-144).

ТМОРО. Во текот на есента 1903 година и зимата што следеше „во Софија можеше да се проследи целото разнообразие на четничките униформи од тоа време: пелерини, обични куси наметки, арнаутски потури, фустанели ... војводи во чепкени со размафтани ракави, црвени појаси и сребрени ќустеци“.[29]

Најнапред се префрлиле серчани на чело со Јане Сандански, а набрзо ги следеле врховистичките одреди од Пирин и други чети од таа страна на Вардар: Иван Карасулијата, Сава Михаилов, Аргир Манасиев и др. „Во ноември започнаа да пристигаат и отадевардарци. Последни се прибраа учесниците во Илинденското востание.“ На различни начини и по различни канали доаѓале од Охридско, Костурско, Леринско, Ресенско, Прилепско, Битолско.[30]

Поразот на востанието, истовремено поставил бројни задачи пред Организацијата, покрај прашањето за нејзината реорганизација. Таа требало да ги надмине: последиците од Илинденското востание, да се спротивставува на надворешното мешање особено од Врховниот комитет, да ги спречува со сите средства влегувањето и дејствата на: врховистичките, српските и грчките вооружени чети во Македонија, да ги регулира односите меѓу Егзархијата и Внатрешната организација и слично. Сето тоа влијаело најпрво да се бара излез од новонастаната положба внатре во Организацијата. Најмногу време и сили се трошеле околу прашањето за нејзината понатамошна организациона поставеност и функционирањето на нејзините тела и тактиката на дејствување на вооружените сили (четите и селската милиција). Уште во почетокот на 1904 година ова прашање станало најактуелно и среде оние раководители и војводи кои се нашле во Софија и

---

[29] Х. Силянов, *Освободителните борби на Македония*, т. 2, 55

[30] Од охриѓаните членовите на раководното тело: Антон Кецкаров, Наум Анастасов (Цветинов), Александар Г. Чакров, Лука Групчев, Марко Павлов, Лазар Димитров, ја префрлиле преоблечени како работници, цела северна Албанија и дошле до Црна Гора; Дејан Димитров, Тасе Христов, Стојан Донски со момчињата влегле на српска територија, каде ги разоружале и ги препратиле преку Ниш за Софија; Смиле Којданов, откако 45 дена прокрстарил многу реони, ја поминал безбедно бугарската граница. Слично на Којдана во Бугарија се прибрал и Славејко Арсов од Ресенско. Спиро Олчев, Ангел Андреев и други од Преспанско и Ресенско се упатиле кон Грција, каде што биле влечени по затвори, иследувани и држени на леб и вода. Кон Грција се упатиле и некои други групи — Ѓорѓи Поп Христов од Леринско, Иван Попов, Михаил Николов и други од Костурско. Васил Чакаларов, со сестра си, Пандо Кљашев и Лазар Киселинчев, преоблечени како каракачани тргнале кон западна Тесалија (Х. Силянов, исто, 55-56).

оние кои останале во Македонија. Во тие дискусии и полемики се издиференцирале главно две различни гледишта кои предизвикале и постепено оформување на две струи во Организацијата. Христо Матов и Димо Хаџи Димов биле најекспонирани идеолози на двете спротивставени струи.

Една од првите средби на кои биле поставени овие прашања било Јануарското советување во Софија одржано во почетокот на 1904 година, свикано по иницијатива на членовите на Задграничното претставништво Христо Матов и д-р Христо Татарчев.[31] Покрај нив на советувањето, кое траело речиси две седмици, присуствувале претставници на комитетите и на војводскиот кадар. Меѓу нив биле: Никола Карев, Пандо Кљашев, Васил Чакаларов, Борис Сарафов, Никола Петров Русински, Георги Поп Христов, Јане Сандански, Славејко Арсов, Димо Хаџи Димов, Димитар Мирасчиев, Димитар Стефанов, Христо Чернопеев и други. На ова советување не присуствувале: Ѓорче Петров, Даме Груев, Пере Тошев, Петар Поп Арсов, Анастас Лозанчев, Павел Христов и други раководни сили.

Присутните многу внимание посветиле на прашањето дали одлуката за Востанието била избрзана, или не, дали било неопходно да се крева народот на масовно востание, кој носи поголема вина и одговорност за последиците во реоните каде Востанието имало масовен карактер и слично. Многу сериозно било пристапено и кон прашањето за карактерот на идната револуционерна и ослободителна борба, какво востание и кога да се крева востание, какви овластувања да му се определат на идниот ЦК и др. Приврзаниците на гледиштето за задржување на предвостаничкото строго централистичко уредување на Организацијата, постепено се групирале околу двајцата задгранични претставници Христо Матов и д-р Христо Татарчев. Наспроти оваа група, застанале: Димо Хаџи Димов, Димитар Мирасчиев, Јане Сандански, Димитар Стефанов и други, кои се залагале за примена на федеративниот принцип во уредувањето и функционирањето на Организацијата.

На Советувањето била донесена Директива за идната дејност на Организацијата која имала карактер на програмски документ.[32] Истата била испратена до сите революционрени окрузи. Целта на Организацијата си останувала и понатаму иста, автоно-

---

[31] Х. Матов, *Мълчаливецътъ отъ Струга...*, 114-119.

[32] Исто, 115.

мија на Македонија. Во нејзините редови и понатаму требало да се привлекува целокупното население, сите незадоволни независно од народносната и верската припадност. Но, со оглед на искуствата од веќе изведеното Илинденско востание и последиците од него во Директивата повторно децидно се нагласувал внатрешниот карактер и на Организацијата и на идното востание кое треба да биде диктирано, не од поединци туку моментот на востанието да се определува според развојот и силата на Организација. По однос на нејзината независност и против мешањето на туѓи фактори во Директивата стои јасната определба дека народот не треба да се лаже дека Бугарија или некоја друга држава ќе дојде да го ослободи, туку да се учи да се потпира на своите сили.

Што се однесува до значењето и правилното распоредување и користење на вооружената сила на Организацијата - четите и селската милиција, се бара засилена агитација за издигање на револуционерниот дух на населението, и се упатувало на тоа четите да се јавуваат како инструктори и инспектори во реоните.



Македонски бегалци во Бугарија по Илинденското востание

По ова прво пошироко советување и по донесувањето на Директивата, секој од окрузите на свој начин се обидувал да ги консолидира редовите на Организацијата и да се подготви за учество на Општиот конгрес на ТМОРО кој ќе се одржи во Рилскиот манастир. Во текот на 1904 и 1905 година сите окрузи одржале окружни конгреси. Затоа, набрзо, еден по еден, дел од дејците ќе се враќаат назад, во Македонија, сами или со чети за да ја продолжат борбата.

Во новата ситуација по Илинденското востание, со постепеното смирување на затегнатоста, Организацијата започнува повторно да ја возобновува револуционерната мрежа и да создава комитети. Во овие рамки, уште при крајот на 1903 година се организира повторното враќање на војводите од Бугарија и екипирање на чети во Македонија. Меѓу првите, во декември 1903 година[33] се враќа Атанас Бабата кој формирал чета во Кратовско и Боби Стојчев во Скопско.[34]

Потпишувањето на бугарско-турската спогодба од 26 март /8 април 1904 година дала можност огромен број од пребеганото население да се врати назад во своите домови во Македонија. Исто така, била дадена амнестија за многу учесници во востанието и во борбите.[35] Така, со настапувањето на пролетта 1904 година, повеќето од учесниците во Илинденското востание кои се наоѓале во Софија се враќаат во своите реони, за да го преземат обновувањето на Организацијата.

Атанас Бабата бил секогаш на услуга на четите што поминувале преку неговиот реон. Тоа е период на засилен продор на српската пропаганда во Македонија, така што војводите и четниците кои се враќале во Македонија морале да се соочат со таа новосоздадена ситуација. Затоа, основниот проблем кој се исправува пред Атанас Бабата била засилената српска пропаганда во Кратовско. Србоманите биле целосно ставени на услуга на турските власти и многукратно ги предавале четите на Организацијата.

---

[33] „Први заминуваат во Македонија, уште на 5 декември 1903 година, војводата Атанас Бабата од Пазарџик и на 8 декември – четата на штипскиот војвода Мише Развигоров. Во почетокот на јануари и февруари 1904 година во Македонија се враќаат уште осум војводи, меѓу кои скопскиот војвода Тодор Николов, паланечкиот Коце Алексиев, гевгелискиот Антон Ќосето, воденскиот Лука Иванов од Панаѓуриште, велешкиот Стефан Димитров и др. До пролетта на 1904 уште 16 чети веќе се во своите реони во Македонија и се ангажираат во востановувањето на Револуционерната организација“ (К. Каракачанов, *ВМРО, история на една борба,* Фондација ВМРО, Уз. Захарий Стоянов, София 2013, 71-72).

[34] Боби Стојчев (1873, Дреново – 2.4.1906, с. Лугунци, Велешко) војвода и бугарски подофицер. Се вклучува во македонското ослободително движење во 1902 година. Бил близок соработник на Борис Сарафов. Учествува во Илинденското востание. Како војвода дејствува во Штипско, Кратовско, Кумановско и Скопско. Во 1904 година ја пренесува србоманската чета на Глигор Љамев која се загнездила во Поречието. Бил протеран од Организацијата. Се враќа во Македонија на чело на врховистичка чета. Бил фатен од дејци на ВМОРО и казнет со смрт. (А. Г. Пелтеков, исто, 436-437).

[35] *Даме Груев, живот и дело...,* 1 част, 20-21.

 

Стојан Донски и Атанас Бабата[36]

Славејко Арсов не можел долго да остане во Бугарија. „Тој тука помина неколку месеци, тихо и скромно, без да дига шум околу себе си. И мислата дека треба повторно да се врати во својата, за време и по востанието, разорена татковина, никогаш не го напушти. 'Таму е нашето место, повторуваше – и таму треба сите да умреме'".[37]

[36] Атанас Иванов Димитров, наречен Бабата (1875, с. Синитово, Пазарџиско – 12.6.1905, с. Куклица, Кратовско), револуционер по потекло од Бугарија, војвода, и член на ТМОРО. Рано останува сирак и се насочува кон шивачкиот занает. Работи како калфа во Пазарџик, а подоцна во Софија. Неговите врсници го нарекуваат Бабата заради неговото крупно тело и најмногу заради неговата голема глава. Служел верно и самопрегорно на Македонското револуционерно дело од 1897 до 1905 година. Дејствувал во повеќе од 16 реони. Станува член на ТМОРО заедно со Марко Лерински, Христо Чернопеев и Михаил Апостолов – Попето. Во почетокот на 1901 Атанас Бабата е помошник војвода во четата на Петар Јуруков во Тиквешко, а подоцна истата година веќе е назначен за самостоен војвода. Учествува во прочуената Афера Мис Стон. За време на Илинденското востание четата на Атанас Бабата дејствува во Кратовско, каде води неколку тешки борби со многуилјадна турска војска. По востанието Атанас Бабата се враќа во Софија. Меѓутоа, тој меѓу првите повторно влегува во Македонија како предводник на чета за Кратовско. Учествувал на Скопскиот окружен конгрес во 1905. Водел повеќе од 30 борби и секогаш ги извлекувал своите другари здрави, иако самиот бил рануван повеќе пати. Загинал со целата своја чета во борба со турскиот аскер и башибозук. (А. Апостолов, *Злетовската област,* Собрание на општина Пробиштип, Скопје, 373; А.Г. Пелтеков, исто, 33-34).

[37] *Духътъ на Македония, сборникъ, ...*, 106.

Откако малку закрепнал од исцрпувачките маршови и борби со турските сили низ Ресенско и ги издиктирал своите сеќавања на запишувачот Љубомир Милетич, по директива на Задграничното претставништво, во јули 1904 година Славејко Арсов тргнал назад, во Македонија. Всушност, Задграничното претставништво испратило три чети за Македонија командувани од војводите: Славејко Арсов (кој бил упатен за Ресенско), Стојан Донски и Климент Групчев (кој тргнал во Дебарско).[38] По преминувањето на бугарско-турската граница кај Саса, нив ги прифатил Атанас Бабата со својата чета, ги превел безбедно преку својот реон и натаму ги придружил за Кумановско.



Четата на Атанас Бабата

Здружените чети на Арсов, Групчев, Донски и Бабата биле предадени од попот Петруш, од село Кокошиње, експонент на српската пропаганда и нападнати од турските сили. Чести биле случаите, претставниците на туѓите пропаганди, особено грчката,

[38] Климент Ив. Групчев (1878, Охрид - ?, Русе), војвода и учител. Во 1901 година бил учител во Кичево. За време на Илинденското востание влегол во четата на Јанаки (Наќе) Јанев како негов секретар. Бил член на Горското началство на Кичевско-Дебарскиот револуционерен реон. По неуспехот на востанието емигрирал во Бугарија, а веќе на 1 јуни 1904 година со чета од 6 души и 2 коњи натоварени со експлозив и електрични материјали тргнал за Македонија, кон Дебарско. Четата била откриена од турскиот аскер и разбиена во борбата кај селото Горно Ѓуѓанци, Картовско. Така Групчев, наместо во Дебарско се вратил во Бугарија. Учествувал во Балканските војни. (Х. Силянов, *Освободителнитѣ...* том I, 316; А.Г. Пелтеков, исто, 105; С. Ковиловски, исто, 61; А. Динев, *Илинденска епопеја,* том II, Скопје 1949, 99-101).

а во овој случај српската, немајќи храброст да се соочат во борба со организационите чети, истите да ги предаваат на турските власти. „Така била предадена и четата на прославениот ресенски војвода Славејко Арсов, којштo доаѓајќи од Бугарија бил опколен... во с. Ѓуѓанци, Кумановско“.[39]



Совет на војводи: Атанас Бабата, Боби Стојчев и други

Четите на С. Арсов и С. Донски, на број околу 28 луѓе се укрепиле на врвот Лингура кај с. Горно Ѓуѓанци и успеале да ги запрат Турците што ги опколиле. „Четите одвај успеале да заземат еден чукар и започнале пукотници“. Борбата траела шест часа, „од пладне до вечерта, покрај сите неповолности на заземеното место, двете чети командувани од Славко, јуначки се браниле од неколку пати посилните бесни напаѓачи на турската војска и кавалерија. По шест и пол часа Турците го задале последниот решителен удар кон четничките позиции. Тогаш бил даден знак за отстапување при чести плотуни и фрлање бомби. Повлекувањето при најнепогодни услови траело половина час“.[40]

Иако, Турците употребиле артилерија и кавалерија, сепак четите успеале да го пробијат кордонот. „Половината од четниците веќе биле извлечени кога Славко се здобил со тешка рана во ногата; но тој пак продолжил да стрела против Турците, кои веќе

[39] К. Каракачанов, исто, 97.

[40] *Духътъ на Македония, сборникъ,* ... 108.

се приближиле кон него. Со нападот на кавалеријата се здобил со втора рана во градите, и со малку сила што уште му останала, Славко се самоубива“.[41]

При пробивот на обрачот, на 9/22 јули 1904 година, паднале убиени 15 четници, а меѓу нив војводата Славејко Арсов[42], Тодор Арсов, неговиот братучед, Стојан Донски[43], „Кусо Доне“ – јунак од Шлегово, Илија Видинов,[44] ресенскиот војвода Стефан Мешков (Стефан Маврото) и други. Атанас Бабата бил ранет во борбата. Славејко Арсов, тешко ранет, за да не падне жив во рацете на турскиот аскер, сам си го одзема животот.[45]

Биле убиени 56 турски војници, а 50 биле ранети.[46]

По завршената борба, како чин на одмазда, аскерот ги убил селаните Наум Богатинов на 60-годишна возраст и неговиот момок Крало Цукевски на 75 години. Освен овие биле тепани и ограбени Иван Колев и Михаило Богатинов од с. Горно Ѓуѓанци.[47]

Малку подоцна српската шпионска мрежа е откриена, донесени се смртни пресуди, кои се исполнети од Кратовската чета на Атанас Бабата. Имено заради предавството на здружените чети биле накажани од ТМОРО со смрт српскиот архиерејски наместник во Куманово Ташко, Петруш попот од с. Кокошиње, четири селани од Шопско Рудари и осум од Кокошиње.[48]

Така, како чин на уште едно предавничко дело во кое беа вмешани туѓите пропаганди, заврши и животот на војводата Сла-

---

[41] Исто.

[42] На 17 јули 1904 година Кратовското архиерејско намесништво ја известува митрополијата дека борбата станала на 9 јули меѓу 28-30 души комити и аскерот. (ДАРМ, ф: Кратовско архиерејско намесништво, 1904 година, дело 20, а.е. 15, писмо број 148). Во написот на весникот „Македонски преглед“, за ден на смртта на Арсов се наведува 9 август 1904. („Славко Арсовъ“, *Македонски Прѣгледъ,* литературно художественна прибавка, год. I, бр. София,10 октомври 1905 во: ЦДА – София, ф: 771к, оп. 2, а.е.89.) Кај Каракачанов, исто така, стои погрешна дата на судирот – 9 декември 1904. (К. Каракачанов, исто, 97).

[43] Б. Й Николов, *Вътрешна Македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934)...*, 158 - 159

[44] *Енциклопедия България*, том 1, Издателство на БАН, София, 1978, 124. Според Каракачанов (цит. дело, 97) паднале 20 четници.

[45] Б. Й. Николов, исто, 11; *Енциклопедия България,* том 1, исто; *Духътъ на Македония,* исто.

[46] К. И. Групчев, *Ил. Илинденъ*, год. XIV, книга 5 (135), 6.

[47] ДАРМ, ф: Кратовско архиерејско намесништво, 1904 година, дело 20, а.е. 15, писмо број 148.

[48] А. Динев, *Илинденска епопеја,* том II, ..., 99-101.

вејко Арсов, деец на ТМОРО, човек кој учителствувањето го замени со најголемата школа во која секојдневно го поучуваше својот народ како и зошто да се бори, подготвувајќи го за возвишениот чин - борба против османлиската тиранија.[49] На крајот, сам си пресуди станувајќи една од бројните жртви и саможртви на македонското революционерно дело, за големиот идеал на слободата.



Година I. София, 10 октомври 1905 год. Брой 10.

МАКЕДОНСКИ ПРѢГЛЕДЪ

ЛИТЕРАТУРНО ХУДОЖЕСТВЕННА ПРИБАВКА

**Славко Арсовъ**

На 9 августъ миналата 1904 год., между Кратовско и Щипско, близо до с. Гилянци, бѣха прѣдадени отъ сърбомани и обградени отъ многоброенъ турски аскеръ двѣ революционни чети, едната отъ които се прѣдвождаше отъ познатия на тѣсенъ кржгъ другари, но за това пъкъ много обиченъ Славко Арсовъ. Слѣдъ цѣли шесть часа ожесточено сражение, въ продължение на което турцитѣ даватъ нѣколко десетки души жертви, а отъ нашитѣ падатъ осмина, четитѣ помислятъ за спасение чрѣзъ оттегляне. И тогава именно два неприятелски куршума раняватъ Арсова едно подиръ друго въ ногата и гърдитѣ. Вече не способенъ да върви, той се самоубива, за да не падне живъ въ ржцѣтѣ на турцитѣ...

Славко Арсовъ е роденъ прѣзъ 1877 год., въ Щипъ. Слѣдъ първоначалното си обучение въ своя роденъ градъ, той слѣдва II и III класъ въ Скопие и довършва IV и V кл. въ София. А въ 1898 г. ние го виждаме вече ученикъ въ ветеринарната школа. Но прѣзъ това врѣме Арсовъ успѣва да се запознае съ дѣйци отъ вжтрѣшностьта, интереситѣ му къмъ революционното движение растатъ отъ день на день все повече и повече, додѣто сърцето го повлича нататъкъ, накждѣто бѣше пжтя за една пламенна душа, като неговата. Прѣзъ януари 1900 година, той замина прѣзъ Солунъ и Битоля за Кичевско, дѣто въ продължение на осемь мѣсеца кръстоса, като апостолъ на революционната идея, всички села въ тоя край. Подиръ това, назначенъ учитель въ Прилѣпъ, Арсовъ скоро бѣ заловенъ по убийството на единъ зълъ кичевски турчинъ и пролежа въ затвора повече отъ година врѣме. Щомъ се освободи, той захвана трудния нелегаленъ животъ и едно подиръ друго работи подъ ржководството на Марко войвода и Гоце Дѣлчевъ, додѣто въ края на 1902 година биде отреденъ на самостоятелна работа, по-напрѣдъ въ Битолско и послѣ въ Рѣсенско. Тукъ той прояви всичкитѣ качества на единъ добъръ организаторъ и ржководитель, като остави между населението незаличими спомени за своя благъ и искренъ характеръ. Въ края на 1903 г. обаче, обстоятелствата го принудиха да напустне района си за нѣколко мѣсеца, които прѣкара въ България. И въ неволното си бездѣйствие той постоянно въздишаше: „Тамъ е нашето мѣсто, тамъ всички трѣбва да измремъ“.

И Арсовъ изпълни завѣтното си желание: както разказахме въ начало, на 9 августъ миналата година той падна, като герой въ кървава борба съ вѣковния угнѣтитель на нашата родина...

[49] ЦДА – Софија, ф: 771к, оп. 2, а.е.89. („Славко Арсовъ”, *Македонски Прѣгледъ,* литературно художественна прибавка, год. I, бр. 10 октомври 1905, София).

„На Славко не му беше судено да стигне до својот сакан реон, со кого толку спомени го врзуваа. Тој загина на патот кон таму. Со тоа се исполни неговата најголема желба: да даде сè на својата потисната и измачена татковина – да умре за нејзиното ослободување“.[50]

Поразот на востанието значеше деморализација на духот и физичко уништување на бројни дејци и револуционери, со што македонското револуционерно движење беше во голема мера обезглавено. Поствостаничката агонија предизвикана од непремерната бруталност на османлиските власти врз невиното население, многу млаките и несоодветни регирања на Големите сили, агресивните соседи и силниот продор на нивните вооружени пропаганди ќе бидат воведот во трагичното сценарио на Балканските војни и дележот на македонското национално ткиво.

Голем број војводи и учесници во востанието кои останале живи по многуте борби и престрелки со османлискиот аскер, башибозуци, потери и разни чети во Македонија, еден по еден, беа систематски исчистени за време од неколку години по востанието, при што голема улога одиграа предавствата меѓу кои и на претставниците на туѓите пропаганди во Македонија. Така, заради предавства и во сплет на несреќни околности беа убиени или самите си го одземаа сопствениот живот за да не паднат живи во непријателските раце Славејко Арсов, Стојан Донски, Христо Узунов, Александар Турунџев, Атанас Бабата, Сава Михајлов, Никола Карев, Ѓорѓи Сугарев, Даме Груев, Пешо Самарџиев, Митре Влаот, Иван Алабакот, Мише Развигоров.... и многу нивни содругари и соборци, имени и безимени жртви на олтарот на македонскиот трнлив и славен ОД кон слободата.

Во своето еднодецениско дејствување во крајно неповолни внатрешни и меѓународни услови, Македонската револуционерна организација (МРО/ТМОРО) успеа да го организира Илинденското востание кое прерасна во општонародна борба на македонскиот народ за слобода и државност. Таа на дневен ред постави политичка програма за автономија која натаму требаше да резултира во самостојна држава каде што ќе бидат обезбедени сите услови за процут на нацијата. Иако неуспешно, ова востание се вгради во колективната меморија на македонскиот народ како симбол на сите негови борби до денешен ден, борби за освојување на слободата и за национално достоинство на македонскиот народ.

---

[50] *Духътъ на Македония, ...* 108.

Така во 1903 година се случи највозвишениот и најтрагичниот чин во македонската историја, чин со кој судбински беа определени натамошните текови на македонската трагика во првите децении на XX век. Поттикнато и иницирано однадвор, недоволно подготвено и во непогодна меѓународна клима, Илинденското востание се воздигна во исклучителен самодејствителен чин на македонскиот народ предводен од ТМОРО. Херојството и невидената саможртва на народот беа одраз на неговата решеност да се избори самиот за својата слобода, свесен дека никој од надвор не може да му ја донесе слободата. За ваквото сознание и идеал го положи својот живот и Славејко Арсов.[51]

[51] Како иронија на судбината, во истата 1904 година, во Ново Село, гр. Штип се роди Мирчо Кикиритков чиј татко и чичко биле активни членови на револуционерниот комитет во Штип, а Славејко Арсов еден од неговите чичковци. Мирчо Кикиритков, еден од најфанатичните приврзаници на ВМРО, четник кај Тодор Александров, терорист и телохранител на највисоките раководни луѓе во Организацијата, атентатор на идеологот на Македонската емигрантска федералистичка организација (МЕФО) – Владислав Ковачев, се повлекува од револуционерната дејност по убиството на Александар Протогеров (1928), за да биде ликвидиран по враќањето во Скопје, во септември 1944 година, од службениците на ОЗНА. За својата бујна природа и темперамент, самиот кажува: „Ништо не е за чудење. Мојот чичко Славејко Арсов, како ресенски војвода, учесник во Илинденското востание е убиен 1904 година во борба со редовната турска војска, неговиот бурен живот што од приказните на татко ми постојано воскреснуваше пред моите очи, не можеше а да не ни повлијае во тој правец.“ (*Премрежињата на македонското револуционерно движење, Спомени на Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков,* предговор и редакција З. Тодоровски, Македонска книга 2002, Скопје 2003, 225-227).

# Заклучок

